**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

# Б И Л Т Е Н

**НА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ВО СКОПЈЕ**

**Број 1077**
**Скопје, 15 мај 2014 година**

**Издание на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИН**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

Бр. ____________
_5.8. 2013_
Скопје

**Предмет:** **Материјали за Билтенот за објавување на веб-страницата на УКиМ**

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања, рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа, прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми, рецензиите на учебници и учебни помагала, како и рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". По објавување на материјалите на веб-страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во **електронска форма**.

Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт **Georgia**. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со корегирани знаци во италик формата за македонските букви '***д***', '***п***', '***т***', '***г***' може да се добие во компјутерскиот центар на УКиМ на барање на факултетот. Исто така, таму може да се добие софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач кога работи под Windows XP оперативниот систем при притискање на копчето '`' во македонска поддршка да се добие знакот '**ѐ**', а при притискање на копчето '~' во македонска поддршка да се добие знакот '**ѝ**'.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на веб-страницата, ве молиме, рефератите откако ќе бидат лекторирани, да ја доставите оригиналната верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија да ја доставите на e-mail адресата: t.basevski@ukim.edu.mk (so mali bukvi).

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број, туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе ја добиеме бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**Проректор**
**Проф. д-р Коле Василевски**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

**Содржина на Билтен број 1077 од 15 мај 2014 година**


**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(Катерина Божиновска, Марјан Стојчев, Елена Минчевска-Бабачев, Маја Мирчева, Јулијана Бошкова, Александра Миланова, Маријана Игнатов, Зоран Јовчев, Раде Шапчевски, Радослав Јанкоски)**....................7-8

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет во Скопје **(Ивона Златева Љупка Драгоманова, Мартин Ќосевски, Антонио Цутески, Христијан Јосифоски, Цветко Ставрески, Аница Каракутовска, Филип Ристески, Катерина Мицкоска, Наталија Димитровска, Ивана Шуманова, Сања Митиќ, Ангела Митевска, Елена Митев, Лили Батова Игњатовска, Весна Чукнев, Фреди Ташев)**....................9-11

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Политичките аспекти на верско-политичките кризи согласно со системот за управување со кризи на Република Македонија** од **м-р Урим Вејсели,** пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје....................12-21

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор на виш лектор по француски јазик при Катедрата за романски јазици и книжевности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје **(м-р Анита Кузманоска)**....................22-29

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања по група предмети од областа на цитологијата, хистологијата и еволуцијата на Институтот за биологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Маја Јорданова)**....................30-56
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(м-р Абдија Зулцеват)**....................57

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Средновековната христијанска материјална култура во Скопје** од **м-р Сања Ивановска-Велкоска,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....................58-60

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Социјалното претприемништво како модел за одржливи социо-економски промени** од **м-р Горан Голубовски,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје....................61-69

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Синтеза на нови деривати на кумаринот** од **м-р Ахмед Јашари,** пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје....................70-74

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Екстраезофагелна рефлуксна болест-проблем во дијагностиката и третманот,** од **примариус д-р Калина Гривчева-Старделова,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје....................75-80

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за физичка култура во Скопје **(Бојан Марковски, Ангелина Димитровска, Бојан Темелкоски, Харбер КарацENEMI)**....................................................................................................81

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за избор во звањето виш научен соработник на Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Викторија Поповска-Коробар)**...........................................82-91
2. Рецензија на докторската дисертација **Средното Повардарие и источниот дел на Република Македонија во римскиот период според епиграфските споменици,** изработена од **м-р Славица Бабамова-Јаниќ,** пријавена на Институтот за национална историја во Скопје..............................................................................92-96
3. Рецензија на докторската дисертација **Библиотекарството во Битола-историски развој,** од **м-р Светлана Талеска,** пријавена на Институтот за национална историја во Скопје..............................................................................97-101

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Серумски матрикс-металопротеинази како предиктори на перифокалниот едем кај акутна, примарна, супратенторијална интрацеребрална хеморагија,** од **д-р Драгана Петровска-Цветковска,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје..............................................................................102-106

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Однесувањето на микроармирани бетонски елементи под дејство на постојани и повторувани променливи товари,** изработена од **м-р Дарко Наков,** пријавена на Градежниот факултет во Скопје........107-114

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Реферат за избор во наставно-научно звање – вонреден професор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(д-р Горан Јанев)**...........115-123
2. Рецензија на докторската дисертација **Партиципативниот концепт како инклузивна рамка за имплементација на организациски промени во јавната администрација во Република Македонија** од **м-р Андриана Скерлев Чакар,** пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје..............................................................................124-131

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје **(Елена Бачановска, Звонко Ивчески, Елена Јосифоска, Антонио Јовановски, Милка Петрушевска, Венко Стоиловски, Трајче Таневски, Виктор Филипоски, Горјан Зивчевски, Елена Крстева, Бојан Лекиќ, Николче Петрушев)**..............................................................................132-134

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Улогата на ЕУ и НАТО во решавањето на кризите на Балканот, со посебен осврт на Република Македонија** од **м-р Трајче Георгиев,** пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје...........................................135-139

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Примена на векторските авторегресивни модели во кароекономско моделирање,** изработена од **м-р Марија Трпкова-Несторовска,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.................................140-149

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(Ристо Петровски)**.................................................150

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за избор на научен соработник на Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Ирена Авировиќ)**...........................................................................................151-158
2. Рецензија на докторската дисертација **Исламската модернистичка мисла и нејзиното влијание на Западен Балкан,** од **м-р Хусеин Ризаи,** пријавена на Институтот за национална историја во Скопје.............................................................................159-162
3. Реферат за избор во соработничко звање-асистент-истражувач во ЈНУ Институт за национална историја во Скопје **(м-р Јетон Доко)**.......................................................163-164

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Клиничка, електриофизиолошка и анатомо-морфолошка корелација на темпоралните и екстратемпоралните лобни епилепсии,** од **д-р Татјана Чепреганова-Чанговска,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје....................................................................................................................165-169
2. Рецензија на докторската дисертација **Проценка на предиктивни елементи за успешност на ендоскопското стентирање кај малигните билиопанреатични стриктури,** од **д-р Ѓорги Дерибан,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје...........................................................................................................................170-172

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебникот **Енергетска безбедност** од **проф. д-р Тони Милески,** пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје.........................................................173-177
2. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје **(Татјана Огненов, Ана Павловска, Ивана Михајловска, Примислав Димовски, Јасмина Котевска, Исљам Зендели, Силвана Костадиновска, Фросина Ивановска, Калина Смилевска, Никола Пачовски, Роберт Серафимов, Ирена Симоновска, Сања Пармакова, Санда Пулевска, Симона Самарџиева, Сања Кошуланска, Димитри Чапканов, Моника Велиновска, Радмила Серафимоска)**..........................................................................................178-180

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот на монографијата **За етнологијата...безброј прагови сме преминале...за Анета Светиева,** уредници: **проф. д-р Љупчо Ристески, доц. д-р Ана Ашталковска-Гајтаноска,** пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје.........................................................................................................................181-189

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Улогата и значењето на книгата кај муслиманите во Македонија во време на османлиското владеење,** од **м-р Рамадан Рамадани,** пријавена на Институтот за национална историја во Скопје....190-194

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на четири наставници во сите звања по предметот неврологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(д-р Гордана Китева-Тренчевска, д-р Наталија Долненец-Банева, д-р Игор Петров, д-р Анита Арсовска)**..............................195-295

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

# Преглед

на прифатени теми за изработка на магистерски труд од
Наставно-научниот совет на седницата одржана во месец **април 2014**

## 1. Енергетска електроника

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Катерина Божиновска | Карактеристики на производството на филм кондензатори во зависност од нивната примена | Application dependant specifics in film capacitors production process | Проф. д-р Љупчо Караџинов |

## 2. Комуникациски и информациски технологии

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Марјан Стојчев | Евалуација на перформанси на кориснички сервиси преку EPS | Performance evaluation of user services over EPS | Проф. д-р Лилјана Гавриловска |
| 2 | Елена Минчевска-Бабачев | Анализа на пазарот на паметни мобилни телефони | Smartphone market analysis | Проф. д-р Александар Ристески |
| 3 | Маја Мирчева | Менаџирање на проект за VoIP имплементација кај телеком оператор вклучувајќи ги техничките аспекти на VoIP услугата | Project management for VoIP implementation at telecom operator including technical aspects of VoIP service | Проф. д-р Александар Ристески |

## 3. Проектен менаџмент

| Ред. бр. | Студент | Тема на македонски јазик | Тема на англиски јазик | Предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Јулијана | Менаџмент на односи со | Banking sys- | Проф. д-р |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Бошкова | клиенти кај банкарски системи | tems Customer Relationship Management | Атанас Илиев |
| 2 | Александра Миланова | Проектен менаџмент во маркетинг проекти | Project Management in Marketing Projects | Проф. д-р Вангел Фуштиќ |
| 3 | Маријана Игнатов | Определување на бизнис потребата и идентификација на ризици во проекти на централи на обновливи извори | Risk Management in Macedonian companies that use marketing opportunities via social media | Проф. д-р Вангел Фуштиќ |
| 4 | Зоран Јовчев | Анализа на процесот на донесување на одлуки и негова примена во корпоративните средини | Decision making process analysis and its application in corporate environment | Проф. д-р Атанас Илиев |
| 5 | Раде Шапчевски | Моќта и експанзија | The power of Brand and its Internet expansion | Проф. д-р Димитар Трајанов |

## 4. Енергетската ефикасност, животната средина и одржлив развој

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Радослав Јанкоски | Примена на теоријата на електрични кола во анализата на мрежести заземјувачи | Application of circuit theory in the analysis of grounding grids | Академик проф. д-р Леонид Грчев |
| | | | | |

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени тези за изработка на магистерски труд на Економскиот факултет-Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Ивона Златева | „Реалните можности и ограничувања на фискалната политика во стабилизацијата на економиите”.<br>„Real possibilities and limitations of fiscal policy in stabilizing the economy”. | академик Таки Фити |
| Љупка Драгоманова | „Современи концепти на управување со трошоците”.<br>„Contemporary concepts of cost management”. | проф. д-р Зоран Миновски |
| Мартин Ќосевски | „Улогата на управувањето со трошоците за квалитет во создавање конкурентска позиција на претпријатието”.<br>„The role of quality cost management for the company’s competitive position”. | проф. д-р Зоран Миновски |
| Антонио Цутески | „Инструменти на маркетинг микс концептот кај претпријатијата кои се занимаваат со изградба и продажба на станбен и деловен простор”.<br>„Instruments of marketing mix concept of construction and sale of housing and commercial premises companies”. | проф. д-р Снежана Р. Јовановска |
| Христијан Јосифоски | „Влијанието на правната и регулациска рамка врз развојот на банкарскиот систем и случајот на Република Македонија”.<br>„The impact of the legal and regulatory framework on the development of the banking sector and the case of the Republic of Macedonia”. | проф. д-р Владимир Филиповски |

| | | |
|---|---|---|
| Цветко Ставрески | „Кризата во Европската Унија и научените лекции”. „The European Union financial crisis and lessons learned”. | доц. д-р Ѓорѓи Гоцков |
| Аница Каракутовска | „Ефектите на базел III врз европските банки, со посебен осврт на банкарскиот сектор на Македонија”. „The effects of basel III on the european banks with special reference to banking sector of Macedonia”. | проф. д-р Горан Петревски |
| Филип Ристески | „Управување со ликвидносниот ризик во банкарскиот сектор на Македонија”. „Liquidity risk management in the banking sector of Macedonia”. | проф. д-р Горан Петревски |
| Катерина Мицкоска | „Кредитниот раст за време и по финансиските кризи”. „Credit growth during and after financial crises”. | проф. д-р Михаил Петковски |
| Наталија Димитровска | „Сценарио планирањето-инструмент за подобрување на стратегиските одлуки во претпријатијата”. „Scenario planning–an instrument for improving the strategic decisions in the companies”. | проф. д-р Љубомир Дракулевски |
| Ивана Шуманова | „Пристапот на малите и средните претпријатија до банкарски кредити за финансирање на развојот-случајот на Република Македонија”. „Access of small and medium-sized enterprises to bank loans for financing development–the case of the Republic of Macedonia”. | академик Таки Фити |
| Сања Митиќ | „Разбирање на однесувањето на вработените на работното место”. „Understanding employee behaviour in the workplace”. | проф. д-р Кирил Постолов |
| Ангела Митевска | „Изградба на информациони системи во електронската трговија”. „Construction of information systems in electronic commerce”. | проф. д-р Благоја Ѓорѓијовски |

| | | |
|---|---|---|
| Елена Митев | „Стратегиско планирање во функција на зголемување на профитабилноста на банкарскиот сектор во Република Македонија”. „Strategic planning for increasing profitability of the banking sector in the Republic of Macedonia”. | проф. д-р Љубомир Дракулевски |
| Лили Батова Игњатовски | „Општествена реакција на претпријатијата во бизнис окружувањето”. „Social responsiveness of companies in business environment”. | проф. д-р Бобек Шуклев |
| Весна Чукнева | „Влијанието на вкрстената управа врз унапредувањето на корпоративното управување”. „The impact of interlocking directorates on corporate governance development”. | проф. д-р Бобек Шуклев |
| Фреди Ташев | „Управување со односите со граѓаните како современо решение за подобрување на владините услуги во Република Македонија”. „ Citizen relationship management as a contemporary solution for improving the government services in the Republic of Macedonia”. | проф. д-р Калина Т. Благоева |

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "ПОЛИТИЧКИТЕ АСПЕКТИ НА ВЕРСКО-ПОЛИТИЧКИТЕ КРИЗИ СОГЛАСНО СО СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ОД М-Р УРИМ ВЕЈСЕЛИ, ПРИЈАВЕНА НА ИСППИ ВО СКОПЈЕ

Со Решение на Научниот совет на ИСППИ при УКИМ, бр. 02–356/15, од 5.3.2014 година, назначени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација од научното поле социолошки науки, со наслов **ПОЛИТИЧКИТЕ АСПЕКТИ НА ВЕРСКО-ПОЛИТИЧКИТЕ КРИЗИ СОГЛАСНО СО СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, пријавена и изработена од кандидатот **м-р УРИМ ВЕЈСЕЛИ.**

Во тоа својство, до Научниот совет на ИСППИ при УКИМ го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

1. **Приказ на содржината на дисертацијата**

Прегледаната докторска дисертација има вкупно 290 страници (пишувана со Times New Roman, големина на букви 12 и проред 2) и содржински е структурирана преку неколку носечки делови насловени како: Вовед, Криза и верско-политичка криза, Три типични примери на верско-политичка криза, Република Македонија и верско-политичките кризи, Заклучок и Користена литература.

Во делот "Вовед", кандидатот посебно истакнува дека целта на оваа докторска дисертација е да ја објасни улогата и функционирањето на системот за управување со кризи (СУК) и системот за заштита и спасување (СЗС), и институциите носители во рамките на тие системи - Центарот за управување со кризи (ЦУК) и Дирекцијата за заштита и спасување (ДЗС), како и останатите учесници во СУК и СЗС, кои се дел од политичкиот систем на Република Македонија. Истовремено, ќе се направи обид да се даде одговор на прашањето дали системите за управување со кризи и заштита и спасување можат да се справат со појавата на еден релативно нов тип на криза, верско-политичката, и притоа да покажат оперативност и функционалност во справувањето со неа. За таа цел ќе ги бидат разгледани капацитетите на постојните системи за управување со кризи и заштита и спасување, нивните предности и недостатоци при справувањето со ризиците и опасностите со кои се соочува Република Македонија, вклучително и ризикот од верско-политичка криза. Ќе ја разгледаме и можноста за алтернативно решение, со интегрирање на двата система во еден и формирање нов орган кој ќе ги обедини функциите на Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување. За таа цел ќе се разгледаат три различни модели, со сите свои предности и недостатоци, и кој од тие модели во целост ќе може да ги надмине недостатоците на системите за управување со кризи и заштита и спасување, за поефикасен и поефективен пристап во справувањето со верско-политичките кризи.

Исто така, овој труд теоретски ќе го дефинира управувањето со кризи (појаснувајќи го притоа поимот криза) и ќе даде осврт на улогите кои ги имаат Центарот за управување со кризи и системот за управување со кризи во

политичкиот систем на Република Македонија, а истовремено ќе укаже и на недостатоците на Системот за управување со кризи при справувањето со кризи од поголем обем и дали постои можност за отстранување на тие недостатоци.

Во првата глава со наслов "Криза и верско политичка криза", кандидатот, меѓу другото, посебно укажува дека кризата претставува нестабилност и тоа во повеќе сегменти во општеството, како на пример во: економијата, политиката, меѓуетничките односи, меѓународните односи, по што следува пресврт. Кризата не може да се изолира и да се смести во една област во општеството таму каде што се појавила. Ако е во прашање економска криза или епидемиолошка, или еколошка, тоа не значи дека се загрозени само тие области каде што се појавила, туку секоја криза, без разлика од сферата и обликот во кој се јавува, со себе повлекува последици кои го инфицираат целото општество како верижна реакција и треба да се дејствува на национално ниво или пошироко, во зависност од обемот и видот на кризата. На пример, секоја економска криза доведува до социјална криза, социјалната криза резултира со политичка, односно религиска и етничка криза, доколку се во прашање социјалните проблеми по различна верска и етничка основа, а пак политичките и меѓуетничките кризи доведуваат неизбежно до промени во обликот на општественото уредување и негова реформа.

Веќе не постои никакво сомневање во значењето и потребата од научното изучување на кризниот менаџмент, како и донесувањето на теоретски важни одлуки, кои пак ќе се спроведат во практика во определени кризни ситуации. И теоретичарите и практичарите можат многу да научат од теоретските и концептуални идеи кои произлегуваат од емпириските анализи на различните конкретни случаи на кризи и катастрофи во различни политички и општествени контексти.

Но, не секогаш, држејќи се за општопознатите верувања, кризата мора да биде лоша. Она што е вообичаено за кризата е квалификацијата за одреден степен на ризик и нестабилност.

Кризата може да биде ненадејна (обично кога се работи за природни катастрофи) или очекувана, кога во еден подолг период се натрупуваат нерешени внатрешнополитички, меѓуетнички, меѓурелигиски или економски прашања.

Значи, кризите не се репликативни, поточно, можеби секоја криза има иста структура, но секоја криза се разликува од сите останати, и поради посебноста или индивидуалноста на секоја криза бара посебен пристап и третман, без оглед на тоа дали се работи за ненадејна или очекувана појава. Кризата претставува негативна промена и новосоздадена состојба во рамките на определен систем која може да ги доведе во опасност животите, здравјето и имотот на голема група луѓе, потоа територијалната средина, како и културните и материјалните вредности на земјата, без оглед дали е предизвикана од човечки фактор или од природни појави.

Со други зборови, секоја појава на криза неизбежно доведува до промена во општеството, а тоа не мора да значи дека секоја промена треба да биде лоша, токму напротив, секогаш постојат и можност за нејзино успешно решавање и позитивен исход за двете конфронтирани страни. Можностите кои ги нуди разрешницата можат да доведат до појава и прифаќање на нови вредности и нови критериуми, кои во секој поглед ќе ги надминат причините кои довеле до појава на криза, донесувајќи прифатливо решение на долгорочен план.

Може да се каже дека кризата може да се појави во најразлични облици и поради тоа не постои општоприфатлива дефиниција за кризата. Може да се каже и тоа дека и покрај сето она што може да се дозна и да се научи за неа, не може да се тврди дека целосно може да се запознае некоја поодделна криза и дека може да се управува со неа и се насочува во позитивен правец, зашто секоја криза има свои карактеристики и содржина. Сите кризи меѓу себе се разликуваат по содржината, траењето, последиците и др.

Кога треба да се објасни зошто една од карактеристиките за појавата на кризите е неочекуваноста или непланираноста, тогаш може да се каже дека ретки се кризите кои навистина настапуваат без какво било претходно предупредување или предзнак. Мора да постоеле какви било јасно видливи обележја пред настапот на кризата. Степенот на предвидливост се разликува според можноста за раководство кое однапред е свесно за кризата или, пак, за раководство кое не е свесно за опасноста која надоаѓа. Една од потешко предвидливите кризи се терористичките напади.

Ако обученоста за согледување и следење на промените во појавите на кризни ситуации претставува еден од квалитетите на менаџерскиот тим, тогаш вториот фактор за успешно разрешување на кризата е способноста на тимот за брзо донесување одлуки. Поточно, вториот фактор или карактеристика за неуспех при разрешувањето на кризата, како што наведовме погоре, е неподготвеноста на менаџерскиот тим.

И, секако, третиот фактор, ако не и најбитниот за позитивна разрешница уште во зачетокот на кризата или пресвртница во кој правец ќе биде насочено дејствувањето на кризата, е времето. Ефикасно разрешување на кризната ситуација е буквално да се погоди вистинскиот миг на пресврт или круцијалното време и, согледувајќи ги причините кои довеле до таа ситуација, да се преземат соодветни мерки за спречување на ескалација и дејствија кои ќе предизвикаат најмали штети во општеството. Во услови на криза, временскиот притисок, доколку е застапена втората карактеристика кај менаџерскиот тим, односно професионална неспособност, може да предизвика повторно погрешно донесени одлуки поради што политичкиот кредибилитет и социјалната доверба брзо исчезнуваат. Во срцето на кризата е постојаната дискрепанција помеѓу надворешните очекувања од организацијата (од една страна) и забележливите перформанси на системот (од друга страна). Овие внатрешни недостатоци ги прават надлежните слепи за оваа нова реалност. Оваа неусогласеност го спречува навременото приспособување, со што се нарушува легитимитетот на општествената и организациската структура.

Заедничка карактеристика за сите типови на кризи е заканата. Кризата се создава кога се загрозени виталните вредности (сигурност, безбедност, здравје, интегритет, правда, материјални богатства,...) или, воопшто, загрозен е опстанокот на заедницата. Што е поголемо ова загрозување (по природа и по обем), станува збор за подлабока криза. Така и природните катастрофи (поплави, земјотреси, торнада, ...) секогаш предизвикуваат длабоко чувство на криза, затоа што носат закана со смрт, повреди, материјални разорувања и чувство на несигурност и небезбедност кај луѓето. Но, тоа не значи дека секогаш, при самата употреба на зборот криза, тоа автоматски значи масовни умирања и материјални разорувања. На пример, во јавните организации и најмал рутински инцидент

може да биде искра за потпалување на кризата кога медиумите и политичките лидери ќе го дефинираат како закана.

Во втората глава со наслов “Три типични примери на верско-политичка криза“, кандидатот доста детално ги изучува верско-политичките кризи во Северна Ирска, Ирак и Судан како типични примери на верско-политички кризи. Притоа, кандидатот во компаративното согледување на овие типични примери на верско-политички кризи апострофира дека во Судан причинители се муслиманите од север и христијаните од југ. Во Судан постојат две различни големи култури: муслиманската во Северен Судан, и христијанската во јужниот дел на Судан. Приближно 70% од населението се придржува до исламот, а остатокот од населението се приврзаници кон христијанството. Ирак, пак, има етнички и верски хетерогено население; арапските шиити, арапските сунити и Курдите се трите доминантни заедници. Исламот е најзастапена религија, а останатото малцинство од 3 % го застапува христијанството. Додека, пак, процентите за муслиманската пропорција на населението изнесуваат: шиити околу 60% и сунити околу 40%. Во Северна Ирска има поинаква структура, таму населението се состои од протестанти и католици. Над 50 отсто од населението се протестанти и се идентификуваат со Лондон, со традиционалните британски вредности, како и со англиската круна и кралицата Елизабета Втора. Близу 46% од населението се католици, тоа се традиционалните Ирци, од кои голем број се уште го живеат својот сон за обединување со Република Ирска.

И покрај тоа што и во Ирак и во Судан мнозинството население го сочинуваат муслиманите и далеку помалото малцинство христијаните, сепак конфликтите во двете земји се водат од различни причини. Во Судан, спорот се јавува затоа што жителите на Судан не прифаќаат дека Судан е обединета земја. Жителите од северот се упорни да ја контролираат националната и меѓународната политика, бидејќи тие се мнозинство и по население и по богатство. Жителите од југот, пак, бараат самоуправа во југот, вклучувајќи ја можноста да има слободно избрана влада. Во Ирак се води секташка борба меѓу долго време угнетуваното мнозинство шиити и нивните поранешни господари сунити. Малцинството во Ирак, во текот на 85 годишната историја на Ирак, не ужива еднаков статус со мнозинството арапско население. Додека, пак, во Северна Ирска протестантите се цврсто поврзани со Велика Британија и посакуваат Северна Ирска да остане како дел од Обединетото Кралство, повеќето католици, пак, се стремат кон Обединета Ирска, т.е. Северна Ирска да се обедини со јужниот сосед, Република Ирска.

Во сите три случаи при решавање на конфликтот, значајна улога одигра меѓународниот фактор. Додека Ирак и Северна Ирска ја уживаа поддршката на Америка, во Судан, за одржување на мирот, Советот за безбедност на обединетите нации одобри Резолуција со која се обезбеди значителна бројка на трупи од силите на ОН. Од друга страна, Европската унија обезбеди значителна сума на пари, како помош за решавање на кризата во Дарфур, а подоцна ЕУ именуваше посебен претставник во Дарфур, со задача на надгледувач на активностите во ЕУ, како и соработник во Мисијата на африканската унија во Судан. ЕУ и нејзините земји членки, воената и цивилната помош и поддршката на Африканската мировна мисија во Судан (AMIS) овозможуваат широк спектар на поддршка на АУ и нејзините напори кои помагаат во стабилизација на ситуацијата во Дарфур.

Во секој случај, одржливоста на мирот во многу случаи зависи од напорот и вложувањата на спротивставените страни. Колку повеќе тие вложуваат во одржувањето на мирот, толку повеќе средствата кои се употребени за негово постигнување ќе се покажат како вистински елементи кои се употребени за решавање на долгогодишните проблеми.

Во третата глава со наслов "Република Македонија и верско-политичките кризи", кандидатот се задржува на поодделните прашања на кризните верско-политички потенцијали на Република Македонија, религиско-верската структура во Република Македонија, развојот на верските релации, вкрстувањето на верското и националното, целосната политичка инфериорност на верските заедници во однос на политичките партии и државната власт-можност за нивно

инструментализирање, верско-политичките аспекти на настаните од 2001 година, институционализацијата на решавањето на верско-политичките кризи во Република Македонија, предлогот за измени и дополнувања на законот и формирање на нов орган на државна управа, концепциската поставеност на интегрираниот систем за превенција, рано предупредување, заштита и спасување и справување со кризи, воспоставувањето на агенција за управување со кризи и организациската поставеност на интегрираниот систем за превенција, рано предупредување, заштита и спасување и справување со кризи.

Во оваа глава посебно е важна и интересна анализата на кандидатот која покажува дека денес заканите по националната безбедност се менуваат и стануваат сѐ поиспреплетени. Дури и релативно мали закани, поради зголемената зависност од други процеси и фактори, можат да придонесат за значителни општествени нарушувања. Единствен оптимален пристап каде што одговорите на постојаните и новите закани можат да бидат формулирани и имплементирани преку една институција, е мултисекторскиот пристап.

Република Македонија во изминатиот период ги децентрализираше активностите поврзани со управувањето со кризи. Децентрализацијата бара силна локална власт и соодветна координација, на највисоко ниво. Соодветна програма за зајакнување на локалната власт треба да се фокусира на помагање на изградбата на капацитетите на општините за справување со кризи.

Системот за управување со кризи (СУК) во Република Македонија се потпира на четири клучни агенции кои функционираат на државно ниво, а тие, пак, се потпомогнати од голем број на организации, центри, штабови и единици на локално ниво, кои имаат делегирани одговорности. Поради ваквата бројност на институции се забележува преклопување и редунданција во системот кој значително го оптоварува ограничениот капацитет за управување со кризи. Впрочем, нормално е секој систем во својата структурална поставеност да поседува силни, но и слаби страни.

Клучните силни страни на системот за управување со кризи се базираат на состојбата во која постојат јасно дефинирани цели и активности кои треба да се реализираат.

За разлика од нив, клучните слаби страни на Системот за управување со кризи се наоѓаат во делот на алоцирање на надлежностите, координацијата, информирањето, како и во отстапувањето од светските успешни практика во деловите на планирање, следење на реализација на планови и идентификување на можности за подобрување на ефективноста и ефикасноста на системот во целост.

Во Република Македонија, во одделни документи се препознава важноста од зголемување на способноста за справување со ризици и опасности по безбедноста. Но, може да се рече дека не се препознава комплексноста на современите ризици и нивното влијание врз луѓето и државата (лична констатација-потенцираната етничка самобитност, како и доминацијата во одредени сегменти на религијата во општеството, како појава на современи ризици од меѓуетнички кризи или верско-политички кризи).

Во Република Македонија, во изминатиот период се преземаат мерки за реформирање на безбедносниот и одбранбениот сектор, со што се создадоа предуслови за негово подобрување во смисла на ефикасноста и ефективноста.

Донесувањето на Законот за заштита и спасување е една од мерките со цел да се подобри политиката за справување со ризици. Во практика се покажа дека овој Закон не ги покрива сите потреби и не одговара во целост на современите барања во врска со појавите на современите ризици и кризи. Врз таа основа, на 22 април 2005 година е прогласен Законот за управување со кризи. Меѓутоа, како резултат на нејасни надлежности и делумни преклопувања, проблематиката на справувањето со ризици и природни катастрофи останува подвоена. И Законот за заштита и спасување и Законот за управување со кризи на одредено ниво ја пресликуваат и ја продолжуваат состојбата на традиционалното разбирање на ризиците (повеќе како статична, отколку како динамична категорија) и формираат систем за подготвување и одговор кон сите ризици предизвикани од природни и техничко-технолошки катастрофи (Законот за заштита и спасување), односно за ризици кои можат да предизвикаат кризи или кризна состојба (Закон за управување со кризи). Всушност, и двете законски решенија претендираат да дадат одговор на речиси истите ризици.

По донесувањето на Законот, со кој се регулираше системот за управување со кризи, од страна на домашни и меѓународни експерти беше утврдено дека ефикасноста на системот за заштита (системот за управување со кризи и системот за заштита и спасување) не е доволно ефикасен и ефективен. Преку нивните анализи извршени врз основа на постојните закони и институции кои ги спроведуваат тие закони, како структура на системот за управување со кризи, сметаме дека ваквата состојба мора да се подобри, преку преземање мерки за негово реформирање. Ваквата состојба се должи на постоењето на две институции: Центар за управување со кризи - ЦУК, и Дирекција за заштита и спасување - ДЗС, чии надлежности, и покрај законски пропишаните функции и надлежности, се преклопуваат, додека, пак, во некои сегменти постојат правни празнини.

Гледано во организациска смисла, со Законот за управување со кризи, со цел донесување квалитетна, навремена и реална процена на ризици и опасности, како и за координација и навремена реакција во услови на криза, од страна на Владата на Република Македонија се формираат Управувачки комитет и Група за процена, како тела кои управуваат со системот за управување со кризи, а при Центарот за управување со кризи се формира Главен штаб и Регионален штаб (во Групата за процена и Главниот штаб при ЦУК има претставници на ДЗС), што е во контрадикција со формирањето Главен штаб за заштита и спасување, како оперативно-стручно тело што го формира Владата на РМ. Ова тело во тој случај е паралелен орган на Управувачкиот комитет и Групата за процена, како највисоки тела во услови на криза. Целосната стручна, организациона, административна и

друга поддршка на овие тела ја дава Центарот за управување со кризи. Ова налага јасно дефинирање на надлежностите на двата система, а не постои сомнеж дека заштитата и спасувањето претставува само оперативна функција во системот за управување со кризи.

Во текот на практичната имплементација на законите, двете институции наидуваат на многу недоречености и преклопувања на надлежностите, кои ја оневозможуваат нивната функционалност, а сето тоа доведува до неефикасно дејствување при остварување на своите надлежности.

Меѓутоа, токму заради ваквата поставеност на двете институции, набрзо се увидоа, пред сѐ, логистичките пречки во ваквиот начин на уредување на справувањето со вонредни ситуации и заштита и спасување. Една од причините за ваквите појави е немањето јасно разграничување на надлежностите, особено при вонредни ситуации и прием на странска помош, што истовремено ја намалува функционалноста на двете институции, а тоа, пак, налага потреба од воспоставување на единствена дирекција, односно укинување на Дирекцијата за заштита и спасување и пренесување на нејзините функционални надлежности во Центарот за управување со кризи, со што ќе се воспостави единствен ефикасен систем за превенција, справување со кризи, заштита и спасување на луѓе и отстранување на последици од криза.

Сето тоа налага потреба од донесување нов Закон за управување со кризи и заштита и спасување на луѓе и материјални добра, со прецизно групирање на ризиците и опасностите и разграничување на надлежностите на органите на државната управа при превенција, справување со кризи, заштита и спасување на луѓе и отстранување на последици од криза (преклопувањата во законските надлежности најдобро се забележуваат во член 1, став 2, од Законот за управување со кризи и член 1 од Законот за заштита и спасување).

Силите за заштита и спасување, кои се наоѓаат под управа на Дирекцијата за заштита и спасување, да се воспостават како посебна формациска единица што ќе биде во состав на Центарот за управување со кризи, а нивната структурна поставеност, надлежности, овластувања и одговорности да се определат со посебен закон.

За ваквите залагања во врска со спојувањето на двете институции кои, всушност, се главните носители на системот за управување со кризи, ќе потврдат и извештаите на некои компетентни институции како НАТО, УНДП, УСАИД, Trajkovski & Partners Management Consultants, па и извештаите на самите институции како ДЗС и ЦУК.

Така, според Експертскиот тим на НАТО за управување со кризи, анализата што е направена по посетата на Република Македонија, во месец октомври 2006 година, се дојде до следниве согледувања:

Националниот систем за управување со кризи дава демократски преглед на интегриран пристап на управувањето со кризи и дозволува пошироко учество на цивилното општество, на национално и локално ниво, но, процесот на донесување на одлуки е долг и вклучува многу тела. Итноста на состојбата може да бара институциите кои се одговорни за првичен одговор да дејствуваат веднаш за да се спасат животите на луѓето, а паралелно да биде информиран командниот ланец за нивните акции. Природните, техничко-технолошките катастрофи, како и катастрофи предизвикани од човекот, вклучувајќи ги и терористичките напади, а

со цел поефикасно дејствување и спречување на истите, може да бараат брзи одговори. Чекањето да се прогласи кризна состојба може да предизвика непотребно одложување на координацијата на одговорот за спасување на животи.

Во контекст на кажаното, Експертскиот тим смета дека во такви случаи Центарот за управување со кризи треба да биде ополномоштен да започне со целата координација веднаш, вклучувајќи го користењето на владините средства, а одговорните за првичен одговор не треба да чекаат на одлука за да започнат со своите надлежности во изменети услови.

Во заклучокот, кандидатот сублимирано ги потенцира сите најважни и клучни научно–теориски и научно–емпириски постулати, премиси, сознанија и заклучоци од неговото истражување содржано во оваа докторска дисертација.

На крајот е изложена, средена и систематизирана целокупната литература користена при изработката на дисертацијата.

2. **Оцена на дисертацијата**

Комисијата оформи цврсто и еднодушно мислење и оцена дека прегледаната докторска дисертација од научното поле на политичките науки со наслов **ПОЛИТИЧКИТЕ АСПЕКТИ НА ВЕРСКО-ПОЛИТИЧКИТЕ КРИЗИ СОГЛАСНО СО СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, пријавена и изработена од кандидатот **м–р Урим Вејсели**, на солидно ниво ги исполнува и ги задоволува потребните/бараните критериуми, стандарди и мерила за квалитет на докторска дисертација од научното поле на социолошките науки.

Во рамките на оваа оцена, генерално констатирајќи, Комисијата формира неподелено мислење дека темата е исклучително релевантна и актуелна општествена тема. Оваа е тема која има исклучително високо значење во современиот свет. Тоа е тема која во себе ја носи престижноста на тема од глобална политичка важност. Всушност, огромниот дел од најбитните политички процеси, тенденции и настани низ некои свои најсуштествени аспекти се изразуваат токму како верско-политички кризи. Каква таква тема, темата на оваа докторска дисертација целосно ја поседува теориската и апликативната компетентност и подобност како тема на која може да се изработи докторска дисертација од научното поле политички науки.

Комисијата цени дека сосема успешно е дефинирана конкретната темата на дисертцаијата, на начин кој покажува и аргументира дека кандидатот поседува солидно нејзино познавање и владеење. Успешното и солидното дефинирање на конкретната тема на дисертацијата му овозможува на кандидатот, како сосема продуктивна научно-теориска основа, на потребното и бараното ниво на квалитет на докторска дисертација од научното поле политички науки, исто така, успешно и солидно да даде соодветен одговор на сите научно-теориски предизвици и прашања со кои се соочи при изработката на дисертацијата.

Комисијата мора да констатира дека темата на оваа докторска дисертација е тотално непознатата тема кај нас во Република Македонија, тема која е и премногу сложена и комплексна, дури, на одреден начин, и “контроверзна“. Оваа констатација, се разбира, дека не се однесува на научно-теориските и научно-емпириските истражувања на темата на управувањето со кризите воопшто и

нивното решавање, туку се однесува посебно и фокусирано на темата на верско-политичките кризи, управувањето со нив и нивното решавање.

Комисијата во својата оцена на оваа дисертација цени дека е нужно потребно, барем во елементарни црти, да ги апострофира и најважните пооделни точки на научно-теориски допринос на кандидатот кои ја претставуваат структурата на неговиот научен придонес промовиран и пласиран пред и во рамките на македонската научно-општествена јавност воопшто, и посебно пред и во рамките на македонската политиколошка јавност.

Тие точки би можеле да се идентификуваат, дефинираат и систематизираат на овој начин:

- Кандидатот, тргнувајќи од постојните дефиниции на религија и вера, на криза и на управување и решавање на кризи, оформува и презентира своја дефиниција на верско–политичка криза. Во овој контекст мора да се акцентира дека во постојната литература која му стоеше на располагање на кандидатот во текот на изработката на дисертацијата не постои таква дефиниција во една стегната и заокружена форма;
- Кандидатот успешно, примарно заради деталноста, систематичноста и компаративноста на начинот на кој е тоа направено, анализира три типични примери на верско–политички кризи, нивно управување и нивно решавање–Северна Ирска (договорот од Велики петок, 10 април 1998 година), Судан (и Дарфур и, пред се, Јужен Судан) и Ирак (со посебен осврт на Petraeus doctrine);
- кандидатот успешно ги дефинира и ги анализира можностите за верско-политичка криза во Република Македонија, како и целиот комплекс на нивно управување и решавање;
- кандидатот креира и операционализира соодветен и оптимално функционален орган на управа задолжен за управување и решавање на кризи, вклучително и на верско – политички кризи, во Република Македонија, при што во дисертацијата се осветлени и дефинирани дури и неговите стандардно – оперативни процедури.

Воедно, Комисијата цени дека кандидатот во дисертацијата демонстрира, потврдува и аргументира завидно познавање на научно-теорискиот поимно–категоријален инструментариум на политичките науки воопшто и посебно на поимно–категоријалниот инструментариум на конкретната тема на дисертацијата.

3. **Предлог до Научниот совет**

Врз основа на досегашната содржина на овој извештај и посебно врз основа на оценета на прегледаната докторска дисертација содржана во извештајот, Комисијата со задоволство му предлага на Научниот совет на ИСППИ при УКИМ да го усвои овој извештај и да ја овласти Комисијата да ја закаже и да ја одржи одбраната на дисертацијата од научното поле политички науки со наслов **ПОЛИТИЧКИТЕ АСПЕКТИ НА ВЕРСКО-ПОЛИТИЧКИТЕ КРИЗИ СОГЛАСНО СО СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, пријавена и изработена од кандидатот **м–р Урим Вејсели.**

К О М И С И Ј А

1. Проф. д–р Славејко Сасајковски с.р.
2. Проф. д–р Мирјана Сланинка Динева с.р.
3. Проф. д–р Ружица Цацаноска с.р.
4. Проф. д–р Јован Ананиев с.р.
5. Проф. д–р Александар Главинов с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**

ЗА ИЗБОР НА **ВИШ ЛЕКТОР ПО ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК** ПРИ КАТЕДРАТА ЗА РОМАНСКИ ЈАЗИЦИ И КНИЖЕВНОСТИ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

На својата 43. редовна седница одржана на 19.3.2014 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје нѐ избра за членови на Рецензентската комисија во врска со пријавата на Анита КУЗМАНОСКА за избор во звањето виш лектор по француски јазик. На конкурсот, објавен во весниците „Вечер" и „Кока" на 14.2.2014 година, се пријави кандидатката м-р Анита КУЗМАНОСКА. Врз основа на поднесените материјали предвидени со условите на конкурсот, до Наставно-научниот совет го доставуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

М-р Анита КУЗМАНОСКА е родена на 4.2.1967 година во Скопје. Основно образование завршила во Агадир, Мароко, додека средното образование го завршила во гимназијата *„Парк Империјал"* во Ница, Франција, во учебната 1985/86 година. По доаѓањето во Скопје, кандидатката се запишала во учебната 1986/87 г. на групата за романски јазици и книжевности на Филолошкиот факултет во Скопје. Студиите по француски јазик и книжевност под "А" и италијански јазик и книжевност под "Б" ги завршила во 1990 година со средна оценка 8,72. Кандидатка ги студирала паралелно и двете насоки - наставната и преведувачката.

Своето образование Анита Кузманоска го продолжува запишувајќи се на студиите од II степен (постдипломски студии) по француски јазик на Филолошкиот факулет "Блаже Конески" во Скопје, каде што на 18.11.2013 успешно го одбранува својот магистерски труд *Еуфемизмите во францускиот и во македонскиот јазик*, по што се стекнува со титулата магистер на филолошки науки.

Во февруари 1993 година кандидатката се вработила како лектор по француски јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, каде што и денес ја врши истата должност.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

М-р Анита Кузманоска со успех изведува лекторска настава по француски јазик на групата за француски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет "Блаже Конески". Кандидатката била ангажирана во изведување на лекторски часови по француски јазик за студентите од сите години на групата за француски

јазик и книжевност при Катедрата за романски јазици и книжевности и на Катедрата за преведување и толкување. Освен лекторска настава по француски јазик, м-р Кузманоска изведува и настава по преведување од македонски на француски јазик и за двете катедри.

На постдипломските студии по *јазици, бизнис и меѓународна трговија* што нашиот Факултет ги организира заедно со Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје и со Универзитетот од Орлеан, Франција, во учебната 2007/2008 година м-р Анита Кузманоска била ангажирана за изведување настава по деловен француски јазик.

М-р Анита Кузманоска била ангажирана и во подготовките на романистички претстави во рамките на воннаставната активност на студентите по француски јазик јазик при Катедрата, во реализацијата на републичките натпревари по француски јазик и како оценувач на испитите ДЕЛФ/ДАЛФ организирани од страна на Францускиот институт од Скопје.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА И СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Освен со наставна дејност, кандидатката м-р Анита КУЗМАНОСКА се занимава и со научна и стручна работа од областа на француско-македонските јазични сопоставувања и пошироко, како и со преведување на текстови од француски на македонски јазик и обратно. При претходниот избор биле рецензирани три труда на кандидатката и тоа два за транскрипција на личните имиња и топонимите од француски на македонски јазик и еден труд - превод на делото на Бекет *Пеплишта*.

Од особено значење за извештајниот период на кандидатката е изработката и одбраната на нејзиниот магистерски труд под наслов *Еуфемизмите во францускиот и во македонскиот јазик*. Се работи за труд од 149 страници компјутерски набран текст, во кој се врши компаративно француско-македонско истражување на еден семантички процес - еуфемизација, односно ублажување на негативните значенски компоненти на одредени јазични единици. Обработувајќи една тема која досега не била проучувана во француско-македонските споредбени семантички истражувања, м-р Анита Кузманоска врши анализа на еуфемизмите во францускиот и во македонскиот јазик, прави поделба на еуфемизмите по теми во двата јазика, изведува класификација на употребените средства за еуфемизација и дава нивен табеларен и нумерички приказ.

Во извештајниот период, м-р Анита Кузманоска учествувала со реферат и на два меѓународни собира, и тоа: на меѓународниот симпозиум „Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура“, одржан од 15 до 16 декември 2011 година на Филолошкиот факултет “Блаже Конески” во Скопје, со реферат на тема *Еуфемизми во францускиот и во македонскиот јазик,* и на меѓународната конференција за применета лингвистика “Практиката во јазикот, јазикот во практиката”, одржана во јуни 2013 год. на Факултетот за странски јазици при Универзитетот ФОН во Скопје, со реферат на тема *Средствата за еуфемизација во македонскиот јазик.*

На кандидатката и е прифатено за објавување од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” новото дополнето издание на трудот *Мал речник на растенијата* (француско-македонски), кој претставува тематски речник од областа на француско-македонската ботаничка лексика.

Во изминатиот период, м-р Анита Кузманоска во повеќе наврати остварила стручни престои во странство, и тоа тринеделен престој на летна штола за обука на наставници по француски јазик во Ла Рошел, Франција, двомесечен престој на Институтот за преведувачи и толкувачи и меѓународни односи (ITIRI) во Стразбур, Франција, во рамките на проектот ТЕМПУС-ФАРЕ за отворање на студии по преведување и толкување на Филолошкиот факултет “Блаже Конески” и три еднонеделни обуки на професори по француски јазик организирани од страна на Регионалниот франкофонски центар за централна и источна Европа CREFECO (тело на Меѓународната организација на франкофонијата), и тоа две обуки во Софија, Бугарија и една во Скопје, Република Македонија. Кандидатката присуствувала и на неколку семинари за професори по француски јазик одржани во Скопје.

М-р Анита Кузманоска учествувала повеќе пати и на Семинарот организиран од страна на Амбасадата на Франција во Македонија за професори по француски јазик од основните и средните училишта во Република Македонија, во својство на предавач по француска фонетика, по креативност во писменото изразување на француски јазик и по методски вештини за предавање на граматиката.

Кандидатката е овластен судски преведувач за француски јазик од 1992 година и има извршено, меѓу другото, и стручни преводи на француски јазик на туристички материјал за потребите на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Македонија.

## ЗАКЛУЧОК

Во досегашната работа како лектор, м-р Анита Кузманоска, надградувајќи се во своето научно-стручно усовршување, успешно ги применува современите наставни методи за предавање на странски јазици. Своето широко познавање на современата француска цивилизација и култура, како и на фактите од историјата на францускиот народ, м-р Кузманоска го вградува во напорите да им помогне на студентите да навлезат во сите финеси на различните општествени, стручни, регионални и стилски облици на францускиот јазик. Впрочем, и бројот на освоени поени од рангирањето, вкупно 107, како и позитивната кумулативна оценка од спроведената анкета за евалуација на кандидатката, ги потврдуваат изнесените констатации.

Кандидатката м-р Анита Кузманоска во досегашната наставна и стручно-научна работа се потврдила како солиден наставник и познавач на францускиот јазик, книжевност и култура, што ни дава за право да му препорачаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да ја избере м-р Анита  КУЗМАНОСКА во звањето виш лектор по француски јазик.

Рецензентска комисија

1. Д-р Звонко Никодиновски, редовен професор, с.р.
2. Д-р Маргарита Велевска, редовен професор, с.р.
3. Д-р Мира Трајкова, редовен професор

АНЕКС 2

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат** : Анита Стојан Кузманоска
**Институција** : Филолошки fакултет „Блаже Конески“- Скопје
**Научна област** : француски јазик

**НАСТАВНО–ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | <u>Одржана настава на прв циклус студии:</u><br>(14x15x0.04зим.сем.2010/11)=8,4;(14x15x0.04лет.сем.2010/11)=8,4;<br>(12x15x0.04зим.сем.2011/12)=7,2;(12x15x0.04лет.сем.2011/12)=7,2;<br>(14x15x0.04-зим.сем.2012/13)=8,4;(14x15x0.04-лет.сем.1012/13)=8,4;<br>(14x15x0.04-зим.сем.2013/14)= 8,4 ;(14x15x0.04-лет.сем.1013/14)=8,4 | **64,8** |
| **2.** | <u>Настава во летни школи и работилници :</u><br>-<u>Учесник</u> :<br>5×1=5<br>Од 10 до 14 мај 2010 год., Софија (Бугарија): учество на работен семинар за обука на наставници на тема *Францускиот јазик на струката* (FOS).<br><br>22 и 23 октомври 2010 год., Скопје: учество на работен семинар за универзитетска дидактика, на тема *Approche actionnelle* (Акционен пристап во наставата).<br><br>Од 7 до 9 јули 2010 год., Скопје: работен семинар за професори по француски јазик на тема *Евалуација на испитите за стекнување на дипломите ДЕЛФ/ДАЛФ.*<br><br>Од 11 до 15 април 2011 год., Софија (Бугарија): учество на работен семинар за обука на наставници на тема *Развивање компетенции за усно изразување.*<br><br>Од 1 до 5 октомври 2012 год., Скопје, при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“: учество на работен семинар (Transfert 3.3) организиран од AUF (Универзитетската агенција на франкофонијата), за обука на наставници на тема *Остварување на настава на далечина* /*Création et gestion d’un enseignement ouvert et à distance* . | **5** |
| **4.** | <u>Консултации со студенти:</u><br>(20x0.002зим.сем.2009/10)=0,04;(20x0.002лет.сем.2009/10)= 0,04;(20x0.002зим.сем.2010/11)=0,04;(20x0.002лет.сем.2010/11)= 0,04;(20x0.002зим.сем.2011/12)=0,04;(20x0.002лет.сем.2011/12)= 0,04;(20x0.002зим.сем.2012/13)=0,04;(20x0.002лет.сем.2012/13)=0,04;<br>(20x0.002-зим.сем.2013/14)=0,04;(20x0.002-лет.сем.2013/14)= 0,04 ; | **0,4** |
| | Вкупно | **70,2** |

**НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | Учество на научен/стручен собир со реферат : 2×1= 2<br>-Учество на меѓународен симпозиум на тема: „Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура“ во Скопје, од 15 до 16 декември 2011 година. Тема на рефератот: *Еуфемизми во францускиот и во македонскиот јазик.*<br>-Учество на меѓународен симпозиум со реферат под наслов *Средствата за еуфемизација во македонскиот јазик*, Конференција за применета лингвистика - Факултет за странски јазици – Универзитет ФОН, јуни 2013 год. | **2** |
| **2.** | Печатени трудови : 2×6=12<br><br>- *Мал речник на растенија француско-македонски македонско-француски.*<br>Во октомври 2005 год., издавање на двонасочен тематски речник (македонски-француски и обратно) од областа на ботаниката од издавачката куќа АЕА издавачи, од Скопје.<br><br>-*Мал речник на растенија француско-македонски македонско-француски*- ново издание.<br>Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет “Блаже Конески” во Скопје, на 9.11.2011 г. го одобри второто дополнето издавање на учебното помагало *Мал речник на растенија француско-македонски македонско-француски.* | **12** |
| **3.** | Магистерски труд: 1×8= 8<br><br>Одбрана на магистерскиот труд со наслов: *Еуфемизмите во францускиот и во македонскиот јазик*, на 18.11. 2013 г. | **8** |
| | Вкупно | **22** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред.број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Учество во работата на комисии за државни натпревари:<br>4×1=4<br>-Член на комисиите за проверка и оцена на знаењата на кандидатите пријавени на државните натпревари по француски јазик наречени „Олимпијади“.<br>-Олимпијада 2010-2014<br><br>1×1=1<br>-Учество во реализирање на државниот натпревар за писмен состав на француски јазик *“Dis-moi dix mots semés au loin”*, февруари 2013 г.- Филолошки факултет „Блаже Конески“.<br><br>1×1=1<br>-Учество во реализација на државниот натпревар за диктат по француски јазик *“Dictée”,* март 2014 г. - на Филолошки факултет „Блаже Конески“. | **6** |
| **2.** | Превод: 4×1=4<br>-2014, превод на туристички материјал, брошури (од македонски на француски јазик) - Агенција за промоција и подршка на туризмот во Македонија.<br>- „Мирис“<br>- „Инстинкт“<br>- „Звуци“<br>- „Допир“ | **4** |
| **3.** | Експертски активности : 2×1=2<br>-Оценувач на испити ДЕЛФ/ДАЛФ (2010-2011)<br><br>-Испитувач во натпревар по писмен состав на национално ниво (Concours de rédaction) во организација на Здружението на професори по француски јазик во соработка со Францускиот Институт „Жан Моне“.(2013) | **2** |
| | Вкупно | **12** |

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| **Ред.број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | Студиски престој во странство: 1×0,5=0,5<br>- Престој до три месеци **-** февруари- април 1997, Стразбур, во рамките на проектот ТЕМПУС- Катедра за преведување и толкување. | **0,5** |
| **2.** | Член на факултетска комисија : 3×0,5=1,5<br>- Член на разни факултетски комисии, меѓу кои: Централна пописна комисија, Комисија за библиотечен фонд, Уписна комисија, во повеќе наврати. | **1,5** |
| **3.** | -Учесник на тркалезна маса 1×1=1<br>-Учесник на тркалезна маса на тема *Примената на печатените медиуми во високото образование* - Здружение на граѓани за културна соработка Гласникот (2010). | **1** |

| | | |
|---|---|---|
| | Вкупно | **3** |

**Професионални референци на кандидатот за избор во звање-виш лектор:**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ: 70,2**

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ: 22**

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ: 12**

**ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕ : 3**

**ВКУПНО: 107,2**

**Рецензентска комисија**

1. Д-р Звонко Никодиновски, редовен професор, с.р.
2. Д-р Маргарита Велевска, редовен професор, с.р.
3. Д-р Мира Трајкова, редовен професор, с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ЦИТОЛОГИЈАТА, ХИСТОЛОГИЈАТА И ЕВОЛУЦИЈАТА НА ИНСТИТУТОТ ЗА БИОЛОГИЈА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје, донесена на седницата одржана на 27.3.2014 год. (бр. 07-437/3 од 24.3.2014), избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите звања по група предмети од областа на цитологијата, хистологијата и еволуцијата, на Институтот за биологија при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Комисијата во состав: д-р Ирена Тавчиовска Василева, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, д-р Нада Митева, редовен професор на Природно-математичкиот факултет (во пензија) и д-р Даница Рогановиќ-Зафирова, редовен професор на Природно-математичкиот факултет (во пензија), детално ја разгледа единствената пријава поднесена од д-р Маја Јорданова, по објавениот конкурс во весниците „Дневник“ и „Коха“ од 12.3.2014 година и има чест и задоволство да го поднесе следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

### Биографски податоци

**Д-р Маја Јорданова е родена на 3.9.1964 година во Скопје, каде што го завршила основното и средното образование. Во учебната 1983/84 се запишала на студии на Природно-математичкиот факултет, група: биологија, а дипломирала во 1989 година со среден успех 9,56. Во учебната 1991 се запишала на постдипломски студии на Природно-математичкиот факултет, група: генетика во Белград, а во 1992/93 се префрлила на постдипломски студии на Институтот за биологија при ПМФ во Скопје.**

**Од 1991 е вработена како стручен соработник на Институтот за биологија, а во 1994 е избрана во звањето помлад асистент. По изборот во звањето помлад асистент, во 1994 година, беше вклучена во изведувањето на практичната настава на поголем број предмети, и тоа: биологија со хумана генетика (за студентите од Медицинскиот факултет), радијациона биологија (за студентите од Вишата школа за рендген-техничари при Медицинскиот факултет), општа зоологија за студентите од двопредметните студии биологија-хемија), како и во изведувањето на практичната настава по дисциплините: типологија на животните II, споредбена анатомија, хистологија и ембриологија со анатомија на човек за студентите биолози. По изборот во звањето доцент, во 2004 година, беше вклучена во изведувањето на теоретската настава по предметите: општа зоологија, основи на анатомија на**

**човек, типологија на животните 2 и споредбена анатомија за студентите биолози.**

**Во 1998 година на Природно-математичкиот факултет во Скопје го одбрани магистерскиот труд под наслов: „Хистохемиски и морфометриски испитувања на црниот дроб кај стаорци во тек на аклимација на хипертермичка средина“. Со стекнувањето на звањето магистер беше избрана во звањето асистент при Зоолошкиот завод на Институтот за биологија. Како асистент беше ангажирана во изведувањето на наставата по биологија со хумана генетика (за студентите од Медицинскиот факултет), Радијациона биологија (за студентите од Вишата школа за рендген-техничари при Медицинскиот факултет) и хистологија со ембриологија за студентите биолози.**

**Својата докторска дисертација под наслов: „Црн дроб кај *Salmo letnica,* Kar. (Teleostei, Salmonidae) во тек на репродуктивниот циклус. Микроскопска студија на женски единки од природната популација во Охридското Езеро“ ја одбрани на 14.5.2004, со што се стекна со звањето доктор на биолошки науки. Дисертацијата е работена под менторство на проф. д-р Нада Митева во Лабораторијата за цитологија, хистологија и ембриологија при Институтот за биологија во Скопје, а дел од истражувањата се реализирани во соработка со истражувачкиот тим од Лабораторијата за хистологија и ембриологија при Универзитетот во Порто, Португалија, под водство и коменторство на проф. Едуардо Роча. Во Португалија, кандидатката престојувала два пати. По изборот во звањето доцент во 2004 година беше вклучена во изведувањето на теоретската настава по предметите Општа зоологија, органска еволуција, основи на анатомија на човек, типологија на животните 2 и споредбена анатомија за студентите биолози.**

Наставно-образовна дејност

**Во последните пет години од изборот во звањето вонреден професор, кандидатката Маја Јорданова беше вклучена во изведувањето на теоретската и практичната настава (за прв циклус студии) по повеќе задолжителни предмети на Институтот за биологија и тоа по предметите: општа зоологија, органска еволуција, зоологија, клеточна биологија, цитологија и основи на екологија и еволуција. Таа е вклучена и во реализација на наставата за изборните предмети: изработка и анализа на хистолошки препарати, радијациона биологија, однесување на животните и историја на биологија. За втор циклус студии, кандидатката д-р Маја Јорданова беше вклучена во изведувањето на наставата по стереологија и алометрија и одбрани поглавја од микроскопски техники.**

**Како резултат на долгогодишното искуство во практичната и теоретската настава по повеќе научни дисциплини, за успешна**

**реализација на наставата, односно по изборот во звањето вонреден професор, кандидатката била автор или коавтор на следниве интерни скрипти:**

1. **Јорданова М (2010), Еволуција бележник – интерна скрипта за студентите биолози од наставна и еколошка насока**
2. **Јорданова М. Рогановиќ-Зафирова Д. (2011), Цитологија I дел – интерна скрипта за студентите биолози од наставна насока.**
3. **Јорданова М. (2011), Однесување на животните – интерна скрипта за студентите од Институтот за биологија.**
4. **Јорданова М. (2011), основи на екологија и еволуција II дел интерна скрипта за студентите од насоките биохемија физиологија и молекуларна биологија.**
5. **Јорданова М. Рогановиќ-Зафирова (2011), Клеточна биологија I дел – интерна скрипта за студентите биолози од наставна насока.**
6. **Јорданова М. (2012), Цитологија бележник– интерна скрипта за студентите биолози од наставна насока.**

Кандидатката има учествувано во изработка на голем број дипломски работи (33) од вработувањето до денес, а од изборот за вонреден професор била ментор на 9 дипломски, а член на 14 комисии за одбрана на дипломска работа. Во изминатиот период, д-р Маја Јорданова била и член на комисија за одбрана на еден магистерски труд и на две докторски дисертации, од кои на една била ментор. Исто така, била учесник на три работилници, и тоа:

1. Modernization of Environmental Science Education работилница во рамките на меѓународниот проект NEWEN (Wageningen, Холандија), 2009;
2. Обука за стратешко планирање во рамките на проектот „Зајакнување на мрежата на еколози на Република Македонија“ (Скопје), 2009;
3. Работилница во рамките на националната конференција „Обрзование за одржлив развој“, 22 март 2012, Струмица.

Проф. д-р Маја Јорданова за својата дејност добила позитивна оценка и од самоевалуацијата. Според резултатите од студентската анкета спроведена во учебната 2013/2014 година (зимски семестар) таа е оценета со просечна оценка 9,429.

**Научноистражувачка дејност**

**Во врска со научноистражувачката активност на кандидатката Маја Јорданова, може слободно да се констатира дека таа била мошне активна. Од изборот за стручен соработник до изборот во звањето вонреден професор има објавени 27 научни труда (рецензирани во претходните билтени на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“) и 25 научни соопштенија на разни научни собири во земјата и во странство. Во изминатиов период, односно по изборот во звањето вонреден професор има објавено 10 труда, од кои три во списанија со фактор на влијание. Резултатите од научноистражувачката работа кандидатката ги има презентирано и на 15 научни собири во земјата или странство.**

Објавени трудови по избор во звањето вонреден професор

1. **Jordanova, M**, Miteva, N, Santos, N, Malhao F, Rocha, E. (2009): Crystalline inclusions in hepatocytes and associated interhepatocytic macrophages from female Ohrid trout (*Salmo letnica* Kar.). Tissue and Cell. 41: 281-285. (**IF = 1,068**)
2. Popovska-Perčinić, F, Miteva N, **Jordanova M**, Ilievski V, Pendovski L, Blagoevska K (2010): Morphofunctional characteristics of the adrenal cortex in testectomised rats acclimated on different ambient temperature Mac. Vet. Rew. 33 (1): 25-32
3. Rebok, K., Kostov, V., Rocha, E., **Jordanova, M**. (2010): Can Rodlet Cells Changes in Barbell (*Barbus peloponnesius*) From the River Bregalnica Be Used as Biomarkers of Environmental Contamination? Conference of Water Observation and Information System for Decision Support (BALWOIS). CD-ROM of Proceedings, Topic 6: Lakes and Wetlands, Number of Paper: 137, p. 1-7.
4. Tavchiovska-Vasileva, I, Rebok K, **Jordanova, M.** (2011): Ultrastructural view of the macrophages of testes of two Ohrid salmons, Ohrid trout (*Salmo letnica Kar.*) and Ohrid belvica (*Acantholingua ohridana*). V International Conference and Technical and Technological Exhibition "Aquaculture & Fishery". Proceedings. Belgrade, Serbia, 1-3 June, 2011. ISBN 978-86-7834-119-9, p. 223-229.
5. Popovska-Perčinić F, Ajdžanović V, Dinevska-Kofkarovska S, **Jordanova M**, Trifunović, S, Šošić-Jurjević, B, Milošević, V. (2011): Morphofunctional characteristics od pituitary corticotropes in an animal model of heat stress. J. Med. Biochem., 30, 1-5
6. Rebok K, Tavcioska Vasileva I, **Jordanova M** (2011) Spleen histology in the female Ohrid trout *Salmo letnica* Kar. trout (TELEOSTEI, SALMONIDAE) during the reproductive cycle**.** Arch Biol Sci. 63(4) 1023-1030 **(IF = 0.360)**
7. **Jordanova, M**., Rocha, M.J., Rebok, K., Rocha, E. (2012): Changes in the amount of kidney pigmented macrophage aggregates throughout the breeding cycle of female Ohrid trout, *Salmo letnica* Kar. (Teleostei, Salmonidae). Microscopy Research and Technique, 75 (2): 176-181. **(IF = 1.85)**
8. Tavchiovska-Vasileva, I., Rebok, K., **Jordanova, M**. (2012): Characteristics of the Sertoli cells of Salmonidae from Ohrid Lake during spermatogenesis - Ultrastructural analysis. Journal of Environmental Science and Engineering A, Vol. 1, Number 4, pp. 566-573. 9
9. Tavcioska Vasileva I, Rebok K, **Jordanova M**. (2012): Histomorphological Appearance Of Tunica Albuginea Of Dojran Perch (*Perca fluviatilis macedonica* Kar.) And Ohrid Trout (*Salmo letnica* Kar.) during the reproduction. Conference BALWOIS 2012. Proceedings of papers. Topics Ecohidrology , 233; 1-6
10. **Jordanova, M.,** Rocha, M.J., Rebok, K., Rocha, E. (2013): Variations in the volumes of parenchyma and stroma of the liver and in the cytology of hepatocytes are associated with gonadal stages in female Ohrid trout (*Salmo letnica*) Ichthyological Research 60(1) : 26-35. **(IF = 0.865)**

Краток приказ на трудовите објавени по изборот во звањето вонреден професор

**Во научниот труд под број 1, авторите ги испитуваат темните тела во хепатоцитите и макрофагните клетки кај охридската пастрмка и констатираат дека во нив континуирано се присутни слични кристал-инклузии. За првпат кај еден вид риба е даден детален опис на овие различни по форма и димезии инклузии. Исто така, авторите со семи-квантитативна анализа констатираат дека постојат гонадо зависни промени како во однос на темните тела, така и во однос на бизарните промени слични на кристал-инклузии. Авторите претпоставуваат дека овие инклузии се веројатно со липидна природа, но потребни се дополнителни анализи за да се докаже со сигурност нивната хемиска природа.**

**Во вториот труд е следено влијанието на амбиенталната температура (на собна и умерено висока температура) врз кората на адреналната жлезда кај тестектомирани стаорци. Резултатите од испитувањата покажале значајно зголемување на тежината на адреналната жлезда кај тестектомираните топлоаклимирани стаорци. Кај оваа група животни, авторите констатираат и промени во zona reticularis, намалување на zona fasciculate, како и присуство на супракортикални нодули. Покрај ова, липидната содржина била намалена како кај стаорците од собна, така и кај стаорците од умерено хипертермичка средина. Направените, пак, морфометриски анализи на површината и волуменот покажуваат евидентни разлики кај тестектомирани стаорци. Според авторите, добиените резултати покажуваат дека тестектомијата предизвикува промени кои укажуваат на зголемувањето на функцијата на адреналаната жлезда независно од амбиенталната температура.**

**Во трудот под број 3, авторите потенцираат дека за проценка на полуцискиот импакт врз рибните популации неопходно е да се воспостават рано предупредувачки сигнали, односно биомаркери. Одредени студии сугерираат дека родлет-клетките кај коскените риби би можеле да бидат потенцијани биомаркери. За проверка на ваквото мислење, авторите извршиле кванитативна анализа во која на база на стереолошки принципи е определен волуменот на родлет-клетките во црниот дроб на мренката уловена на три локалитети во реката Брегалница (контролна локациија и два локалитета под полуциски притисок). Рибите од најзагадениот локалитет, покрај тоа што покажаа пониски вредности на кондицискиот фактор и хепатосоматски индекс, покажаа и зголемување на количеството на родлет-клетки (зголемување на релативниот и на тоталниот волумен). Сепак, како што потенцираат и самите истражувачи, неопходна е понатамошна евалуација на родлет-клетките како потенцијални биомаркери.**

**Описот, односно ултраструктурата на тестисите кај два претставника од салмонидните риби во Охридското Езеро е прикажана во трудот под број 4. Во трудот е испитуван постмрестителниот, или уште таканаречен транзициски период на регенерација, кој се карактеризира со присуство на сперматогонијална популација на**

**клетки во семените тубули. Кај двата вида пастрмки (охридската плашица и охридската пастрмка) во овој период се евидентирани мултипликации на сперматогониите и присуство на митотични делби. Во однос на самите сперматогонии, авторите констатираат сперматогонии од типот А и В кои прогресивно се зголемуваат. На ниво на лобулите, авторите забележуваат дегенерација на сперматогонии која е во асоцијација со прекурсор Сертоли-клетките.**

**Во трудот под број 5, испитувани се кај стаорците ефектите на еднодневното изложување на топлотен стрес. При тоа е испитувана морфологијата и функцијата на аденокортикотропите во хипофизата. Добиените резултати укажуваат на значително намален волумен и волуменска густина кај аденокортикотропите по изложување на висока температура. Покрај ова, авторите констатирале и намалена концентрација на аденокотрикотропниот хормон како во крвта, така и во плазмата на животните. Резултатите од овој труд сугерираат дека изложувањето на машките стаорци на 24 часовен топлотен стрес има инхибиторен ефект на морфофункционалните карактеристики на адренокортикотропните клетки на хипофизата.**

**Во трудот под реден број 6, авторите пред сé ја потенцираат важноста на охридската пастрмка како од комерцијален, така и од еколошки аспект од една страна, а од друга страна констатираат дека бројот на студии во кои хистолошки е испитуван овој значаен вид е исклучително мал. Поради тоа, авторите во трудот даваат, пред сé, детален опис на страуктурата на слезината кај охридската пастрмка. Покрај деталниот опис на слезината, во трудот се следени квантитативно црвената и белата пулпа во тек на репродуктивниот циклус при што е евидентирано значително зголемување на белата, а намалување на црвената пулпа во мрестителниот период. Врз база на корелацијата помеѓу белата и црвената пулпа и гонадосоматскиот индекс, авторите потенцираат дека постои зависност меѓу стероидните хормони и двете пулпи во слезината кај овој вид риба.**

**Врз база на добиените резултати (труд број 7), авторите заклучуваат дека сезоната и гонадален стадиум се фактори кои влијаат на количеството на макрофагите во бубрезите кај охридската пастрмка. Имено, со стереолошки методи, авторите констатираат дека бројот на макрофаги кај охридската пастрмка значително се зголемува од превителогенеза кон доцна вителогенеза, а потоа се намалува кон постмрестителниот период и тоа во трите региони на бубрегот - главениот, трупниот и опашниот регион. Овие промени во волуменот на бубрезите се во позитивна корелација и со нивото на естрадиол во крвта на испитуваните риби. Поради ова, авторите истакнуваат дека покрај тоа што зголеменото количество на макрофаги кај рибите укажува на загаденост на дадениот екосистем, сепак при нивна примена во биомониторинг-студиите мора да се води сметка и за гонадалниот статус.**

**Ултраструктурните карактеристики на Сертоли-клетките кај охридската пастрмка и охридската белвица се презентирани во трудот под број 8. Во тек на спрематогенезата евидентирани се дегенеративни промени на Сертоли-клетките кои се манифестираат со нивна екстремна вакуолизација, дезорганизација на митохондриите и ендоплазматичниот ретикулум и присуство на голем број автофагозоми. Овие проемни настануваат во рамките на краток период кога еден репродуктивен циклус завршува, а друг започнува.**

**Во компаративната студија која се однесува на изгледот на tunica albuginea кај дојранската перкија и охридската пастрмка (труд број 9) констатирано е присуството на истата кај двата вида риби. Во тек на репродуктивниот циклус, авторите констатираат дека и кај двата вида оваа туника е слабо развиена во предмрестителниот период а добро развиена во постмрестителниот период кога јасно се забележува нејзината триламинарна структура. Врз база на ултраструктурните карактеристики на туниката во тек на репродуктивниот циклус, авторите заклучуваат дека tunica albuginea е значајно редуцирана во период на регенерација споредено со посмрестителниот период .**

**Авторите на трудот под број 10, пред сé, укажуваат на фактот дека не постојат никакви податоци за сезонските промени во црниот дроб кај диви популации на риби. Нивната студија е прва од тој тип во која кај рибите е следено варирањето на стромалниот компартман во тек на гонадалниот циклус. Според добиените резултати кај охридската пастрмка, тоталниот волумен на паренхимот и стромата се зголемуваат од предвителогенезата до доцната вителогенеза. Овие промени се проследено и со промени на тоталниот волумен на црниот дроб. По мрестењето, стромалниот волумен продолжува да се зголемува за разлика од паренхималниот кој незначително се намалува. Овие промени кај паренхимот, како што истакнуваат авторите, се во корелација со гонадосоматскиот индекс и концентрацијата на естрадиолот во плазмата. Во трудот е следена и цитологијата на хепатоцитите, при што е евидентирано дека семи-квантитативно, од предвителогенезата кон постмрестителниот период, вакуолизацијата на хепатоцитите значително се намалува, а од друга страна се зголемува базофилијата. Според авторите, ваквите промени се резултат, пред сé, на постоење, на интервидови разлики кај рибите.**

Трудови презентирани на научни и стручни собири

**До изборот во звањето вонреден професор, кандидатката д-р Маја Јорданова има презентирано 24 соопштенија на разни научни собири во земјата и во странство. Во изминатиот изборен период има презентирано 13 нови научни соопштенија.**

1. Rebok K, Kostov V, Rocha E, **Jordanova M**. (2010) Can Rodlet Cells Changes in Barbell (*Barbus peloponnesius*) From The River Bregalnica Be Used As Biomarkers Of Environmental Contamination? BALWOIS, Conference on water observation and information system for decision support, 25-29 May, 2010, Ohrid.
2. Percinic-Popovska, F. Ajdzanovic V, Trifunovic, S. **Jordanova M,** Ilieski, V. Pendovski, L, Milosevic. V. (2011) Pituitary-adrenal axis in male rats after exposure to high ambient temperature. Endocrine abstracts, April, Vol. 26; P1, 13th European Congress of Endocrinology, 30.04-4.05.2011, Rotterdam, The Netherlands.
3. Tavchiovska-Vasileva I, Rebok K, **Jordanova M**. (2011) Ultrastructural findings of the new spermatogonial generation of Ohrid belvica (*Acantholingua ohridana*) during spermatogenetic cycle. 7. me|unarodni gospodarsko – znanstveni skup o ribarstvu. HRVATSKO RIBARSTVO NA PRAGU EU. Riba kao funkcionalna hrana. Abstract book. Vukovar, Republika Hrvatska, 7-9 April, 2011.
4. Tavchiovska-Vasileva I, Rebok K, Jordanova M. (2011) Ultrastructural view of the macrophages of testes of two Ohrid salmons, Ohrid trout (*Salmo letnica Kar.*) and Ohrid belvica (*Acantholingua ohridana*). V International Conference and Technical and Technological Exhibition "Aquaculture & Fishery". Abstract book. Belgrade, Serbia, 1-3 June, 2011.
5. Tavchiovska-Vasileva I, Rebok K, Jordanova M. (2011) Characteristics of the Sertoli cells of Salmonidae from Ohrid Lake during spermatogenesis-Ultrastructural analysis. Abstract book. 2nd International Conference on Carstic water bodies in Albania. Abstract book. Elbasan, Albania, 9-11 June, 2011.
6. Percinic-Popovska F, Ajdzanovic V, Dinevska-Kofkarovska S, Miova B, **Jordanova M**, Trifunovic S, Milosevic V (2012): Stereologycal study of zona fasculata during acclimation to moderately elevated temperature with rats. 4 Congress of the ecologist of Macedonia with international participation. Abstract book , p-49-50, Ohrid 12-15.10.2012
7. Tavchiovska-Vasileva I, Rebok K, **Jordanova M.** (2012) Histomorphological Appearance Of Tunica Albuginea Of Dojran Perch (*Perca fluviatilis macedonica* Kar.) And Ohrid Trout (*Salmo letnica* Kar.) during the reproduction. Conference of Water Observation and Information System for Decision Support (BALWOIS, 2012).
8. Tavchiovska-Vasileva, I., Rebok, K., **Jordanova, M**. (2012): Ultrastructural View Of Testes Of Two Salmons From Ohrid Lake In The Transitional Period. Conference of Water Observation and Information System for Decision Support (BALWOIS, 2012).
9. Tavchiovska-Vasileva I, Rebok K, **Jordanova M**. (2012): Electron Microscopic Analysis of Degenerative Changes of Sertoli Cells as Somatic Component of Seminiferous Lobules of Salmonide from Ohrid Lake During the Reproduction. IV Congress of ecologists of the Republic of Macedonia with international participation. Abstract book. 70 Ohrid, Macedonia, 12-15 October, 2012.
10. **Jordanova M**, Rebok K, Kostov V, Tavchiovska-Vasileva I, Rocha E. (2012) First evidence of endocrine disruption in the *Barbus peloponnesius* from the river Bregalnica. IV Congress of ecologists of the Republic of Macedonia with international participation. Abstract book. 166, Ohrid, Macedonia, 12-15 October, 2012.
11. Percinic-Popovska F, Аџановиќ, В, Диневска-Ќовкаровска С, Миова Б, **Јорданова М,** Трифуновиќ С, Милошевиќ В. (2012) Стереолошка анализа на при аклимација на умерено зголемена температура кај стаорци. Congress of the ecologist of Macedonia with international participation. Abstract book, p-49-50., Ohrid 12-15.10.2012
12. Barsic, J, Dragun Z, Sheriban R, Rebok K, Cezrakova R, Kostov V, **Jordanova M** (2013) Histopathological alterations on the gills of Vardar chub (*Squalius vardarensis*). Abstract book p 85-86, Ohrid 6-8.09.2013
13. Sheriban, R, Dragun Z, Krasnici N, Rebok K, Erk M, Kostov, V, **Jordanova M**, Hajrulai-Musliu Z (2013) Accumulation of Pb and Cd in the gills and liver of Vardar chub (*Squalius*

*vardarensis*) from the mining impacted rivers in the north-eastern Macedonia Abstract book 91-92, Ohrid 6-8.09.2013

Други научни активности

**Кандидатката д-р Маја Јорданова е раководител на еден билатерален македонско-хрватски проект под наслов: „Проценка на достапноста и влијанието на металите врз рибните популации во реките кои се под влијание на рударски активности“. Покрај тоа, како раководител учествувала во изготвување и пријавување на 3 научни национални проекти и 2 меѓународни.**

**Во изминатиот период била ментор на една докторска дисертација, а во моментот е коментор на една докторска дисертација.**

Стручно-апликативна активност по изборот во звањето вонреден професор

Од избор во звањето вонреден професор во рамките на Факултетот, односно Институтот за биологија, д-р Маја Јорданова учествувала во изработка на елаборат за прв и втор циклус на студии на Институтот за билогија. Исто така, таа е уредник на научното списание Biologia Macedonica кое го издава Институтот за биологија. Од 2007 кандидатката е соработник на FishBase Code No 1720.

Во учебната 2011/2012 година, кандидатката учествувала во промотивните активности на Институтот. Во периодот 2008-2010 беше раководител на Зоолошкиот завод, а од 2011 кординатор на Заводот за цитологија, хистологија и ембриологија. Од 2012, таа е и раководител на Лабораторијата на цитологија, хистологија и ембриологија. Кандидатката од 2012 е член на Универзитетскиот сенат. Исто така, таа во два мандата беше кординатор за ЕКТС на Институтот за биологија. Кандидатката била и член на три комисии за избор во повисоко звање, како и член на повеќе факултетски комисии.

Во изминатиот период, кандидатката беше ангажирана и во рамките на Македонското еколошко друштво како раководител на секцијата еколошка едукација. Во рамките на оваа секција организираше две национални изложби, на кои во едната беше и член на национална жири-комисија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставените материјали, изнесеното во извештајот и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија е едногласна во мислењето дека д-р Маја Јорданова во целокупната нејзина досегашна работа покажала забележителни резултати на полето на наставно-образовниот и научноистражувачкиот процес. Д-р Маја Јорданова мошне совесно и сериозно се ангажира во исполнувањето на сите задачи кои произлегуваат од наставната и научната работа. Таа се истакнува со својот коректен, колегијален и

комуникативен однос како со студентите, така и со вработените не само на Институтот за биологија, туку и на Факултетот. Следејќи го развојниот пат на кандидатката, може да се констатира дека таа успешно се вклопила како во наставата така и во науката, односно научната проблематика во рамките на која се усовршувала од почеток до денес.

Имајќи ја предвид ангажираноста, сериозниот пристап кон обврските, успесите во научноистражувачката работа, личното познавање на кандидатката и позитивната оценка од студентската анкета спроведена во рамките на самоевалуацијата на Факултетот, како Рецензентска комисија, со оглед на тоа што кандидатката целосно ги исполнува сите потребни услови, имаме чест и задоволство да препорачаме д-р Маја Јорданова, досегашен вонреден професор, да се избере и унапреди во повисоко звање - редовен професор од областа на цитологијата, хистологијата и еволуцијата на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св Кирил и Методиј".

Рецензентска комисија

1. Д-р Ирена Тавчиоска Василева, редовен професор на ПМФ, с.р.

2. Д-р Нада Митева, редовен професор на ПМФ (во пензија), с.р.

3. Д-р Даница Рогановиќ-Заforова, редовен професор на ПМФ (во пензија), с.р.

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО,НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Маја (Радмила) Јорданова**

**Институција:** **Природно-математички факултет, Институт за биологија**

**Научна област:** **биологија**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава** | |
| 1. | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| | Општа зоологија (еколошка насока 4+4, зимски семестар), 2004/2005 | 2,4 |
| | Органска еволуција (еколошка насока 2+0, зимски семестар), 2004/2005 | 1,2 |
| | Органска еволуција (наставна насока 4+1, летен семестар), 2004/2005 | 2,4 |
| | Општа зоологија (еколошка насока 4+4, зимски семестар), 2005/2006 | 2,4 |
| | Органска еволуција (еколошка насока 2+0, зимски семестар), 2005/2006 | 1,2 |
| | Органска еволуција (наставна насока 4+1, летен семестар), 2005/2006 | 2,4 |
| | Основи на анатомија на човек (наставна, биохемиско физиолошка и молекуларна насока 2+1, зимски семестар) 2006/2007 | 0,6 |
| | Типологија на животни 2 (биохемиско физиолошка и молекуларна насока 2+2 летен семестар) 2007/2008 | 1,2 |
| | Општа зоологија (еколошка насока 4+4, зимски семестар), 2006/2007 | 2,4 |
| | Органска еволуција (еколошка насока 2+0, зимски семестар), 2006/2007 | 1,2 |
| | Органска еволуција (наставна насока 4+1, летен семестар), 2006/2007 | 2,4 |
| | Општа зоологија (еколошка насока 4+4, зимски семестар), 2007/2008 | 2,4 |
| | Органска еволуција (еколошка насока 2+0, зимски семестар), 2007/2008 | 1,2 |
| | Основи на анатомија на човек (наставна, биохемиско физиолошка и молекуларна насока 2+1, зимски семестар) 2007/2008 | 0,6 |
| | Органска еволуција (наставна насока 4+1, летен семестар), 2007/2008 | 2,4 |
| | Зоологија (еколошка насока 4+4, зимски семестар), 2008/2009 | 2,4 |
| | Органска еволуција (еколошка насока 2+0, зимски семестар), 2008/2009 | 1,2 |
| | Органска еволуција (наставна насока 4+1, летен семестар), 2008/2009 | 2,4 |
| | Органска еволуција (еколошка насока 2+0, зимски семестар), 2009/2010 | 1,2 |
| | Органска еволуција (наставна насока 4+1, летен семестар), 2009/2010 | 2,4 |
| | Зоологија (еколошка насока 4+4, летен семестар), 2009/2010 | 2,4 |
| | Органска еволуција (еколошка насока 2+0, зимски семестар), 2010/2011 | 1,2 |
| | Органска еволуција (наставна насока 4+1, летен семестар), 2010/2011 | 2,4 |
| | Зоологија (еколошка насока 4+4, летен семестар), 2009/2010 | 2,4 |
| | Цитологија (наставна насока, 4+4, зимски семестар), 2011/2012 | 1,2 |
| | Клеточна биологија (биохемиско-физиолошка и молекуларна насока, 4+4, зимски семестар), 2011/2012 | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Основи на екологија и еволуција (биохемиско-физиолошка 2+2 и молекуларна насока, 2+1, зимски семестар), 2011/2012 | 1,2 |
| | Однесување на животните (наставна и еколошка насока 2+2, зимски семестар) 2011/2012 | 1,2 |
| | Органска еволуција (наставна насока 4+1, летен семестар), 2011/2012 | 2,4 |
| | Цитологија (наставна насока, 4+4, зимски семестар), 2012/2013 | 1,2 |
| | Клеточна биологија (биохемиско-физиолошка и молекуларна насока, 4+4, зимски семестар), 2012/2013 | 1,2 |
| | Основи на екологија и еволуција (биохемиско-физиолошка 2+2 и молекуларна насока, 2+1, зимски семестар), 2012/2013 | 1,2 |
| | Однесување на животните (наставна и еколошка насока 2+2, зимски семестар), 2012/2013 | 1,2 |
| | Еволуција (наставна насока 3+1, еколошка насока 3+0 летен семестар), 2012/2013 | 1,8 |
| | Општа биологија (Воена академија насока АБХО) зимски семестар 2+2, 2012/2013 | 1.2 |
| | Општа биологија (воена академија 2+2 зимски семестар) | 1,2 |
| | Однесување на животните (биохемија физиологија насока 2+2, летен семестар), 2012/2013 | 1,2 |
| | Историја на биологија (еколошка и биохемија физиологија насока 2+2, летен семестар), 2012/2013 | 1,2 |
| | Радијациона биологија (биохемија физиологија насока 2+2, летен семестар), 2012/2013 | 1,2 |
| | Клеточна биологија (биохемиско-физиолошка насока, 4+4, зимски семестар), 2012/2013 | 1,2 |
| | Однесување на животните (наставна и еколошка насока 2+2, зимски семестар), 2012/2013 | 1,2 |
| | Клеточна биологија (биохемиско-физиолошка и молекуларна насока, 4+4, зимски семестар), 2013/2014 | 1,2 |
| | Основи на екологија и еволуција (биохемиско-физиолошка 2+2 и молекуларна насока, 2+1, зимски семестар), 2013/2014 | 1,2 |
| | Однесување на животните (наставна, еколошка, молекуларна биологија и биохемија физиологија насока 2+2, зимски семестар), 2013/2014 | 1,2 |
| **2.** | **Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд) од прв циклус студии** | |
| | Споредбена анатомија (наставна насока, летен семестар), 1991/1992 | 1,8 |
| | Типологија на животни (биохемиско физиолошка насока, летен семестар), 1991/1992 | 4,05 |
| | Биологија со хумана генетика-општа медицина (4+4, зимски семестар), 1992/1993 | 10,8 |
| | Споредбена анатомија (наставна насока, летен семестар) 1992/1993 | 1,8 |
| | Типологија на животни (биохемиско-физиолошка насока, летен семестар), 1992/1993 | 4,05 |
| | Биологија со хумана генетика -општа медицина (4+4, зимски семестар), 1993/1994 | 10,8 |
| | Споредбена анатомија (наставна насока, летен семестар)1993/1994 | 1,8 |
| | Типологија на животни (биохемиско-физиолошка насока, летен семестар), 1993/1994 | 4,05 |
| | Биологија со хумана генетика-општа медицина (4+4, зимски семестар), 1994/1995 | 10,8 |
| | Споредбена анатомија (наставна насока, летен семестар) 1994/1995 | 1,8 |
| | Типологија на животни (биохемиско физиолошка насока, летен семестар), 1994/1995 | 4,05 |

| | | |
|---|---|---|
| | Биологија со хумана генетика-општа медицина (4+4, зимски семестар), 1995/1996 | 10,8 |
| | Радијациона биологија Виша школа за рентген-техничари (зимски семестар, 2+2), 1995/1996 | 0,9 |
| | Хистологија и ембриологија (наставна и биохемиско физиолошка насока летен семестар 3+3) , 1995/1996 | 1,35 |
| | Биологија со хумана генетика -општа медицина (4+4,зимски семестар), 1996/1997 | 10,8 |
| | Радијациона биологија, Виша школа за рентген-техничари (зимски семестар, 2+2) 1996/1997 | 0,9 |
| | Хистологија и ембриологија (наставна и биохемиско-физиолошка насока летен семестар 3+3), 1996/1997 | 1,35 |
| | Биологија со хумана генетика -општа медицина (4+4, зимски семестар), 1997/1998 | 10,8 |
| | Радијациона биологија Виша школа за рентген-техничари (зимски семестар, 2+2), 1997/1998 | 0,9 |
| | Хистологија и ембриологија (наставна и биохемиско физиолошка насока летен семестар 3+3), 1997/1998 | 1,35 |
| | Биологија со хумана генетика-општа медицина (4+4,зимски семестар), 1998/1999 | 10,8 |
| | Хистологија и ембриологија (наставна и биохемиско физиолошка насока летен семестар 3+3), 1998/1999 | 1,35 |
| | Биологија со хумана генетика-општа медицина (4+4,зимски семестар), 1999/2000 | 10,8 |
| | Хистологија и ембриологија (наставна и биохемиско физиолошка насока летен семестар 3+3) 1999/2000 | 1,35 |
| | Биологија со хумана генетика-општа медицина (4+4,зимски семестар), 2000/2001 | 10,8 |
| | Хистологија и ембриологија (наставна и биохемиско физиолошка насока летен семестар 3+3), 2000/2001 | 1,35 |
| | Биологија со хумана генетика-општа медицина (4+4,зимски семестар), 2001/2002 | 10,8 |
| | Хистологија и ембриологија (наставна и биохемиско физиолошка насока летен семестар 3+3), 2001/2002 | 1,35 |
| | Биологија со хумана генетика -општа медицина (4+4,зимски семестар), 2002/2003 | 10,8 |
| | Хистологија и ембриологија (наставна и биохемиско физиолошка насока летен семестар 3+3), 2002/2003 | 1,35 |
| | Хистологија и ембриологија (наставна и биохемиско физиолошка насока летен семестар 3+3), 2003/2004 | 1,35 |
| | Општа зоологија (еколошка насока 4+4, зимски семестар), 2004/2005 | 1,8 |
| | Органска еволуција (наставна насока 4+1, летен семестар), 2004/2005 | 0,45 |
| | Општа зоологија (еколошка насока 4+4, зимски семестар), 2005/2006 | 1,8 |
| | Органска еволуција (наставна насока 4+1, летен семестар), 2005/2006 | 0,45 |
| | Општа зоологија (еколошка насока 4+4, зимски семестар), 2006/2007 | 1,8 |
| | Органска еволуција (наставна насока 4+1, летен семестар), 2006/2007 | 0,45 |
| | Општа зоологија (еколошка насока 4+4, зимски семестар), 2007/2008 | 1,8 |
| | Органска еволуција (наставна насока 4+1, летен семестар), 2007/2008 | 0,45 |
| | Зоологија (еколошка насока 4+4, зимски семестар), 2008/2009 | 1,8 |
| | Органска еволуција (наставна насока 4+1, летен семестар), 2008/2009 | 0,45 |
| | Зоологија (еколошка насока 4+4, зимски семестар), 2009/20010 | 1,8 |
| | Органска еволуција (наставна насока 4+1, летен семестар), 2009/2010 | 0,45 |
| | Зоологија (еколошка насока 4+4, зимски семестар), 2010/2011 | 1,8 |
| | Основи на екологија и еволуција (биохемиско физиолошка и молекуларна насока 2+2, зимски семестар) 2010/2011 | 2,7 |

| | | |
|---|---|---|
| | Органска еволуција (наставна насока 4+1, летен семестар), 2010/2011 | 0,45 |
| | Зоологија (еколошка насока 4+4, зимски семестар), 2011/2012 | 1,8 |
| | Органска еволуција (наставна насока 4+1, летен семестар), 2011/2012 | 0,45 |
| | Основи на екологија и еволуција (биохемиско физиолошка и молекуларна насока 2+2, зимски семестар), 2011/2012 | 2,7 |
| | Изработка и анализа на хистолошки препарати (биохемија физиологија насока 0+2, зимски семестар), 2012/2013 | 0,9 |
| | Основи на екологија и еволуција (биохемиско-физиолошка насока 2+2, зимски семестар), 2013/2014 | 0,45 |
| **3.** | **Одржување на настава од втор циклус студии** | |
| | Одбрани поглавја од микроскопски техники (3+3) | 2,25 |
| | Стереологија и алометрија (3+3) | 2,25 |
| **4.** | **Настава во школи и работилници (учесник)** | |
| | Работилница за пластинација, Скопје, 03-08 мај. 2004 | 1 |
| | Modernization of Environmental Science Education работилница во рамките на меѓународниот проект NEWEN (Wageningen, Холандија), 2009 | 1 |
| | Обука за стратешко планирање во рамките на проектот „Зајакнување на мрежата на еколози на Република Македонија“ (Скопје), 2009 | 1 |
| | Работилница во рамките на националната конференција, „Образование за одржлив развој“, 22 март 2012, Струмица | 1 |
| **5.** | **Подготовка на нов предмет** | |
| | Однесување на животните | 1 |
| | Изработка и анализа на хистолошки препарати | 1 |
| | Одбрани поглавја од микроскопски техники | 1 |
| | Стереологија и алометрија | 1 |
| **6.** | **Консултации со студенти *0,002** | |
*Керамиката* е претставена преку луксузните, декорирани садови со христијанска симболика.

Групата *Varia* опфаќа амулети, ампули-евлогии, крстови (апликации и поломби), калапи, кутии-пиксиди и печатници.

Пред да премине на каталошка обработка се осврнува и на занаетчиските техники и производството, како и на употребените материјали во уметничките занаети.

Осмото поглавје претставува *Каталог* на наведените групи движни артефакти чијшто број изнесува 221 предмет.

Каталошките единици методолошки се обработени со сите релевантни податоци, со илустрации и со засебно цитирана литература.

Потоа следува заклучокот во кој се резимираат добиените резултати од ова обемно истражување на наративен начин и со табеларен преглед.

Библиографијата и кратенките се прикажани на 30 страници отчукан текст. Тоа значи дека е собрана најрелевантната литература, вклучително и извори и ретки постари изданија. Таа е унифицирано презентирана со ползување на пропишаната научна апаратура при цитирањето.

Од досегашното излагање произлегува и соодветното

О б р а з л о ж е н и е

на Комисијата за оцена на докторскиот труд „Средновековната христијанска материјална култура од Скопско“ од кандидатката Сања Ивановска-Велкоска.

И по својот обем, и по својот квалитет, и по методолошкиот пристап, како и по постигнатите резултати, овој докторски труд е изготвен на високо стручно и научно ниво. Како посебна доблест го сметаме тоа што освен ползувањето на обемна стручна литература и аналогии, на ова место се прикажани и голем број досега необјавени материјали. Уште повеќе, еден дел од овој новооткриен материјал е резултат на личниот теренски ангажман на кандидатката.

Поставени се и бројни дискутабилни прашања за кои таа наоѓа аргументирани одговори, но оставајќи и такви кои ќе се решат во иднина.

Врз основа на изнесеното образложение, Комисијата мошне позитивно и едногласно ги оценува постигнатите резултати во наведениот докторски труд и сесрдно го препорачува за верификација на Наставно-научниот совет при Филозофскиот факултет во Скопје.

Комисија

1. Проф. д-р Елица Манева, с.р.
2. Академик Вера Битракова Грозданова, с.р.
3. проф. д-р Милан Бошкоски, с.р.
4. Проф. д-р Драги Митревски, с.р.
5. доц. д-р Марјан Јованов, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ***СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО КАКО МОДЕЛ ЗА ОДРЖЛИВИ СОЦИО - ЕКОНОМСКИ ПРОМЕНИ*** ОД **М-Р ГОРАН ГОЛУБОВСКИ,** ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на својата седница одржана на 28. 3 2014 година, не определи за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Горан Голубовски** на тема: ***СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО КАКО МОДЕЛ ЗА ОДРЖЛИВИ СОЦИО - ЕКОНОМСКИ ПРОМЕНИ.*** По опстојното прегледување на трудот, Комисијата, пред членовите на Наставно - научниот совет, го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Горан Голубовски содржи вкупно 298 страници компјутерски среден текст, од кои 268 страници се основен текст, 15 страници додатоци и 14 страници користена литература.

Покрај вовед и заклучни согледувања, материјата во докторската дисертација е структурирана во пет глави, според следниов редослед:

- ***ЕКСПОЗИЦИЈА НА СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО***
- ***ЧИНИТЕЛИ (АГЕНСИ) НА СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО***
- ***СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО И НАЦИОНАЛНАТА ПОЛИТИКА ЗА ЕКОНОМСКА И СОЦИЈАЛНА РЕГЕНЕРАЦИЈА***
- ***ПЕРСПЕКТИВИ И ПРЕДИЗВИЦИ НА СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

Во **првата глава на дисертацијата,** кандидатот м-р Горан Голубовски елаборацијата ја започнува со презентирање на суштинските карактеристики и атрибути на концептот на социјалното претприемништво. Врз основа на консултирање на обемна и релевантна литература од обласста, во овој дел на дисертацијата, најпрвин, се поместени и опстојно анализирани голем број дефиниции за социјалното претприемништво. Врз таа основа се извлечени четири есенцијални елементи неопходни за разбирањето на неговата суштина: (1) карактеристиките на социјалниот претприемач - мотивираност, способност да се препознаат можностите, лидерство и сл.; (2) поле на дејствување на социјалниот претприемач; (3) процеси и ресурси - профитни, наместо непрофитни форми, социјална вредност, наспроти економска вредност, социјално - претприемнички активности, наспроти социјален активизам и (4) мисија и резултати кои ги остварува социјалниот претприемач - создавање вредност преку нудење решенија за социјалните проблеми. Овие карактеристики го диференцираат социјалниот од традиционалниот претприемач, но истовремено упатуваат и на некои нивни заеднички атрибути. Додека кај традиционалното претпријатие основната целна функција е максимизација на профитот, кај социјалното претпријатие целната функција е креирање вредност за решавање на социјални проблеми, а во овој контекст профитот е основа за реализација на прогресивна социјална

трансформација. Профитот кај традиционалното претпријатие значи богатство и моќ главно или претежно за акционерите, а кај социјалното претпријатие, тој се инвестира за да се прошири социјалната мисија и да допре до што поголем број на луѓе, да служи за благосостојбата на заедницата. Моќната претприемничка идеја, иновацијата, којашто ги диференцира производите и услугите и ја зајакнува конкурентната способност на традиционалното претпријатија, т.е. ја прави остварлива мисијата на социјалното претпријатие, е најзначајната заедничка карактеристика и на традиционалниот и на социјалниот претприемач. Тоа само потврдува дека нема претприемништво без иновација и дека социјалниот претприемач е само еден подвид во родот на претприемачите и претприемничките функции кои во современи услови се врзуваат за голем број субјекти. Во овој дел на трудот, кандидатот ја елаборира и типологијата на социјалното претприемништво преку познатиот социјално - претприемнички матрикс, на Масети, претставен со четири квадрати - во првиот квадрат се лоцирани организациите водени од социјална мисија, кои не креираат профит, во вториот - организациите водени од социјална мисија којашто ја реализираат со користење на профитни методи, во третиот -организациите кои се пазарно ориентирани (ги следат потребите на пазарот), но не прават профит и во четвртиот - традиционалните профитно ориентирани организации. Според кандидатот м-р Горан Голубовски, вториот и четвртиот квадрат го губат фокусот на креација на социјално добро, поради што, во понатамошната анализа, неговото внимание е концентрирано кон организациите кои припаѓаат во вториот и четвртиот квадрат на социјално - претприемничкиот матрикс. Анализата продолжува со елаборација на причините кои го условиле појавувањето на концептот на социјалното претприемништво. Генерално гледано, главната причина за настанувањето на овој концепт треба да се бара во противречностите што со себе ги носи економскиот прогрес, чијашто динамика главно е иницирана од импозантниот развој на новите технологии, кои, од една страна, придонесоа за континуиран пораст на стандардот на живеење на луѓето, а од друга страна потенцираа бројни домени на пазарен неуспех: нерамномерна распределба на доходот, концентрација на богатство и моќ vis a vis сиромаштија, невработеност и социјална исклученост, негативни екстерналии (деструкција на животната средина), економски кризи, војни, болести итн. Во овој контекст, детално се анализирани позитивните и негативните ефекти на индустриската револуција, на глобализацијата и на неолибералната економска парадигма. Самата актуализација и високата релевантност на концептот на социјалното претприемништво, пак, кандидатот ја илустрира со сѐ поприсутната тенденција на редефинирање на улогата на владата (заради справување со социјалните проблеми), со Милениумските цели на ООН од 2000та година и со промените во методите на алокација на ресурсите по глобалната криза од 2007/2009 година. Во концептуалната рамка на социјалното претприемништво, кандидатот м-р Горан Голубовски, најпрвин ги анализира теоретските фундаменти на традиционалното претприемништво низ погледите и сфаќањата на австриската економска школа, која de facto претставува критика на неокласичното поимање на претприемништвото, како и на најзначајниот претставник на т.н. “канонска“ литература од областа на претприемништвото Јозеф Шумпетер. За Шумпетер, претприемачот е виспрен иноватор кој ја нарушува економската рамнотежа преку

креирање на економски профит и стожер околу кој се вртат сите собитија во општеството. Во рамките на теоретските придонеси за социјалното претприемништво, кандидатот м-р Голубовски анализира два блиски (сродни) концепта кои најдиректно се поврзани со феноменологијата на социјалното претприемништво - т.н. тројна долна линија (Џон Елкингтон) којашто се однесува на економските, социјалните и еколошките перформанси на претпријатијата и т.н. мешана вредност (Емерсон), којашто ја редефинира самата категорија "вредност", третирајќи ја како комбинирана интеракција на споменатите три елементи (економски, социјални и еколошки).

**Во втората глава на дисертацијата** се анализирани изворите на социјалното претприемништво (активизам, самопомош, филантропија, легитимитет и социјален капитал), како и елементите на социјалното претприемништво - социјалната мисија, пазарната ориентација и иновациите. Анализата во овој дел на трудот, исто така, е изведена со проучување на обемна, современа и релевантна литература од областа. Целта на *активизмот* е да влијае врз политичарите и менаџерите преку различни пристапи и кампањи, кои можат да упатуваат на конфронтација со традиционалните менаџери, но и на односи на соработка (кооперативност). Типичен пример на активизам е т.н. Fair Trade Movement, односно Движењето за фер трговија. Самопомошта е силно средство во посед на социјалните претприемачи и претпријатија за реализација на социјалната мисија, т.е. за решавање на социјалните проблеми. Слично е и со филантропскиот ризичен капитал (Ашока во САД и Шваб фондацијата во Швајцарија и Англија се добри примери за овој тип на организации). Кандидатот м-р Горан Голубовски потенцира дека легимитетот во неговите различни форми и модалитети прагматичен, морален и когнативен), сфатен како способност на организацијата своите постапки, акции и дејствување да ги наметне како прифатливи и пожелни за општеството, се моќна алатка на социјалните претприемачи во реализацијата на нивната мисија. Во рамките на анализата на изворите на социјалното претприемништво, детално е елабориран и концептот на социјалниот капитал, неговото значење за креирање на социјални и економски вредности, за одржливиот економски раст и за квалитетот на животот во заедницата. Во докторската дисертација, овој особен развоен ресурс е анализиран комплексно, со интердисциплинарен пристап и со презентација на трите основни гледишта (комунитарното, мрежното и институционалното) кои ја објаснуваат неговата феноменологија и неговиот придонес во создавањето на благосостојба за заедниците. Анализата во втората глава на докторската дисертација продолжува со истражување на карактеристиките на трите клучни елементи на социјалното претприемништво: социјалната мисија, пазарната ориентација и иновацијата. Суштината на социјалната мисија се огледа во фактот што социјалното претприемништво типично ја третира областа на незадоволени социјални потреби или на нови социјални можности кои јавниот и приватниот сектор не успеваат да ги реализираат. Пазарната ориентација е втора карактеристика на социјалните претприемачи која ги разликува од другите социјални организации. Додека многу организации со социјални мотиви се лоцирани во непостоечки или дисфункционални пазари, социјалните претприемачи ја признаваат вредноста на пазарната ориентација и и даваат примат на ефикасната употреба на ресурсите, но заради остварување на социјални цели. Иновацијата е заеднички елемент на

социјалното и комерцијалното претприемништво. Сепак, кај социјалните претприемачи иновацијата е тесно поврзана со нивната социјална мисија која се стреми кон задоволување на социјални потреби и содавање на социјални добра, додека кај комерцијалното претприемништво, иновацијата се воведува заради максимизација на профитот (заради остварување на економски профит, т.е. надпросечен профит, значи личен интерес), преку задоволување на потребите на потрошувачите. Оттука, гледано од страна на пазарната економија, иновацијата служи за да се геренира профит и да се освои поголем дел од пазарот со цел да се задоволат акционерите. Од аспект на социјалното претприемништво, пак, иновацијата е во функција на задоволување на потребите на стејкхолдерите. Ваквите разлики детерминираат и специфичности во природата на иновацијата во случајот на социјалното претприемништво, каде што таа често се јавува како трансформационен феномен (градење на локален капацитет за претприемничко дејствување и разрешување на социјалните и економските проблеми) и како политички феномен (етаблирање на локални движења кои го зголемуваат политичкото влијание на маргинализираните заедници).

Во **третата глава на дисертацијата** насловена како "Социјалното претприемништво и националната политика за економска и социјална регенерација" фокусот на анализата е врз развојната моќ на социјалното претприемништво, односно врз неговата способност да креира одржлив социјален и економски развој со вклучување на ранливите и маргинализирани заедници на општеството во економскиот процес. Врз основа на проучување на обемна литература посветена на ова прашање, кандидатот ги сумира следниве атрибути кои го афирмираат концептот на социјалното претприемништво во значаен развоен агенс: комбинација на социјалната мисија и бизнис - практиките, посветеност кон системски социјални промени, градење на капацитет на луѓето да придонесуваат за економскиот и социјалниот развој, намалување на неуспехот на пазарот и создавање на социјална инклузија. Силата на концептот на социјалното претприемништво, т.е. неговата моќ да служи како основа за ревитализација на националната економија, во голема мера произлегува од логиката на неговата поставеност и функционирање - креирање развој "оздола - нагоре" преку ослободување и поддршка на иницијативите и креативноста на луѓето на локално ниво. Во продолжение следува анализа на бариерите на социјалното претприемништво и улогата на државата во нивното надминување. Најзначајните бариери за влез на социјалните претпријатија на пазарот се од економска, социјална и институционална природа. Економските бариери произлегуваат од постојните претпријатија во секторот кои инвестирале во бизнисот, ја развиле својата технологија и креирале ресурси и компетитивна предност до ниво кое им создава проблеми на конкуренцијата, т.е. ги одвраќа потенцијалните конкуренти да влезат во секторот. *Социјалните влезни бариери* ги спречуваат претприемачите да ги користат постојните социјални мрежи. Во редот на позначајните категории на социјални мрежи влегуваат: бизнис - сопственици, бизнис -организации, граѓански организации, политичка инфраструктура и атрактивен пазар на работна сила. Информациите се комуницираат, додека ресурсите се испорачуваат токму преку овие мрежи, поради што нивната недостапност за социјалните претприемачи е сериозен лимитирачки фактор за појава и развој на социјалните претпријатија. *Институционалните влезни бариери* го спречуваат

претприемачот да се запознае или, пак, да се приспособи кон правилата, нормите и вредностите кои се дел од културата и однесувањето на пазарот односно општетсвото. Овие бариери се појавуваат на повеќе нивоа и го диктираат односот помеѓу фирмата и потрошувачите и пошироко помеѓу фирмата и општеството. Денес локалните и централните влади го согледале значењето на социјалното претприемништво за ревитализација на економиите, поради што политиките на негова поддршка и охрабрување се сѐ поприсутни во практиката. Кандидатот на почетокот потсетува дека врз профилирањето на самите политики на поддршка на социјалното претприемништво во современи услови значајно влијание имаат два тренда на промени - првиот е поврзан со се поголемата можност приватниот сектор да учествува во обезбедувањето на јавните добра, а вториот, кој практично настанал како реакција на првиот, се сведува т.н. нови форми на солидарност и колективност од страна на граѓанскиот сектор. Анализата во оваа глава на дисертацијата завршува со елаборација на прашањето за улогата на владите во поддршката на социјалното претприемништво. Во овој контекст авторот ги презентира искуствата на САД и на Европската унија, а во рамките на ЕУ, посебно е разработен случајот на Велика Британија. Во европски рамки, Велика Британија е пионер во развојот на нови методи на поддршка на традиционалното и на социјалното претприемништво. Голема улога за поддршка на социјалното претприемништво одигра владата на Тони Блер која ја основаше Единицата за социјални претпријатија (Social Enterprise Unit) во Службата за мал бизнис (Small Business Service) при Министерството за трговија и индустрија (Department of Trade and Industry). За да ги намалат институционалните бариери, властите во Британија воведоа и нова легална форма за основање на социјално претприемничко претпријатие наречена Community Interest Company. Во функција на развој на социјалното претприемништво, Владата на Велика Британија воведе даночни олеснувања за донации наменети за добротворни цели, овозможи формирање на добротворни банки како извор на евтин капитал за социјалните претприемачи, осигура совети, консултативни услуги и обука за социјалните претприемачи итн.

**Четвртата глава на дисертацијата** е целосно посветена на перспективите, предизвиците и можностите за развој на социјалното претприемништво во Република Македонија. Во овој контекст, кандидатот м-р Горан Голубовски, потпирајќи се на некои постојни студии за развојот на социјалното претприемништво во земјите на Југоисточна Европа, на сознанијата што произлегоја од Пилот- концептот за социјално претприемништво во Република Македонија, поддржан од Британската амбасада, но и на сознанијата од сопствено истражување (студии на случај), ги обработува следниве клучни теми кои имаат висока релевантност за имплементација на претприемништвото во Република Македонија - контекстуална зависност на концептот на социјалното претприемништво, наследството од минатото, карактеристики на социјално - претприемничкото милје на Република Македонија и стратегии и мерки за развој на социјалното претприемништво во Република Македонија. М-р Голубовски најпрвин потенцира дека социјалното претприемништво е глобален феномен, но и дека тоа не се појавува насекаде од исти причини. Во земјите во транзиција, социјалното претприемништво е резултат на залезот на социјалната држава. Со појавата на “дупки” во системот за социјална сигурност и со промената во

институциите се појавија можности за социјалните претприемачи. Способноста да се пополнат овие “дупки” со помош на иновативни решенија е значаен феномен. Во овие земји и во земјите во развој, претприемништво се појавува како резултат на недовербата кон невладините организации, апатијата во приватниот сектор и неспособноста на владата да ги заштити своите граѓани преку системот за социјална сигурност. Ова говори дека социјалното претприемништво се појавува како решение на специфични проблеми кои се контекстуални зависни. Социјалните претприемачи ги менуваат и ги институционализираат однесувањето, нормите и правилата кои им овозможуваат на општествата да ги алоцираат ресурсите на еден фер начин. Според м-р Голубовски, социјалното претприемништво е способно да открие уникатни решенија внатре, во локалните заедници, и затоа неговиот придонес за социјалниот, човечкиот и економскиот развој е значаен и на глобално ниво. Анализирајќи го конкретно случајот на Република Македонија, кандидатот најпрвин потсетува дека Република Македонија, како дел од поранешната СФРЈ, во согласност со своите социјалистички принципи и командната економија, зависеше од централниот апарат при распределба на ресурсите и добрата. Инерцијата на таа зависност од централната власт е сѐ уште присутна. Според кандидатот, за поранешните социјалистички земји, а во тој контекст и за Република Македонија, одговараат социјални претпријатија кои обично се кристализираат во хибридни комерцијални модели со мешавина на економска и социјална креација на вредност. Ваквото тврдење кандидатот Голубовски го поткрепува со анализа на студии на случај (Баргала АД - Штип и Списанието Лице в лице). Баргала АД од Штип е производител на обувки кој има склучено договор со конфекциската куќа „Некст“ (NEXT) од Британија за која произведува обувки од органски материјали, на кои потоа се лепи налепница со назнака Fair Trade со цел да се означи дека работниците кои работеле во производството добиле соодветни услови (добар финасиски надоместок и социјално осигурување), додека производот ги исполнува социјалните и еколошките стандарди. Списанието „Лице в лице“, пак, покрива теми од областа на невладини организации, културата и маргинализираните групи. Моделот на функционирање на списанието се заснова на директна продажба при што приходите, по покривање на трошоците, се делат помеѓу продавачите и Центарот за заштита на правата на децата, со цел Списанието, со тек на време, да стане финансиски оддржливо, т.е. независно. Во продолжение, м-р Горан Голубовски комплексно ги анализира и синтетизира суштинските карактеристики на македонското социјално - претприемничко милје, јасно ги посочува можностите за развој на социјалното претприемништво кај нас, но и бројните проблеми, слаби страни и ограничувања, кои го оневозможуваат побрзото имплементирање и развој на овој концепт. На крајот на оваа глава кандидатот предлага и пошироко ги елаборира неопходните политики (т.е. мерки и инструменти) за поддршка и развој на социјалното претприемништво во Република Македонија. Во тој контекст посебно значајни се следниве мерки: подигање на свесноста за општествениот бенефит од социјалните претпријатија, институционални мерки (Закон за социјални претпријатија, регулаторно тело за социјалните претпријатија, инкубатори за социјални претпријатија и сл.), фискални мерки (даночни ослободувања за социјалните претпријатија, за донаторите и сл.), јавни набавки (создавање можности за партиципирање на

социјалните претпријатија во реализацијата на јавните набавки), бизнис - подршка итн.

ОПШТА ОЦЕНА НА ДИСЕРТАЦИЈАТА И ПРЕДЛОГ

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Горан Голубовски, посебно ги потенцира ***следниве квалитети на трудот и придонеси (стручни и научни) на кандидатот во испитувањето на оваа значајна проблематика: Прво,*** овој е прв труд во Република Македонија којшто комплексно ја истражува и презентира феноменологијата на социјалното претприемништво - неговите теоретски фундаменти, генезата на неговото настанување, атрибутите кои претставуваат diferentia specifica на концептот и неговите сличности и разлики vis a vis традиционалното - комерцијалното, претприемништво, неговата улога во релативизирањето на домените на пазарен неуспех и пошироко неговата развојна моќ и способност да креира оддржлив социјален и економски развој со вклучување на ранливите и маргинализирани заедници на општеството во економскиот процес, како и претпоставките, можностите, ограничувањата и перспективите на развој на социјалното претприемништво во Република Македонија. **Второ,** врз основа на користење на обемна, модерна и релевантна литература од областа, кандидатот м-р Горан Голубовски јасно ја специфицира типологијата на социјалното претприемништво и прецизно го разграничува концептот на социјалното претприемништво од сличните, но не и идентични концепти - активизам, самопомош, филантропија и сл. Со опстојно проучување и користење на новите теоретски пристапи од оваа област, т.е. на социјално - претприемничкиот матрикс на Месети, и посебно на т.н. тројна долна линија на Елкингтон, којашто се однесува на економските, социјалните и еколошките перформанси на социјалните претпријатија и на т.н. мешана вредност на Емерсон, којашто ја редефинира самата категорија “вредност“, третирајќи ја како комбинирана интеракција на споменатите три елементи, м-р Горан Голубовски не само што јасно ја изложува комплексноста на концептот на социјалното претприемништво, туку и го проблематизира упростеното гледиште коешто социјалното претприемништво го третира како типично непрофитен концепт. Напротив, неговата анализа потврдува дека покрај социјалната мисија, пазарната ориентација и иновацијата се суштински елементи на социјалното претприемништво. Притоа, токму, пазарната ориентација ги разликува социјалните претприемачи од другите социјални организации. Додека многу организации со социјални мотиви се лоцирани во непостојни или дисфункционални пазари, социјалните претприемачи ја признаваат вредноста на пазарната ориентација и и даваат примат на ефикасната употреба на ресурсите, се разбира, заради остварување на социјални цели. Иновацијата е заеднички елемент на социјалното и комерцијалното претприемништво (без иновација нема претприемништво), сеедно што таа, во случајот на социјалното претприемништво, се јавува како трансформационен феномен (градење на локален капацитет за претприемничко дејствување и разрешување на социјалните и економските проблеми) и како политички феномен (етаблирање на локални движења кои го зголемуваат политичкото влијание на маргинализираните заедници). **Трето,** развојната моќ на социјалното претприемништво, кандидатот, мислиме со право, ја изведува од

комбинацијата на социјалната мисија и бизнис - практиките, посветеноста кон системско - социјалните промени, градењето на капацитет на луѓето да придонесуваат за економскиот и социјалниот развој, намалувањето на неуспехот на пазарот и создавањето на социјална инклузија, како и од логиката на поставеност и функционирање на самиот концепт - креирање развој “оздола - нагоре“ преку ослободување и поддршка на иницијативите и креативноста на луѓето на локално ниво. **Четврто,** анализата на други значајни прашања поврзани со концептот на социјалното претприемништво, какви што се бариерите за влез на социјалните претпријатија на пазарот (економските, социјалните и институционалните), охрабрувањето на социјалното претприемништво од локалните и централните влади, како резултат на сè поголемата инволвираност на приватниот сектор во обезбедувањето на јавните добра, од една страна, и на т.н. нови форми на солидарност и колективност што ги практикува граѓанскиот сектор, од друга страна, контекстуалната зависност на концептот на социјалното претприемништво од наследството од минатото, од карактеристиките на социјално - претприемничкото милје на конкретната земја итн, се солидно структуирани, добро образложени и илустрирани со практични примери во одделни земји. **Петто,** врз основа на продлабочена елаборација на феноменологијата на социјалното претприемништво во современи услови, врз основа на одделни студии и проекти за развојот на социјалното претприемништво во земјите во транзиција и во земјите во развој, а во тој контекст и во Република Македонија, кандидатот м-р Горан Голубовски понудил солидна анализа на состојбите, социјалниот контекст, проблемите, ограничувањата и перспективите на развој на социјалното претприемништво кај нас. Сознанијата на кандидатот се значајни и корисни, особено ако се има предвид фактот дека развојот на социјалното претприемништво кај нас е во својата рудиментарна развојна фаза. Според кандидатот, за поранешните социјалистички земји, а во тој контекст и за Република Македонија, одговараат социјални претпријатија  кои обично се кристализираат во хибридни комерцијални модели со мешавина на економска и социјална креација на вредност. Ваквото тврдење кандидатот Голубовски го поткрепува со анализа на две студии на случај - Баргала АД - Штип и списанието „Лице в лице“. Во дисертацијата солидно се анализирани и синтетизирани суштинските карактеристики на македонското социјално - претприемничко милје, јасно се посочени можностите, но и ограничувањата за развој на социјалното претприемништво  кај нас. Кандидатот сугерира и мерки и инструменти на политиките за поддршка на социјалното претприемништво кај нас, коишто можат да се сублимираат на следниов начин: подигање на свесноста за општествениот бенефит од социјалните претпријатија, институционални мерки (Закон за социјални претпријатија, регулаторно тело за социјалните претпријатија, инкубатори за социјални претпријатија и сл.), фискални мерки (даночни ослободувања за социјалните претпријатија, донаторство и сл.), јавни набавки (создавање  можности за партиципирање на социјалните претпријатија во реализацијата на јавните набавки), бизнис - подршка итн.

На докторската дисертација можат да и се упатат и одредени  забелешки, главно од формална природа, кои одат на линија на непотребна екстензивност во одделни поглавја на трудот и, напати, на недоволна експонираност на кандидатот во воопштувањето на различните гледишта на бројни автори чии трудови и

придонеси ги анализирал во своето истражување. Но овие забелешки воопшто не го намалуваат значењето на истражувањето и стручниот и научниот придонес на кандидатот м-р Горан Голубовски (јасно специфициран погоре) во испитувањето на проблематиката на социјалното претприемништво - проблематика којашто кај нас е слабо истражувана и покрај неспорната релевантност за Република Македонија.

Врз основа на изнесените карактеристики на содржината и на квалитативните особености на трудот, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

***- прво***, да го усвои извештајот за докторската дисертација на тема: ***СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО КАКО МОДЕЛ ЗА ОДРЖЛИВИ СОЦИО - ЕКОНОМСКИ ПРОМЕНИ,*** поднесена од кандидатот м-р Горан Голубовски

***- второ***, да дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

Членови на Комисијата

1. Акад. Таки Фити с.р.
2. Проф. д-р Бобек Шуклев с.р.
3. Проф. д-р Димитар Бојаџиоски с.р.
4. Акад. Гоце Петрески с.р.
5. Проф. д-р Ристо Христов с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „СИНТЕЗА НА НОВИ ДЕРИВАТИ НА КУМАРИНОТ “ ОД М-Р АХМЕД ЈАШАРИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет, донесена на седницата одржана на 8.5.2014 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов **СИНТЕЗА НА НОВИ ДЕРИВАТИ НА КУМАРИНОТ**, поднесена од м-р Ахмед Јашари. По разгледувањето на поднесениот труд, ни претставува чест на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација под наслов: **СИНТЕЗА НА НОВИ ДЕРИВАТИ НА КУМАРИНОТ**, поднесена од кандидатот м-р Ахмед Јашари, е составена од следниве поглавја: ВОВЕД (5 страници), ЛИТЕРАТУРЕН ПРЕГЛЕД (56 страници), РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА (67 страници), ЕКСПЕРИМЕНТАЛЕН ДЕЛ (26 страници), ЗАКЛУЧОК (5 страници), ЛИТЕРАТУРА (9 страници), ПРИЛОГ I (81 страници) и ПРИЛОГ II (16 страници).

Во поглавјето ВОВЕД дадени се основни информации за кумаринот и неговите деривати како важна класа на природни соединенија, вклучително и информации за нивната расположливост во растителниот свет и за нивните различни биолошки дејства. Презентирајќи неколку примери на природни и синтетски кумарински деривати со изразено антикоагулантно, антибактериско, антивирално (вклучително и анти-ХИВ), антиинфламаторно, спазмолитично и друго дејство, докторандот истакнува дека скоро и да не постои кумарински производ, а да не покажал некаква специфична билошка активност. Во тој контекст, особено внимание обрнува на двете спротивставени активности на кумаринските деривати; имено, од една страна, високата канцерогена активност својствена за микотоксините, на пример, кои се кумарински деривати, и, од друга страна, изразената антиканцерогена активност на многу други кумарински деривати, што отвора можност за нивна примена во третманот на канцерот.

Врз основа на овие сознанија, поставени се и целите на ова истражување – синтеза, карактеризација и евалуција на потенцијалното биолошко (антиканцер) дејство на нови кумарински деривати.

Во поглавјето ЛИТЕРАТУРЕН ПРЕГЛЕД детално се опишани како биолошките така и физичко-хемиските својства на 4-хидроксикумаринот кој што е користен како изворен реагенс во синтезите. Даден е акцент на електрофилните и нуклеофилните ароматски супституциони реакции кај 4-хидроксикумаринот. Притоа, образложено е дека врз база на сите теоретски и експериментални

податоци, како и врз база на личните искуства здобиени истражувајќи во оваа област, скоро без исклучоци електрофилите го напаѓаат 4-хидроксикумаринското јадро на позицијата 3, додека нуклеофилите на позицијата 4. Исто така, опишана е карактеристичната тавтомерија која постои кај 4-хидроксикумаринот, а која се забележува и кај голем број негови деривати, кои можат да се сретнат во хромонска или хромандионска тавтомерна форма. Истакнувајќи ја оваа проблематика, докторандот наведува и низа литературни сознанија кои упатуваат на користењето на различни спектроскопски техники (IR-спектроскопија, NMR, UV-спектроскопија) и рентгенска дифрактометрија за разрешување на нивните структури.

Во поглавјето РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА образложена е и спроведена идејата за поврзување на некои петочлени хетероциклични системи со 4-хидроксикумаринот, какви што се изоксазолот и тиазолот. Имено, и овие системи самите по себе се носители на важни биолошки активности, така што нивното поврзување со кумаринската единица води кон можноста за добивање на соединенија со потенцијална активност. Така, за таа цел биле искористени амините на овие петочлени хетероциклични системи. Бидејќи овие хетероциклични системи се ароматични, било претпоставено дека нивните амини лесно може да се диазотираат и да преминат во нивни соодветни диазониумови соли. Прво било извршено диазотирање на 2-амино-5-*терц*-бутилизоксазолот со помош на натриум нитрит во присуство на хлороводородна киселина. Потоа била спроведена серија на експерименти која резултирала со оптимизирање на условите на реакциите во однос на температурата, моларноста на хлороводородната киселина и времетраењето на реакцијата на диазотирање, спарувањето со 4-хидроксикумаринот и прочистување на добиеното соединение. Докторандот детално ги опишува техниките за анализа на соединенијата во текот на синтезата (тенкослојна хроматографија), за прочистување на добиените продукти (колонска хроматографија, проследена со прекристализација), за анализа на нивната чистота (HPLC техника) и за нивна структурна карактеризација (FT-IR,NMR - H-NMRи C-NMR, различни дводимензионални NMR-техники -COSY, HSQC, HMQC, HMBC, DEPT, и масена спектроскопија со висока резолуција). Врз основа на резултатите од спроведените истражувања, докторандот докажува дека е добиена претпоставената структура. Во продолжение, даден е детален опис на постапката и техниката (рентгенска дифрактометрија) со која е докажана предоминантната тавтомерна форма на добиениот продукт, односно неговата хромандионска форма и застапеност како *E*-изомер. Врз основа на сите испитувања, докторандот заклучува дека го синтетизирал (*E*)-3-[2-(5-*терц*-бутилизоксазол-3-ил)хидразинилиден]хроман-2,4-дионот.

Потоа детално е опишан начинот накој 2-аминотиазолот, 2-амино-5-метилтиазолот, 2-амино-4,5-диметилтиазолот, 2-амино-5-бромотиазолот, 3-аминоизоксазол, 3-амино-5-метилизоксазол, како и една триазолска база, 3-амино-1,2,4-триазол биле преведени во нивни соодветни диазониумови соли,преку „закачување“ на позицијата 3 кај 4-хидроксикумаринот, како и техниките за нивна структурна карактеризација со кои се докажува дека се синтетизирани осум соединенија и тоа: (*E*)-3-[2-(5-*терц*-бутилизоксазол-3-ил)хидразинилиден]хроман-2,4-дион, (*E*)-3-[2-(тиазол-2-ил)хидразинилиден]-

хроман-2,4-дион, (*E*)-3-[2-(5-метилтиазол-2-ил)хидразинилиден]хроман-2,4-дион, (*E*)-3-[2-(4,5-диметилтиазол-2-ил)хидразинилиден]хроман-2,4-дион, (*E*)-3-[2-(5-бромотиазол-2-ил)хидразинилиден]хроман-2,4-дион, (*E*)-3-[2-(изоксазол-3-ил)хидразинилиден]хроман-2,4-дион, (*E*)-3-[2-(5-метилизоксазол-3-ил)хидразинилиден]хроман-2,4-дион и (*E*)-3-[2-(4*H*-1,2,4-триазол-3-ил)хидразинилиден]-хроман-2,4-дион. Врз основа на спроведената спектроскопска карактеризација, во која биле снимени UV/VIS спектрите на синтетизираните соединенија во два растворувача, ацетон и ацетонитрил, докажано е присуството/влијанието на хетероцикличниот петочлен прстен зависно од тоа дали во молекулата е присутен тиазолски, изоксазолски или триазолски прстен.

Во продолжение даден е детален опис на *ин витро*-техниките со кои е испитуван антипролиферативниот ефект и механизмот на цитотоксичност на синтетизираните соединенија. Врз основа на резултатите од испитувањето на антипролиферативниот ефект на референтното соединение (4-хидроксикумарин) и синтетизираните соединенија на различни канцерни клеточни линии (на дојка - MCF-7 и MDA-MB-231, на простата - PC-3 и LNCaP), леукемиски клеточни линии(U937) и хумани ендотелијални клеточни линии (EA.hy 926) после 48 и 72 часа, со користење на MTT-методот, докторандот заклучува дека соединенијата покажуваат временски, дозно и клеточнозависна токсичност. Врз основа на определените 50% инхибиторни концентрации, тој издвојува три деривати со најголема потентност: (*E*)-3-[2-(тиазол-2-ил)хидразинилиден]хроман-2,4-дион, (*E*)-3-[2-(5-метилтиазол-2-ил)хидразинилиден]хроман-2,4-дион и (*E*)-3-[2-(4,5-диметилтиазол-2-ил)хидразинилиден]хроман-2,4-дион.

Со понатамошните испитувања на овие супстанции, кои опфаќаат деградација на ензимот PARP (**P**oly(**A**DP-**R**ibose)**P**olymerase), кој се смета за добар показател на апоптозата, и детекција на деградационите продукти со Western blot-анализа, докторандот упатува на механизмот на цитотоксичност, односно намалена активност на фосфо-$Thr^{308}$Akt.

Во поглавјето ЕКСПЕРИМЕНТАЛЕН ДЕЛ, детално е опишана постапката за диазотирање на амините на петточлените хетероциклични соединенија, и тоа за секој од нив одделно. Потоа, опишани се и постапките за синтеза на новите и во литературата непознати хидразинилиден-хромандионски деривати. Покрај ова, за секој дериват одделно дадени се и вредностите добиени од мерењето на температурата на топење, приносот, вредностите од масената спектрометрија со висока резолуција, положбата на карактеристичните ленти во инфрацрвениот и во UV/Visспектарот, како и положбата на сите сигнали од протоните и јаглеродните атоми во соодветните $^1$H-NMR и $^{13}$C-NMR-спектри.

Во поглавјето ЗАКЛУЧОК, докторандот ги сумира сите резултати добиени од истражувањата, подвлекувајќи дека се синтетизирани 8 хидразнилиден-хромандионски системи за кои не се најдени податоци во литературата. Од нив, три деривати кои содржат тиазолски прстен покажуваат изразен антипролиферативен и проапоптотичен ефект поради што се кандидираат како потенцијални хемотерапевтски агенси или водечки соединенија за синтеза на нови хемотерапевтици.

Во поглавјето ЛИТЕРАТУРА се наброени вкупно 180 референци, од кои над 150 се оригинални научни статии. Најголемиот број од нив се со понови датуми, отсликувајќи ја актуелната состојба во ова истражувачко поле. Останатите референци се терциарна литература, текстови, монографии, магистерски и докторски трудови.

Поглавјето ПРИЛОЗИ е поделено на две потпоглавја: ПРИЛОГ I И ПРИЛОГ II. Во првиот Прилог се дадени 81 слика од снимените FT-IR, $^{1}$H-NMR и$^{13}$C-NMR-спектри, 2D-NMR (HSQC, COSY, HMQC, HMBC, DEPT) спектрите, UV/Vis и HR-MS-спектрите. Во вториот Прилог се дадени два објавени трудова од овие истражувања.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на анализата на поднесената докторска дисертација под наслов: **СИНТЕЗА НА НОВИ ДЕРИВАТИ НА КУМАРИНОТ**, од кандидатот м-р Ахмед Јашари, може да се заклучи дека тој успеал на еден едноставен начин да синтетизира нови хидразинилиден-хромандионски деривати. Сите новосинтетизирани соединенија се идентификувани и целосно карактеризирани со огромен број спектроскопски податоци, укажувајќи на тоа дека заклучоците за структурите на продуктите се целосно научно издржани. Понатаму, овие соединенија се тестирани на нивната антипролиферативна активност на различни видови хумани канцерни и неканцерни клеточни линии, со што се издвоени три деривати со антипролиферативно дејство и повисока потентност во однос на изворното соединение.

Дисертацијата поднесена од м-р Ахмед Јашари е мултидисциплинарна студија која го опфаќа подрачјето на органските синтези и хемијата на хетероцикличните соединенија, потоа подрачјето на спектроскопска анализа и карактеризација со различни спектроскопски техники и, на крајот, подрачјето на медицинската хемија. Истражувањата ги следат современите трендови и значајно придонесуваат во развојот на ефикасни хемотерапевтски средства, што го потврдува исклучително значајниот научен придонес на оваа докторска дисертација. За ова, секако, говори и фактот што резултатите од истражувањата се соопштени на домашни и меѓународни научни манифестации, а објавени се и два оригинална научни труда во меѓународни списанија со фактор на влијание: *Acta Crystallographica E* и *Bioorganic & Medicinal Chemistry*.

Врз основа на изнесеното, членовите на Рецензентската комисија едногласно и со задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да ја прифати докторската дисертација под наслов **СИНТЕЗА НА НОВИ ДЕРИВАТИ НА КУМАРИНОТ**, поднесена од кандидатот м-р Ахмед Јашари и да овозможи нејзина јавна одбрана.

**Членови на Рецензентската комисија**

1. Д-р Горан Стојковиќ, вонреден професор на ПМФ во Скопје, с.р
2. Д-р Кристина Младеновска, вонреден професор на ФФ во Скопје, с.р
3. Д-р Агим Шабани, редовен професор на ПМФ при Државниот универзитет во Тетово, с.р
4. Д-р Божана Михова, доцент на Институтот за органска хемија со центар за фитохемија при Бугарската академија на науките, с.р
5. Д-р Емил Поповски, редовен професор на ПМФ воСкопје, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЕКСТРАЕЗОФАГЕАЛНА РЕФЛУКСНА БОЛЕСТ - ПРОБЛЕМ ВО ДИЈАГНОСТИКАТА И ТРЕТМАНОТ“ ОД ПРИМАРИУС Д-Р КАЛИНА ГРИВЧЕВА-СТАРДЕЛОВА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совен на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, на својата IV редовна седница одржана на 6.5.2014, по предлог на Научниот одбор на Медицинскиот факултет определи Рецензентска комисија во состав:

1. проф. д-р Владимир Серафимоски
2. проф. д-р Владо Јаневски
3. в. н. Сор. д-р Милка Јанкуловска Здравковска,

за оцена на докторската дисертација на Калина Гривчева-Старделова, специјалист по интерна медицина, супспецијалист по гастроентерохепатологија, вработена на Универзитетската клиника за гастроентерохепатологија во Скопје под наслов **„ЕКСТРАЕЗОФАГЕАЛНА РЕФЛУКСНА БОЛЕСТ - ПРОБЛЕМ ВО ДИЈАГНОСТИКАТА И ТРЕТМАНОТ“.**

По разгледувањето на доставениот текст, РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА има чест до Наставно-научниот совет да го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација со наслов „ЕКСТРАЕЗОФАГЕАЛНА РЕФЛУКСНА БОЛЕСТ - ПРОБЛЕМ ВО ДИЈАГНОСТИКАТА И ТРЕТМАНОТ“, изработена од Калина Гривчева-Старделова, претставува самостоен и оригинален труд од областа на гастроентерохепатологијата, презентирана на 142 страници со 44 табели и фигури и прилог-прашалник за скорирање на екстраезофагеалните симптоми на македонски и албански јазик, како и прилог за скорирање на оштети на забите. Содржината на докторската дисертација е поделена на: вовед, мотив за изработка на студијата, цели, материјал и методи, статистичка обработка, резултати, дискусија, заклучоци, кратенки, прилози и литература. Научната мисла на докторантката и стилот на пишување се јасни, лесно разбирливи и концизни, што овозможува едноставно следење на приложениот материјал.

Во **воведниот дел,** докторантката јасно го објаснува поимот гастроезофагеална рефлуксна болест (ГЕРБ) како патолошка состојба предизвикана од рефлуксот на желудечната содржина од желудникот во хранопроводот, устата и дишните патишта, што може да предизвика различни симптоми или оштетување на мукозата на хранопроводот или двете. Авторката, раководејќи се од Монтреалската класификација, ја потенцира важноста на неерозивната рефлуксна болест (НЕРБ) која се манифестира со низа симптоми кои многу често не се поврзуваат со ГЕРБ, поради што изостанува поставувањето на дијагнозата и аплицирањето на соодветна терапија и екстраезофагеална рефлуксна болест, прикажани низ спектрум од преклопувачки синдроми, рангирани од симптоматскиот неерозивен рефлукс до тешкиот езофагитис со компликации (како, на пример, стриктури). Опишана е како хронична и

повторувачка состојба: при што типично околу две третини од пациентите продолжуваат да ги земаат лековите континуирано или интерминентно во период околу 10 години и повеќе, со сѐ уште не комплетно разјаснети етиолошки механизми. Поради тоа што на патогенезата на рефлуксната болест придонесуваат многубројни причинители, докторантката прецизно ги опишува механизмите на настанување, патеките за поставување на дијагноза со осврт на клиничката слика со нејзините типични и атипични симптоми, како и анамнестичките податоци кои се основен патоказ за понатамошни испитувања. Прикажани се и иследувањата кои се користат во дијагностиката, особено ендоскопијата, која претставува златен стандард во дијагностицирање на оштетата на лигавицата на хранопроводот, важен метод при секоја појава на епигастрична болка, високосензитивен на рефлуксен езофагитис, при што се овозможува да се евалуира тежината и раширеноста на езофагитисот, како и актуелната класификација на оштетата на лигавицата според ендоскопските наоди. Нотиран е и фактот за недостигот на оваа метода, кој е дека може во 50% од случаите да има уреден наод, без оштети на лигавицата на храноводот, што не исклучува постоење на рефлуксна болест. Во овој дел се исто така обработени и постапките во лекувањето.

**Мотивот** на оваа студија е базиран врз поттикнувачко прашање беше кои симптоми и со каков интензитет се присутни кај пациентите со неерозивна рефлуксна болест и екстраезофагеални ГЕРБ каде поради отсуството на објективен патолошки наод на лигавицата на хранопроводот не постои златен стандард во дијагнозата.

**Целите** на оваа дисертација се јасно дефинирани:

- одредување на соодносот на инциденција на рефлуксната болест со екстраезофагеалната рефлуксна болест на пациентите со ерозивни и без ерозивни промени на хранопроводот;

- анализа на дистрибуцијата на рефлуксната болест според одредени епидемиолошко-демографски варијабли: пол, возраст, боди мас-индекс (БМИ), навика за пушење, навика за консумирање на алкохол и зачинета храна;

- одредување на јачината и честотата на јавување на рефлуксните симптоми кај пациенти со ерозивни и без ерозивни промени на хранопроводникот;

- да се дизајнира прашалник за ГЕРД кој би бил соодветен за клиничките иследувања. Прашалникот би требало да е сензитивен за пациенти со ГЕРБ, мултидимензионален, покривајќи ги честотата и интензитетот на типичните и атипичните симптоми на ГЕРБ, со докажани психометриски карактеристики, практичен, економичен, едноставен за користење, со сликовити термини кои пациентите лесно ќе ги разберат. Прашалникот мора да овозможи брзо да се реагира на промени, да може да се користи секојдневно за да се проценат промените во тек и по терапијата;

- да се направи корелација помеѓу наодите за позитивен прашалник за рефлуксните симптоми во двете групи;

- да се направи корелација помеѓу наодите за позитивен прашалник за рефлукс синдром на дентални ерозии и стоматолошкиот наод според скала за скорирање на денталните ерозии;

- да се процени вредноста за воведување на прашалникот за рефлуксна болест во секојдневната клиничка практика, како дел од историјата на болестта, амбулантска или хоспитална, што ќе претставува важен параметар при

дијагностицирањето на оваа болест, одредување на нејзината јачина и честота, навременото третирање, а со тоа спречување на појава на понатамошни компликации.

Во делот **Материјал и методи** се опфатени сите потребни параметри за изведување на оваа научноистражувача работа. Студијата е изработена на Универзитетската клиника за гастроентерохепатологија во периодот од 1.10.2009. до 31.5.2013. Обработени се 642 пациента со симптоми на гастроезофагеална рефлуксна болест, поделени во две групи, со и без ерозивни промени на хранопроводот. Беше направена споредба помеѓу групата на пациенти со позитивен ендоскопски наод, односно ендоскопски верифицирана оштета на хранопроводот која ќе биде класифицирана според Лосанџелешката класификација и групата на пациенти со позитивен ГЕРБ-прашалник, но без ендоскопски позитивен наод, пациенти со екстраезофагеална рефлуксна болест.

Сите пациенти биле испитувани според: клиничка евалуација со прашалник за рефлуксна болест и гастродуоденоскопија. Пациентите со позитивен прашалник и негативен ендоскопски наод биле поставувани на тест со инхибитори на протонска пумпа, ИПП-тест.

Докторантката детално го опишува прашалникот кој е дизајниран за целите на студијата. Прашалникот е повеќедимензионален, јасен со намена за објективна проценка на клиничките симптоми, нивна квалитативна и квантитативна евалуација, и за следење и проценка на успехот на различните методи на лекување на пациентите со рефлуксна болест. Изработен е во соработка со Институтот за епидемиологија при Медицинскиот факултет во Скопје, на македонски и албански јазик. Прашалникот кој пациентите лично го пополнувале е составен од општ и проблемски ориентиран дел и е приспособена адаптација на прашалникот на Мајо-клиниката како и GERDSAS (gastroesophageal reflux disease symptom assessment scale), за пациентите во Република Македонија.

Во општиот дел во прашалникот се нотирани пол и возраста на пациентите, Боди мас-индексот (Body Mass Index, BMI), соодносот помеѓу телесната тежина и висина ќе биде разгледуван како еден од можните ризик фактори за појавата на рефлуксната болест, животните навики: навиката за пушење, како ризик-факор за појавата на гастроезофагеалниот рефлукс.

Проблемски ориентираниот дел на прашалникот опфаќа одговори на прашања за честотата на јавување и јачина на симптомите, класифицирани според Монтреалската класификација: печење зад градната коска (жегавица), враќање на содржина од желудникот, рефлукс асма, зарипнатост, печење во грло, болка во грло, претерана потреба за прочистување на грлото, хронична кашлица, отежнато голтање, слевање на секрет од носот во грлото, чувство на кнедла во грлото, печење на јазикот, стегање на грлото, појава на повторувачки воспаленија на средното уво, нарушување на спиењето, оштета на забите. Скорирањето на квантитативните разлики е направено од 1 до 6.

**Статистички** биле обработувани собраните податоци со помош на следниве статистички методи: статистичките серии според сите дефинирани варијабли табеларно и графички се прикажани; структурата на атрибутивните статистички серии со помош на односи, пропорции и стапки; структурата на нумеричките статистички серии била анализирана со помош на мерките на централна тенденција (просек) и мерките на дисперзија (стандардна девијација); анализата

на односите меѓу атрибутивните статистички серии е направена со помош на Pearson-овиот $\chi^2$ тест; анализата на односите меѓу рангираните нумерички серии со помош на Spearman-овиот коефициент на корелација; тестирањето на значајноста на разликите меѓу две аритметички средини, односно пропорции, билонаправено со Student-овиот t-тест; тестирањето на значајноста на разликите на скоровите (ранговите) кај атрибутивните варијабли со непараметарскиот Mann Whitnes U Тест.

**Резултатите** од статистичката анализа на 642 испитаници, детално и прегледно се прикажани во едно поглавије со 44 табели и 44 графикони. Ендоскопските наоди покажале дека соодносот од 35,05% пациенти со ерозивни промени, наспроти 64,95% пациенти со неерозивни рефлуксни промени на хранопроводот од вкупниот број на испитаници, укажува дека постои поголем број на пациенти со НЕРБ. Корелацијата на резултатите помеѓу групите со ерозивни и без ерозивни промени покажадека постои статистички значајна разлика во однос на екстраезофагеалните ГЕРБ-симптоми: ларингеален спазам (p=0,0011), кашлица (p=0,00020). Денталните промени кои беа скорирани според Eccles and Jencins erosiones scale, плаките според Plaque index и можната гингивална оштета според Gingival index исто така покажаа статистичка значајност (p=0.00000) како и влијанието на животните навики p=0,000011, додека немаше статистичка разлика во анализата на типичните рефлуксни симптоми жегавица (p=0,1083) и градна болка (p=0,1054). Квалитативната анализа на рефлуксните симптоми кои секојдневно се јавуваат и поради тоа назначено го нарушуваат квалитетот на животот покажала статистичка сигнификантност за сите симптоми, вклучувајќи ги и типичните симптоми на ГЕРД како што се жегавицата и градната болкасо почесто јавување кај пациентите без ерозивни промени на хранопроводот. Прикажано е дека тестот со ИПП покажал висока стапка на позитивен одговор со објаснување на постапката кај втората група пациенти со негативен ендоскопски наод кои биле подложени на тест со ИПП (14-дневен тест со двојна доза на ИПП). Резултатите покажуваат дека 384 (92,09%) од пациентитеималепозитивен одговор на ИПП-тестот, скорирано 2 (односно имаа силно подобрувањена симптомите или воопшто ги немаа симптомите по периодот од апликација), 33 (7,91%) испитаници беа со слабо позитивен одговор / скорирано како 1 (слаб одговор, или лесно намалување на симптомите).

Во **дискусијата,** авторката детално и критички ги анализира и ги коментира добиените вредности за сите корелирани параметри од оваа студија. Го актуализира проблемот за рано дијагностицирање на пациентите со екстраезофагеални симптоми и нивно упатување на гастроентеролог. Овие пациенти имаат повеќе различни симптоми, кои со својата честота на јавување и јачина дејствуваат на начинот на живеење или сериозно го нарушуваат квалитетот на животот поради што е неопходна соодветна терапија. Дискусијата е поделена во пет дела, со воведен дел во кој се објаснуваат потребните карактеристики на прашалникот за рефлуксна болест според кој може да се селектираат пациентите за понатамошни испитувања. Прашалникот дизајниран за оваа студија покажал дека дава добра слика за појавата, силината и честотата на симптомите, како и ризик-факторите на заболувањето, но исто така овозможува и споредба на истите параметри по спроведената терапија кај пациентите со ГЕРД. Авторката потенцира дека прашалникот имаособена важност кај пациентите кај кои не

постојат ендоскопски верифицирани промени на хранопроводникот, но имаат симптоми врзани за ГЕРБ итреба да биде корисна дијагностичка алатка во секојдневната лекарска практика. Во првиот дел се коментираат и споредуваат со литературата добиените резултати за демографските карактеристики на групите во кои се објаснува постоењето на статистички значајна разлика во оваа студија во однос на групите со и без ерозивни промени во однос на возраста и полот. Во вториот дел се објаснуваат резултатите за анализата на боди мас-индексот и неговата поврзаност со појавата на рефлуксната болест, како и улогата на животните навики како што се пушењето, консумирањето на алкохол и зачинета храна во настанувањето и засилувањето на симптомите на рефлуксната болест. Третиот дел ги обработува споредбите на добиените резултати со типичните симптоми поврзани со рефлуксната болест во однос на резултатите од литературата. Во четвртиот дел се опфатени останатите познати симптоми поврзани со рефлуксната болест. Во петтиот дел се анализирани вредностите добиени за симптомите поврзани со екстраезофагеална рефлуксна болест.

**Заклучоците** на дисертацијата се аналитички одраз на добиените резултати. Фактот дека непостоењето на ендоскопски промени не значи и непостоење на рефлуксната болест, како и непостоењето на корелација помеѓу интензитетот на симптомите и ендоскопскиот наод, укажува дека современиот пристап во дијагностиката на ГЕРБ би требало да биде базиран врз препознавањето и следењето на различните симптоми. Користењето на добро дизајниран прашалник има предност: при поставувањето клиничка дијагноза и при следењето на успехот на терапијата. Со следење на спектарот на симптомите и со нивно квантифицирање, пациентот и докторот можат да го одредат степенот на подобрување на состојбата, сè до клиничката ремисија. Придонес е што пациентот станува активен учесник во проценката на својата состојба и лекувањето.

Во **прилозите** се дадени прашалниците на македонски и албански јазик, дизајнирани за студијата кои беа користени како влезен критериум во неа, и табела според која беше класифицирана оштета на забите.

**Литературата** содржи 198 библиографски референци подредени според редоследот на цитирање. Цитирани се респектирани автори од ова поле, како и трудови од релевантни списанија кои ја обработуваат оваа проблематика. Сите автори се целисходно цитирани во текстот, што укажува на темелниот пристап на кандидатката кон ова истражување.

## ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација „Екстраезофагеална рефлуксна болест - проблем во дијагностиката и третманот," изработена од Калина Гривчева-Старделова, претставува самостојна научна студија за екстраезофагеалната рефлуксна болест. Студијата ги задоволува принципите за научноистражувачка работа. Поставените цели во целост се реализирани, а добиените резултати се адекватно презентирани и обработени давајќи научно-практичен придонес.

Рецензентската комисија смета дека оваа студија ги исполнува стручните и научните критериуми за докторска дисертација, и има актуелен и значаен придонес во областа на гастроентерохепатологијата.

Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја продолжи процедурата за нејзина одбрана.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **ПРОФ. Д-Р ВЛАДИМИР СЕРАФИМОСКИ, с.р.**
2. **ПРОФ. Д-Р ВЛАДО ЈАНЕВСКИ, с.р.**
3. **В. Н. СОР. Д-Р МИЛКА ЈАНКУЛОВСКА-ЗДРАВКОВСКА, с.р.**

ПРЕГЛЕД
На одобрени теми за изработка на магистерски труд
на Факултетот за физичка култура во Скопје

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Бојан Марковски | „Управување и менаџмент на спортска организација – Фудбалска Федерација на Македонија“<br><br>*„Sport Organization Management – Football Federation of Macedonia“* | Редовен професор д-р Ленче Алексовска Величковска |
| Ангелина Димитровска | „Споредба на моторните способности меѓу учениците со лордотично и кифотично лошо држење на телото и учениците со нормален телесен статус”<br><br>*„Comparison of Motor Abilities in Students with Lordotic and Kyphotic Body Posture and Students with Normal Body Posture“* | Redoven profesor d-r - Vujica @ivkovi} |
| Бојан Темелкоски | „Компаративна анализа на два пристапа на мерење на кривините на ќрбетниот столб во сагитална рамнина“<br><br>*„Comparative Analysis of Two Approaches to Measuring the Sagittal Curvature of the Spin“* | Redoven profesor d-r - Vujica @ivkovi} |
| Харбер Караџенеми | „Спортско-рекреативните активности на наставниот кадар во тетовско-гостиварскиот регион“<br><br>*„Sports and Recreational Activities of Teaching Staff in Tetovo and Gostivar Region“* | Bonreden profesor d-r Goran Nikovski. |

***РЕФЕРАТ***
***ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО* ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК**
***НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ***

Врз основа на Одлуката на Советот на Институтот за национална историја, донесена на неговата редовна седница одржана на 12. 3. 2014 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за избор во звањето *виш научен соработник/вонреден професор* на доц. д-р Викторија Поповска-Коробар, историчар на уметноста, која се пријави на објавениот конкурс во „Утрински весник“ од 12 февруари 2014 година. По прегледот и оценета на доставените материјали, а според Одлуката бр. 02-47/2 на Јавната научна установа Институт за национална историја, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Анета Серафимова, проф. д-р Драги Ѓоргиев и проф. д-р Милан Бошковски, има чест на Советот да му го поднесе следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Биографски податоци

Викторија Поповска-Коробар е родена во Скопје, каде што завршила основно училиште и гимназија. Дипломирала во 1978 година на ННСГ за историја на уметноста со археологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Магистрирала во 2003 година, а докторирала во 2008 година на Филозофскиот факултет во Скопје. Во февруари 2009 година е избрана во звањето научен соработник на Институтот за национална историја во Скопје при УКИМ.

Почнувајќи од 1978 година, Викторија Поповска-Коробар е постојано вработена во НУ Музеј на Македонија – Скопје, задолжена за збирката средновековни икони и други религиски и уметнички предмети, со актуелно музејско звање – *кустос-советник*. Таа била директорка на Музејот на Македонија (1989 –1990) и раководителка на Одделот за средновековна уметност (1995 – 2006).

Таа била автор/куратор на тематските изложби посветени на Полошкиот (1998) и на Лесновскиот манастир (2000), на изложбата на антологиски иконописни дела од македонските збирки во Париз (1999) и во Краков (2000), на постојаната изложбена поставка (2001) проследена со авторски научен каталог „Икони во Музејот на Македонија“ (2004), на изложбените поставки во црквата „Св. Никола" во Куманово (2001), како и во Бигорскиот манастир „Св. Јован Крстител" (2008).

Во 1996/1997 година, д-р В. Поповска-Коробар, како стипендист на престижната „The Getty Grant Program“ (Калифорнија, САД), реализирала студиски престои во Албанија, Бугарија, Грција, Србија и во Русија. Во учебната 2001/2002 година, таа била повикан предавач за студискиот предмет поствизантиска уметност во Македонија на Институтот за историја на уметноста и

археологија на Филозофскиот факултет (УКИМ). Таа е авторка на две публикувани рецензирани монографии, на една во подготовка, на пет стручни монографии и коавторка на четири научно-популарни тематски изданија. Таа има бројни експертски активности, оригинални научни резултати објавени во триесетина студии, повеќе учества на научни симпозиуми, учество во четири национални и во два меѓународни научни проекта, и е член на Редакцијата на стручно-научното списание „Саопштења“ (РЗЗСК – Белград).

Научноистражувачката дејност на д-р Викторија Поповска-Коробар е сосредоточена на сликарството во Македонија во периодот од XIV до XIX век, што според меѓународната Фраскатиева класификација припаѓа на научните области *средновековна византиска уметност* и *национална уметност во турскиот период*.

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Следејќи го членот 3 од Критериумите за избор во звања, а според Анекс 2 приложен од д-р Викторија Поповска-Коробар, Рецензентската комисија констатира дека во периодот од 2009 до 2013 година таа е ментор на докторска дисертација во изработка (*3 поени*) и на 2 одбранети магистерски труда (*2 поена*). Таа била член на Комисијата за оцена и одбрана на еден докторат (*0,5 поени*) и на два магистерски труда (*0,6 поени*). Кандидатката учествувала во два национални научни проекта и во два меѓународни, со што се стекнува со *16 поени* во доменот на научноистражувачката дејност (в. Анекс 2/НИ: 5-6).

Како резултат на учеството во проектот „Историја на културата на почвата на Македонија: ликовната уметност на почвата на Македонија од IX до крајот на XIX век“, под раководство на акад. Георги Старделов и во издание на Македонската академија на науките и уметностите, д-р Викторија Поповска-Коробар има значаен удел во тематската книга бр. 21 со едно обемно поглавје од 30 печатени страници. Воедно, таа е и коавторка на монографијата за црквата Св. Пречиста - Ќелија. Оттука, врз основа на публикациите во тематски/монографски книги кандидатката се стекнува со *8 поени*.

Апликантката приложи еден труд со оригинални научни резултати, објавен во етаблирано научно списание (*4 поени*) и седум труда со оригинални научни резултати, објавени во референтни научни списанија со меѓународен уредувачки одбор (*41,4 поени*).

Во периодот меѓу 2009 и 2013 година апликантката учествувала на домашни и на меѓународни собири (научни средби, симпозиуми, конференции и конгреси) на кои имала секциски предавања (в. Анекс 2/НИ: 12-14/*13 поени*), а апстрактите и трудовите на нејзините реферати се објавени во стручно-научни зборници (*4 поени*), како и во зборници со меѓународен уредувачки одбор (*6 поени*).

Врз основа на увидот врз приложените научноистражувачки активности на доц. д-р Викторија Поповска-Коробар, Комисијата констатира дека се работи за референтен научник и посветен истражувач чиишто студии имаат високо место во балканолошката историографија. Поставувајќи си себеси високи научни

стандарди, таа прави длабински иконографско-иконолошки и атрибутивни анализи во широк тематски и временски дијапазон во доменот на источнохристијанската уметност до балканските војни (1912). Во нејзиниот студиозен пристап треба посебно да се нагласи компаративната аналитичност која го проширува предметниот фокус не само на балканските региони, туку и на светогорското, на таканареченото критско, како и на руското сликарство. Посебен квалитет во нејзиниот пристап претставуваат критичките историографски осврти за секоја анализирана тема одделно, што резултира со аргументирани ревизии и уточнувања на (по)старите ставови, нови атрибутивни сознанија (в. Анекс 2/НИ: 9/1, 9/7; 11/1; 12/2; 13/1-2), како и реконструкција и интерпретација на досега непроучени програмско-тематски целини (в. Анекс 2/НИ: 9/2-4, 9/6). Драгоцен аналитички придонес имаат студиите за ликовноста на култните светители на Охридската архиепископија - Седмочислениците, св. Климент Охридски и св. Наум Охридски (в. Анекс 2/НИ: 10/1-2; 12/1; 13/2). Комисијата смета дека издвоена научна тежина имаат студиите во кои д-р Викторија Поповска-Коробар со висока научна ерудиција поставува хронологија на авторски остварувања со што дава драгоцен придонес за реконструирање на комплексноста на поствизантиската и преродбенската културна историја на Македонија (в. Анекс 2/НИ: 8/1; 9/7; 11/2; 13/4-5).

Резимирајќи ги резултатите од четиригодишниот пресек на научноистражувачката дејност на д-р Викторија Поповска-Коробар, Комисијата констатира дека таа остварила вкупно 98,5 поени.

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ
И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Комисијата смета дека во стручно-апликативната дејност на д-р Викторија Поповска-Коробар треба да се издвојат петте стручни монографии, за манастирите Лесново, Полошко, Сливница и за Топлица, при што посебно сакаме да го акцентираме значењето на публикацијата за струшката иконо-ризница. Овие наслови со соодветна богата библиографија се дел од макропроектот „Публикации за најзначајните вредности од културното и природното наследство", чијшто реализатор е Министерството за култура на РМ/Управата за заштита на културното наследство (*40 поени*).

Д-р Викторија Поповска-Коробар е авторка на целовити и сублимирани осврти на триесетина средновековни локалитети и фреско-ансамбли, кои ги оценуваме како литературни етиди приложени во научно-популарните книги за македонското културно наследство: „Охрид. Светско наследство" и „Христијански споменици". Обете книги, издадени на македонски (2008) и на англиски јазик (2009), се објавени како дел од проектот на УНЕСКО за имплементација на Конвенцијата на ООН (Париз, 1972) за заштита на културното наследство (в. Анекс 2/НИ: 6/1). На оваа рубрика (научно-популарни книги) го приклучуваме и кураторскиот и коавторскиот ангажман на апликантката во подготовката на иконо-поставката и каталогот на изложбата „Ненадмината убавина - икони од Македонија" којашто беше поставена во Музејот „Катаријнеконвент" во Утрехт (Холандија) во 2011 година (*вкупно: 12 поени*).

Од дејностите во стручно-апликативните области ги бодуваме експертските ангажмани на апликантката како претседател/раководител на стручни тимови за ревалоризација и на комисии за ревизија на елаборати за различни области на културното наследство во РМ (*6 поени*). Исто така е бодувано и авторството на 14 енциклопедиски одредници во првата книга на „Македонска енциклопедија".

Врз основа на приложените материјали, Комисијата заклучи дека преку активностите во стручно-апликативната дејност во која се вклучени и дејности од поширок интерес, д-р Викторија Поповска-Коробар остварила вкупно 59,9 поени.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија констатира дека во периодот од 2009 до 2013 гонина д-р Викторија Поповска-Коробар покажала богата активност, реализирани проекти и видливи резултати поврзани со научноистражувачката и стручно-апликативната дејност во научните области *средновековна византиска уметност* и *национална уметност во турскиот период* и остварила вкупно 158,4 поени. Таа претставува еминентно име на историчар на уметноста, чиишто релевантни истражувања се широко прифатени и цитирани во науката. Оттука, Комисијата сесрдно му препорачува на Советот на Институтот, доц. д-р Викторија Поповска-Коробар да биде избрана во звањето *виш научен соработник* во областите на посоченото научно поле.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

______________________________

Д-р Анета Серафимова, редовен професор с.р.

______________________________

Д-р Драги Ѓоргиев, научен советник с.р.

______________________________

Д-р Милан Бошковски, научен советник с.р.

**ОБРАЗЕЦ** **АНЕКС 2**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Викторија Стоимир Поповска-Коробар**
**Институција:** **Институт за национална историја, УКИМ - Скопје**
**Научна област:** **историја на уметноста**

**НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| | **НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:** | **ПОЕНИ** |
|---|---|---|
| 1 | **Ментор на докторска дисертација**:<br>▪ Д. Николовски, *Творештвото на зографот Онуфриј Аргитис во Македонија*, Институт за национална историја (ИНИ), Скопје (во изработка)<br>**Вкупно: 1х 3= 3** | 3 |
| 2 | **Ментор на магистерска работа**:<br>▪ Д. Николовски, *Творештвото на зографот Маргарит од втората половина на XVIII век*, ИНИ, Скопје, 2011<br>▪ А. Гулевски, *Културно-историскиот аспект на темата „Литургиска служба на архијереите“ во олтарскиот фрескоживопис во Македонија од XI до XIV век*, ИНИ, Скопје, 2012<br>**Вкупно: 2х1= 2** | 2 |
| 3 | **Член на комисја за оцена и одбрана на докторат:**<br>▪ А. Атанасоски, *Историско-уметничките аспекти на орнаменталните мотиви во ѕидното сликарство на спомениците на пелагониската епархија од XII до XVII век*, ИНИ, Скопје, 2010<br>**Вкупно: 1х 0,5= 0,5** | 0,5 |
| 4 | **Член на комисја за оцена и одбрана на магистерска работа:**<br>▪ Д. Божиновски, *Поствизантиското сликарство во црквата Свети Пантелејмон во Нерези*, Филозофски факултет, Скопје 2009<br>▪ Ј. Спахиу, *Сликарството во наосот на црквата Св. Никола во Топличкиот манастир во Демирхисарско*, Филозофски факултет, Скопје, 2010<br>**Вкупно: 2х0,3= 0,6** | 0,6 |
| 5 | **Учесник во национален научен проект**<br>▪ 2008–2010, *Историја на културата на Македонија: Ликовната уметност на почвата на Македонија од IX до крајот на XIX век*, МАНУ (носител: акад. Г. Старделов) | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ 2011–2012, *Публикации за најзначајните вредности од културното и природното наследство*, Министерство за култура на РМ – Управа за заштита на културното наследство, Скопје<br>**Вкупно: 2x3= 6** | |
| 6 | **Учесник во меѓународен научен проект**<br>▪ 2008–2009, *Implemmentation of the UN Convention (Paris 1972) in Presentation and Popularization of the Cultural Heritage in the Southeast Europe*, UNESCO Office in Venice (BRESCE) and Cooperazione Italiana<br>▪ 2012–2013, *Византиските културни и јазични модели кај јужните Словени: рецепција и трансформација*, Филолошки факултет, УКИМ-Скопје, Институт за литература при БАН-Софија (носители: проф. д-р Е. Црвенковска и проф. д-р М. Јовчева)<br>**Вкупно: 2x5= 10** | 10 |
| 7 | **Дел од монографија (тематска книга)**<br>▪ Поповска-Коробар В., *Црквата Света Пречиста – Ќелија како културно наследство*, во: Света Пречиста–Ќелија, изд. Скенпоинт, Скопје 2009, 46-110<br>(ISBN 978-9989-888-21-2; COBISS.MK-ID 78685706)<br>▪ Поповска-Коробар В., *Иконописот во Охрид во XVIII век*, во: *Ликовната уметност на почвата на Македонија од IX до крајот на XIX век*, книга 21, изд. МАНУ, Скопје, 2010, 1077 – 1104<br>(ISBN 978-608-203-069-2)<br>**Вкупно: 2x4= 8** | 8 |
| 8 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание**<br>▪ *Атрибуција фресака на јужној фасади цркве Ваведења (Св.Спаса) у Кучевишту*, Саопштења XLI, Републички завод за заштиту споменика културе, Београд 2009, 137-154 (YU ISSN 0354-4346)<br>**Вкупно: 1x4= 4** | 4 |
| 9 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**<br>**со меѓународен уредувачки одбор**<br>▪ *Охридско-струшки иконописни траги од втората половина на век*, Патримониум.МК бр. III, 7-8, Центар за духовно и културно наследство „Каламус", Скопје 2010, 289-302 (ISSN 1857-5811)<br>http://www.<br>kalamus.com.mk/pdf_spisanija/patrimonium_3/021%20%2025%20Spisanie%202010%20VIKI%2005%20ok.pdf<br>▪ *Нов поглед на ѕидното сликарство во Мрзенореовечката црква Св. Никола*, Патримониум.МК IV, бр.9, Скопје 2011, 157-177<br>http://www.kalamus.com.mk/pdf_spisanija/patrimonium_4/12%20=%20028_2%20Spisanie%202011%20VIKI.pdf<br>▪ *Icons from the Museum of Macedonia with Ottoman Prayer Inscriptions*, Историјски часопис књ. LX, Историјски институт САНУ, Београд 2011, 247-269 (co-author: D. Gjorgiev) ISSN 0350-0802<br>▪ *The Holy Church Fathers' Fountain of Wisdom in the Sixteenth-Century Church at Mrzen Oreovec*, Scripta & e-Scripta. The Journal of Interdisciplinary Mediaeval Studies, Vol 10-11, Bulgarian Academy of Science, Institute of Literature, Sofia 2012, 355-364 (ISSN 1312-238X)<br>▪ *Сливнчкиот циклус на Богордичиниот Акатист*, Патримониум.МК V, бр. 10, Скопје 2012, 259-272<br>http://www.kalamus.com.mk/pdf_spisanija/patrimonium_5/017%20=%20025- | 41,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | 1%20Patrimonium%20Viki%20Popovska%20Korobar%202012.pdf<br>▪ *Представа монаховог искушења у лесновској припрати*, Саопштења XLIV, Београд 2012, 103-113<br>http://www.heritage.gov.rs/latinica/Download/sadrzaj_Saopstenja_XLIV_2012.pdf<br>▪ *За иконостасот на црквата Св. Ѓорѓи во Лазарополе*, Патримониум.МК VI, бр.11, Скопје 2013, 223 – 249<br><br>http://www.kalamus.com.mk/pdf_spisanija/patrimonium_6/019%20=%20019_2%20Patrimonium%20Viki%20Korobar%202013%20OK.pdf<br>**Вкупно: 6x6 + [1(коавторски) x5,4]= 41,4** | |
| 10 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир**<br>▪ *Претставата на Седмочислениците во контекст на сликаната програма во Сливничкиот манастир*, Четврта научна средба по повод патрониот празник на Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски-Скопје“ (7.12.2010), Скопје 2010, 61-67(ISBN 978-9989-652-80-6)<br>▪ *Иконата на свети Наум Охридски од црквата Св. Спас во Скопје*, Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум „1100 години од упокојувањето на свети Наум Охридски“, октомври 2010, Македонска Православна црква-Охридска архиепископија, Дебарско-кичевска епархија, Охрид 2011, 187-193<br>**Вкупно: 2x2= 4** | 4 |
| 11 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**<br>▪ *Икона Богородице Живоносног источника из XVIII века у манастиру Свете Пречисте–Кичевске*, Ниш и Византија VIII, Зборник радова, Ниш 2010, 219-230 (ISBN 978-86-6101-014-9)<br>http://www.ni.rs/byzantium/doc/zbornik8/PDF-VIII/15%20Viktorija%20%20Korobar.pdf<br>▪ *Зографи од кругот на Јован Теодоров од Грамоста околу средината на XVI век*, Зборник на трудови од меѓународниот научен симпозиум „На траговима Војислава Ј. Ђурића“, октомври 2006, МАНУ и САНУ, Београд 2011, 313-323 (ISBN 978-86-7025-561-6; COBISS.MK-ID 178644236)<br>**Вкупно: 2x3= 6** | 6 |
| 12 | **Секциски предавања на научен/стручен собир**<br>▪ *Претставата на Седмочислениците во контекст на сликаната програма во Сливничкиот манастир*, Четврта научна средба по повод патрониот празник на Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски-Скопје“ (7.12.2010), Скопје<br>▪ *Деисисниот Чин од охридската црква Св. Никола Болнички – прелиминарна атрибуција*, научен собир посветен на академик Цветан Грозданов, 4 октомври 2012, Охрид<br>**Вкупно: 2x1= 2** | 2 |
| 13 | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**<br>▪ *Икона Богородице Живоносног источника из XVIII века у манастиру Свете Пречисте–Кичевске*, „Ниш и Византија“, јуни 2009, Ниш<br>▪ *Иконата на свети Наум Охридски од црквата Св. Спас во Скопје*, „1100 години од упокојувањето на свети Наум Охридски“, Македонска Православна црква-Охридска архиепископија, Дебарско-кичевска епархија, октомври 2010, Охрид<br>▪ *Икони од Музејот на Македонија со османлиски молитвени записи*, Fourth International Congress on “Islamic Civilisation in the Balkans”organised jointly by the OIC Research Centre for Islamic History, Art and Culture (IRCICA, Istanbul) and the Macedonian | 10 |

| | | |
|---|---|---|
| | Academy of Sciences and Arts (MANU, Skopje) 15 октомври 2010, Скопје<br>▪ *Иконостасите од охридско-струшкиот регион кон почетокот на XIX век*, „Браќата Миладиновци и времето на македонската преродба од XIX век“, НУ Музеј „Д-р Никола Незлобински“, 16-17 септември 2011, Струга<br>▪ *Легендите и фактите за сликарството на Дичо Крстевич во Лазарополе,* „140 години од упокојувањето на Дичо зограф“, Македонска православна црква-Охридска архиепископија, Дебарско-кичевска епархија, 17 октомври 2013, Охрид<br>**Вкупно: 5x2= 10** | |
| 14 | **Апстракт објавен во зборник на конференција-меѓународна**<br>▪ IV International Congress on Islamic Civilisation in the Balkans, Abstracts, Skopje 2010, 101<br>**Вкупно: 1x1= 1** | 1 |
| | **ВКУПНО** | **98,5** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| | **НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:** | **ПОЕНИ** |
|---|---|---|
| 1 | **Стручна монографија**<br>▪ *Лесновски манастир*, Едиција „Публикации за најзначајните вредности од културното и природното наследство“, изд. Министерство за култура на РМ – Управа за заштита на културното наследство, Скопје (во печат)<br>▪ *Полошки манастир,* Едиција „Публикации за најзначајните вредности од културното и природното наследство“, изд. Министерство за култура на РМ – Управа за заштита на културното наследство, Скопје (во печат)<br>▪ *Сливнички манастир*, Едиција „Публикации за најзначајните вредности од културното и природното наследство“, изд. Министерство за култура на РМ – Управа за заштита на културното наследство, Скопје (во печат)<br>▪ *Струшка ризница икони*, Едиција „Публикации за најзначајните вредности од културното и природното наследство“, изд. Министерство за култура на РМ – Управа за заштита на културното наследство, Скопје (во печат)<br>▪ *Топлички манастир*, Едиција „Публикации за најзначајните вредности од културното и природното наследство“, изд. Министерство за култура на РМ – Управа за заштита на културното наследство, Скопје (во печат)<br>**Вкупно: 5x8 = 40** | 40 |
| 2 | **Научно-популарна книга (коавтор)**<br>▪ *Охрид. Светско наследство*, Едиција „Македонско културно наследство“, изд. УНЕСКО–Венеција и Министерство за култура на РМ–Управа за заштина на културно наследство, Скопје, 2009 (коавтор: А. Серафимова, П. Кузман et. al.) Издание на македонски јазик ISBN 978-608-4549-08-6; Издание на англиски јазик ISBN 978-608-4549-09-3 | 12 |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ *Христијански споменици*, Едиција „Македонско културно наследство“, изд. УНЕСКО –Венеција и Министерство за култура на РМ–Управа за заштина на културно наследство, Скопје, 2009 (коавтор: А. Серафимова, Ј. Тричковска et. al.) Издание на македонски јазик ISBN 978-608-4549-01-7; Издание на англиски јазик ISBN 978-608-4549-05-5<br>▪ *Ongekende Schoonheid. Ikonen uit Macedonië*, Uitgeveriy Waanders/Museum Catharijneconvent, Utrecht 2011 (co-author: D. Krikhaar, P. Kuzman et.al) ISBN 978-90-400-7783-8<br>**Вкупно 3x4 = 12** | |
| 3 | **Авторство на одредница во речник или енциклопедија**<br>*Македонска енциклопедија*, кн. 1, МАНУ, Скопје 2009, В.П.-К. – четиринаесет одредници за зографи од XIX век (А–Г)<br>**Вкупно: 14x0,05= 0,7** | 0,7 |
| 4 | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија...**<br>**Стручни тимови и комисии формирани од Министерството за култура на РМ, Управа за заштита на културно наследство**<br>2009 г.<br>▪ Стручен тим за ревалоризација на Бигорскиот манастир „Св. Јован Крстител" (раководител)<br>▪ Комисија за вршење стручна контрола на проект за конзервација и реставрација на икони од црквата „Св. Архангел Михаил" во Непроштено, Тетовско (претседател)<br>▪ Комисија за вршење ревизија на елаборат за валоризација на црквата „Св. Лазар" во с. Бегниште, Кавадаречко (претседател)<br>▪ Комисија за вршење ревизија на елаборат за ревалоризација на црквата „Св. Ѓорѓи" во с. Старо Нагоричино, Кумановско (претседател)<br>2010 г.<br>▪ Комисија за вршење стручна контрола на проект за конзервација и реставрација на десет икони од црквата „Св. Ѓорѓи" во Струга (претседател)<br>▪ Комисија за вршење стручна контрола на проект за конзервација и реставрација на иконостасни икони во црквата Св. Ѓорѓи во Лазарополе (претседател)<br>**Вкупно: 6x1=6** | 6 |
| | **ВКУПНО** | **58,7** |

## ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| **Р.Б.** | **НАЗИВ НА АКТИВНОСТА:** | **ПОЕНИ** |
|---|---|---|
| 1 | **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание**<br>Саопштења, Републички завод за заштиту споменика културе, Београд (од 2012)<br>**Вкупно: 1x1=1** | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | **Рецензент на монографија**<br>Н. Митревски, Студии за живописот од западна Македонија ( XV – XVII век), изд. Матица македонска, Скопје 2009 (ISBN 978-9989-178-38-2)<br>**Вкупно: 1x 0,2= 0,2** | 0,2 |
| | **ВКУПНО** | **1,2** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **ПОЕНИ** |
|---|---|
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **98,5** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **58,7** |
| **ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **1,2** |
| **ВКУПНО** | |

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

____________________________________
Д-р Анета Серафимова, редовен професор с.р.

____________________________________
Д-р Драги Ѓоргиев, научен советник с.р.

____________________________________
Д-р Милан Бошковски, научен советник с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СРЕДНОТО ПОВАРДАРИЕ И ИСТОЧНИОТ ДЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РИМСКИОТ ПЕРИОД“ , ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р СЛАВИЦА БАБАМОВА-ЈАНИЌ, ПРИЈАВЕНА ВО ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

Врз основа на Одлуката на Научниот совет на ЈНУ Институт за национална историја донесена на 19. 2 214 година, бевме именувани за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација *Средното Повардарие и источниот дел на Република Македонија во римскиот период според епиграфските споменици*, од кандидатката м-р Славица Бабамова-Јаниќ, во состав: проф. д-р Анета Шукарова, акад. проф. д-р Вера Битракова, проф. д-р Митко Панов, проф. д-р Маргарите Бузалкова и проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска. По разгледувањето на дадената дисертација, имаме чест да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Пријавената докторска дисертација под наслов *Средното Повардарие и источниот дел на Република Македонија во римскиот период според епиграфските споменици*, од кандидатката м-р Славица Бабамова - Јаниќ, претставува самостојно научно истражување кое според предметната определеност, теоретската основа и емпириските истражувања е оригинална студија.

Предметот на истражување претставува исчитување и анализа на епиграфските споменици од средното Повардарие и источниот дел на Р. Македонија, како и обработка на сите други релевантни историско-археолошки извори, за да се оформи историската слика за општествено-политичкиот живот на провинцијата Македонија од нејзиното основање до првата половина на III век.

Кандидатката Бабамова го истакнува значењето на епиграфските споменици како првокласен извор во проучувањето на историјата на Македонија од периодот кога Македонија е дел од Римското Царство. Имено, епиграфските споменици од римскиот период претставуваат најбројни историографски извори и директни сведоци на едно време, па затоа многу често се користат како егзактен коректив на античките книжевни извори.

Кандидатката Славица Бабамова во својата дисертација ги посочува долината на Вардар (Аксиос) и источниот дел на Македонија како посебно значајна област во проучувањето на историските настани во римскиот период; имено, досегашните истражувања на античката историја на оваа област се однесуваат на периоди кои се случуваат пред и по присуството на Римјаните, додека римскиот период од средината на II век ст. е. до III век, којшто е тема на оваа дисертација, досега е недоволно научно истражен, а неопходен со оглед на историскиот континуитет.

Докторската дисертација содржи 337 страници, методолошки средени во седум глави, користена литература, корпус на сите натписи и карти од овој регион. Во научната студија за прв пат се средени, објавени и обработени сите откриени епиграфски натписи во каталог од 415 натписи. Научниот придонес на ова истражување е значаен, зашто, и покрај тоа што за поголемиот дел натписи постојат

изданија, тие се објавени во првата половина на XX век, па според тоа се наметнува потребата од нивно препрочитување и семантичко толкување во согласност со новите научни сознанија. Во докторската дисертација, епиграфските извори се обработени во интердисциплинарен контекст преку релевантните книжевни, лингвистички и археолошки извори и во таа насока интерпретирани.

Треба да се истакне дека м-р Славица Бабамова е класичен филолог, едуциран во обласна на класичните студии, едновремено, нејзините студии од областа на епиграфијата и овозможуваат научно исчитување и толкување на латинските и старогрчките натписи.

Во воведниот дел на тезата, кандидатката ја образложува методологијата за изработка на епиграфскиот материјал кој е среден во корпусот натписи од средното Повардарие и од источниот дел на Р. Македонија. Епиграфските истражувањата на оваа територија се извршени според типологијата на натписите и квантитативна - квалитативна анализа на целиот материјал. Тезата е заснована врз сите претходни научни истражувања и сите претходни изданија на натписите во Македонија: познатите збирки на М. Димица, студиите на Ф. Папазоглу, И. Микулчиќ, Ж. Винчиќ, Б. Јосифовска, В. Битракова, Н. Проева, В. Соколовска, С. Бабамова и многу други научници, археолози, епиграфичари кои користат мултидисциплинарен и интердисциплинарен приод во расветлувањето на општествените, социјалните и културолошките настани од определено историско време; целта на овие истражувања е, преку сублимирање на сите податоци од натписите со кои денес располагаме, да се изгради слика за континуитетот на животот на оваа територија, која заради специфичната геостратешка положба има посебно место во Римската Империја од II век ст. е. до III век.

Во првата глава кандидатката прави преглед на литерарните извори за историјата на Македонија во римскиот период; имено, со историографски податоци на античките автори Херодот, Тукидид, Јустин, Аријан, Куртиј Руф, Плутарх, Демостен, Исократ, извори за постарата историја на Македонија, и посоодветни автори - историографи кои пишуваат за релевантниот историски период, - Полибиј, Диодор, Тит Ливиј, Страбон, Плиниј, Списокот на делфиските теородоси, се обработуваат две главни историски теми - создавање на провинцијата Македонија и границите на провинцијата во републиканскиот и раниот царски период. Научните тези кандидатката ги поткрепува со најновите истражувања од областа на историјата, археологијата и епиграфиката.

Во втората глава се обработуваат институции и магистратури во средното Повардарие и во источна Р. Македонија. Кандидатката ги категоризира епиграфските споменици во две сфери на проучување според тоа дали припаѓаат на јавните или приватните документи; имено, трудот ги истражува римските државни институции и магистратури за кои постојат историски сознанија, а потврдени се и на голем број натписи од овој дел на Римската Империја. Според овие сознанија, трудот ќе ги одреди местото, улогата и правниот статус на градовите во Македонија, со посебен акцент на градот Стоби, како најзначаен градски центар на споменатата територија со големо влијание врз општествениот развој во целата оваа област која има значајно геостратешко место. Обработените натписи, главно почесните натписи на споменици подигнати во чест на намесниците на провинцијата или во чест на царевите, посочуваат на интензивните врски помеѓу провинцијата и Рим.

При формирањето на првата римска провинција на Балканот (148 г. ст. е.) територијата на македонската античка држава е поделена на четири меридии со четири concilia и еден заеднички synedrion, институции нужни за контрола врз провинцијата. Постоењето на овие институции не е непосредно забележано на територијата која е тема на истражувањето во овој научен труд, но се подразбира дека тие имале свои претставници во провинциските органи: на пример, се обработуваат градовите Исар-Марвинци (Добер) и Стоби во кои се потврдени македонијарси, членови на институцијата - „koinon ton Makedonon“, институција која била задолжена за одржување на царскиот култ, како наследство од култот на античките Македонци. Разработени се, во најголем број, почесни натписи од градовите Исар-Марвинци и Арг, во чест на намесниците на провинцијата или во чест на царевите; за римските императори сведочат статуи со почесни натписи на постаментите во Стоби и Исар-Марвинци. Политарси - градски функционери потврдени се во Стенае и во Исар-Марвинци, а во градот под денешна Струмица најден е натпис во спомен и чест на првосвештеничката Валерија Дионика. Од натписите се исчитуваат податоци и за заедницата на трговци, потоа, за патронството, т. е. се споменуваат патрони (на Арг, Стоби, градот под Струмица), кои биле намесници на провинцијата и припадници на локалната аристократија, меѓу себе поврзана во роднински врски на поширок простор во Македонија. Во дисертацијата се потврдува комуникацијата на овдешните провинциски градови со Рим и со царот преку два новооткриени натписа од Исар-Марвинци (346 и 347), а за добивање на статус сенатори на локалните жители говори, за прв пат, објавениот натпис од Демир-Капија (173), на кој е запишан Домитиј Расон.

Кандидатката Славица Бабамова во третата глава посебно го обработува, центарот на средното Повардарие - Стоби, кој, поради значајната географско-стратешка позиција, уште во време на Август добива статус на муниципиј. За најзначајниот град по средниот тек на Аксиј во римскиот период, град основан на најважните патишта на Балканскиот Полуостров -Тесалоника-Виминациј и патот кон Сердика и Via Egnatia, со најголем број жители, најмногу доселеници, има малку книжевни записи, но затоа постојат голем број артефакти. Преку релевантните извори, посебно преку епиграфските извори, кандидатката Славица Бабамова подробно ги анализира државните институции - правниот статус на градот, градските институции, собранието, советот и магистратите, потоа составот на населението, воените единици на римската војска во Стоби и политичките и трговските врски помеѓу Municipium Stobensium со денешната област - Тиквеш и поширокиот регион. Значи, студијата која опфаќа епиграфско, археолошко и историско истражување е поткрепена со обемна современа научна литература и сопствени, авторски - епиграфски и археолошки истражувања на артефактите во Стоби. За значењето на градот говори и постоење на ковница, која со куси прекини била активна околу 150 години (73-217) за потребите не само на локалното население, туку и за населението во Горна Мезија се до Дунав. Од бројните археолошко-архитектонски објекти, кои се тема на оваа студија, најзначаен е театарот од ранориมскиот период, значаен артефакт за општествено-политичкиот живот на населението на Стоби, зашто на сите седишта во театарот се испишани имињата на оние кои ги закупувале. Истражувањето на овие натписи го открива етничкиот состав на населението и општествено-политичкиот статус на присутните. Намената на театарот, пред сѐ, била за театарски и музички претстави, но и за собирање на граѓаните во официјални прилики, како и за гладијаторски и венаторски борби. Она

што посебно се истакнува во дисертацијата е фактот дека сите натписи на седиштата се испишани со грчко писмо, што упатува на заклучок дека тој бил јазикот на најголем дел од населението, и покрај римскиот правен статус на градот и големиот број Римјани. Истражувањата на натписите врз надгробните споменици од периодот кога доаѓаат Римјаните, па и во текот на раниот царски период, покажуваат дека новородените слободни жители на градот добиваат римско граѓанско право (Ius Italicum), а запишувани се во трибата Aemilia, формула која е присутна на многу натписи во границите на Римската Империја. Епиграфските споменици многу прецизно ја одликуваат мешаната структура на населението, заклучува Бабамова: покрај локалната аристократија со римско граѓанско право, финансиска и политичка моќ, во Стоби живееле граѓани кои си ги задржале автохтоните пајонски и македонски обележја; големо е влијанието и од ориенталните култови, особено кај еврејската заедница.

Втор значаен во научна смисла дел од истражувањето е етничкиот состав на населението, обработен во четвртата глава, преку личните имиња. Имено, преку истражувањата на голем број вотивни плочи од Долен Козјак, кандидатката заклучува дека составот на населението во регионот на Овчеполието и Кочанското Поле е следниот: римски граѓани и перегрини со македонски епихорски, малоазиски и тракиски имиња, но и такви кои се типични за некогашното пајонско поднебје; во Повардарието се среќаваат исклучиво грчко-македонски, македонски епихорски и малоазиски имиња. Очигледно, заклучува Бабамова, од аспект на антропонимија, вардарскиот регион е поврзан со останатите области од Горна и Долна Македонија, а источните области со источна Македонија.

Петтата глава ги обработува епиграфските споменици како извор за религијата, култовите и духовниот живот на населението: божествата и култовите, надгробните споменици, надгробните формули, хероизирање на покојниците, терминологија за гробовите, тиквешката група надгробни споменици, антропоморфните и аморфните надгробни стели - сето ова е типично за источната половина на Римското Царство, а според одредени специфики - секоја област е препознатлива; антропоморфните и аморфните надгробни стели се типични во долг временски период за планинските делови во средното Повардарие, Мариово и Валандовската Котлина; Овчеполието има специфични елементи на надгробни формули; тиквешката група надгробни споменици е единствена според својата појава од иконографски аспект, но со свои особености, според кои се исчитуваат општествените настани од III век. Од наведениот материјал може да се заклучи и дека надгробните споменици во многу сегменти покажуваат сличности со историско-археолошкиот материјал од Мала Азија и Тракија.

На крајот на овие истражувања – IV глава - се дефинира степенот на романизација на локалното население како значаен културолошки процес на овој дел од Империјата. Имено, според прифаќањето на римските обичаи, почитувањето на римските божества и култови, како и користењето на ономастичката формула и употребата на латинските имиња кај автохтоното население, Бабамова заклучува дека степенот на „романизираност“ во овој дел од провинцијата е многу низок: на пример, Стоби, град со најголем број италски доселеници во II и III век, ги чува пајонските и македонските традиции дури и меѓу доселениците. Токму во овој дискурс темата е насочена кон расветлување и докажување на тезата - опстојување на пајонски и македонски

традиции на оваа територија. Оваа теза е посебно значајна за научната заснованост на дисертацијата.

Посебна доблест на докторската теза: Дисертацијата е збогатена со педантно и професионално претставен Corpus на натписи од истражувачката област, односно збогатен со средена илустативна документација на споменици, главно надгробни плочи со автентични (целосно или делумно прочитани) натписи, хронотопски определени.

Значи, дисертацијата ги инкорпорира релевантните современи епиграфски, историски и археолошки проучувања и толкувања за да ги воспостави историските рамки на политичкото, општественото, културното и духовното живеење на северниот дел на римската провинција Македонија. Тезата ќе ги расветли историските појави и промени во овој дел од Македонија, од една страна, а од друга, ќе го одреди местото и значењето на оваа област во рамките на провинцијата Македонија, но и во Римската Империја во целост.

Истовремено, цел на темата е да ги покаже историските корелации на проучуваната територија со регионот на централен Балкан, а воедно и нејзините корелации со целата Римска Империја.

Со научната синтеза на досегашните научни истражувања и современи научно-стручни истражувања во областа на епиграфијата, докторската дисертација на докторантката Славица Бабамова-Јаниќ претставува значаен научен придонес во претставувањето на историскиот континуитет на македонската историја. Научната студија го нагласува значењето на историјата на Македонија како дел од историјата на Балканскиот Полуостров, но и дел од светската историја во антиката.

## ЗАКЛУЧОК

Според изнесеното, актуелноста на темата, едновремено и неистраженоста на ова историско-археолошко подрачје, предмет на предложената докторска дисертација, подеднакво и сложеноста за изработка на ваква докторска дисертација која опфаќа обемен материјал од повеќе научни дисциплини, методолошки извонредно обработен, потоа, според оригиналните научни сознанија, може да се заклучи дека докторската дисертација под наслов *Средното Повардарие и источниот дел на Република Македонија во римскиот период според епиграфските споменици,* од кандидатката м-р Славица Бабамова-Јаниќ може да се вброи во успешно извршените епиграфски и историско-археолошки фундаментални истражувања. Според тоа, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да предложи закажување на јавна одбрана.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Анета Шукарова, с.р.
2. Акад. проф. д-р Вера Битракова, с.р.
3. Проф. д-р Митко Панов, с.р.
4. Проф. д-р Маргарита Бузалкова, с.р.
5. Проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „БИБЛИОТЕКАРСТВОТО ВО БИТОЛА – ИСТОРИСКИ РАЗВОЈ" ОД М-Р СВЕТЛАНА ТАЛЕСКА, ПРИЈАВЕНА НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Комисијата за оцена на докторскиот труд „ Библиотекарството во Битола - историски развој “, именувана со Одлука на Научниот совет на Институтот за национална историја од 5.11.2012 година, во состав: доц. д-р Нада Караџоска, проф. д-р Силвана Сидороска-Чуповска, проф. д-р Михајло Георгиевски, проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска и проф. д-р Лилјана Гушевска, по разгледувањето на предадениот труд од кандидатот м-р Светлана Талеска, има чест на Научниот совет на Институтот за национална историја да му го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторскиот труд „Библиотекарството во Битола - историски развој“ од кандидатката м-р Светлана Талеска претставува еден скромен обид во согледувањето на едно опстојување и развој на библиотекарството во Битола кое има богата културна традиција.

Во воведниот дел на трудот, кандидатката дава еден опис на градот Битола, кој, како важен економски, трговски и културен центар на Балканот, бил во тек со европските случувања и настани во сите области на општественото живеење.

Според кандидатката, во севкупниот историски развој на Р.Македонија, а посебно во нејзиниот културно-историски развој, значајно место зазема и библиотекарството, кое, како наука, долго време била запоставена, маргинализирана или целосно неприсутна во културното живеење.

Од создавањето, преку унапредувањето и модернизирањето, па сѐ до денешно време кога библиотекарството како научна дисциплина го добива заслуженото место во образовниот систем на нашата земја, Битола, како град, повторно го дава својот придонес.

На крајот на воведниот дел, кандидатката потенцира дека проучувањето на историскиот развој на библиотекарството во Битола претставува мошне значајна и интересна тема која нуди многу, но носи и многу одговорност за докажување.

Покрај воведниот дел, овој труд содржи и методолошки пристап, концептуална рамка, во која е направен приказ на идејната замисла што ќе се испитува, како и методите и техниките кои ќе се применуваат во целата постапка. Кандидатката во овој дел го презентира и општественото и научното значење на трудот, како и истражувачкиот дизајн и истражувачката парадигма.

Во првата глава: *Историскиот развој на библиотекарството*, кандидатката се задржува на појавата на првите библиотеки кај најстарите цивилизации на Блискиот Исток: Месопотамија, Египет и Мала Азија. Така, три века пред новата ера во египетскиот град Александрија е изградена најголемата библиотека на ПтоломејI Сотер. Таа библиотека распологала со многу богата литература, преводи, како и литературни дела од најразлични народи и култури. Оваа библиотека била уништена од големиот пожар кој ја зафатил цела Александрија. Понатаму, кандидатаката го објаснува и поимот библиотека, како и полезноста на библиотеките како културни установи. Во таквата ситуација на развој и промени на концептите поврзани со книгата и библиотекарството во 19 век, целта

на добрата библиотечна организација била, овозможување на пренос на знаења и информации преку книгата, односно препознавање на книгата како индивидуален ентитет и книгата како извор на информации.

Кандидатката се задржува и на библиотечната наука како научна дисциплина каде што многу од авторите, проучувајќи го предметот на библиотечната наука се определиле за концептот на научна интерепретација на книгата, библиотечните знаења и информации или библиотечниот систем во целина.

Заради големата улога што библиотеките ја играат во секое општествено живеење и заради нивното сѐ поголемо значење, Унеско во соработка со ИФЛА во 1944 година донесе и усвои посебен Манифест за општите библиотеки, кој содржи повеќе принципи, кој секоја библиотека треба да го прифати и применува доколку сака да се вклучи во современите трендови на библиотекарството.

Понатаму, кандидатката се задржува и на поимот книга, односно историјата на книгата која опфаќа период од педесет века. Во тој период, книгата минувала низ најразлични облици и процеси, па сѐ до појавата на прватa печатница на Јохан Гутенберг и проширувањето на печатарството во светот.

Во ова поглавје се опишани поимите: читател и читање. Според некои торетичари, под поимот читател се подразбира секоја личност која според правилата на библиотеката ги користи биоблиотечните фондови, додека пак читањето како културолошки чин е придружна активност на пишувањето.

Во библиотеката се идентификувала следната група на читатели: предучилишни деца, ученици од основни и средни училишта, студенти, вработени, невработени и пензионери.

Кандидатката се задржува на библиотекарството како дејност, како и на професијата библиотекар. Во XX век почнува голема експанзија на народните библиотеки, кои полека, но сигурно прераснале во современи библиотечни информативни центри.

Во вториот дел од првата глава кандидатката се осврнува на појавата на библиотекарството во Македонија, кое е поврзано со епохалното дело на солунските просветители, светите браќа Кирил и Методиј, како и продолжување на нивното дело од страна на нивните ученици- Климент и Наум Охридски.

Во ова поглавје, кандидатката ја опишува и појавата на првите библиотеки во Р.Македонија, а тоа се манастирските и црковните библиотеки како единствени културно-просветни центри каде што се читало и создавал пишаниот збор. Опишан е и периодот во времето на цар Самоил, како и периодот на доаѓањето на Османлиите, а со тоа и отворањето на исламски библиотеки кои извршиле големо културно-просветно влијание меѓу муслиманското население.

Понатаму во трудот, кандидатката го опишува периодот од средината на 19 век, па сѐ до Втората светска војна. Овој период е судбоносен за македонските ракописни книги, кога и расте интересот за библиотеките, архивите и музеите како културни и научни установи кои што се грижеле за културно-историското наследство.

Појавата на печатени книги и издигнувањето на националната свест се повеќе го зајакнуваат убедувањето кај македонската интелигенција дека книгата ја зајакнува свеста за националната и социјалната слобода, како и свеста за изградување на своја национална култура.

Во втората глава со наслов: *Библиотекарството во Битола и Битолско во предосманлискиот период*, кандидатката зборува за зачетоците и развојот на

библиотекарството во Битола и појавата на првите библиотеки. Во своето многувековно постоење, Битола, како град, дала голем придонес за развојот на културната историја на Македонија. Добрата географска положба била една од основните причини што Битола била населувана од најразлични цивилизации. Она што е посебно во културната историја е тоа што овој град има и верификуван артефакт за своето вековно постоење, а тоа е плочата од XI век (1016 година) на која за првпат се среќава изворното име на градот напишано со словенски букви. Библиотекарството во Битола најпрво се појавува во црквите и манастирите, во кои се пишувани и препишувани книги.

Со доаѓањето на османлиите во 1385 година, овие библиотеки во црквите биле уништени заедно со целокупниот книжен фонд со кој располагале.

Развојот и популаризацијата на книгата во Битола, како дел од општата историја на библиотекеарството во Битола, својот подем го доживува на крајот на XV век и почетокот на XVI век, а потоа почнува нагло да згаснува.

Понатаму, кандидатката зборува и за библиотеките во црквите и манастирите, кога во средновековниот период градот Битола имал истакнат развој на црковно-духовниот и книжевниот живот. Во Битола и Битолско во тој период биле изградени голем број на цркви и манастири кои прераснале во активни скрипторски центри и во нив се формирале богати библиотеки.

Манастирските библиотеки биле главни носители на просветата, писменоста и библиотечната дејност, каде што македонското христијанско население можело да дојде во контакт со книжевни дела главно со религиска и религиозна содржина.

Во целиот средновековен период низ територијата на Битола и Битолско биле изградени вкупно четиринаесет манастири. Карактеристично за манастирските библиотеки е тоа што тие, од денешен аспект гледано, не биле вистински библиотеки, бидејќи ги немале основните елементи што ја карактеризираат една библиотека, како, на пример, посебна просторија, библиотекар, каталог и сл., но по својата функција сепак можеле да се споредат со една библиотека и со право можат да се наречат предвесници на младото библиотекарство.

Во ова поглавје се спомнати и ќелијните училишта кои биле отворени во османлискиот период од 1830 до 1850 година. Во овие училишта, учениците се подготвувале за идни свештеници и учители. Преку ќелијните училишта се ширела писменоста и просветата, се чувал народниот јазик, култура, традиција и обичаи.

Во третата глава: *Библиотекарството во Битола во османлискиот период,* опишано е библиотекарството во Битола во османлискиот период. Со потпаѓањето на Битола и Битолско под турска власт, условите за културен живот значително се менуваат и почнува период на стагнација. Црквите и манастирите во кои тогаш постоел интензивен процут на писменоста биле уништени, а манастирските книги и белешки биле запалени.

Во овој период почнуваат да се отвораат турски библиотеки во кои се повеќе се шири турската, т.е. ориенталната книга.

Покрај овие библиотеки, во Битола постоеле и приватни библиотеки кои ги основале поединци и љубители на книгата, кои имале доволно материјални средства да купуваат многу скапи книги. Во ова поглавје кандидатката ги спомнува и битолските читалишта кои стануваат многу популарни собиралишта на љубителите на книгата и културните

дејци. Читалиштата биле материјално потпомогнати од богати граѓани и како такви прераснале во институции со големо влијание во средината.

Првото читалиште во Битола било отворено во 1860 година, а според податоците, тоа, всушност, било и првото отворено читалиште во Македонија.

Во Битола во овој период постоеле и библиотеки на немакедонско население како на пример: француски, еврејски, албански и други библиотеки.

Во четвртата глава: *Библиотекарството во Битола во периодот на српската и бугарската окупација (1914-1944)*, кандидатката се осврнува на состојбите и приликите за библиотекарството во Битола во тој период. Тогаш се отвораат и читалишта и други библиотеки, како и библиотеки во битолската гимназија и ученичките друштва. Во државните установи и друштва се отвораат таканаречените илегални библиотеки кои функционирале кога Битола била под српска окупација. Покрај овие постоеле и библиотеки во државни институции, библиотеки во ученички друштва, како и читалишта.

Во петтата глава: *Библиотекарството во Битола во периодот од 1945 до 1991 година*, кандидатката ги опишува приликите во библиотекарството во периодот по ослободувањето на Битола, кога новоформираната народна власт применувал организиран пристап на библиотеките во Битола и Битолско. Во овој дел, кандидатката ја опишува законската регулатива на библиотеките според која библиотеките се поделени на јавни и приватни.

Во Битола, како центар на културни случувања со вековна традиција, првата повоена Народна библиотека била основана на 25 март 1945 год. Таа располагала со 300 примероци на библиотечниот материјал. Збогатувањето на книжниот фонд се движел континуирано и во 2012 год. библиотеката има фонд од околу 500 000 примероци.

Во склоп на библиотеката работат и реонските библиотеки кои се отворени од 1957 година, но во последните години полека згаснуваат и останува да работи само реонската библиотека во село Кравари.

За првпат се отвораат поголеми градски, народни, јавни библиотеки, со богати книжни фондови, каталози и со организиран стручен пристап во библиотечното работење.

Понатаму кандидатката се осврнува и на поделбата на библиотеките кои според намената и корисниците се делат на национални, народни, специјални, високошколски и училишни библиотеки.

Во шестата глава: *Современ развој на библиотечната дејност (1991-2012)*, кандидатката се задржува на активните библиотеки до 2012 година, училишните библиотеки и библиотеки кои работат во состав на конзулати и друштва, како и во приватните библиотеки во Битола. На крајот на ова поглавје кандидатката дава опис на развојниот пат на НУУБ „Св.Климент Охридски“ во Битола.

Во ова поглавје станува збор и за современите трендови во библиотечното работење, професионалниот развој на библиотечниот кадар, како и примената на новите форми како што се менаџментот и маркетингот.

За успешно спроведување на работниот процес, на библиотеките им се потребни раководители, менаџери и лидери, кои имаат визија за успешно развивање и усовршување на библиотечното работење. Во контекст на ова е и стандардизацијата на библиотечните процеси и етичкиот кодекс на библиотекарите кој треба да го негуваат и почитуваат.

На крајот на ова поглавје кандидатката, поаѓајќи од констатацијата дека библиотекарството е научна дисциплина која треба стручно и квалитетно да биде

проучувана, го потенцира проблемот со отсуството на базично професионално образование за библиотекари, како и на обидите за воведување на библиотекарството во образовниот систем во Р. Македонија.

Со отворањето на неколку катедри за библиотекарство во последниве неколку години се постигна она што со години се залагаа библиотекарите, и се стави крај на долготрајниот мачен процес за базично професионално образование преку кое стручно ќе се едуцираат и оспособат библиотечните работници.

На крајот од трудот кандидатката ги дава своите Заклучни согледувања. Преку проучувањето на историскиот развој на библиотекарството во Битола и преку анализата на добиените податоци од истражувањата, според неа, многу јасно се согледува неговата состојба во минатото, неговиот растеж, процесна трансформација, осовременување и усовршување, како и неговата моментална состојба и неговото значење за културното живеење денес.

Комисијата за одбрана на овој труд, констатирајќи дека кандидатката м-р Светлана Талеска одговорила на поставените прашања и успешно се справила со зададените проблеми во нејзината докторска теза „Библиотекарството во Битола-историски развој", има чест на Научниот совет на Институтот за национална историја да му предложи да го прифати овој извештај и да допушти јавна одбрана на тезата.

К О М И С И Ј А

Доц. д-р Нада Караџоска, с.р.
Проф. д-р Силвана Сидороска-Чуповска, с.р.
Проф. д-р Михајло Георгиевски, с.р.
Проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска, с.р.
Проф. д-р Лилјана Гушевска, с.р.

## РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ СЕРУМСКИ МАТРИКС-МЕТАЛОПРОТЕИНАЗИ КАКО ПРЕДИКТОРИ НА ПЕРИФОКАЛНИОТ ЕДЕМ КАЈ АКУТНА, ПРИМАРНА, СУПРАТЕНТОРИЈАЛНА ИНТРАЦЕРЕБРАЛНА ХЕМОРАГИЈА“ ОД Д-Р ДРАГАНА ПЕТРОВСКА-ЦВЕТКОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука од Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, од својата IV редовна седница одржана на 06. 05. 2014 година, формирана е Комисија за оцена на докторската дисертација „Серумски матрикс-металопротеинази како предиктори на перифокалниот едем кај акутна, примарна, супратенторијална интрацеребрална хеморагија“ на д-р Драгана Петровска-Цветковска во состав: проф. д-р Вера Даскаловска, проф. д-р. Сашо Стојчев и в.н.сор. д-р Ангел Митревски.

По деталното резгледување на дисертацијата, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Дисертацијата претставува научен и стручен труд, изнесен на 123 страници, илустриран со 24 слики и 27 табели, и цитирана литература од 222 труда. Приложените слики и табели одлично се вклопени во текстот, овозможувајќи комплетно разбирање на обработената тема. Основни поглавја на трудот се: вовед, цели на трудот, материјал и методи, протокол на работа, резултати, дискусија и заклучоци.

**1.** Во **ВОВЕДОТ** авторката, преку податоци од најновата литература, укажува на современите сознанија за интрацеребралната хеморагија, перифокалниот мозочен едем и матрикс-металопротеиназите како серумски предиктори на мозочниот едем, со посебен осврт на матрикс-маталопротеиназа-9 (ММП-9). Изнесени се најрелевантните факти за проблемот што се обработува, поточно најнапред е образложен проблемот на акутната, примарна, супратенторијална интрацеребрална хеморагија во целост, нејзината инциденција, најновите епидемиолошки податоци и етиопатогенезата и патофизиолошките карактеристики на ова заболување. Детално се приложени и објаснети најновите сознанија за механизмите на формирање на перифокалниот мозочен едем и чинителите вклучени во инфламаторните процеси. Посочени се досега иследуваните инфламаторни серумски маркери, кои настануваат при контактот мозочно ткиво-екстравазирана крв, нивната меѓусебна активација, зависност и надоврзување, што доведува до последователно формирање на исхемична перифокална зона/едем околу настаната хеморагија, како и улогата на едемот на невролошката детериорација, и прогноза и исходот на мозочното крварење. Посебно место е посветено на матрикс-металопротеиназите со детален опис на нивната биохемиска структура, класификација, механизмите на дејство, како и нивната активација и инхибиција. Образложени се досегашните сознанија за нивната улога кај досега иследуваните физиолошки и патолошки процеси, со посебен осврт кај заболувања на централниот нервен систем. Даден е комплетен приказ на улогата на матрикс-металопротеиназа-3, односно гелатиназа-А, и

матрикс-металопротеиназа-9 односно гелатиназа-Б во нервното ткиво, механизмите на нивната активација од латентна во активна/каталитичка форма, и последователното оштетување на колаген тип IV, ламининот и фибронектринот, како мајорни компоненти на базалната мембрана и екстраклеточниот матрикс, поткрепено со хистопатолошки студии цитирани од страна на авторката. Во понатамошниот текст се цитирани досегашните студии на клиничкото следење на ММП-9 кај исхемични и хеморагични мозочни удари, како и најновите истражувања на улогата на синтетските ткивни инхибитори на ММП, врз мозочниот едем, невролошкиот дефицит и прогнозата кај пациентите со мозочни удари. Во понатамошниот текст е опишана применетата техника за детекција и квантификација на ММП-9 во серум – enzyme linked immunosorbent assay (ЕЛИСА).

**2.** Во дисертацијата јасно се дефинирани **ЦЕЛИТЕ** на трудот прикажани во 4 точки:

1. одредување на вредностите на ММП-9 во серум кај болни со акутна, примарна, супратенторијална интрацеребрална хеморагија, и проценка на нивната поврзаност со одредени демографски карактеристики (пол и возраст) и анатомската локализација на хематомот (лобарни и во сивите супкортикални јадра);
2. одредување на поврзаноста на вредностите на серумските ММП-9 со апроксимативниот волумен на хематомот и мозочниот едем кај болни со акутна, примарна, супратенторијална интрацеребрална хеморагија;
3. одредување на поврзаноста на серумските ММП-9 со тежината на невролошко-психичкиот дефицит кај болни со акутна, примарна, супратенторијална интрацеребрална хеморагија;
4. проценка на поврзаноста меѓу вредностите на серумските ММП-9, апроксимативниот волумен на перифокалниот мозочен едем и тежината на невролошко-психичкиот дефицит кај болни со акутна, примарна, супратенторијална интрацеребрална хеморагија.

**3. Во делот** МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ **презентирани се строго дефинираните критериуми за вклучување и исклучување на пациентите во испитуваната група (пациенти со акутна, примарна, супратенторијална интрацеребрална хеморагија) и контролната група. Опишани се методите на дијагноза на пациентите: 1). проценка на невролошко-психичката состојба со примена на скалата на Националниот институт за здравје за проценка на невролошкиот дефицит кај мозочни удари (NIHSS) и скорирање на тежината на дефицитот од 0 до 36; 2). детекција, визуелизација и димензионирање на апроксимативниот волумен на хематомот и едемот со компјутеризирана томографија на мозокот и нивна математичка пресметка според формулата на Khotari RU: AxBxC/2; 3). детекција и квантификација на ММП-9 во серум со ензимоимуноанализа со ЕЛИСА-техника и спектрофотометриско читање, а резултатите се изразени во ng/ml. Детално е приложен протоколот на работа кај**

**пациентите во трите евалуациски фази на следење: прв, трет и седми ден од настанување на мозочното крварење.**

**4**. Во делот **РЕЗУЛТАТИ** од студијата, прикажани се резултатите добиени со обработка и анализа на 62 пациента со акутна, примарна, супратенторијална, интрацеребрална хеморагија (ИЦХ), кои ги исполниле критериумите при прием, и во тек на лонгитудиналната опсервација. Половата структура на испитаниците ја презентираат 45,2% испитаници од машки пол и 54,8% испитаници од женски пол, со просечната возраст на истражувачките субјекти од 64,5±9,4 години. Од вкупниот број на анализирани пациенти, 83,9% се со претходно страдање од ХТА, и кај сите испитаници при настанувањето на ИЦХ и следните евалуациски фази од анализираниот период (I / III / VII ден), регистрирани се покачени вредности на крвен притисок, со просечната вредност на систолниот крвен притисок 185,5±19,4 mmHg, и просечен дијастолен крвен притисок 88,3±13,7 mmHg. Проценката на најчестите иницијални симптоми во студијата е следна: моторна слабост на екстремитетите (од различен степен) е најзастепен симптом (100%), еднострана лицева слабост со 98%, главоболка со 55%, говорни тешкотии со 41%, девијација на поглед и глава во страна со 32%, повраќање со 15,8%, алтерирана свест (сомноленција-сопор) со 4,3%. Локализацијата на хематомот кај 43,55% е лобарна, додека пак, кај 56,45% испитаници ИЦХ се манифестира како таламичен хематом. Анализата и квантификација на ММР-9 во серум, во контролната група изнесува 33,98±21,9 ng/ml. Просечната концентрација на ММР-9 во серум во испитуваната група изнесува во првиот ден: 127,86±25,4 ng/ml, третиот ден: 134,7±26,1 ng/ml, додека седмиот ден се регистрира пад на ММР-9 во серум, со просечна концентрација од 117,0±25,2 ng/ml. Статистичката анализа ги потврдува разликите во вредностите на ММР-9 во анализираниот период, I / III / VII ден, како високосигнификантни, односно значајни (p=0,000). Просечните вредности на апроксимативниот волуменот на хематомот се: 13,82±2,9 $cm^3$ првиот ден, 13,53±2,9 $cm^3$ третиот ден и 10,4±3,1 $cm^3$ седмиот ден на следење. За F = 268,7 и p<0,001 потврдена е високосигнификантна разлика во просечните вредности на волуменот на хематомот во целиот анализиран евалуациски период. Волуменот на хематомот, позитивно сигнификантно корелира со концентрацијата на матрикс-металопротеиназа-9 во серумот (r=0,565, p=0,000). Просечните вредности на волуменот на перифокалниот едем се: 11,58±2,65 $cm^3$ првиот ден, 15,83±2,2 $cm^3$ третиот ден и 14,75±2,19 $cm^3$ седмиот ден на следење, а тестираните разликите во просечните вредности на волуменот на едемот, за F = 300,374 и p<0,001, се потврдуваат како високо сигнификантни, во целиот анализиран период, I/III/VII ден. Корелацијата помеѓу ММП-9 во серум и волуменот на перифокалниот мозочен едем, за p<0,01, е високосигнификантна, односно значајна. Невролошко-психичкиот дефицит во студијата е квантифициран со скор-системот на NIH-15 Item Stroke Scale (NIHSS). Првиот ден од настанување на ИЦХ, регистрираниот просечен скор е 11,48±3,7, третиот ден изнесува 13,21±3,78, додека седмиот ден е 11,26±3,86, а разликата меѓу трите евалуациски фази е високосигнификантна (p=0,000). Испитуваната поврзаност помеѓу волуменот на хематомот и скоровите од NIHSS-скалата за r=0,597 и p=0,000, е статистички високосигнификантна.

Мултипниот регресионен модел за испитување на поврзаноста, односно влијанието на возраста и волуменот на хематомот врз скоровите на NIHSS-скалата, односно тежината на невролошкиот дефицит кај испитаниците со ИЦХ, покажуваат дека само волуменот на хематомот претставува сигнификантен фактор кој ја афектира вредноста на NIHSS-скорот. Волуменот на перифокалниот едем и скоровите од NIHSS-скалата се поврзани позитивно, односно меѓу нив постои директна корелација, изразена преку вредноста на r=0,52. Резултатите од мултипниот регресионен модел за испитување на влијанието на возраста и волуменот на перифокалниот едем врз NIHSS-скоровите покажуваат дека само волуменот на хематомот претставува сигнификантен фактор кој ја афектира вредноста на NIHSS-скалата. Поврзаноста на NIHSS скалата со возраста на испитаниците, волуменот на перифокалниот едем и концентрацијата на ММР-9 во серум е анализирана со методот на мултипниот регресионен модел. Мултиплата регресија на анализираните варијабли покажува дека само концентрацијата на ММР-9 во серум претставува сигнификантен фактор, кој ја афектира вредноста на NIHSS-скалата.

**5.** Во поглавјето **ДИСКУСИЈА,** авторката ги анализира своите вкупни резултати со податоците од литературата. Со доза на критичност, споредувани се добиените резултати со резултатите од другите автори. Обемноста на цитираната современа литература од последните неколку години, која корелира со добиените резултати на авторката укажува на актуелноста на проблемот, неговата комплексност, со потенцирање на улогата на одредување и следење на ММП-9 во серум кај пациенти со акутна, примарна, супратенторијална интрацеребрална хеморагија. Дадените одговори на поставените прашања придонесуваат за подобро разбирање на проблемот на мозочниот едем, не само во наши услови, туку истовремено овозможуваат и нивно пошироко користење. Досегашните истражувања и добиени резултати за улогата на ММП-9 во мозочниот едем, наметнуваат нови прашања и отвораат нови полиња за понатамошни иследувања.

**6. ЗАКЛУЧОЦИТЕ** се јасно формулирани и претставуваат прецизни и концизни одговори на претходно поставените цели.

## ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА

Докторската дисертација на ас. д-р Драгана Петровска-Цветковска под наслов СЕРУМСКИ МАТРИКС МЕТАЛОПРОТЕИНАЗИ КАКО ПРЕДИКТОРИ НА ПЕРИФОКАЛНИОТ ЕДЕМ КАЈ АКУТНА, ПРИМАРНА, СУПРАТЕНТОРИЈАЛНА ИНТРАЦЕРЕБРАЛНА ХЕМОРАГИЈА обработува еден современ проблем и дава значаен стручен и научен придонес, во областа на интрацеребралната хеморагија.

Работната хипотеза, јасно поставената и зацртана во докторската дисертација, е поддржана со вредна студија од 62 пациента, од чии резултати произлегуваат вредни заклучоци, кои претставуваат оригинален придонес во проблемот на интрацеребралната хеморагија и последователниот мозочен едем. Посебна вредност на оваа дисертација претставуваат одредени фундаментални испитувања во ензимоимунологијата на едемот кај интрацеребралната хеморагија, односно матрикс металопротеиназа-9, кои се ретки и во цитираната литература.

Добиената база на податоци и нејзината актуелност ја наметнуваат потребата за натамошна нејзина надградба и отвора нови полиња на истражувања.

Рецензентската комисија, следејќи ја целокупната научноистражувачка работа презентирана во оваа докторска дисертација, му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да го прифати овој извештај и да определи комисија која ќе закаже усна и јавна одбрана на докторската дисертација.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. Д-р Вера Даскаловска с.р.

Проф. Д-р Сашо Стојчев с.р.

В. н.сор. д-р Ангел Митревски с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОДНЕСУВАЊЕТО НА МИКРОАРМИРАНИ БЕТОНСКИ ЕЛЕМЕНТИ ПОД ДЕЈСТВО НА ПОСТОЈАНИ И ПОВТОРУВАНИ ПРОМЕНЛИВИ ТОВАРИ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ДАРКО НАКОВ, ДИПЛ.ГРАД.ИНЖ., ПРИЈАВЕНА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 409. седница одржана на 6.3.2014, нè именува за членови на Комисијата за преглед и оцена на докторската дисертација под наслов **ОДНЕСУВАЊЕТО НА МИКРОАРМИРАНИ БЕТОНСКИ ЕЛЕМЕНТИ ПОД ДЕЈСТВО НА ПОСТОЈАНИ И ПОВТОРУВАНИ ПРОМЕНЛИВИ ТОВАРИ**, изработена од м-р Дарко Наков, дипл.град.инж., асистент на Градежниот факултет во Скопје.

По прегледот на дисертацијата, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов **Однесувањето на микроармирани бетонски елементи под дејство на постојани и повторувани променливи товари**, изработена од м-р Дарко Наков, дипл.град.инж., изложена е на 132 страници, разработена е во 9 глави и содржи 136 слики, 34 табели, 98 формули и список на литература со 33 наслови.

### 1.Предмет на истражувањето

Предмет на истражувањето во дисертацијата е однесувањето на микроармираните бетонски елементи под дејство на постојани и повторувани променливи товари. Тоа претставува своевиден спој на две мошне атрактивни истражувачки области.

Едната се однесува на микроармираниот бетон, материјал кој наоѓа сè поголема примена во градежното конструкторство и градежништвото воопшто. Неговите предности во однос на обичниот бетон се добро познати, а стануваат уште позначајни во време кога проблемот со трајноста на бетонските конструкции станува сè поактуелен. Позитивното влијание врз ширината на отворот и развојот на пукнатините, а со тоа посредно и врз големината на деформациите на бетонските елементи, го фаворизира овој вид бетон во делот на граничните состојби на употребливост и на трајноста на конструкциите во однос на обичниот бетон.

Другата област е онаа која се занимава со проучување на однесувањето на бетонските елементи во тек на време. Течењето и собирањето, како долготрајни процеси во бетонот, имаат големо влијание врз однесувањето на елементите и конструкциите. Тие предизвикуваат низа промени во напонско-деформациската слика на пресеците, развојот и ширината на пукнатините, големината на деформациите, прераспределбата на силите и др. Нивниот интензитет, а со тоа и влијанието врз однесувањето на пресеците, елементите и конструкциите како целина, зависат од низа фактори кои, генерално, произлегуваат од геометриските

параметри на елементите, карактеристиките на материјалите и од карактерот, односно историјата на товарењето.

Долготрајните процеси најчесто се поврзуваат со дејствувањето на постојаните товари. Но, евидентно е дека свое влијание врз однесувањето на бетонските елементи во тек на време имаат и променливите товари, особено кај оние конструкции кај кои нивното учество е значително, како според интензитетот, така и според времетраењето (градски мостови, катни гаражи, крански греди и сл.).

Ваквото влијание, согласно со Еврокод-2, се регулира преку воведувањето на т.н. ,,квазиперманентен товар“ кој се добива како суперпозиција од постојаниот и дел од променливиот товар. Вредноста на коефициентот за дефинирање на квазиперманентната вредност на променливите товари $\psi_2$ со кој се дефинира овој дел, односно учеството на променливите товари зависи од намената на објектот, преку која всушност посредно се зема предвид претпоставена историја на товарење.

Во рамките на дисертацијата, пред сѐ преку реализација на обемно експериментално истражување, дефинирана е вредноста на коефициентот $\psi_2$ за една реална историја на товарење на пробни елементи (греди) изработени од обичен и од микроармиран бетон, според која покрај постојаниот, во период од 365 дена, секојдневно, во осумчасовен циклус, дејствува и променлив товар. Истовремено е следено и однесувањето на пробни елементи товарени само со постојан товар, како и на потполно ненатоварени елементи. Истражувањето е спроведено на вкупно 24 армиранобетонски греди изработени од обичен и од микроармиран бетон со челични влакна со свиткани краеви. Гредите се изработени од класа бетон C30/37, а според начинот на армирање поделени се во три серии. Подолжната арматура и узенгиите се задржани исти во сите три серии, со тоа што во гредите од втората серија додадени се 30 кг/м$^3$, а во гредите од третата серија 60 кг/м$^3$ челични влакна. Во текот на целиот временски период следени се појавата и развојот на пукнатините и промените на деформациите. На крај, сите пробни елементи, како и оние на старост од 40 дена, испитани се до лом при што, покрај другото, утврдени се и влијанијата на историјата на товарење и на стареењето на бетонот на капацитетот на нивната носивост.

Врз основа на експериментално утврдените механички и реолошки карактеристики на употребените бетони, анализирани се два модела за прогнозирање на деформациите од собирање и течење на бетонот: Fib Model Code 2010 и моделот B3 (Bazant & Baweja, 1995), односно нивната применливост во областа на микроармираните бетони.

Експерименталните резултати се поткрепени со соодветно нумеричко истражување. При тоа, користен е софтверот CRACK (Ghali & Elbadry), во кој е изработен модел на пробните елементи врз основа на добиените резултати од експерименталното истражување.

## 2. Содржина на дисертацијата

Теоретските и експерименталните истражувања се дадени во девет глави и список на користена литература.

Во Глава 1 се дадени вовед, основа на проблемот и значење, предмет и цел на истражувањето, како и содржина на секоја од главите во состав на докторската дисертација.

Во Глава 2 се дадени општите карактеристики на микроармираниот бетон, почнувајќи од самата идеја за користење на челични влакна за зајакнување на бетонот, па сè до најновите технолошки достигнувања во оваа област, како SIFCON, ECC, HFRC и RPC. Притоа даден е преглед на видовите влакна според материјалот, наведени се одредени препораки за проектирање на составот на микроармираниот бетон и прикажано е влијанието што челичните влакна го имаат врз физичките и механичките карактеристики на бетонот.

Глава 3 е посветена на компонентите од кои се состои вкупната деформација на бетонските елементи во случај кога тие се изложени на долготраен товар. Детално се опишани моменталната еластична деформација, деформацијата која настанува како резултат на промена на температурата, како и временски зависните деформациони карактеристики на бетонот кои се последица на неговото собирање и течење.

Во Глава 4 најпрво е направен општ преглед на некои досегашни експериментални истражувања поврзани со собирањето и течењето на микроармираниот бетон со челични влакна и презентирани се дел од позначајните развиени теории за објаснување на овие појави. Во вториот дел од оваа Глава даден е приказ на, до сега, единствените долготрајни испитувања на елементи со реална големина изработени од бетон зајакнат со челични влакна. Прикажани се најзначајните резултати поврзани со развојот на деформациите и широчината на пукнатините во тек на време под дејство на постојан товар.

Во Глава 5 се прикажани врските помеѓу напрегањата и дилатациите кај микро армираниот бетонот при краткотрајно дејство на товарот на притисок и затегнување и при дејство на долготрајни товари. Дефинирани се коефициентот на течење, временската функција специфично течење, функцијата на течење и принципот на суперпозиција. Посебен осврт е даден на врските помеѓу напрегањата и дилатациите кои се дадени во најновите и актуелни модели за прогнозирање на деформациите од собирање и течење на бетонот: Fib Model Code 2010 и моделот B3 (Bazant & Baweja, 1995). На крајот од оваа глава прикажани се и врските помеѓу напрегањата и дилатациите за арматурата според EC2.

Во Глава 6 се наведени најчесто користените теории за анализа на течењето кај бетонските конструкции, при што посебно е разработен методот со коригиран модул на еластичност (AAEMM), кој е користен при понатамошните анализи во дисертацијата. Прикажан е и еден практичен пример на користење на овој метод за микроармиран бетон зајакнат со челични влакна.

На почетокот на Глава 7 е изложено експерименталното истражување. Најпрво е објаснета неговата цел, за преку деталниот опис на експерименталната програма да се добие јасна претстава за сите негови аспекти: поделбата на 24-те греди во три серии според трите различни видови бетон (обичен C30/37, микро армиран со 30 кг/м$^3$ челични влакна C30/37 FL 1.5/1.5 и микро армиран со 60 кг/м$^3$ челични влакна C30/37 FL 2.5/2.0) и секоја од нив, според историјата на товарење, во по четири групи (Група 1 - без товар, испитани до лом на старост t=40 дена; Група 2 - нетоварени во текот на целиот период и испитани до лом на старост од 400 дена; Група 3 - товарени со постојан долготраен товар на старост од

$t_0$=40 дена и испитани до лом при t=400 дена и Група 4 - товарени на $t_0$=40 дена со постојан и секојдневно со повторуван променлив товар со време на дејство од $\Delta$t=8 часа и испитани до лом на t=400 дена), користените материјали, начинот на изработка на гредите и контролните тела, мерната техника и начинот на товарење и испитување на елементите.

Во продолжение на Глава 7 се прикажани резултатите од извршените испитувања на јакоста на притисок, јакоста на затегнување при свиткување со контролирана деформација, јакоста на затегнување при цепење, модулот на еластичност, деформациите од собирање при сушење и од течење на трите видови бетон. Сите наведени својства се испитани при старост на бетонот од 40 и од 400 дена, деформациите од собирањето следени се од моментот на бетонирање до моментот на испитувањето на гредите до лом на старост од 400 дена, а деформациите од течење од момнетот на нанесување на товарите на $t_0$=40 дена до t=400 дена. За утврдување на наведените карактеристики, изработени се, соодветно третирани и испитани вкупно 126 контролни тела. Експерименталните истражувања се реализирани во лабораторија со дефинирани и контролирани амбиентални услови. Извршено е и испитување на арматурата ($\phi$8 и $\phi$10) на вкупно 20 пробни епрувети, при што се утврдени границата на развлекување, јакоста при кинење и модулот на еластичност.

Измерените резултати и нивната меѓусебна споредба заземаат најголем дел од оваа глава. Графичката и табеларна презентација е надополнета со детална анализа и неопходни коментари.

Во Глава 8 најпрво се извршени теориски анализи на добиените експериментални резултати, и тоа поодделно за временски зависните деформации на микроармираниот бетон и за оние добиени од испитувањето на елементите. Аналитичката анализа на собирањето при сушење и течење на бетонот е спроведена според моделите B3 и Fib Model Code 2010 и тоа прво за разгледуваниот временски период од 400 дена, а потоа, врз основа на експерименталните резултати, за експлоатационен век од 100 години. Предложени се одредени подобрувања и модификации на постојните модели со што тие се приспособени за користење за микроармиран бетон.

Во понатамошниот дел од оваа глава опишан е предлогот за дефинирање на влијанието на променливите товари на однесувањето на елементите од обичен и од микроармиран бетон во тек на време, користејќи ја постапката со квазиперманентен товар. За решение на проблемот, односно за определување на квазиперманентниот товар, користена е варијантата со која од нулта вредност на деформацијата се доаѓа до експериментално измерената на ниво на постојаниот товар. Преку употреба на компјутерскиот програм CRACK, методот со коригиран модул на еластичност и принципот на суперпозиција, предложени се коефициенти на учество на квазиперманентниот товар за трите вида бетон за разгледуваната историја на товарење.

Во Глава 9 се презентирани заклучоците од истражувањето и дадени се препораки за натамошни истражувања во оваа област.

На крајот од дисертацијата, авторот дава преглед на користената литература со вкупно 33 наслови.

## 3. Придонес на дисертацијата

Истражувањето спроведено во рамките на дисертацијата задира во повеќе актуелни области од бетонските конструкции:

- современите видови бетон - преку истражување на микроармираниот бетон;
- граничните состојби на употребливост – преку истражување на однесувањето на елементите во тек на време;
- трајноста на бетонските конструкции – преку следење на појавата и развојот на пукнатините;
- стандардизацијата – преку определување на вредноста на коефициентот $\psi_2$ како национално дефиниран параметар.

Сите наведени области наоѓаат свој заеднички именител во реализираното истражување. При тоа, главна истражувачка цел претставува дефинирањето на вредноста на коефициентот $\psi_2$, која ќе соодветствува на разгледуваната историја на товарење и на карактеристиките на употребените материјали.

Вредноста на добиените резултати и сознанија е уште позначајна бидејќи произлегува од и се темели на специфично и во светски рамки ретко (можеби единствено) експериментално истражување што е неопходен предуслов за попрецизно определување на вредноста на коефициентот $\psi_2$.

Со добиените резултати потврдена е тезата дека при определени истории на товарење мора да биде земено предвид и влијанието од променливите товари.

Докажано е и позитивното влијание на микроармирањето врз однесувањето на бетонските елементи во тек на време, пред сѐ манифестирано преку развојот на пукнатините, а со тоа и на деформациите.

Утврдено е и тоа дека покрај историјата на товарење и микроармирањето има влијание врз вредноста на коефициентот на учество $\psi_2$. За испитуваната историја на товарење при која променливиот товар дејствува на конструкцијата 8 часа во едно деноноќие, предложени се следниве вредности за коефициентот:

- $\psi_2$= 0.37, за обичен армиран бетон;
- $\psi_2$= 0.22, за микроармиран бетон со 30 кг/м$^3$ челични влакна;
- $\psi_2$= 0.18, за микроармиран бетон со 60 кг/м$^3$ челични влакна.

Особен научноистражувачки придонес претставуваат предложените графички зависности помеѓу вредноста на коефициентот $\psi_2$ и заостатната јакост на затегнување на бетонот, како и зависноста $\psi_2$-време на дејствување на променливиот товар, кој се базира на респектабилната база податоци добиена од ова и од неколкуте претходно изведени истражувања на Градежниот факултет при УКИМ во Скопје во истото научно подрачје.

## 4. Заклучок

По извршениот преглед на докторската дисертација под наслов **Однесувањето на микроармирани бетонски елементи под дејство на постојани и повторувани променливи товари**, изработена од м-р Дарко Наков, дипл.град.инж., Комисијата го изнесува следниов

## ЗАКЛУЧОК

Реализираното истражување на влијанието на променливите товари со реално време на дејство, врз долготрајното однесување на армиранобетонските елементи изработени од обичен и особено од микроармиран бетон, претставува ретко истражувана проблематика.

Научниот придонес на докторската дисертација станува уште позначаен ако се има предвид фактот дека, како и при секое посериозно научно истражување од областа на градежништвото, изнесените резултати, мислења, сугестии и предлози се темелат на обемна и успешно реализирана експериментална програма.

За истакнување е и тоа што ова истражување претставува продолжение и надградување на неколку претходно изведени на Градежниот факултет при УКИМ во Скопје во истото научно подрачје. Со тоа, расположливата база релевантни податоци станува респектабилна и податна за изведување и на погенерализирани заклучоци со што е направен сериозен квалитативен научноистражувачки исчекор и отворен е предизвик за понатамошни истражувања во областа.

Имајќи го сето ова предвид може да се заклучи дека докторската дисертација претставува оригинален и успешно изработен труд со значителен научен придонес.

Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет при УКИМ во Скопје да ја прифати позитивната оцена за поднесената докторска дисертација под наслов **Однесувањето на микроармирани бетонски елементи под дејство на постојани и повторувани променливи товари**, изработена од м-р Дарко Наков, дипл.град.инж. и да определи датум за јавна одбрана.

Рецензенти

Проф. д-р Горан Марковски, с.р.

Проф. д-р Питер Марк, с.р.

Проф. д-р Санде Атанасовски, с.р.

Проф. д-р Зоран Десовски, с.р.

Проф. д-р Тодор Бараков, с.р.

**Review**
**on the PhD-Thesis**

# "Time-dependent behavior of SFRC elements under sustained and repeated variable loads"

**By Darko Nakov, M. Sc.**

**University "Ss. Cyril and Methodius University"**
**Faculty of Civil Engineering, Skopje, Macedonia**

## Scope and Contents

The thesis deals with reinforced concrete beams strengthened with additional steel fibres under variable or sustained loadings. It follows a long tradition at the Institute of the first advisor Prof. Markovski at the Faculty of Civil Engineering, Skopje on specific loading types that vary over a day, but still induce a long term creep effect to concrete. Typical practical examples are live loads in park garages with daily use (loading) and nightly vacancy (no loading).

The thesis is subdivided into parts of theoretical investigations with analytical modellings of creeping, the long term behavior of fibre strengthening and the generalisations of adopted creep coefficients ($\psi_2$) as well as experiments on 24 single-span normal strength concrete beams in four-point-bending. The beams are reinforced with

a) plane bar reinforcement
b) a moderate additional fibre volume of 30kg/m$^3$
c) a pronounced additional fibre dosage of 60kg/m$^3$

The loading types of the experiments vary from short term loadings with or without prior ageing, constant long term loadings to variable long term loading. The experimental results on cracking, long term behaviours of shrinkage and creeping as well as internal and external displacements are analysed, compared to analytical approaches like the B3- or updated B3-modell for creeping of Bazant and generalized for first extrapolations to other material parameters, loadings and fibre dosages.

## Innovations

Long term loadings on fibre reinforced concrete elements like beams or slabs are internationally under high research consideration, as only a few research projects study such effects till now.

Moreover, variable loading types are usually idealized in practical applications by a corresponding sustained load. The idealisations usually base on pure assumptions that a specific fraction of the variable part acts like a sustained loading effect. However, fundamental experimental data can hardly be found in most situations, so assumptions of creep effects might be conservative but uneconomic or even unsafe, as they then underestimate deflections, stress redistributions or amplifications of cracking.

So the main innovative findings of Mr. Nakov's work are:

- fundamental experimental analysis of creep effects in RC elements with steel fibre additions under long term and variable loading situations, so showing the rather reduced ongoing fibre pull-out with time
- analytical modeling of different long term loading scenarios with simplified creep coefficients for practical applications. This includes alternate loads with recurrence periods of 12, 24 or 48 hours and different sustained loading scenarios
- first analytical generalisations of the results for different material, loading and geometric situations.

**Summary and Conclusions**

Mr. Darko Nakov treats the behavior of SFRC beams with additional bar reinforcements under creep inducing loading types like sustained or variable loadings.

The thesis contains a major experimental part with 24 beam tests as well as theoretical investigations and an analytical modeling of the long term behavior of anchored steel fibres in normal strength concrete under bending. The modeling is finally elaborated to obtain effective creep coefficients $\psi_2$ for practical engineering purposes that idealise variable loadings to corresponding sustained ones with a comparable creeping.

The thesis is well structured, suitably illustrated by several pictures, diagrams and tables and contains well written English. The referencing by literature data should be more pronounced. A number of 33 individual citations is rather limited and should be revised for the final printed version. The thesis incorporates a very appropriate format for Structural Engineering works, as it contains both, namely the basic experimental and theoretical investigations as well as their analysis and idealization for practical applications. However, generalisations are only treated in first aspects.

In conclusion Mr. Darko Nakov has developed a remarkable contribution to research SFRC beams under long term effects. With the thesis submitted he has demonstrated his scientific competence to perform independent research.

To the Academic Council of the Civil Engineering Faculty of Ss. Cyril and Methodius University, Skopje I recommend to accept the thesis as a doctoral dissertation and to continue the examination procedure with the public defence.

Bochum, Germany, 5th May 2014.

Prof. Dr.-Ing. Habil. Peter Mark, s.r.

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР**
НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

На својата седница одржана на 15.4.2014, Наставно-научниот совет на Институтот за социолошки и поличко-правни истражувања, по објавениот конкурс за избор во сите научнонаставни звања за вонреден професор во наставно-научната област социјална антропологија, за определоно време од пет години, објавен во дневните весници: „Нова Македонија“ и „Лајме“ на 19.3.2014, формираше Комисија за избор во наставно-научни звања во областа социјална антропологија. На јавниот конкурс, единствен пријавен беше кандидатот д-р Горан Јанев. По прегледаната документација, Комисијата во состав: проф. д-р Емилија Симоска, проф. д-р Петар Атанасов и вонр.проф. д-р Ганка Цветанова го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Биографски податоци

Горан Јанев кој е роден во Скопје на 18/5.1969, дипломирал на Катедрата за етнологија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј” во Скопје во 1994 година. Во 1998 година магистрирал социологија на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје каде што е вработен како помлад асистент од декември 1995 година. Во тој период е вклучен во низа истражувачки проекти, а остварува и неколку студиски престои во странство, како Летната школа на Меѓународниот институт за човекови права во Стразбург во 1996 со стипендија на Европскиот совет, и Летната школа на универзитетот „Оксфорд“ и универзитетот „Џорџ Вашингтон“ на тема меѓународно право и малцински права во 1997, со стипендија на „Фондацијата отворено општество- Македонија“. Во учебната 1998/99 е визитинг студент на Универзитетот „Оксфорд“ како добитник на Open Society Institute/Foreign and Commonwealth Office Chevening Scholarship за од наредната година да ги започне докторските студии на Институтот за социјална и културна антропологија при овој Универзитет. За време на студиите добива низа стипендии, и тоа од: British Council Macedonia; Open Society Institute New York, Global Support Scheme; British National Council for Education, Overseas Research Support; Open Society Institute Prague, Research Support Program; Oxford University Support Scheme. Во 2003/04 е избран за наставник - соработник по македонски студии на Школата за словенски и источно европски студии при Универзитетот Колеџ во Лондон со стипендија на Foreign and Commonwealth Office/Chevening Scholarship. Во 2006 година ја одбранил докторската теза и се стекнал со титулата доктор по социјална антропологија на Оксфордскиот Универзитет. Од 2006/07 се вклучува и во

наставната работа при ИСППИ. Во 2008 е избран како еден од првите постдокторски соработници на новоформираниот Макс Планк институт за истражување на религиски и етнички различности во Гетинген, Германија. Постдокторскиот престој од две години му е продолжен со уште една дополнителна година и заврши во јуни 2010. Во текот на својата кариера има учествувано на триесетина меѓународни конференции и има организирано повеќе меѓународни работилници при струковите конференции и одделно на темите од неговото поле на интерес кои ја опфаќаат политичката антропологија и посебно меѓуетничките односи и просторната и урбана антропологија во која специјализира во последниот период. Неговите истражувања, покрај индивидуалните антрополошки студии, често се и од интердисциплинарен карактер во соработка со тимот истражувачи при ИСППИ и особено оние организирани и спроведени од Центарот за етнички односи при институтот. По враќањето од постдокторските студии, Горан Јанев е вклучен во речиси сите Студиска програмаи на вториот циклус студии при ИСППИ и придонесува со развивање на нови предмети кои за првпат се воведуваат во нашата академска средина. Во приложениот образец се наведени попрецизно сите негови активности во научно истражувачката и научнообразовната дејност, како и неговите објавени трудови во изминатите пет години. Во прилог е дадена и оценката од самоевалуацијата спроведена во ИСППИ, според која неговата просечна оценка е 8,6 од максимум можни 10.

# ОБРАЗЕЦ
# ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАУЧНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Горан Јанев
**Институција:** Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје
**Наставно-научна област:** социјална антропологија

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Реден број | Назив на активноста | поени |
|---|---|---|
| 1 | **Предавања** (часови во семестар x 0,05)<br>Глобализација и комуникација 2011/12<br>Глобализација и комуникација 2012/13<br>(20 x 0,05) + (20 x 0,05) = 1 + 1 = 2 | 2 |
| 2 | **Настава во школи и работилници** (1 поен)<br>Април, 2013 - "Мултикултурализмот и идентитеските политики", семинар на Школата за јавни политики „Мајка Терез" Охрид, предавач | 1 |
| 3 | **Подготовка на нов предмет** (предавања 1; вежби 0,5)<br><u>Студиска програма - Развојни студии</u><br>1. Социјална антропологија (3+2)<br>2. Социјална антропологија (4+1)<br><u>Студиска програма - Политички науки и човекови права</u><br>3. Политичка антропологија (3+2)<br>4. Политичка антропологија (4+1)<br><u>Студиска програма - Социологија – менаџмент на општествени промени</u><br>5. Глобализација на култура (3+2)<br>6. Глобализација на култура (4+1)<br>7. Социологија на масовни комуникации (3+2)<br>8. Социјална антропологија (3+2)<br><u>Студиска програма - Нови медиуми и социјални мрежи</u><br>9. Културата во новиот милениум (3+2)<br>10. Културата во новиот милениум (4+1)<br><u>Студиска програма - Културата во ерата на кибернетиката</u><br>11. Култура, Град и Општество (3+2)<br>12. Култура, Град и Општество (4+1)<br>(12 x 1) + (12 x 0,5) = 12 + 6 = 18 | 18 |
| 4 | **Член на комисија за докторска дисертација** (0,5 поени)<br>1 x 0,5 = 0,5 | 0,5 |
| 5 | **Член на комисија за магистерска теза** (0,3 поени)<br>5 x 0,3 = 1,5 | 1,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 6 | **Пакет материјали за одреден предмет** (1 поен)<br><u>Студиска програма - Развојни студии</u><br>1. Социјална антропологија<br><u>Студиска програма - Политички науки и човекови права</u><br>2. Политичка антропологија<br><u>Студиска програма - Социологија – менаџмент на општествени промени</u><br>3. Глобализација на култура<br>4. Социологија на масовни комуникации<br>5. Социјална антропологија<br><u>Студиска програма - Комуникации</u><br>6. Глобализација и комуникација<br><u>Студиска програма - Нови медиуми и социјални мрежи</u><br>7. Културата во новиот милениум<br><u>Студиска програма - Културата во ерата на кибернетиката</u><br>8. Култура, град и општество<br>8 x 1 = 8 | 8 |
| | **Вкупно поени** | **31** |

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Реден број** | **Назив на активноста** | **поени** |
|---|---|---|
| 1 | **Ментор на магистерска** (1 поен)<br>1 x 1 = 1 | 1 |
| 2 | **Раководител на меѓународен научен проект** (9 поени)<br>“Manipulating diversity in Southeast Europe”, изготвен и изработен со поддршка на Макс Планк институтот за проучување на етничките и религиозните различности - Готинген, Германија (2008 – 2011) | 9 |
| 3 | **Национален координатор на меѓународен научен проект** (6 поени)<br>Urban Cooks – Bottom Up urban planning поддржан од Европската извршна агенција за образование, аудиовизуелно и култура; главен носител на проектот е Асоцијацијата Басурама – Мадрид, Шпанија | 6 |
| 4 | **Учесник во национален научен проект** (3 поени)<br>2013/14, Реални и виртуелни идентитети, член на истражувачкиот тим на ИСППИ, проектот е финансиран од УКИМ | 3 |
| 5 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно, научно/популарно списание со меѓународен уредувачки одбор**<br>(3 поени)<br>1. *What Happened to the Macedonian Salad:* | |

| | | |
|---|---|---|
| | *ethnocracy in Macedonia",* special issue *South-East European (Post)Modernities*, Ethnologia Balkanica, Vol.15, pp 33-44<br>2. *Narrating the Nation, Narrating the City,* Cultural Analysis, Vol. 10 pp 3-22, 2011<br>3. *Ethnocratic Remaking of the Public Space: Skopje 2014,* European Federation for Landscape Architecture Journal, Vol. 1 pp 33-36, 2011<br>4. *Premature multiculturalism: Ethnic Pluralism in the Macedonian Liberation movement,* "Macedonian Identity Throughout History: Materials from the international scientific conference", Institute of National History, Skopje, pp 149-160, 2010<br>5. *Historical lessons of Macedonian Multiculturalism*, WP 09-02, working paper series of the Max Planck Institute for Study of Ethnic and Religious Diversity, Göttingen, Germany, 2009<br>5 x 3 = 15 | 15 |
| 6 | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество** (2 поена)<br>2013<br>1. May - "Re-inventing Heritage in the Balkans" History and Anthropology workshop, organized by Ecole Francaise d'Athenes and the British School at Athens, presenter<br>2. April - "Multiculturalism and Identity Politics", seminar of the School of Public Policy 'Mother Teresa', Ohrid, lecturer<br>2012<br>3. Feb. - "Post-socialist bazaars: Markets and Diversities in ex-COMECON countries", Max Planck Institute for the Study of Religious and Ethnic Diversity, Gottingen, Germany, presenter<br>4. May -"Protests and Public Space" annual conference of public space working group, Graduate Centre, CUNY, NY, USA, presenter<br>5. - "The national in the age of popular reproduction" conference organized by the Research Centre for Social Studies, the University of Sofia, Bulgaria, presenter<br>6. July - "Reducing Complexity: transformation of capital cities", workshop at 12th European Association of Social Anthropology Biennial Conference, Nanterre University, Paris, France, co-convenor<br>2011<br>7. Sept. - "Twenty Years of Macedonian Independence: economic, political, and policy developments", FON University, Centre for Research and Policy Making, Skopje, | |

| | | |
|---|---|---|
| | presenter<br>8. May - "Urban Conflicts: Ethno-national divisions, states and cities", Queens University, Belfast, UK, presenter<br>9. - "Public Spaces", City University New York, NY, USA, presenter<br>10. April - 6th Conference of the International Association for the Southeast European Anthropology, "Southeast European (Post) Modernities" Regensburg, Germany, presenter<br>11. - 10th congress of the Society for Ethnology and Folklore "People make places: ways of feeling the world" Lisbon, Portugal, presenter<br>12. - "Les operateurs de l'imaginaire urbain" Universite Jean Monnet de Saint-Etiene, presenter<br>2010<br>13. Nov. - "Beyond Essentialisms: Challenges of Anthropology in the 21st Century", Department of Cultural Anthropology, Ljubljana, Slovenia, presenter<br>14. August - 11th European Association of Social Anthropology Biennial Conference, "Crisis and Imagination", Maynooth, Ireland, presenter<br>2009<br>15. Dec. - "Negotiating Diversity in the Balkans: Past, Present and Future Perspectives", workshop at the Max Planck Institute for Study of Ethnic and Religious Diversity, Göttingen, Germany<br>16. Oct. - "Conceptualising and researching diversity" workshop at 'Kulturelle Aneignungen: Anpassung – Anwverwandlung – Camouflage' Tagung der Deutschen Gesellschaft fur Voelkerkunde, Frankfurt am Main, co-convener; presenter<br>16 x 2 = 32 | 32 |
| 7 | **Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет** (3 поени)<br>Sommerschule "Mazedonien – Lauter Fragen" Ludwig-Maximilians-Universitat, Munchen, Universitat Regensburg, 7-9 Okt. 2013, предавач и организатор на теренско истражување на постдипломците од Студиите за Источна Европа при двата универзитета | 3 |
| 8 | **Апстракти објавени во зборник на конференција** (меѓународна - 1 поен)<br>2012<br>1. - "Reducing Complexity: transformation of capital cities", workshop at 12th European Association of Social Anthropology Biennial Conference, Nanterre University, Paris, France, co-convenor<br>2011<br>2. Sept. - "Twenty Years of Macedonian Independence: economic, political, and policy developments", FON | |

| | | |
|---|---|---|
| | University, Centre for Research and Policy Making, Skopje, presenter<br>3. May - “Urban Conflicts: Ethno-national divisions, states and cities”, Queens University, Belfast, UK, presenter<br>4. April - 6th Conference of the International Association for the Southeast European Anthropology, “Southeast European (Post) Modernities” Regensburg, Germany, presenter<br>5. - 10th congress of the Society for Ethnology and Folklore “People make places: ways of feeling the world” Lisbon, Portugal, presenter<br>2010<br>6. Nov. - “Beyond Essentialisms: Challenges of Anthropology in the 21st Century”, Department of Cultural Anthropology, Ljubljana, Slovenia, presenter<br>7. August - 11th European Association of Social Anthropology Biennial Conference, “Crisis and Imagination”, Maynooth, Ireland, presenter<br>2009<br>8. Oct. - “Conceptualising and researching diversity” workshop at ‘Kulturelle Aneignungen: Anpassung – Anwverwandlung – Camouflage’ Tagung der Deutschen Gesellschaft fur Voelkerkunde, Frankfurt am Main, co-convener; presenter<br>8 x 1 = 8 | 8 |
| | **Вкупно поени** | 77 |

**СТРУЧНО- АПЛИКАТИВНИ ДЕЈНОСТИ**

| Реден број | Назив на активноста | поени |
|---|---|---|
| 1 | **Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри** *0,5*<br>*Надминување на етничкиот дискурс во Република Македонија*, работилница организирана од Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, Битола, мај 2013, предавач<br>*Сеќавање на еден град: Микроутопии и стварности*, регионална конференција организирана од Здружението за култура и уметност, Факултет за работи што не се учат, Скопје, ноември 2013<br>2 x 0,5 = 1 | 1 |
| | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | |
| 1 | **Уредник на меѓународно научно/стручно списание** *3* | |

| | | |
|---|---|---|
| | Assistant editor of *Urbanities – the journal of the IUAES commission on Urban Anthropology* from 2011 to 2012 | 3 |
| 2 | **Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** *2*<br>"Negotiating Diversity in the Balkans: Past, Present and Future Perspectives", workshop at the Max Planck Institute for Study of Ethnic and Religious Diversity, Gцttingen, Germany, December, 2009 | 2 |
| 3 | **Студиски престој во странство** *2*<br>- Post-doctoral Fellow at the Max Planck Institute for Study of Ethnic and Religious Diversity, Gцttingen, Germany 2008-2011 | 2 |
| 4 | **Членство во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност** (2 поени)<br>Cost Action TU 1306 *Fostering knowledge about the relationship between Information and Communication Technologies and Public Spaces supported by strategies to improve their use and attractiveness (CYBERPARKS)*, 2014-16 | 2 |
| 5 | **Изготвување и пријавување на научен/образовен проект**<br>**- н**осител (2 поена)<br>1. *Redefining nationhood in Macedonia, Serbia and Kosovo*, Regional Research Promotion Programme – Western Balkans, Universite de Fribourg, Swiss Agency for Development and Cooperation<br>2. *Contesting hybrid political systems: clientelism, nepotism, and politicization in Macedonia, Serbia and Kosovo*, Regional Research Promotion Programme – Western Balkans, Universite de Fribourg, Swiss Agency for Development and Cooperation<br>2 x 2 = 4 | 4 |
| | **Вкупно поени** | **14** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **31** |
| **НАУЧНО- ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 77 |
| **СТРУЧНО- АПЛИКАТИВНИ ДЕЈНОСТИ** | **14** |
| **Вкупно поени** | **122** |

**Членови на комисијата**

1. Проф.д-р Емилија Симоска, претседател с. р.
2. Проф.д-р Петар Атанасов, член с. р.
3. Вонр.проф.д-р Ганка Цветанова, член с. р.

**ЗАКЛУЧОК**

По разгледувањето на приложената документација, Комисијата заклучи дека треба да го препорача кандидатот д-р Горан Јанев на Научниот совет при ИСППИ за избор во звањето вонреден професор по социјална антропологија затоа што тој целосно ги исполнува условите предвидени во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Д-р Горан Јанев е постојано вклучен во сите активности на ИСППИ и со својот континуиран ангажман за вклучување на матичната куќа во меѓународни проекти и соработка континуирано ја потврдува својата несомнена определба за постојано стручно унапредување.

**Рецензентска комисија:**

1. Проф. д-р Емилија Симоска с. р.
2. Проф. д-р Петар Атанасов с. р.
3. Вонр. проф. д-р Ганка Цветанова с. р.

# **Р Е Ц Е Н З И Ј А**

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПАРТИЦИПАТИВНИОТ КОНЦЕПТ КАКО ИНКЛУЗИВНА РАМКА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ПРОМЕНИ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, изработена од М-Р АНДРИАНА СКЕРЛЕВ –ЧАКАР
ПРИЈАВЕНА НА ИСППИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатот м-р Адриана Скерлев –Чакар со наслов *Партиципативниот концепт како инклузивна рамка за имплементација на организациските промени во јавната администрација во Република Македонија*, Научниот совет на ИСППИ, на својата седница одржана на 15.4.2014 година, донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација во состав:

1. проф. д-р Мирјана Борота Поповска
2. проф. д-р Јорде Јакимовски
3. проф. д-р Петар Атанасов
4. проф. д-р Радмил Поленаковиќ
5. доц. д-р Марија Топузовска Латковиќ

Членовите на Комисијата со посебно внимание ја прочитаа и ја проучија поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата, до Научниот совет на ИСППИ го доставуваат следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### **1. Општи согледувања**

Докторската дисертација од кандидатката м-р Адриана Скерлев -Чакар со наслов *Партиципативниот концепт како инклузивна рамка за имплементација на организациските промени во јавната администрација во Република Македонија*, укажува на нагласената потреба во Република Македонија да се антиципираат улогата и значењето на партиципативниот концепт на менаџмент, бидејќи самиот по себе е клучен фактор за успешноста на имплементирањето на организациските промени. Планирањето и управувањето со организациските промени во организациите во кои се остварува дејност од јавен интерес, практикување на организациска политика која ќе ги охрабрува вработените во јавниот сектор да партиципираат во организациските промени, односно децентрализација во одлучувањето за одредени прашања при имплементирање на организациските промени и практикување на стил на менаџирање најнапред од страна на топ-менаџментот, понатаму и на средното ниво на менаџери, кој ќе поддржува вклучување на вработените во сите фази на организациските промени, може да биде алатка за зголемување на

иницијативноста кај вработените. Како резултат се очекува подобрување на процесите и функциите  кои ќе резултираат во високи остварувања и ниски тошоци. Ваквиот пристап овозможува да се ефектуира основната функција на јавната администрација или она за што всушност таа постои: „јавната администрација да се темели на три фундаментални вредности: демократија, ефикасност и владеење на правото, додека, пак, целите кои таа треба да ги постигне се: отвореност и транспарентност, сервис и квалитет, стручност и етичност."

Предметот на ова истражување произлегува од потребата за примена на нови методи во менаџирањето со организациите на јавната администрација преку модификација на начинот на кој се организира нивната работа, начинот на кој се донесуваат одлуки во рамките на овие органи, начинот на мотивација на јавните службеници, така што не станува збор само за примена на одредени методи и знаења во работата, туку и за аспектот на законското регулирање на нивниот статус. Оваа докторска дисертација е посветена на дизајнирањето соодветен модел на партиципативен концепт, кој ќе придонесе за успешно имплементирање на организациските промени во јавната администрација како предуслов за поголема ефикасност и отчетност на јавната администрација, со што може да се унапреди професионалноста и експертското знаење и отчетноста на вработените во јавната администрација во Република Македонија.

Голем број релевантни студии, спроведени во развиените земји, потврдуваат дека ваквиот пристап кон унапредувањето на професионализацијата на јавната администрација  и инвестирањето во унапредувањето на нивната компетентност е поврзано со супериорни организациски перформанси. Во македонски контекст, оваа проблематика е недоволно истражувана и со овој труд се прави придонес во разбирањето на релациите меѓу менаџирањето на организациите во јавната администрација и имплементирањето на организациските промени.

Детектиран е основниот  недостаток, а тоа  е непостоење (или немање) функционален систем за инклузија на вработените за спроведување на промените дури и во услови кога организацијата има развиени и дефинирани конкурентни стратегии.

Способноста да се одговори на предизвиците на новото време и новиот стил на работење во јавната администрација лежи во градење на модел  кој би можел да прерасне на ниво на национален стандард.

Врз основа на опсежен преглед на литературата и истражувањата во рамките на теоријата на организациските науки, а специфично од областа на јавната администрација, развиена е концептуална рамка во која се утврдува нивото  на инклузија и партиципација за имплементирање на организациските промени во јавната администрација, со посебен акцент на улогите и активностите на  трите нивоа  на менаџмент (топ, оперативните и линиските менаџери).

Тестирањето на хипотезите е извршено преку квантитативен метод и статистичка анализа на податоци добиени од прашалници дистрибуирани до 400 испитаници. Дизајнот на истражувањето и креирањето на инструментите се надоврзува на претходни емпириски истражувања и веќе развиени инструменти од страна на најзначајните истражувачи во соодветната теорија.

## 2. Придонес на докторската дисертација

Докторската дисертација од  м-р Адриана Скерлев –Чакар со наслов *Партиципативниот концепт како инклузивна рамка за имплементација на организациските промени во јавната администрација во Република Македонија*, преку систем на рационални, функционални, логички, епистемолошки и технички компоненти, ги верификува, ги проверува, ги проширува и ги продлабочува постојните и стекнува нови научни сознанија во оваа област.

Со ова истражување се дефинира партиципативниот модел за имплементирање на организациските промени во јавната администрација. Истражувањето на кандидатката укажува на фактот дека  дека не постои еден единствен правилен приод за имплементирање на партиципативниот концепт во организациите каде што работи јавната администрација. Приодот кој ќе биде избран, треба да биде детерминиран од голем број на ситуации и фактори. Резултатите од ова истражување ја потврдија важноста на децентрализацијата и отчетноста како фокус за модернизација на јавната администрација, меѓутоа и фактот дека контекстот е важен, односно дека различни историски традиции, култури и системи на човечки ресурси имаат значително влијание на патиштата на модернизацијата и на степенот на децентрализација, односно ова значи дека она што се покажало како успешна практика во еден систем, не мора да значи дека еднакво успешно ќе функционира во друг систем со поинакви историски традиции. Исто така, ова истражување го потврди фактот дека степенот на децентрализацијата на човечките ресурси не е поврзан со големината на државата, туку е силно поврзан со системот на човечки ресурси и административната традиција и култура, и дека нема единствен тренд во насока на децентрализација на човечките ресурси.  Меѓутоа, децентрализацијата е секогаш поврзана со концептите за партиципација во носењето на одлуки. Потребата за одредена децентрализација, од аспект на предметот на интересирање на оваа докторска дисертација, подразбира востановување на такви системи во организациите во кои работи јавната администрација во Република Македонија, каде што ќе мора да се изменат правците на комуникација, односно постојано да се одржува комуникација која треба да овозможи двонасочност “од горе-надолу”, кон комуникација “од долу-нагоре”, кој како начин на комуникација го предлага и теоријата на Конер за управување со промени (Conner, 1998). При аплицирањето на партиципативниот концепт во организациите во кои работи јавната администрација во Република Македонија, треба да се земат в предвид и преземените мерки низ реформските процеси кои треба да придонесат за разој на новиот начин на управување со јавниот сектор, т.н нов јавен менаџмент, кој се карактеризира со усвојување стилови и концепти на пазарното работење и управување од приватниот сектор.

Исто така, потребна е промена и на стилот на лидерство, со оглед на тоа дека лидерите можат да го приспособат својот стил на лидерство кон параметрите на нивните подредени (Wood, 1994), со цел да биде имплементиран партиципативен стил на менаџирање, кој поддржува партиципативна околина која им овозможива на вработените во јавната администрација, слободно да партиципираат во организациските промени уште од самиот почеток, односно од

разговорите за нивна потреба и начинот на кои тие ќе се спроведат во организацијата, па сé до самата имплементација на организациските промени. Истражувањето спроведено за потребите на оваа докторска дисертација покажа дека сите вработени во јавната администрација се подготвени да партиципираат во носењето на одлуките.

Затоа, врз основа на наодите до кои дојде авторот на оваа докторска дисертација, а кои беа добиени врз основа на спроведеното истражување, при што беа издвоени факторите кои го продуцираат движењето од отпор кон прифаќање на иницијативата за промени во организациите во кои работи јавната администрација во Република Македонија, по што беа соодветно распоредени согласно теоретските претпоставки идентификувани во трите чекори за имплементирање на организациските промени на Левин (одмрзнување, движење и замрзнување), меѓутоа приспособен на македонската реалност и на функциите кои треба да ги остварува јавната администрација во македонското општество, како и целите кои треба да ги исполни за успешно да се соочи со предизвиците кои ги наметнуваат европските интегративни процеси, беше дизајниран ***Партиципативниот концепт за имплементација на организациските промени во јавната администрација во Република Македонија,*** кој дава реални претпоставки дека доколку биде применет во организациите во кои работи јавната администрација, ќе придонесе за исполнување на сите претходно наведени цели.

Овој труд означува чекор натаму и отвора простор за започнување нови процеси за понатамошна трансформација на јавната администрација.

## 3. Содржина на дисертацијата

Содржината на оваа докторска дисертација е организирана во четири засебни целини – глави, пред кои има воведен дел. *Глава 1,* ја претставува теориската рамка на истражувањето со шест тематски целини (1 – 6 поглавје). *Глава 2,* се однесува на конкретното истражување и во неа се поместени пет тематски поглавја (7 – 11 поглавје), заклучок (12-то поглавје) и предлог за понатамошни истражувања (13-то поглавје). Во *Глава 3* (14-то поглавје) е поместена литературата која беше користена за истражувањето и во *Глава 4* (15-то поглавје) е даден детален приказ на сите анекси.

Во ***воведниот дел*** е дадено кратко објаснување на поимот - јавна администрација, опфатот на јавната администрација во светската литература и конкретно во Република Македонија, како и причината за промената на односот на јавниот менаџмент како кон граѓаните, така и кон сите оние кои ги тангира работата на јавната администрација.

Во **првата глава** (1 – 6 поглавје) од докторската дисертација беше даден детален приказ на теориската рамка на истражувањето.

Во ***првото поглавје*** од теориската рамка на истражувањето е прикажан детален историски преглед на јавната администрација. Прикажан е развојот на органите на јавната администрација и објаснети се поимите и моделите на јавна администрација во светската литература, односно моделот на администрација како државна администрација, моделот на администрација како јавна служба

(„service public“) и моделот на администрација. Објаснети се предизвиците на современиот јавен менаџмент, за конкретно да биде прикажана правната регулатива за јавната администрација во Република Македонија и причините за потребата од имплементација на организациски промени во јавната администрација. Во ***второто поглавје*** се презентирани концептите за организациски промени кои водат од постојна до нова состојба. При тоа беше детално објаснет концептот за процесот на организациски промени на Курт Левин (Kurt Lewin), концептите за организациски промени преку вклучување на вработените и патриципација, концептите за вклучување на Едвад Лауер (Edward E. Lawler III), и тоа: вклучување со паралелни предлози, работно вклучување и високо вклучување, како и неколку други концепти за вклучување на автори, поименично наведени во текстот на ова поглавје. Посебно внимание беше посветенио на концептите за партиципација, при што подетално беше објаснет концептот за справување со промените кој вклучува партиципација на Џон Котер (Johan P.Kotter) и Леонард Шлезингер (Leonard Schlesinger). Воедно, по извршениот преглед на литературата, објаснети се поимот, потребата и значењето на организациските промени.

Во наредните три поглавја се објаснети поимите кои ги претставуваат независните варијабли во ова истражување, односно организациската клима, организациската посветеност, организациската политика (централизација и децентрализација), поимите и стиловите на лидерство и менаџирање, како и влијанието на перцепцијата на вработените за стилот на менаџирање.

Со оглед на тоа што во оваа докторска дисертација беше истражувано влијанието на организациската клима како фактор кој се претпоставуваше дека има одредено влијание врз прифаќањето на организациските промени, во ***третото поглавје*** беше даден краток осврт на поимот организациска клима во светската научна лтература.

Во ***четвртото поглавје*** беше објаснет поимот организациска посветеност, со оглед на тоа дека прегледувањето на научната литература за организациската посветеност, упати на големата важноста која ја има посветеноста врз организациските промени, за прифаќање, односно неприфаќање на организациските промени од страна на вработените.

***Петтото поглавје*** се фокусираше на организациската политика (централизација и децентрализација) со оглед на тоа дека кога се зборува за процесите на имплементирање на организациските промени во контекст на партиципацијата на вработените и стиловите на менаџирање, важно е да се објаснат и поимите, централизацијата и децентрализацијата во процесот на носење на одлуки, од причина што децентрализацијата е секогаш поврзана со концептите за партиципација во носењето на одлуки.

Со оглед на тоа што стиловите на менаџирање играат важна улога во имплементирањето на организациските промени и справувањето на отпорот со нив, во ***шестото поглавје*** беа објаснети поимот на лидерство и беа презентирани стиловите на менаџирање. При тоа, беше претставена класификација на стиловите на менаџирање според моќта и однесувањето на лидерите како автократски, демократски и неавторитарниот т.н. “лесе фер”, при што беше истакнато дека стиловите се разликуваат по влијанието кое лидерите го имаат врз подредените.

Во **втората глава** (7. – 11. поглавје) на докторската дисертација беше претставен методолошкиот дел на истражувањето.

Во ***седмото поглавје*** беше дефинирано истражувањето, на начин што детално беше разработена областа на истражувањето, проблемската рамка, предметот на истражувањето, целите на истражувањето, очекуваните резултати од истражувањето и корисниците на резултатите од истражувањето.

Во ***осмото поглавје*** беше претставен примерокот на испитаници и постапката на истражувањето, детално беше објаснет начинот на кој е дизајниран примерокот, рамката на избор, самиот избор на примерокот, претставена беше оценката на големината на примерокот, графички беа претставени општите податоци за структурата на примерокот и детално беа објаснети истражувачки инструменти: скалирање и инструментот скала на ставови, како и сфтверскиот пакет за обработка на податоците. Воедно, беа објаснети и основните поими кои беа користени во истражувањето: општа дистрибуција или дистрибуција наферекевенции, Хи-квадрат ($\chi 2$) – тестот, факторската анализа и корелацијата.

Во ***деветтото поглавје*** беше претставена хипотетската рамка. При тоа, беше објаснета основата на истражувањето, односно претпоставката за можната корелација помеѓу *независните варијабили,* определени како организациска клима, организациска политика и перцепција на вработените за стилот на менаџирање и *зависната варијабла,* определена како прифаќање на имплементацијата на организациските промени во јавната администрација, при што според поставените цели на истражувањето, се испитуваа (13) тринаесет хипотези. Во ова поглавје беше претставен и графички приказ на хипотетска рамка.

Анализата на добиените резултати од истражувањето беше претставена во ***десеттото поглавје.*** Најпрво, беше претставена анализата на актуелна состојба во јавната администрација во Република Македонија од аспект на избор на соодветен концепт за имплементирање на организациските промени, потоа беше претставена актуелната состојба во јавната администрација во Република Македонија од аспект на избор на соодветен концепт за вклучување на вработените при имплементирање на организациските промени, по што следеа анализата и интерпретација на резултатите од истражувањето. При анализата и интерпретацијата на резултатите од истражувањето, текстуално и графички беа презентирани резултатите од истражувањето, и тоа во три чекори. Во првиот чекор беа претставени резултатите од тестирањето на хипотезите со Хи-квадрат ($\chi 2$) тестот, беше даден приказ на резултатите од Пирсоновиот Хи-квадрат ($\chi 2$) за дистрибуцијата на податоците во групираните променливи и беше даден приказ на резултатите од Пирсоновиот Хи-квадрат ($\chi 2$) тест за врската помеѓу независните варијабли и зависната варијабла. Потоа, следеше докажувањето на хипотезите во вториот чекор - факторска анализа на факторите кои го продуцираат движењето од отпор кон прифаќање на иницијативата за промени во јавната администрација, по што следеше претставување на резултатите од третиот чекор - корелационата анализа на факторите кои го продуцираат движењето од отпор кон прифаќање на иницијативата за промени во јавната администрација.

Во ***единаесеттото поглавје*** е објаснета постапката на дизајнирање на партиципативниот концепт за имплементирање на организациските промени во јавната администрација во Република Македонија, при што врз основа на

резултатите од истражувањето, а имајќи го предвид теоретскиот пристап на Курт Левин (Kurt Lewin) за процесот на организациски промени во три чекори (одмрзнување, движење и замрзнување), беше дизајниран предлог – партиципативен концепт за имплементација на организациските промени во јавната администрација во Република Македонија, кој се состои во осум фази, распоредени во трите чекори: одмрзнување, движење и замрзнување. Во ова поглавје беше претставена мапа на партиципативниот концепт.

***Дванаесеттото поглавје*** е насловено: *"Заклучок"*, и тука се објаснува зошто токму организациската клима, организациската политика и перцепцијата на вработените за стилот на менаџирање влијаат на имплементирањето на организациските промени и како тие се инкорпорирани при дизајнирањето на партиципативниот концепт. Воедно, еден дел од оваа глава беше посветен за апликативноста на концептот во јавната администрација во Република Македонија и очекувањата на авторот на докторската дисертација во врска со тоа.

Во ***тринаесеттото поглавје*** е даден предлог за понатамошни истражувања, односно се посочуваат можните идни правци на истражување.

Во **третата глава** од докторската дисертација, во ***четринаесеттото поглавје***, е поместена литературата која беше користена за истражувањето, додека во **четвртата глава *во петнаесетото поглавје*** се претставени шесте анекси, и тоа: Анкетниот прашалник, Вредностите на теориските фреквенции за сите фактори (варијабли) пресметани со примена на Пирсоновиот Хи-квадрат ($\chi 2$) тест, Корелациона матрица-Пирсонов коефициент на корелација на истражувачките варијабли, Дескриптивната статистика, Резултатите од Хи-квадрат ($\chi 2$) тестот, Фреквенциите на ставовите на испитаниците содржани во прашалникот, Резултатите на прашањата содржани во прашалникот и Корелационата анализа.

## 4. Оцена и предлог

Имајќи ги предвид претходните согледувања, Комисијата е на мислење дека кандидатката м-р Адриана Скерлев –Чакар, фокусирајќи го својот истражувачки интерес на една така суптилна и комплексна проблематика како што е *Партиципативниот концепт како инклузивна рамка за имплементација на организациските промени во јавната администрација во Република Македонија*, дава сериозен и значаен научен придонес во областа на организациските науки - менаџментот. Трудот претставува самостоен, оригинален и научно високостручен труд од мултидисциплинарен карактер, изработен е врз база на обемен научен материјал, со спроведување на комплексно истражување на терен, и има извонредно значаен придонес во областа на анализираната проблематика.

Од содржината, методологијата и начинот на изработка на дисертацијата, како и од прикажаните резултати од истражувањето, преку успешниот спој на области, се потенцира деталното познавање на предметот на истражување, студиозниот и темелен пристап и владеење со презентираната проблематика.

Докторандот добро владее со методологијата на научноистражувачката работа, како во конципирање на појдовната теориско - методолошка рамка, така и во формулирањето на добиените резултати од истражувањето, што се тремели врз

доследна примена на основните епистемолошки начела: сеопфатност, систематичност, постепеност, аналитичност, објективност, логичност и способност за воопштување.

Во елаборацијата на трудот, кандидатот, низ осмислен интерактивен пристап, користи мошне егзактен јазик и стил на изразување, продлабочена анализа на содржината на секој поим, споредување, спротивставување и корелација на сите поими, со цел да се добијат сознанија кои се систематизирани според нивното потекло, генеза и значење.

Мноштвото податоци се логички подредени, прецизно формулирани и јасно прикажани, односно се темелат врз јасна структурна операционализација на предметот на истражување. Кандидатката покажува дека е способна да го обедини теорискиот, истражувачкиот и апликативниот приод и да направи концепциски и емпириски солидно изработен самостоен труд.

Целта на истражувањето е успешно остварена преку развивање на оригинален партиципативен модел за имплементирање на промените во јавната администрација во Република Македонија.

Комисијата цени дека тоа е научен труд, кој по својот пристап, начинот на изработка и добиените резултати во секој поглед ги задоволува формалните и суштинските услови кои се потребни за една докторска дисертација и од аспект на содржина, обем и постигнато ниво на квалитет.

Имајќи го предвид изнесеното мислење и оцена на докторската дисертација, нејзината актуелност и научен пристап, Комисијата му предлага на Научниот совет на ИСППИ:

1. да го прифати извештајот со позитивна оцена за поднесената докторска дисертација со наслов *Партиципативниот концепт како инклузивна рамка за имплементација на организациските промени во јавната администрација во Република Македонија* и
2. на кандидатката м-р Адриана Скерлев –Чакар, да ѝ се дозволи јавна одбрана на докторскиот труд.

Комисија за оцена и одбрана на
докторската дисертација

1. Д-р Мирјана Борота Поповска, с.р.
2. Проф. д-р Јорде Јакимовски, с.р.
3. Проф. д-р Петар Атанасов, с.р.
4. Проф. д-р Радмил Поленаковиќ, с.р.
5. Доц. д-р Марија Топузовска Латковиќ, с.р.

# П Р Е Г Л Е Д
на теми за изработка на магистерски труд прифатени од Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје на седницата одржана на 27.03.2014 година

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Елена Бачановска | *Методологија на 6 сигма и практична примена во производствен процес*<br>6 Sigma Methodology and Practical Application in the Production Process | Проф. д-р Глигорче Вртаноски |
| Звонко Ивчески | *Развој на пазарите преку клучни вредносни индикатори на производите и задоволството на купувачите*<br>Market Development through Product Key-Value Indicators and Customer Satisfaction | Проф. д-р Глигорче Вртаноски |
| Елена Јосифоска | *Продолжување на фазата на зрелост преку електронско вклучување на клиентите во управувањето на животниот циклус на производот*<br>Maturity stage extension through electronic customer involvement in the product life cycle management | Проф. д-р Валентина Гечевска |
| Антонио Јовановски | *Анализа на можностите за употреба на алтернативни горива и технологии како придонес кон намалувањето на емисиите на штетните компоненти и зголемувањето на енергетската ефикасност*<br>Analyzing the possibilities of use of alternative fuels and technologies as contribution to reduction of pollution and increasing energy efficiency | Доц. д-р Даме Димитровски |
| Милка Петрушевска | *Емпириска анализа на влијанието врз животната средина од мотор на биогориво и други постројки со еквивалентна моќност*<br>Empirical comparative analysis of the impact to the environment from biofuel engine and other plants with equivalent power | Доц. д-р Даме Димитровски |

| | | |
|---|---|---|
| Венко Стоиловски | *Оптимирање на когенеративна постројка за снабдување со електрична и топлинска енергија на Берово со користење на јаглен од рудникот Брик*<br><br>Optimization of cogeneration power plant for electricity and heat energy supply of Berovo town using coal from BRIK coal mine | Проф. д-р Славе Арменски |
| Трајче Таневски | *Анализа на можностите за започнување на бизнис преку франшиза и културните бариери во Република Македонија*<br><br>Analysis of opportunities for starting a business through franchising and cultural barriers in Republic of Macedonia | Проф. д-р Радмил Поленаковиќ |
| Виктор Филипоски | *Системи за интегриран пристап за дизајн, анализа и конструкција на алати за вбризгување на полимери*<br><br>Integrated approach system for design, construction and analysis of injection molding tools for polymers | Проф. д-р Јасмина Чалоска |

П Р Е Г Л Е Д
на теми за изработка на магистерски труд прифатени од
Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје
на седницата одржана на 24.04.2014 година

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Горјан Зивчевски | *Методологии за проценка на ризик на работно место и критериуми за правилен избор*<br>Risk assessment methodologies in the workplace and criteria for optimal selection | Проф. д-р Јасмина Чалоска |
| Елена Крстева | *Метод на модуларно дизајнирање ентериери на двокатни патнички возови*<br>A modular designing method of double-decker passenger trains interiors | Проф. д-р Ристо Ташевски |
| Бојан Лекиќ | *Менаџмент на ризиците при инвестиции во технолошка опрема*<br>Risk management for investments in technological equipment | Проф. д-р Валентина Гечевска |
| Николче Петрушев | *Анализа на можните неисправности и нивните последици врз трошоците во одржувањето*<br>Analysis of possible failures and theirs consequences on maintenance costs | Проф. д-р Ванчо Донев |

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „УЛОГАТА НА ЕУ И НАТО ВО РЕШАВАЊЕТО НА КРИЗИТЕ НА БАЛКАНОТ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р ТРАЈЧЕ ГЕОРГИЕВ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На својата 40. редовна седница од 2.7.2013 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Трајче Георгиев, пријавена на Институтот за безбедност, одбрана и мир-студии по мир и развој, на тема *Улогата на ЕУ и НАТО во решавањето на кризите на Балканот, со посебен осврт на Република Македонија*.

Комисијата е во состав проф. д-р Трајан Гоцевски, проф. д-р Лидија Георгиева, проф. д-р Марина Митревска, проф. д-р Билјана Ванковска и проф. д-р Синиша Даскаловски.

По деталната анализа на докторската дисертација, Комисијата предложи, а Наставно-научниот совет утврди дополнителен рок од шест месеци, со цел на кандидатот да му се овозможи да ги вгради сугестиите од Комисијата.

Во определениот рок кандидатот го достави конечниот текст на докторскиот труд, а Комисијата по темелното проучување на текстот, со особена чест и задоволство, на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при УКИМ, му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на м-р Трајче Георгиев, на тема *Улогата на ЕУ и НАТО во решавањето на кризите на Балканот, со посебен осврт на Република Македонија,* е изработена на 261 страница компјутерски обработен текст. Трудот е структуриран така што содржи: вовед, три глави, резултати и анализа на резултатите од спроведеното истражување, заклучоци и користена литература при изработката на докторската дисертација.

Воведот е изложен на 10 страници текст; првата глава, која е посветена на состојбата во регионот по 90-тите години, е изложена на 68 страници; втората глава, која е посветена на улогата на ЕУ и НАТО во решавањето на кризите на Балканот, е изложена на 80 страници; третата глава, која е посветена на осамостојувањето на Република Македонија и решавањето на кризата, е изложена на 64 страници; потоа следуваат заклучоците изложени на шест страници текст, и на крајот е приложен список на библиографски единици кои кандидатот ги користел при изработката на трудот, а чиј број е 337 единици.

Во целина гледано, членовите на Комисијата искажуваат позитивен став, како за вложените истражувачки напори на кандидатот, така и за целината на поднесениот текст на трудот, кој укажува дека кандидатот се движел во вистинска насока на попродлабочени научноистражувачки напори кои ги задоволуваат сите универзитетските стандарди за изработка на докторска дисертација.

Инаку, во воведниот дел, кандидатот се задржува на самиот предмет на истражување на овој докторски труд, понатаму поставувајќи ги теоретските основи на истражувањето, целите, хипотетичката рамка и методологијата ќе се применува во истражувањето.

Првата глава е посветена на состојбите во регионот по настаните во деведесеттите години на минатиот век, кои ќе остават траги врз вкупните односи во регионот и пошироко, до денешен ден.

Кандидатот се осврнува на промените на геополитичките односи во Европа, падот на социјализмот како општествено-економски поредок, распаѓањето на одредни држави како што беа СССР, СФРЈ, ЧССР и др., и отворањето на процесот на создавање на нови држави, како и на импликациите на овие промени врз балканските односи. Потоа, подетално се анализирани состојбите во: поранешна Југославија, чиј конститутивен дел беше и Р. Македонија, Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина и, се разбира, во Р. Македонија. Еден дел од ова поглавје кандидатот го посветува на стратегиите на ЕУ и на НАТО како главни арбитри во надминувањето на кризите во овој регион и пошироко. Подетално се истражени причините и последиците од воените дејствија кои се водеа во Словенија, Хрватска Босна и Херцеговина, и во други краишта на регионот.

Кандидатот посебно внимание посветува на состојбите во Р. Македонија од осамостојувањето па наваму, како и за мировниот процес кој се спроведуваше по вооружениот конфликт во 2001 година. Притоа, посебно е анализирана мисијата УНПРЕДЕП во Македонија како успешна превентивна мисија.

Втората глава на трудот е посветена на улогата на ЕУ и на НАТО во решавањето на кризите на Балканот во анализираниот период.

Така, најнапред се анализирани мисиите на ЕУ во регионот и во Р. Македонија, при што посебно внимание е посветено на: дефинирањето на улогата на ЕУ во решавањето на кризите, цивилниот кризен менаџмент на ЕУ, превентивната улога на ЕУ, ЗНБП на ЕУ, мисиите на ЕУ во регионот и сл.

Во вториот дел од ова поглавје, кандидатот дава исцрпна анализа на улогата и значењето на НАТО во надминување на кризите во регионот, при што вниманието го насочува на дефинирањето на улогата на НАТО во решавањето на кризите, кризниот менаџмент и менаџирање на кризите од страна на НАТО, мисиите кои ги спроведе НАТО во регионот, мисиите во Р. Македонија и сл.

Во овој дел, кандидатот дава исцрпна анализа на мировните мисии реализирани од страна на ЕУ и НАТО, како и на односите и соработката на ЕУ, НАТО и САД како значаен сегмент во разрешување на конфликтот во Р. Македонија.

На крајот, кандидатот прави успешна анализа на искуствата од мисиите кои беа реализирани со цел надминување на кризите на Баканот, при што се осврнува и на натамошниот развој на трансатлантските односи, како клучни за одржување на мирот и стабилноста на регионот како целина.

Третата глава од докторската дисертација е посветена на состојбите во Р. Македонија по нејзиното осамостојување и прогласување за независна држава.

Кандидатот најнапред дава оцена на процесот на осамостојување, осврнувајќи се на референдумот за независност, потоа донесувањето на Уставот и

останатите релевантни акти со кои Р. Македонија се конституира како независна и суверена држава.

Понатаму следува логична анализа на новонастанатата состојба во регионот по распадот на СР Југославија и прогласувањето на републиките за независни држави, при што кандидатот особено се осврнува на новонастанатата геополитичка и геостратегиската положба во која се најде Р. Македонија како нова независна држава во немирниот балкански регион.

Понатаму следува логична анализа на состојбите во Р. Македонија по 1990 година, сѐ до бегалската криза која ја зафати Макаедонија во 1999 година, како преткризен период кој претходеше на 2001 година, кога Република Македонија се најде во вооружен конфликт од пошироки размери.

Следните делови од ова поглавје се посветени на кризата во 2001 година и напорите на Р. Македонија и на меѓународната заедница за нејзино надминување. Најнапред се дава критичка анализа за причините кои доведоа до вооружен конфликт во Р. Македонија, потоа се дава редослед на настаните и нејзиниот развој, начините кои ги примени Р. Македонија за справување со кризата и нејзиното менацирање, искуствата од тој процес и сл. Потоа се анализира улогата на ЕУ и на НАТО во елиминирањето на кризата, решавањето на кризната состојба, надминувањето на кризата и посткризното заздравување на македонското општество, кое со големи последици и со помош на меѓународната заедница го надмина вооружениот конфликт.

За да може да ги објасни позициите на Р. Македонија од една страна, и позициите на ЕУ и НАТО во решавањето на кризата во Р. Македонија, кандидатот детално ги анализира позициите на земјата во согласност со нашата надворешна политика, политиката на национална безбедност согледана преку националната концепција за безбедност и одбрана, стратегијата за национална безбедност, стратегијата за одбрана и долгорочниот план за развој на одбраната на Р. Македонија.

Во оваа глава, кандидатот дава анализа и на позициите на Р. Македонија како независна и суверена држава во меѓународните институции кои имаат значајна улога во зачувувањето и одржувањето на мирот и стабилноста во регионот, кој беше дестабилизиран по распадот на СР Југославија.

На крајот од оваа глава кандидатот изнесува свои ставови по низа осетливи прашања за иднината на нашата држава, како што се: балканската геополитика и улогата на ЕУ и НАТО во одржувањето на стабилноста во регионот, но и за состојбите кои настанаа по Самитот на НАТО во Букурешт, кога Р. Македонија не беше примена во НАТО, како и одлагањето на ЕУ да определи датум за преговори за членство во ЕУ.

Притоа, кандидатот го поставува прашањето како Р. Македонија, во иднина, ќе може да ги оствари своите приоритети на својата политика за национална безбедност, за кои постои национален концензус, кога и покрај оценката за исполнување на Копенхашките критериуми, таа сѐ уште е надвор од европското семејство на држави-членки на НАТО или членки на ЕУ. Дали двојните стандарди во меѓународните односи, на долга патека, можат да ѝ нанесат штета на безбедноста и стабилноста на Р. Македонија како независна и суверена држава, во регионот на Југоисточна Европа. Тоа се дилемите кои кандидатот ги

изнесува во своето истражување, а ги изнесува и своите ставови по овие осетливи прашања, во овој докторски труд.

На крајот од овој дел, а со цел да потврди или да отфрли определени ставови за оваа повеќеслојно истражување, кандидатот спровел анкета со 52 студента, кои се во завршната година на студиите по безбедност.

Со оглед на возраста на испитаниците, кои се млади и перспективни граѓани на Р. Македонија, и познавањето на оваа материја од страна на анкетираните студенти, бидејќи тие ги изучуваат овие проблеми во неколку предметни програми, извлечени се многу интересни и релевантни заклучоци, кои кандидатот ги анализира и ги приложува во докторскиот труд.

Притоа, особено интересни се две констатации, и тоа: едната дека околу 1/3 од испитаниците негативно се изјасниле за успешноста на мисиите на ЕУ и на НАТО, во решавањето на кризите во регионот и во Р. Македонија, и втората е за нивниот став за успешноста на мисиите, каде што добар дел од нив имаат неутрален став.

На крајот, кандидатот ги дава заклучоците кои произлегуваат од сознанијата до кои дошол при истражувањето на ова повеќеслојно и мошне сложено истражување.

Притоа, кандидатот заклучува дека ЕУ и НАТО, како битни актери во решавањето на кризите на Балканот, воспоставија соодветни политики и развија низа механизми за смирување на состојбите, стабилизација на регионот и процес на стабилизација и асоцијација, како дел од политиката на проширување на ЕУ кон земјите од ЈИЕ. Но и покрај утврдените политики подолго време немаше изградено единствена стратегија за спротивставување на конфликтите, динамика за нивно надминување како и механизми за побрза стабилизација на регионот и негово вклучување во евроатлантските интеграции. Тоа придонесува тој процес да стане предолг, скап и недоволно ефикасен.

Исто така, кандидатот заклучува дека со текот на динамиката на кризите во регионот, ЕУ и НАТО и самите стекнувале нужно искуство, па затоа и ефективноста од нивните активности добивала на динамика во последните години од кризата. Во заклучоците посебно внимание е посветено и на улогата на САД како глобален играч, во разрешувањето на кризите во регионот и пошироко.

## ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Во согласност со претходно наведените констатации, Комисијата смета дека докторската дисертацијата на кандидатот м-р Трајче Георгиев, под наслов *Улогата на ЕУ и НАТО во решавањето на кризите на Балканот, со посебен осврт на Република Македонија*, претставува самостојно изработен научен труд, со примена на коректна научна методологија и со почитување на одредбите од Правилникот за докторирање на УКИМ во Скопје.

Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да го прифати овој позитивен извештај за докторската дисертација на кандидатот Трајче Георгиев, под наслов „Улогата на ЕУ и НАТО во решавањето на

кризите на Балканот, со посебен осврт на Р. Македонија“ со заклучок и на кандидатот да му допушти јавна одбрана.

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА

Проф. д-р Трајан Гоцевски, с.р.
Проф. д-р Лидија Георгиева, с.р.
Проф. д-р Марина Митревска, с.р.
Проф. д-р Синиша Даскаловски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „УЛОГАТА НА ЕУ И НАТО ВО РЕШАВАЊЕТО НА КРИЗИТЕ НА БАЛКАНОТ, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р ТРАЈЧЕ ГЕОРГИЕВ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На својата 40. редовна седница од 2.VII 2013 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Трајче Георгиев, пријавена на Институтот за безбедност, одбрана и мир-мир и развој, на тема *Улогата на ЕУ и НАТО во решавањето на кризите на Балканот со посебен осврт на Република Македонија*. Комисијата е во состав: проф. д-р Трајан Гоцевски (ментор), проф. д-р Лидија Георгиева, проф. д-р Марина Митревска, проф. д-р Билјана Ванковска и проф. д-р Синиша Даскаловски. Во законскиот рок, Комисијата поднесе извештај за оцена на докторската дисертација, во кој на кандидатот му беа дадени серија забелешки за ревизија и подобрување на трудот. Со Одлука на Наставно-научниот совет од седницата одржана на 28.10.2013 година, беше определен дополнителен рок од шест месеци за изготвување на новата верзија. На 21.3.2014 година, м-р Трајче Георгиев до архивата, односно до членовите на Комисијата поднесе нова верзија на дисертацијата. По нејзиното оценување, како член на Комисијата го поднесувам своето мислење и оценка во вид на издвоен

## ИЗВЕШТАЈ

Новата верзија на докторската дисертација на м-р Трајче Георгиев на тема *Улогата на ЕУ и НАТО во решавањето на кризите на Балканот, со посебен осврт на Република Македонија* е изложена на 261 страница, вклучително и библиографијата. Трудот е структуриран во четири глави: I. Вовед; II. Состојбата во регионот по 90-тите години; III. Улогата на ЕУ и НАТО во решавањето на кризите на Балканот (кризи-мисии), IV. Осамостојувањето на Република Македонија. На крајот на дисертацијата следуваат заклучоци изложени на шест страници текст. Листата на користени трудови содржи 337 библиографски единици, во кои се вклучени не само научни трудови (книги и статии), туку и доктринарни документи, новински статии и интернет-страници. Тие не се подредени на начин соодветен за труд од ваков вид, а може да се забележи дека во библиографијата изостануваат трудови кои се цитирани во трудот, или тие се цитирани на несоодветен начин. Во начинот на повикување на авторите и делата во трудот е главно користен Harvard style of citation, но недоследно бидејќи повремено кандидатот отстапувал од него и внесувал фусноти. Текстот е поткрепен со вкупно 177 фусноти, кои се евидентно преземани од други текстови без да бидат преведени на македонски јазик. И покрај укажувањата на Комисијата

во претходниот извештај, останува фактот дека кандидатот не ги елиминирал оние информации и материјали од општата дигитална енциклопедија Википедија, вклучително и нотирање на фактот дека Скопје е главен град на Република Македонија.

Во однос на првата верзија на дисертацијата, која на Комисијата ѝ беше доставена во јули 2013 година, а по која Комисијата изнесе серија сериозни забелешки и укажувања, оваа верзија содржи само козметички корекции без да бидат посуштествено адресирани недостатоците кои беа нотирани во извештајот на Комисијата.

На самиот почетокот на дисертацијата, односно во она што се именува како Вовед, на 10 страници кандидатот ги изложил неопходните параметри на истражувањето (предметот, проблемот, задачите и целите, и особено хипотетската и методолошката рамка). Слабостите се евидентни, особено во методолошката рамка (употреба на дескрипција за сондирање проблеми што се однесуваат на потребите на испитаниците, на нивните ставови и мислења?!), па дури има и сериозни јазички грешки (на стр. 10 се споменува предложена *магистерска тема*).

Во втората глава (односно, првата која следува по воведот), кандидатот се зафаќа со дескрипција на состојбата во регионот по 90-тите години. Притоа, изостанува дефинирање на регионот иако се претпоставува дека станува збор за Балканот (кандидатот без елаборација како синоними ги употребува и изразите Југоисточна Европа и Западен Балкан). Уште првата реченица (стр. 12) нема смисла, што укажува дека кандидатот воопшто не го лекторирал или препрочитал својот текст. Уште поважно, кандидатот не прави разлика во однос на тоа што е меѓународен поредок, а што систем на меѓународни односи (по Студената војна). За период од преку 20 години, тој зборува како да е статичен и како да не се настанати промените кои ги внесе 11 септември. Во описот на геополитичките односи во Европа, кандидатот, всушност, најмалку зборува за Европа, туку за глобалните меѓународни односи, без да покаже посериозно познавање на теориите на меѓународни односи. Во наредното поглавје кандидатот се осврнува на падот на социјализмот, без воопшто да ги елаборира факторите кои доведоа до постепена ерозија на системот и преминот (транзицијата) кон либерално-демократскиот поредок, особено на специфичните околности во оние делови од Европа кои ги издвојува (СССР и СФРЈ). Наместо за ефектите на перестројката и сеопфатната криза, кандидатот го завршува овој дел со споменување на Црвената армија и југословенските партизани. Следното поглавје се однесува на распаѓањето на трите социјалистички федерации (СССР, Чехословачка и СФРЈ), но низ еден површен документаристички пристап, и главно без референци. Во овој дел останува нејасно каде ќе треба да се бараат корените на идните кризи кои ќе ги разрешуваат ЕУ и НАТО, особено затоа што овие две меѓународни организации воопшто не се инволвираа во решавање на кризи во она што остана по распадот на СССР и Чехословачка (всушност, делот за Чехословачка се однесува повеќе на кризата од 1968 отколку на постстуденовоениот период и мекото раздвојување на

Чешка и Словачка). Делот кој се однесува на распадот на СФРЈ е исклучително кус, површен и неконзистентен, особено во делот на нафрлање на факторите кои придонесоа за распадот на државата. Во наредните десетици страници на многу конфузен начин и со многу повторувања и цик-цак елаборации се изложува распадот на СФРЈ, и тоа на делови - од Словенија до Хрватска, што претставува повеќе хронологија на настаните одошто сериозна анализа. Најголемо внимание е посветено на Република Македонија. Во поглавјето за мировниот процес во поранешна Југославија, обратно, заземен е интегративен пристап, а повторно акцентот е ставен на мисијата на УНПРЕДЕП/УНПРОФОР.

Во третата глава на трудот се преминува на улогата на ЕУ и НАТО во решавање на кризите на Балканот. Во ниту еден дел од дисертацијата не се прави напор за теориско и практично разграничување на концептот на војна, внатрешен судир, конфликт и криза, иако се централни за ова истражување. Наместо тоа, во овој дел се почнува со елементарни факти за Европската унија и нејзината (претходна) еволуција. Дури и во делот на експликацијата на нејзиното членство, кандидатот заборавил дека ЕУ сега брои 28 членки (по влезот на Хрватска), а не 27 како што пишува (стр. 81). Наместо да се фокусира на европската надворешна и безбедносна политика и на доктринарните документи и институционална структура, кандидатот покажува дури и нецелосно познавање на спецификите на оваа организација, нејзините политики и начин на функционирање. Во овој дел, кандидатот воопшто и не го нотира донесувањето на Лисабонскиот договор и измените внесени со него. Во делот што се однесува на НАТО, повторно се тргнува од елаборација на тоа „што е НАТО“. Притоа, оној дел кој е суштински за тезата - решавање на кризите, т.е. учеството на НАТО во БиХ, Косово, Македонија - е даден на многу кус и површен начин, со изнесување на добро познати факти и без никаков критички пристап во оцената на успешноста на овие мисии (за чудо, вклучена е и мисијата во Авганистан, иако многу кусо). Мисиите и соработката на ЕУ и НАТО се опишуваат само на примерот на Македонија, повторно низ документаристички и хриoнолошки начин.

Во четвртата глава на тезата, кандидатот се осврнува на една безброј пати елаборирана теза - осамостојувањето на Република Македонија. Делот кој се однесува на геостратегиската положба на земјата (стр. 161) се состои од две реченици - во едната се дава куса географска одредница и површина на земјата, а во втората се укажува дека главен град е Скопје. Во натамошниот дел од текстот, со многу повторувања од претходните елаборации од почетокот на тезата, се изложува процесот на осамостојување преку референдумот за независност и донесувањето на Уставот од 1991 година. Овој дел се состои од само една страница текст, без да ги лоцира проблемите со кои се соочуваше земјата во тој процес и кои подоцна создадоа услови за нестабилност и конфликт. На стр. 162 се упатува на нешто што било „наведено погоре“, а тоа изостанува - веројатно во процесот на ревизија на трудот некој дел отпаднал, а авторот тоа не го нотирал. Кандидатот се повикува на „сите овие настани, а и настани кои не се споменати“ за да укаже на нивната улога надвор од кризата од 2001 година. Во наредниот дел е елаборирана главно кризата од 2001 година, во што се внесени и многу силни, па и неодмерени констатации кои се одраз на искуството на авторот во настаните. Во поглавјето кое се однесува на улогата на ЕУ во решавањето на кризата, всушност, акцентот е ставен на воспоставувањето и развивањето на односите меѓу Републиката и ЕУ.

Обратно, во делот за улогата на НАТО се почнува од бегалската криза од 1999 година и натамошниот след на настаните.

Во петтата глава (евидентно кандидатот направил конфузија во подредувањето на структурата на трудот, па и оваа глава е обележана како IV, исто како и претходната), кандидатот се фокусира на националната политика на Република Македонија, што е погрешен израз за она што понатаму се елаборира како политика на националната безбедност. Во овој дел, без никаква иновација или анализа, се изложени доктринерните позиции на државата во оваа сфера. Во продолжение се става акцент на надворешната политика и односите со меѓународните организации, првенствено со ЕУ и НАТО, при што се прави скок од предметот на истражување (кризите и нивното решавање од страна на ЕУ и НАТО) кон учество на Републиката во мисиите и политиките, заедно со реформите во функција на интеграција, во овие организации. Следува Самитот на НАТО од 2008 со познатиот исход, што не се сопвпаѓа со општата рамка на истражувањето. На крајот, истиот пристап се применува и на ЕУ. Во оваа глава, без да се направи издвојување од претходниот дел од текстот, изложени се параметрите и резултатите од емпириското истражување (анкетирање) на студенти од четврта година. Иако елаборирани и графички прикажани, овие резултати никако не се доведуваат во контекст на претходната, односно централната содржина на тезата, бидејќи станува збор за ставови и мислења на една (мала) таргет-група, која не е активна во процесот на носење одлуки, а и самата претставува нерелевантен дел на јавното мислење.

На крајот се изложени заклучоците од истражувањето кои се повеќе некакво сумирање или приказ на содржината на трудот, а не претставуваат ниту обид за потврдување или отфрлање на однапред поставените хипотези и задачи на истражувањето. Во овој дел, емипириското истражување и неговите резултати воопшто не се ни споменати. Накусо, заклучокот се состои од осум точки, сите општи места, изложени повеќе со политички јазик отколку со научна терминологија и експликација.

## ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Ревидираната верзија на докторската дисертација на кандидатот м-р Трајче Георгиев, под наслов *Улогата на ЕУ и НАТО во решавањето на кризите на Балканот, со посебен осврт на Република Македонија,* не успеала да ги достигне потребните универзитетски стандарди за изработка на докторска дисертација. Имајќи ја предвид целината на истражувањето, почнувајќи од утврдувањето на предметот, проблемот и целите на истражувањето, заедно со методолошката рамка *vis-a-vis* заклучоците, се забележува неконзистентност и некохерентност на дисертацијата. Имено, во она што треба да биде највредниот дел од дисертацијата, во заклучоците, кандидатот не успеал да ја запази таа поврзаност и не одговорил на поставените истражувачки прашања и задачи. Со тоа, во заклучокот е неможно да се види кој е придонесот во науката кој го дава ова истражување. Докторандот не успеал ниту во методолошка смисла да ја потенцира онаа differentia specifica карактеристична за мировните студии, а во однос на истражувањето на улогата на

НАТО и ЕУ во конфликтниот/кризниот менаџмент на Балканот. Во трудот изостанува јасна теориска рамка заснована на теориите на мирот и разрешувањето на конфликтите, врз основа на која би требало да е анализиран уделот на ЕУ и НАТО во решавањето на кризите на Балканот. Докторандот Георгиев главно користи дескрипција, а добар дел од приложениот текст е повторување и парафразирање на добро познати факти и сознанија, па се поставува прашањето за тоа во кој дел и на каков начин оваа докторска дисертација успева да направи придонес во научната мисла во однос на предметот на истражувањето. Иако во конструкцијата на трудот е направен обид за теориско и емпириско истражување, сепак меѓу нив постои сосема слаба поврзаност. Податоците добиени по емпириски пат не се во функција на предметот и целите на истражувањето, бидејќи главен истражувачки инструмент се анкетни прашалници за студентите на Факултетот за безбедност, комбинирани со скала на судови - и тоа само на 52 студента на број. Останува нејасно зошто се релевантни ставовите и судовите на студентите за (не)успешноста на решавањето на кризите на Балканот од страна на ЕУ и НАТО. Освен тоа, нејасно е и чии студенти испитувал докторандот кога на едно место зборува за Факултет за безбедност, а на друго за Институт.

Согласно со претходно наведените констатации, вкупната оценка за дисертацијата на кандидатот м-р Трајче Георгиев, под наслов *Улогата на ЕУ и НАТО во решавањето на кризите на Балканот, со посебен осврт на Република Македонија,* која ја изнесувам во свое име е **негативна**.

ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА

Проф. д-р Билјана Ванковска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРИМЕНА НА ВЕКТОРСКИТЕ АВТОРЕГРЕСИВНИ МОДЕЛИ ВО МАКРОЕКОНОМСКО МОДЕЛИРАЊЕ“, ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДАТКАТА М-Р МАРИЈА ТРПКОВА – НЕСТОРОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука број 0202-1065/2 од 25.4.2014 година, а врз основа на член 120 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ број 64/00, 49/03, 112/05 и 51/07), членовите 56, 57, 58, 59, 90 и 61 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 7/2001) и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно – научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 25.4.2014 година, именува Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: **‚Примена на векторските авторегресивни модели во макроекономско моделирање’**, поднесена од кандидатката м-р Марија Трпкова – Несторовска. При прегледувањето на трудот, Комисијата до членовите на Наставно – научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I. СОДРЖИНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација со наслов **‚Примена на векторските авторегресивни модели во макроекономско моделирање’**, поднесена од кандидатката м-р Марија Трпкова – Несторовска, е обработена на вкупно 265 страници компјутерски среден текст. Содржината на трудот, освен апстракт и клучни зборови на македонски и англиски јазик, вовед (стр. 3 – 6), заклучок (стр. 244 – 253) и литература (стр. 254 – 265), е систематизирана во 3 (три) глави. Структурата на докторската дисертација е формирана од следниве содржини:

**Вовед**
**Глава 1. Нестационарност**

1. Временски серии, дефинирање и цели
2. Стохастички процеси и нестационарност
3. Тестирање на стационарноста
4. Моделирање на макроекономски временски серии

**Глава 2. Коинтеграција, векторски авторегресивни модели, векторски модели со корекција на грешка**

1. Поим за коинтеграција
2. Дефинирање на коинтеграцијата
3. Коинтеграција и заеднички трендови
4. Тестирање за постоење на коинтеграција
5. Модел со корекција на грешка
6. Векторски авторегресивен модел
7. Векторски модел со корекција на грешка

**Глава 3. Оценување на детерминантите на стапката на инфлација во Република Македонија**

1. Феноменот на инфлацијата – посебен осврт на инфлацијата во Република Македонија

2. Осврт кон литературата

3. Инфлацијата во Република Македонија во однос на клучните макроекономски променливи

4. Моделирање на инфлацијата во Република Македонија

**Заклучок**

**Литература**

Трудот претставува целина од три глави во кои се настојува детално да се опишат моделите кои се користат за анализа на меѓузависностите во систем со повеќе зависни променливи кои се карактеризираат со нестационарност, како и преку реален пример да се прикаже нивната апликативност и корисност.

Во **воведот** се говори за значајноста на концептот на коинтеграција како метод со кој може успешно да се анализираат нестационарните макроекономски податоци. Поимот за коинтеграција стана еден од најважните концепти во економетријата на временските серијии откако се појавиле трудовите на Granger (1983) и Engle and Granger (1987). Коинтеграцијата најде широка примена во анализата на економските податоци, и тие се често објавувани во економетриската литература. Посебни изданија на Oxford Bulletin of Economics, 54 (3), (1992) и Journal of Policy Modeling, 14 (3, 4), (1992) содржат многу трудови каде овој метод е применет и проширен. Се појавија и многу книги во кои се објаснети основните концепти на коинтеграцијата: Reinsel (1991), Hamilton (1994), Lukepohl (1993), Cuthebertson et al. (1992). Книгите на Banerjee et al. (1993), Johansen (1996) и Hansen и Johansen (1998) претставуваат систематски третман на поимот за коинтеграција. Коинтеграцијата денес наоѓа голема примена при испитувањето на макроекономските зависности.

Во **првата глава** „Нестационарност“, се започнува со дефинирањето на временските серии и целите на анализата на временските серии. Се опишуваат економските временски серии со нивните карактеристики, и посебно внимание се посветува на стохастичките процеси и концептот на стационарност. Се говори за трансформација на нестационарните временски серии и се објаснува феноменот на лажна регресија, која воедно е поттик за развој векторските авторегресивни модели. Се објаснува постапката за тестирање на стационарноста и најчестите тестови на единечен корен кои се применуваат при тестирањето. Главата се дополнува со дел за моделирање на макроекономски временски серии, класификација на макроекономските модели и низа други нивни важни карактеристики на истите.

**Втората глава**, која има наслов „Коинтеграција, векторски авторегресивни модели, векторски модели со корекција на грешка“, навлегува во екстензивно елаборирање на концептот на коинтеграцијата и нејзиното значење. Ги објаснува Енгл – Грејнџер тестот и Јохансеновиот тест за коинтеграција, двата најчесто користени теста, и дава објаснување за тестирање во случај на променливи интегрирани од втор ред. Во следниот дел се објаснува моделот со корекција на грешка и пременува кон векторскиот авторегресивен модел (ВАР). Детално се обработени ВАР - моделите, од нивниот историски развој, до математичката форма на моделот, неговата спецификација и оценката на параметрите на моделот. Се објаснува и структурниот ВАР - модел. Се продолжува со векторскиот модел со корекција на грешка кој се користи во случај кога сериите се интегрирани од ист ред и кога меѓу нив се потврдува коинтеграциска врска.

По теоретското објаснување на концептите за нестационарност, коинтеграција, векторските авторегресивни модели и векторските модели со корекција на грешка, во

**третата глава**, „Оценување на детерминантите на стапката на инфлација во Република Македонија“, следува апликативна примена на векторските модели со корекција на грешка при оценување на детерминантите на стапката на инфлација во Република Македонија. Најпрво се објаснува феноменот на инфлација, и посебно се издвојува случајот на стапката на инфлација во Република Македонија. Следува дел во кој се образложува релевентна литература која се занимава со слична проблематика. Се дава посебен осврт на серијата на индексот на потрошувачки цени (инфлацијата) со клучните макроекономски променливи во Република Македонија. Се изработуваат два векторски модела со корекција на грешка, се коментираат добиените резултати и се врши предвидување.

Во заклучокот на докторската дисертација е даден краток приказ на најважните карактеристики на векторските авторегресивни модели и заклучок од емпириското истражување со корисни препораки за детерминантите на инфлацијата во Република Македонија и нејзините идни тенденции.

## II. ОПШТА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Предмет на истражувањето на докторската дисертација „Примена на векторските авторегресивни модели во макроекономско моделирање“, поднесена од кандидатката м-р Марија Трпкова – Несторовска, претставува коинтеграцијата кај векторскиот авторегресивен модел (или векторскиот модел со корекција на грешка) и негова примена при макроекономското моделирање, поточно моделирање на инфлацијата во Република Македонија.

Оваа докторска дисертација има за цел да спроведе истражување на тема од областа на емпириската макроекономија и да покаже успешна примена на векторскиот авторегресивен модел и коинтеграцијата при тестирање на теоретските претпоставки врз емпириски податоци кои се однесуваат на националната економија на Република Македонија.

Задачите на истражувањето се следни:

1) да се објаснат временските серии и стохастичките процеси;
2) да се објасни стационарноста и тестовите за стационарност;
3) да се објасни концептот на коинтеграција, да се прикажат тестовите со кои се тестира постоењето на контеграција кај временските серии;
4) да се објасни векторскиот авторегресивен модел;
5) да се објасни векторскиот модел со корекција на грешка;
6) да се прикаже целосен процес на спроведување анализа со користење на векторски авторегресивен модел (или векторски модел со корекција на грешка);
7) со прикажаната методологија да се истражат детерминантите на инфлацијата во Република Македонија;
8) да се изврши предвидување на стапката на инфлација на Република Македонија и да се посочат нејзините идни тенденции.

Методолошки гледано, прибирањето и анализирањето на расположливите податоци во докторската дисертација е извршено со употреба на научно основан пристап. Основниот метод кој ќе се користи претставува векторскиот авторегресивен модел со коинтеграција на временските серии (векторски модел со корекција на грешка), кој воедно е и најзастапен во анализата на векторските временски серии. Овој модел се користи за предвидување на системи на меѓусебно поврзани временски серии. Овој пристап ја избегнува потребата за структурно моделирање со тоа што ја третира секоја ендогена променлива во системот како функција од вредности на ендогените променливи со временско доцнење. Во случај кога се вклучуваат надворешни економски променливи во моделите се поставени блок егзогени ограничувања.

Во анализата се користен економетрискиот софтвер EViews 6 и економетрискиот софтвер JMulti.

Трудот спојува две дисциплини кои се исклучително важни, како за економијата, така и за бизнис - заедницата. Првата дисциплина претставува анализата на временските серии, каде што кандидатката детално и разбирливо ги опишува комплексните концепти на нестационарност, коинтеграција и векторските авторегресивни модели. Станува збор за актуелна методологија во светски рамки, која во нашата држава штотуку започнува да се развива. Втората дисциплина која се третира во овој труд е макроекономијата, посебно инфлацијата во Република Македонија. Од спроведеното истражување во овој труд може да се каже дека кандидатката дошла до интересни и важни заклучоци за детерминантите на стапката на инфлација во Република Македонија и креирала модел кој може да се користи за нејзино предвидување.

Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Марија Трпкова – Несторовска како посебни важни ги истакнува следниве аспекти на трудот, за кои смета дека имаат значаен научен придонес:

1. Докторската дисертација е меѓу првите трудови во Република Македонија кои говорат за комплексната проблематика на концептите на нестационарност, коинтеграција и векторски авторегресивни модели. Овие модели кои наоѓаат исклучително голема примена во макроекономските модели во светски рамки, полека го наоѓаат својот пат за нивна примена и во домашната економија, токму преку овој труд, и трудови слични на него. Кандидатката го дала својот придонес во приближувањето на оваа проблематика кон макроекономските истражувања во земјата.

2. Кандидатката успеала да прикаже успешна примена на векторските авторегресивни модели (поточно векторскиот модел со корекција на грешка) во моделирањето на стапката на инфлација во Република Македонија. Со тоа успеала да ги поврзе дисциплините од анализата на временските серии и макроекономијата.

3. Моделите кои кандидатката ги изработила се доста успешни модели. Тие и статистички ја потврдуваат зависноста на македонската инфлација од инфлацијата во евро зоната како најважна детерминанта. Дополнителни детерминанти се и цената на нафтата, увозот на стоки, монетарниот агрегат М1 и инфлаторната инерција. Ова говори дека Македонија, како мала отворена економија која увезува повеќе од 50% од земјите на ЕУ, е исклучително зависна од влијанијата на економијата на ЕУ. Овој заклучок е од посебно значење, пред сè за креаторите на макроекономската политика на земјата.

4. Предвидувањата на моделот се реални и блиски до вистинската инфлација, што говори за нивна поширока и практична апликативност.

5. Теоретските и емпириските содржини на овој труд се значаен придонес за економијата, макроекономското моделирање, бизнис - окружувањето и, пред сè, развивањето на дисциплината на анализата на временските серии.

Од претходно наведното, Комисијата е цврсто убедена дека кандидатот м-р Марија Трпкова – Несторовска целосно ги има постигнато целите на оваа докторска дисертација.

Во однос на организацијата и систематизацијата на материјалот во докторскиот труд, може да се заклучи дека кандидатката м-р Марија Трпкова – Несторовска јасно и логично ги презентира главите во дисертацијата со примена на разбирлив академски стил. За изработка на оваа докторска дисертација користена е литература од водечки наслови од областа на анализата на временските серии, бројни истражувања со слична проблематика и позната литература од областа на макроекономијата, со што може да се заклучи дека станува збор за научен текст со висок квалитет.

Проверката на докторскиот труд на тема под наслов **‚Примена на векторските авторегресивни модели во макроекономско моделирање’**, изработена од кандидатката м-р Марија Трпкова – Несторовска, е иницирана од менторот проф. д-р Славе Ристески. Документот содржи 83446 зборови, од кои за 3006 зборови или 3,6% е

пронајдено совпаѓање во 898 документи. Притоа, зборовите кои се совпаѓаат се од општ карактер врз основа на што се потврдува дека докторската дисертација е оригинален и самостоен труд на кандидатката.

III. ПРЕДЛОГ

Врз основа на сето претходно истакнато, Комисијата има посебно задоволство да констатира дека кандидатката м-р Марија Трпкова – Несторовска самостојно изработила труд кој ги задоволува научно – методолошките критериуми и апликативни стандарди за изработка на докторска дисертација. Оттука, Комисијата има особена чест да му предложи на Наставно – научниот совет на Економскиот факултет:

**- прво**, да донесе одлука за прифаќање на рецензијата за успешно и квалитетно изработена докторска дисератација под наслов ‚**Примена на векторските авторегресивни модели во макроекономско моделирање**';

**- второ**, да одобри закажување на датум за јавна одбрана на докторската дисератација.

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Проф. д-р Славе Ристески с.р.

Проф. д-р Весна Буцевска с.р.

Проф. д-р Горан Петревски с.р.

Проф. д-р Драге Јанев с.р.

Доц. д-р Драган Тевдовски с.р.

**ПРЕГЛЕД**

**на одобрени теми за изработка на магистерски тези**

**на Технолошко-металуршки факултет во Скопје**

| *Кандидат* | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Петровски Ристо | “Статистички модел за управување со квалитет на производство на кондиторски пенасти производи ”<br><br>,,Statistical quality management model in production of confektionery cream fabrics ,, | Д-р Соња Ќортошева, редовен професор |

## РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

На конкурсот за избор во звање објавен во весникот „Утрински весник“ на ден 12.2.2014 година, се пријави д-р Ирена Авировиќ, вработена во Институтот за национална историја во Скопје.

Согласно со ОдлукатанаСоветотнаИнститутотзанационалнаисторија, 02-104/2 од 18.3.2014 година, заизборна д-р Ирена Авировиќ возвањето*наученсоработник*, Комисијатавосостав: проф. д-р Тодор Чепреганов, проф. д-р БилјанаРистовска-Јосифовска, проф.д-р Стефан Влахов Мицов, го поднесуваследниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Д-р Ирена Авировиќ е родена 1983 година во Скопје. Основно училиште завршила во Милано, Италија. Во Скопје завршила средно училиште, а дипломиралана Филолошкиот факултет„Блаже Конески“, на Катедрата за романски јазици, отсек италијански јазик и литература со шпански јазик и литература во 2006 година со просек 9,3. Од 2005 работивостудиотозастранскијазицикакопрофесорпоиталијанскии шпанскијазик. Од 2009 до 2012 работелакаколекторпо шпанскијазикнаУниверзитетот„Американколеџ"во Скопје. Во 2010 година се вработила како помлад асистент воБалканолошкотооддделениевоИнститутотзанационалнаисторијавоСкопје.

Во 2009 година станала магистер по источно-европски истражувања и студии при Универзитетот во Болоња, Италија, со одбрана на магистерскиот труд „Шеманамиграција– шеманасегрегација? МикростудијазаМакедонија“ („Patterns of Migration – Patterns of Segregation? A Macedonian Micro-study”) со максималнаоценка и почест (110 од 110). Во 2013 година, во Институтот за национална историја ја одбранила и докторската дисертација под наслов „Македонската емиграција во САД меѓу двете светски војни“, со што се стекнала со титулата доктор на историски науки.

Д-р Ирена Авировиќима добиено сертификати за учество на повеќе семинари и професионалнинадоградби во земјата и во странство. Во моментов работикакоасистент-истражувач воБалканолошкотооддделениепри Институтотзанационалнаисторија.

Според научната преокупација,интересотна д-р Авировиќ е насочен кон миграционите движења, етничките групи и малцинствата на БалканскиотПолуостров, со посебен акцент врз македонското прашање во периодот помеѓу двете светски војни.Како истражувач на општествените и политичките промени на Балканот во текот на 20 век, д-р Авировиќе автор на монографијата„Patterns of Migration – Patterns of Segregation? A Macedonian Micro-

study“,VDM Verlag Dr. Muller, Saarbrucken, 2010 и коавтор на Зборникотнадокументи:„ВеликаБританијаиМакедонија, грчко-југословенскафедерација (1941-1942).Документи,ИНИ,Скопје, 2013.

Како истражувач,д-р Авировиќ учествувала на следниве домашни и меѓународни научноистражувачки проекти: “E-For, Education for Remembrance”, ИНИ партнерска институција на ALDA – Association of Local Democracy Agencies (2010); “Peace education for Active Citizenship in Europe”, ИНИ партнер институција на ALDA – Association of Local Democracy Agencies (2011); „Евидентирање, фотографирање, снимање и архивирање на видеоматеријали и разговори со Македонци протерани од Егејска Македонија во 20 век - проект на Министерството за култура на Р. Македонија.

Во својата досегашна научноистражувачка работа, д-р Авировиќ се пројавила како автор и коавтор на неколку научни статии. Автор е на електронски публикуваниот труд „Patterns of Migration from Macedonia“, **International Conference on Poverty and Social Inclusion in the Western Balkans, Брисел, 2010 (**http://siteresources.worldbank.org/INTECAREGTOPPOVRED/Resources/IrenaAVIROVIK.pdf**)**; како и на рецензиранитеиприфатени трудови запечат: „Macedonian Post-Socialist Migration“, Institut für den Donauraum und Mitteleuropa (IDM), Виена; како и коавтор (со Ѓорѓи Чакарјаневски) на трудот „Весникот’ЦелокупнаБугарија’заеврејскотопрашање“, Фонднахолокаустот, Скопје.

Свои размислувања и оценки за одделни публикувани дала во прикази објавени во научни списанија: John Phillips: Macedonia: Warlords and Rebels in the Balkans, London, New York: I. B. Tauris, 2004, (224), „Гласник“, 54, 1-2, 205-205, ИНИ,Скопје, 2010; DeemaKaneff, Who Owns the Past? The Politics of Time in a “Model” Bulgarian Village, Berghahn Books, 2004, „Историја“, XLVII, 1, 263-265, ЗИРМ,Скопје, 2012.

Учествувалаинаповеќенаучнисобирииконференции, на кои презентирала дел од своите научни резултати: Меѓународната конференција на тема**“Poverty and Social Inclusion in the Western Balkans”, во организација на World Bank, Брисел (2010);** Меѓународната тркалезна маса “Developing ‘Brain Gain’ Policies in the Western Balkans, Центар за истражување и креирање политики, Скопје (2010); Тркалезнамаса„Македонијаво 20 век“, Македонскикултуренфорум, Пула (2012); III форумзамладинаучницизаЦентралнаиЈуго-источнаЕвропа, натема “(In-) Equality – Political, Economic, Social, Spatial and Gender Aspects”, Institut für den Donauraum und Mitteleuropa (IDM), Виена (2012); Меѓународнанаучнаконференција“More or Less European: Discourses on Contemporary European Migration, Integration and ‘Othering’”, Катедра залитератураиевропскијазициодУниверзитетотвоОсло (2013); IV глобалнамеѓународнаконференцијанаОМД (Обединетамакедонскадијаспора) „100 годинипоБукурешкиотмировендоговор“, Скопје (2013); Меѓународнатанаучнаконференција „70 годиниоддепортацијатанаЕвреитеодМакедонија“, МАНУ, Скопје (2013); Конгрес на здравство „Здравството и здравствените институции во Македонија во дваесеттите години од XX век“, Скопје, Македонија (2013).

Во нејзината досегашна научна работа, д-р Авировиќ учествувала и во организација (секретар) на Меѓународната научна конференција „70 години од депортацијата на Евреите од Македонија“, МАНУ, Скопје (2013),како и во подготовката на Зборникот на документи од неа. Учествувала и во организацијата на “Day of Italian Culture”на Универзитетот„Американ колеџ" во Скопје, по повод 150 - годишнината на Обединувањето на Италија во соработка со Италијанската амбасада (2011). Нејзиниот

интерес кон научноистражувачката работа го покажува и со своите престои во странство:Италија, Универзитет во Перуџа (август 2005); Белград, Србија, Универзитет во Белград (септември 2008 - март 2009); Сараево, Босна и Херцеговина, Мировна академија, курс: „Memory and its Role in Conflict and Conflict Transformation“ (јули 2010); Сантандер, Шпанија, Универзитет „Менендез Пелајо"(август 2011);Сиднеј, Мелбурн и Перт, Австралија (ноември–декември 2013).

Од претходно изнесеното, може да се заклучи дека д-р Ирена Авировиќ еангажирана на полето на научноистражувачкатаработаи придонесува за развојот на образованието и науката во Р. Македонија и за афирмација на достигнувањата на македонската историска наука.

Комисијата констатира дека се исполнети критериумите д-р Ирена Авировиќ да се стекне со научно звање. Според гореизложеното, имаме чест на Советот на Институтот за национална историја да му препорачаме д-р Ирена Авировиќ да биде избрана во научното звање **НАУЧЕН СОРАБОТНИК**.

Комисија

Проф. д-р Тодор Чепреганов, с.р.
Проф. д-р БиљанаРистовска-Јосифовска, с.р.
Проф.д-р Стефан Влахов Мицов, с.р.

## БИБЛИОГРАФИЈА НА ТРУДОВИ

**Одбрананамагистерскитруд**
„Шеманамиграција– шеманасегрегација? МикростудијазаМакедонија“ (2009).

**Одбрананадокторскитруд**
„Македонската емиграција во САД меѓу двете светски војни“ (2013).

**Монографијаобјавенавостранство (автор)**
„Patterns of Migration – Patterns of Segregation? A Macedonian Micro-study“,VDM Verlag Dr. Muller, Saarbrucken, 2010.

**Делодмонографијаилинаучнакнига (коавтор)**
„ВеликаБританијаиМакедонија, грчко-југословенскафедерација (1941-1942).Документи,ИНИ,Скопје, 2013.

**Трудовисоригиналнинаучни/стручнирезултати, објавенивозборникнатрудовиоднаучен/стручeнсобир**

- Ѓ. Чакарјаневски, Ирена Авировиќ, Весникот „Целокупна Бугарија“ за еврејското прашање, Фонд на Холокаустот, Скопје (рецензиран и прифатен за печат);
- Macedonian Post-Socialist Migration, Institut für den Donauraum und Mitteleuropa (IDM), Виена (рецензиран и прифатен за печат);
- Patterns of Migration from Macedonia, **International Conference on Poverty and Social Inclusion in the Western Balkans, Брисел, декември 2010 (http://siteresources.worldbank.org/INTECAREGTOPPOVRED/Resources/IrenaAVIROVIK.pdf).**

**Прегледен напис во научно списание:**

- John Phillips: Macedonia: Warlords and Rebels in the Balkans, London, New York: I. B. Tauris, 2004, (224), „Гласник“, 54, 1-2, 205-205, ИНИ,Скопје, 2010;
- DeemaKaneff, Who Owns the Past? The Politics of Time in a “Model” Bulgarian Village, Berghahn Books, 2004, „Историја“, XLVII, 1,263-265, ЗИРМ,Скопје, 2012.

**Секцископредавањенанаученсобир**
предавачнаработилницата„Critical repressed past events in Europe. Hidden aspects of our own countries: How to inform the new generation?“наМеѓународнатаконфе-ренција„Dealing with a past left unsaid-Challenges and opportunities for institutions and civil society actors“, Стразбур, воорганизацијана Peace International Project (2011).

**Одржанопредавањепопоканаnauниверзитет**

- гостин - предавач на Универзитетот ФОН, Скопје, на тема „Habemus Papam“ (2011)
- предавање во рамките на конференцијата „Alumni Conference“, Универзитет „Витаутас Магнус", Каунас (2013)

- предавач на School of Public Policy, Центар за истражување и креирање политики, Скопје, на тема “Македонската емиграција во САД меѓу двете светски војни” (2014).

**Учествонанаучен/струченсобирсореферат**

- Меѓународна конференција на тема**“Poverty and Social Inclusion in the Western Balkans”, во организација на World Bank, Брисел (2010);**
- Меѓународна тркалезна маса “Developing ‘Brain Gain’ Policies in the Western Balkans, Центар за истражување и креирање политики, Скопје (2010);
- Тркалезна маса „Македонија во 20 век“, Македонски културен форум, Пула (2012);
- III форум за млади научници за Централна и Југо-источна Европа, на тема “(In-) Equality – Political, Economic, Social, Spatial and Gender Aspects”, Institut für den Donauraum und Mitteleuropa (IDM), Виена (2012);
- Меѓународна научна конференција „70 години од депортацијата на Евреите од Македонија“, МАНУ, Скопје (2013);
- IV глобална меѓународна конференција на ОМД (Обединета македонска дијаспора) „100 години по Букурешкиот мировен договор“, Скопје (2013);
- Меѓународна научна конференција “More or Less European: Discourses on Contemporary European Migration, Integration and ‘Othering’”, Катедра за литература и европски јазици од Универзитетот во Осло (2013);
- Конгрес на здравство „Здравството и здравствените институции во Македонија во дваесеттите години од XX век“, Скопје, Македонија (2013).

**Учесниквонаученпроект**

- “E-For, Education for Remembrance” ИНИ партнер институција на ALDA – Association of Local Democracy Agencies (2010);
- “Peace education for Active Citizenship in Europe”, ИНИ партнерска институција на ALDA – Association of Local Democracy Agencies (2011);
- „Евидентирање, фотографирање, снимање и архивирање на видеоматеријали и разговори со Македонци протерани од Егејска Македонија во 20 век (2013) - проектнаМинистерствотозакултуранаР. Македонија.

**Членнаорганизационенодбор на меѓународен научен/стручен собир**

секретар на Меѓународната научна конференција „70 години од депортацијата на Евреите од Македонија“, МАНУ, Скопје (2013).

**Учествовокомисиизадржавеннатпревар**

Државеннатпреварпоисторијазаучениците восреднитеучилишта, Кратово, Македонија (2011; 2012; 2013).

**Учество во промотивни активности на факултетот/институтот**

организација на “Day of Italian Culture” на Универзитетот „Американ колеџ" во Скопје по повод 150 годишнината на Обединувањето на Италија во соработка со италијанската амбасада во Скопје, Македонија (2011).

**Член на редакциски одбор на зборник на трудови од научен/стручен собир**

Зборник:„70 години од депортацијата на Евреите од Македонија“, МАНУ, Скопје.

**Студиски престој во странство**
Италија,Србија, Босна и Херцеговина,Шпанија, Австралија.

**ОБРАЗЕЦ**

**ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ЦЕЛОКУПНАТА АКТИВНОСТ ВО ПОЕНИ**

**ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Ирена Авировиќ**
(име, татковото име и презиме)

**Институција:** **Институт за национална историја**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: историја**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјата** | **во стран.** |
| 1. | Одбрананамагистерскитруд | | 5 |
| 2. | Одбрананадокторскитруд | 8 | |
| 3. | Монографијаобјавенавостранство | | 12 |
| 4. | Делодмонографијаилинаучнакнига | 4 | |
| 5. | Трудсоригиналнинаучни/стручнирезултати, објавенвозборникнатрудовиоднаучен/стручeнсобир | 1 | 4 |
| 6. | Прегледен напис во научно списание | 4 | |
| 7. | Секцископредавањенанаученсобир | | 3 |
| 8. | Одржанопредавањепопокананауниверзитет | 4 | 3 |
| 9. | Учествонанаучен/стручeнсобирсореферат | 6 | 8 |
| 10. | Учесниквонаученпроект | 2 | 6 |
| 11. | Членнаорганизационенодбор на меѓународен научен/стручен собир | 1 | |
| 12. | Учествовокомисиизадржавеннатпревар | 3 | |
| 13. | Учество во промотивни активности на факултетот/институтот | 0,5 | |
| 14. | Член на редакциски одбор на зборник на трудови од научен/стручен собир | 1 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 15. | Студиски престој во странство | | 2,5 |
| | Меѓузбир: | 34,5 | 43,5 |
| | **Вкупно:** | **78** | |

Комисија

Проф. д-р Тодор Чепреганов, с.р.
Проф. д-р БилјанаРистовска-Јосифовска, с.р.
Проф.д-р Стефан Влахов Мицов, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИСЛАМСКАТА МОДЕРНИСТИЧКА МИСЛА И НЕЈЗИНОТО ВЛИЈАНИЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН" ОД М-Р ХУСЕИН РИЗАИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Одлуката на Научниот совет на Институтот за национална историја бр. 10-149/2, донесена на седницата одржана на 3.4.2014 година, бевме избрани во Комисијата за оценување и одбрана на докторската дисертација под наслов: *Исламската модернистичка мисла и нејзиното влијание на Западен Балкан* од кандидатот м-р Хусеин Ризаи, во состав: проф. д-р Метин Изети, проф. д-р Амет Шериф, проф. д-р Драги Ѓоргиев, доц. д-р Владимир Јанев и проф. д-р Ќани Несими. По прегледувањето на поднесената докторска дисертација, Комисијата до Научниот совет на ИНИ го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Поаѓајки од нормите на постојниот факт дека изработената тема за докторска дисертација на кандидатот м-р Хусеин Ризаи, под наслов: *Исламската модернистичка мисла и нејзиното влијание на Западен Балкан,* припаѓа кон темите кои во македонската историографија досега не се доволно обработувани, посебно во врска со релациите на традиционалноста и модернистичката мисла во Македонија, таа претставува еден значаен чекор напред кон проучувањето на историјата на модернистичката мисла во и надвор од Македонија, истовремено и научна анализа на феноменот на модерноста и неговите рефлексии во општеството во Македонија

Поаѓајќи од тоа, на мислење сме дека оваа тема дава реален придонес во македонската историографија, посебно во детектирањето на филозофско-антрополошката платформа на историските збиднувања,исто така ќе претставува една новина, и ќе овозможува подетално да се видат влијанијата на исламската модернистичка мисла во просторите на Македонија и во поширокиот регион. Наведените историски и општествени вредности се однесуваат посебно на периодот на влијанието на западната модернистичка мисла во исламските земји и развојот на таа мисла до денешниот ден.

Познавањето на религиите и на мислењата и идеите претставени во нивната историја се потреба на современата култура. Во смисла на поимот, човекот не може да се спознае без темелно спознавање на неговото внатрешно битие. Истото се случува и со феноменолошкото истражување на културната антропологијата на човештвото, што е невозможно без истражување на религијата како општествена појава.

Религиите, а во овој случај, исламот, не се исцрпуваат само од верувањето и моралот, напротив тие се длабоко поврзани со уметноста, со книжевноста, па и со организацијата на општествениот живот; па дури и науките што ни се познати потекнуваат од свештенички и религиозни средини. Што се однесува до

систематското истражување на самите религии, тоа е една млада наука во споредба со другите науки. Најизразито се појавува во антирелигиозните средини и со антирелигиозни нагласувања. Од овој склоп се религиозната филозофија, компаративните студии за јазиците и за религиите, јазикот на религијата итн. Но, со времето самите претставници на религиите почнаа во своите студии да ги употребуваат современите социолошко-антрополошки методи за истражување на феноменолошката димензија на религијата, а посебно појавата на фракциите и школите со различни идејни, политички и општествени платформи.

Докторската тема*Исламската модернистичка мисла и нејзиното влијание на Западен Балкан,* за предмет има една од овие појави на 19 и 20 век на исламското поднебје, модернизмот, појава којашто повеќе е впечатлива со својата мисловна платформа. Модернизмот не само во религијата, туку и во другите области на филозофијата, науката и уметноста ќе се труди да ги искорени старите сфаќања и нивните методи за реалноста и ќе гради мисловна, а во овој случај и духовна, платформа која е втемелена во развојот на технологијата и логичко-рационалните науки.

Исламскиот модернизам е воден од идејата на современата филозофија за ориентација кон новото и отстранување на старото како ригидно и нефункционално, во модернизам и општествената прошереност и организација на истата.

Методолошки гледано, докторската дисертација во целина ги задоволува критериумите, кои се однесуваат на трудови од областа на историската наука и таа концепциски се остои од: Вовед, три поглавја, заклучок и литература.

Во воведот се претставени главните цели на темата и начинот како е стигнато до одредените резултати. Во воведот се поставени и главните упоришта кадешто е наслонета студијата. Во таа смисла се наведува дека трудот се занимава со историската и темпорално-актуелна рефлексија на исламската модернистичка мисла врз Балканскиот Полуостров. Денес, како и во светски рамки на Балканот, па и во Македонија се забележува еден тренд на религиозна ревитализација, еден вид на верско будење, каде што се чувствува потреба за враќање кон своето јато, кон својата *корнукопиа*, кон својот *карго култ*, перципирајќи дека за времето на петдецениското владеење на монизмот биле во *голема заблуда*. Од една страна, притисокот на времето и современоста од друга страна враќање кон светото, два спротивставени тренда кои се во перманентна кавга.
Во тој склоп се спомнати и методите на истражувањето.

Првото поглавје го дискутира и го анализира верскиот и исламскиот модернизам во светот. Ги полемизира главните постулати и прави компарација со традиционалните религиозни размислувања на исламското поднебје и ги цитира главните претставници на модернизмот.

Исламот како една од светските објавени религии во процесот на своето историско патешествие кон нашето време се соочува со проблемот на осовременувањето, модернизирањето, реформирањето, приспособувањето кон новите општестевени текови. Исламскиот модернизам претставува еден од најзначајните феномени на модерната муслиманска историја. Тоа е интелектуална тенденција и еден вид општествено движење кое се појавува во муслиманските земји во втората половината на 19 век, кои што беа под влијание на Запад. Муслиманите се соочија со модернизирање на традиционалните општества

почнувајќи со танзиматот на Османлиската Империја и другите наметнувања преку колониите, како што е случајот со Индија и другите земји. И Балканот го искуси тој модернизам со поголем интензитет во Босна, но и во другите делови како што се Косово и Македонија. Основачите и првите двигатели на исламскиот модернизам, Афгани, Абдуху, Рида, Икбал, Шериати, Кутуб, Мевдуди итн., трансцедентноста и универзализмот, а со тоа и актуелното претставување во секојдневието, а во нашиот случај во модерноста, во сите религии, а посебно во објавените ја сфаќаат како живост на универзалната димензија на вистината. Токму затоа во реконструкцијата на мислата и нејзиното актуализирање во современата димензија во која живее религиозниот човек, ќе ја претставуваат како мисловна институција во која во иманентноста и езотеризмот ја претставуваат нетрошената идеја на трансцедентноста, а езотеричноста ја претставува покореноста кон Господ.

Второто поглавје го анализира исламскиот неомодернизам и постмодернизам со неговите главни претставници; ги анализира нивните идеи претставени во нивното научно и политичко општествено дејствување и на крајот го претставува нивното влијание во светот. Во иста линија со модернистите ќе продолжат и постмодернистите, но со една разлика која потекнува од самата платформа на постмодернизмот. Тоа е дека ќе бидат малку поконцентрирани во духовното воздигнување на верникот како главна потреба на времето. Кај постмодернистите главно ќе бидат претставени следниве идеи:

На прво место се поставува знаењето и се потенцира суштината на верата. Се тврди дека Куранот, како и самата вера, нема за цел да ја коригира човековата вистина како таква, но имаат за цел додатно да ја збогатува и да ја проширува или, пак, да укаже на неоткриените или запоставените димензии на човекот и светот. Постмодернистите сакаат да ја проучат свеста во врска со Господ и универзумот, со цел да се открие исполнетоста на реалноста и на тој начин да може човекот вистински да живее.

Третото поглавје е поделено на три поднаслови и ги истражува модернистичките, постмодернистичките и неомодернистичките идеи во просторот на Босна и Херцеговина, Косово и Македонија како три информативни подрачја за присуството на тие идеји во Балканот. Во рамките на тоа се даваат имињата, делата и општествено-политичката дејност на претставниците на модернизмот и постмоденизмот на овие простори. Во претставувањето на модернизмот и постмодернизмот во Босна и Херцеговина, Косово и Македонија, централна личност е Хусеин Џозо како пренесувач на горенаведените движечки идеи на модернистите и постмодернистите на балканските простори. Освен него во смисла на претставеност на различни спектри на модернизмот на овие простори, важна улога ќе играат и институциите на исламските заедници, верските школи, медреси и факултети, општествените организации како „Млади муслимани“ итн. Исто така, од голема важност е и исламскиот академизам од Босна и Херцеговина, Косово, а посебно од Македонија.

Заклучокот во кратки црти ги опишува резултатите и заклучоците на истражувањето во трудот.

Во литературата се цитирани делата и статиите заедно со нивните автори.

Докторската дисертација е работена според редоследот и дијаграмот на научните норми и критериуми застапени во светската ориенталистика и сообразно одговараат на историските настани и состојби, кои се одигрувале на правен план на територијата во Македонија, дотолку повеќе што кандидатот пристапил мошне сериозно кон дефинирањето на поставените прашања и научни проблеми, кои на објективен начин го претставуваат предметот на обработка на оваа докторска дисертација.

## З А К Л У Ч О К

Со својот сериозен и одговорен пристап кон разгледувањето и анализата на модернистичката појава, историографската и научна литература, како и понудените одговори на поставените прашања што произлегуваат од содржината на темата, од наша страна можеме да констатираме дека докторандот м-р Хусеин Ризаи ни се претставува како сериозен и објективен научен работник, кој може да се носи со предизвиците на научноистражувачката работа во целина.

Врз основа на дадените оценки и заклучоци, а согласно со нормите на законските барања, содржани и истакнати во рамките на Правилникот за едниствените основи за организирање на посдипломските и докторските студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација има чест и задоволство да му предложи на Советот на Институтот за национална историја во Скопје, докторскта дисертација на м-р Хусеин Ризаи со наслов:*Исламската модернистичка мисла и нејзиното влијание на Западен Балкан,* да ја прифати за одбрана.

Комисија

1. Проф. д-р Метин Изети, с.р.
2. Проф. д-рАмет Шериф с.р.
3. Проф. д-рДраги Ѓоргиев с.р.
4. Доц. д-р Владимир Јанев с.р
5. Проф. д-р Ќани Несими, с.р

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ–ИСТРАЖУВАЧ ВО ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА - СКОПЈЕ

Советот на ЈНУ Институт за национална историја во Скопје, врз основа на објавениот конкурс за избор во соработничко звање објавен во „Утрински весник" од 12.2.2014 година, на седницата одржана на 12.3.2014 година, со Одлука број 02–99/2 од 18.03.2014 година, нè именува за членови на Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Љубица Јанчева, проф. д-р Нада Јурукова и проф. д-р Халим Пурелку, за избор во соработничкото звање асистент–истражувач, по пријавата поднесена од м-р Јетон Доко. Врз основа на материјалите доставените на увид од кандидатот, Комисијата има чест на Советот на Институтот да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

М-р Јетон Доко е роденна28.1.1981година,воСкопје. Средно гимназиско образование завршил во Струга во учебната 1999/2000 година. На Државниот Универзитет во Тетово, на Филозофскиот факултет, група историја: се запишал во учебната 2000–2001 година, каде што дипломирал во 2005 година.

Постдипломските студии ги завршил на Државниот универзитет во Тетово, каде што на 9.10.2013 година го одбранил магистерскиот труд „Иселеувањето на Албанците од територијата на Народна/Социјалистичка република Македонија во Република Турција (1953–1966)“ и се здобил со научен степен - магистер на историски науки.

Од 2006 година, м-р Јетон Доко е вработен во ЈНУ Институт за национална историја како помлад асистент–истражувач, а од 2011 година работи како документатор во документационото одделение во ИНИ.

Научниот интерес на м-р Јетон Доко се однесува на новата историја на Македонија, започнувајќи од периодот меѓу двете светски војни, вклучително и современите збиднувања.

Во библиографијата на м-р Јетон Доко се вбројуваат неколку библиографски единици.

Објавен документ од фондот СКМ-општински комитет Охрид, со назнака доверливо, од подрачното одделение–Охрид, на Државниот архив на Република Македонија (ДАРМ) во списанието „Шења", декември 2012, 75–77 (Shenja, dhjetor 2012, 75–77), списание од областа на политиката, економијата и културата, објавен на албански јазик под наслов *Демонстрациите во Тетово 1968*. Документот е во врска со демонстрациите на албанското население во 1968 година. Конкретно се однесува на демонстрациите во Тетово и нивната рефлексија на подрачјето на Охрид.

Објавен документ, од фондот Републичка комисија за верски прашања, од ДАРМ во дневниот весник „Коха", 21декември 2012 година (Koha, 21 dhjetor 2012).

Документот е објавен на албански јазик, во коавторство, под наслов *Имамот од Сарај против имамите од Здружението „Илмије“*.

Освен тоа, м-р Јетон Доко објавил и прегледен натпис за монографијата „Македонија и Балканот“ (договори и односи по Втората светска војна), од Новица Велјановски во списанието *Гласник на ИНИ*, бр.50/1, Скопје, 2006, 265-268.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на гореизнесеното, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот м-р Јетон Доко, во согласност со критериумите од Правилникот за постапката и поблиските критериуми за избор во научни и соработнички звања на Министерството за образование и наука и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно–научни, научни, наставно–стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, ги исполнува барањата и критериумите за избор во соработничкото звање асистент–истражувач.

Затоа, имаме чест на Советот на ИНИ да му предложиме м-р Јетон Доко да биде избран во соработничкото звање асистент–истражувач.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1.Проф. д-р Љубица Јанчева с.р.

2. Проф. д-р Нада Јурукова с.р.

3. Проф. д-р Халим Пурелку с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ КЛИНИЧКА, ЕЛЕКТРОФИЗИОЛОШКА И АНАТОМО-МОРФОЛОШКА КОРЕЛАЦИЈА НА ТЕМПОРАЛНИТЕ И ЕКСТРАТЕМПОРАЛНИТЕ ЛОБНИ ЕПИЛЕПСИИ“, ПОДНЕСЕНА ОД Д-Р ТАТЈАНА ЧЕПРЕГАНОВА-ЧАНГОВСКА, ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА, СКОПЈЕ

Со Одлука од Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје од својата IV редовна седница, одржана на 6.5.2014 година, формирана е Комисија за оцена на докторската дисертација „ Клиничка, електрофизиолошка и анатомо-морфолошка корелација на темпоралните и екстратемпоралните лобни епилепсии“ на д-р Татјана Чепреганова-Чанговска, во состав: доц. д-р Гордана Китева-Тренчевска, проф. д-р Лилјана Илиевска и проф. д-р Миодраг Врчаковски.

По деталното разгледување на дисертацијата, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Дисертацијата претставува научен и стручен труд, изнесен на 145 страници, илустриран со 5 слики и 43 табели, како и цитирана литература од 203 труда. Приложените слики и табели одлично се вклопени во текстот, овозможувајќи комплетно разбирање на обработената тема. Основни поглавја на трудот се: вовед, мотив, цели на трудот, материјал и методи, резултати, дискусија и заклучоци.

1. Во **ВОВЕДОТ**, кандидатката, преку податоци од најновата литература, ги наведува и детално ги обработува генералните аспекти на епилепсијата, дефиницијата за епилепсија, етиологијата, патофизиологијата и главните електрофизиолошки карактеристики, како и нејзината класификација. Детално е разработена и опишана старата дефиниција и класификација на епилепсиите и е компарирана со новата дефиниција и класификација. Експлицитно во воведот се опишани симптоматските епилепсии кои се поделени на темпорални и екстратемпорални епилепсии. Детален опис прво е даден на темпоралната лобна епилепсија, која како најепилептогена зона е опишана од нејзиниот историјат, номенклатура, дефиниција, па се до клиничката експресија на нападите. Нападите се детално опишани и наведени од Интернационалната лига за борба против епилепсијата(ИЛАЕ) и е наведена нејзината класификација на лимбична и неокортикална епилепсија. За секој од овие поттипови, убаво и концизно се објаснети епилептичните напади и даден е детален опис е дадено на субјективните и објективните клинички манифестации од неа. Екстратемпоралните епилепсии, фронтални, париетални и окципитални се изнесени со детален опис, дефиниција и класификација на нападите. Изнесени се и детално опишани најновите сознанија за темпоралните и екстратемпоралните лобни епилепсии, како и нагласена е важноста на корелативните студии за класификација на типот на нападите, електрофизиолошките и невррадиолошките испитувања во прецизно дефинирање на епилептогениот фокус, посебно кај симптоматските рефракторни епилепсии.

**2. Мотивот** за изработка на овој докторат, кандидатката го наоѓа во потребата за прецизна локализација на спецификите на ЕЕГ-наодите и нивната корелација со клиничката слика и невроимеџинг-методите. Актуелноста на проблематиката кај епилепсиите и иницијалниот стадиум во нивното испитување според новата дијагностичка шема на пациентите со епилепсија и епилептични напади, која е поделена во пет дела (аксиси), за полесно организирање и олеснување на клиничкиот пристап за развој на хипотезите кои се потребни во дијагностички и терапевтски цели, како и непостоењето на ваков тип на студии во Република Македонија, се основниот мотив за испитувањето.

**3.** Во дисертацијата, јасно се дефинирани **ЦЕЛИТЕ** на трудот прикажани во 5 точки:

1.со конвенционално ЕЕГ да се евалуира дистрибуцијата на епилептиформните графоелементи во корелација со клиничката експресија на нападите;

2.да се корелира наодот на видео-ЕЕГ со клиничката слика на нападите и другите невроимеџинг-методи за прецизна локализација на епилептогениот фокус;

3.анатомо-морфолошка корелација со магнетна нуклеарна резонанција (МНР) за сите епилептогени макрои микрофактори и нивна корелација со клиничката слика и електрофизиолошките испитувања, што е од важност за понатамошна тераписка и прогностичка стратегија;

4.да се евалуираат посебно темпоралните епилепсии и да се класифицираат според експресијата на нападите и невррадиолошките испитувања во мезијална и латерална темпорална епилесија, како и регистрација на податок за фебрилни конвулзии во минатото како можен предикторен фактор за појава на темпорална мезијална склероза;

5. да се евалуираат посебно екстратемпоралните епилепсии според феноменологијата на нападите, неврофизиолошките испитувања и анатомо-морфолошките промени и да се поделат на фронтални, париетални и окципитални епилепсии.

**4.** Во делот **МАТЕРИЈАЛ И МЕТОДИ,** презентирани се строго дефинираните критериумите за вклучување и исклучување на пациентите со симптоматска епилепсија (детална земена авто и хетероанамнеза за утврдување на типот на нападите, времето на јавување на болеста, честотата, преципитирачките фактори и дистрибуцијата на нападите, како и постоење на фамилијарна историја за фебрилни конвулзии во текот на детството). Кај сите пациенти беа направени невролошки, соматски неврофизиолошки и неврорадиолошки испитувања (магнетна нуклеарна резонанција на мозокот). Детално е опишан е изборот на истражуваната група, како и инклузионите и ексклузионите фактори на студијата.

**5.** Во делот **РЕЗУЛТАТИ** од студијата, прикажани се резултатите добиени со обработка и анализа на 500 пациенти со симптоматска епилепсија и нивна поделба на темпорална и екстратемпорална, оние кои ги исполниле критериумите при прием. Од вкупниот број на пациенти, 270 пациенти со темпорално лобарна епилепсија-ТЛЕ, 46.7% се од женски, а 53.3% се од машки пол.

Во студијата учествуваат 230 пациенти со екстратемпорална епилепсија-ЕТЕ, од кои 38,7% се од женски, а 61,3% се од машки пол. Потоа, направена е обработка според возрасната група и која возрасна група е најзасегната во однос на етиолошкиот фактор за појава на епилепсијата.

Во најголем дел ТЛЕ (темпорално лобарни епилепсии) се **мезијални** застапени со 51,5%, **потоа латерални,** со 44,1% и неодредени се кај 4,4%.

Кај најголем дел од пациентите со ТЛЕ(270) се регистрирани 32,6% комплексни парцијални напади, потоа следат комплексните парцијални напади со секундарна генерализација-18,5% кај кои кај 3 пациенти се регистрира и Status epilepticus.

Едноставните парцијални напади се регистрираат кај 15,6% од пациентите, а кај 11,1% се регистрираат едноставни парцијални напади со секундарна генерализација кај кои кај 1 пациент е регистриран и Status epilepticus.

Кај пациентите со напади во фронталниот лобус- моторен кортекс локализацијата на прероландична ареа е најчесто застапената локализација на напади од 64,1%, наодот е статистички сигнификантен во однос на останатите ареи во моторниот кортекс (20,8%,15,1%) за p=0.0000.

Од останатите зони од фронталниот лобус, со најголем процент се застапени антериорно фронталната локализација на напади и СМА кај 4 пациенти-21%, потоа со 15,8% се застапени дорзолатералните, оперкуларните зони, а цингуларните и орбитофронтални со 5,3%. Кај тројца пациенти е регистриран и статус епилептикус.

Повеќе од половина од фронталните напади -51,4% се шират фронто-париетално, а 35,1% се шират фронто-темпорално, 13,5% од нападите се шират фронто-темпоро-париетално.

Пациенти со епилепсија од париетален лобус се вкупно 159. Од нив се регистрираат во најголем процент едноставни парцијални напади-соматосензорни напади кај 79,2%, потоа кај 8,3% соматски илузии, кај 5,5% кондуктивни јазични дистурбанци итн. Процентуалнта разлика која се регистрира помеѓу сомато-сензорните напади верзус останатите е статистички сигнификантна за p=0.0000.

Кај 44,1% од париеталните напади се шират парието-фронтално, а 48,5% се шират парието-темпорално, фронто-темпоро-париетално кај 4,4 %, додека парието-окципитално кај 2,9%. Поголемиот процентуален наод на ширењето парието-фронтално и парието-темпорално е статистички сигнификантен во однос на останатите видови на ширење на нападот за p<0,01.

Кај вкупно 28 пациенти со епилепсија од окципитален лобус во поголем процент едноставни визуелни напади се регистрирани кај 5(17,8%), од кои негативните едноставни визуелни напади се застапени со 10,7%, а позитивните со 7,1%. Комплексни визуелни перцепции се регистрираат кај 4(14,2%) од пациентите, секундарно генерализирани напади се регистрираат кај 13(46,5%) од

пациентите, додека постиктална главоболка кај 6. Скоро половина од нападите – 46,7% се шират окципито-темпорално, а подеднакво со по 20,0% се шират окципито-париетално и окципито-темпо-фронтално , а кај 13,3% од пациентите ширењето е во насока окципито-темпо-париетално, процентуалната разлика која се регистрира во однос на правецот на ширење е статистички несигнификантна за p>0,05 21%) пациенти со окципитална епилепсија.

Кај пациентите со ТЛЕ се регистрира- 30,0% унилатерално избивање на ЕЕГ, кај 16,7% се регистрира билатерално избивање на ЕЕГ, а кај 16,3% неспецифично и нормално ЕЕГ кај 37,0%. Регистрацијата на различните проценти на видовите ЕЕГ кај пациентите со ТЛЕ унилатерално верзус билатерално и специфично и нормално верзус билатерално и неспецифично е статистички сигнификантно за p=0.0000.

Кај најголем дел од пациентите се регистрира- 40,9% специфично унилатерално избивање на ЕЕГ, а кај 6,5% се регистрира специфично билатерално избивање, кај 26,5% се регистрира нормално ЕЕГ и кај 26,1% неспецифично променето ЕЕГ.

Хипокампалната склероза како наод на ТЛЕ, се регистрира кај 30,4% од вкупниот број на пациенти со ТЛЕ. Друга етиологија е застапена со 69,6% како наод за ТЛЕ.

Се регистрираше статистичка зависност помеѓу фебрилните конвулзии и наодот на МНР-хипокампална склероза- Pearson Chi-square: 39.8360, p=0.000000.

Инфекцијата, како наод на МН, се регистрира кај пациентите со ТЛЕ-8,1% и кај пациентите со ЕТЕ-2,6%. Малформациите кај ТЛЕ се застапени со 1,3% и кај ЕТЕ со 7,4%, додека процентуалната разлика е статистички сигнификантна за p<0,05(p=0,0078; p=0,0007)( процентуалната застапеност е под 10,0%).

Дисплазијата се регистрира кај пациентите со ТЛЕ-11,1% и кај пациентите со ЕТЕ 23,9%, додека процентуалната разлика е статистички сигнификантна за p=0.0002.

Траумата (посттрауматските секвели) е регистрирана кај пациентите со ТЛЕ-13,4% и кај пациентите со ЕТЕ-29,6%, додека процентуалната разлика е статистички сигнификантна за p=0,0000.

Кај 42,6% од пациентите со ТЛЕ кај кои се регистрира нормално ЕЕГ се добива избивање на ЕЕГ-ДС, кај 44,4% од пациентите со ТЛЕ кај кои се регистрира специфичното ЕЕГ се добива избивање на ЕЕГ-ДС и кај 13,0% од пациентите со ТЛЕ кај кои се регистрира неспецифичното ЕЕГ се добива избивање на ЕЕГ-ДС. Процентуалната разлика помеѓу наодот кај пациентите со ТЛЕ кај кои се регистрира нормално и специфично ЕЕГ се добива избивање на ЕЕГ-ДС во однос на останатиот наод кај неспецифично ЕЕГ е статистички сигнификантен за p=0.000.(44,4% vs 13,0%; 42,6% vs 13,0%).

Кај 80,5% од пациентите со ЕТЕ кај кои се регистрира нормално ЕЕГ се добива избивање на ЕЕГ-ДС, кај 14,6% од пациентите со ЕТЕ кај кои се регистрира специфичното ЕЕГ се добива избивање на ЕЕГ-ДС и кај 4,9% од пациентите со ЕТЕ кај кои се регистрира неспецифичното ЕЕГ се добива избивање на ЕЕГ-ДС. Процентуалната разлика помеѓу наодот кај пациентите со ЕТЕ кај кои се регистрира нормално ЕЕГ се добива избивање на ЕЕГ-ДС во однос на останатите

два наода е статистички сигнификантен за p=0,00000.(80,5% vs 14,6%; 80,5% vs 4,9%).

При МНР-наодот во најголем процент се регистрира **фармакорезистентноста** кај хипокампалната склероза- 33,3%, дисплазиите-22,7%, кај инфекциите со 16,7%, кај атрофиите и туморите -12,1%, кај траумите-9,1% , кај малформациите и CVI – 4,5%.

**6.** Во поглавјето **ДИСКУСИЈА,** кандидатката ги анализира своите вкупни резултати со податоците од литературата. Со доза на критичност, споредувани се добиените резултати со резултатите од другите автори. Обемноста на цитираната современа литература од последните неколку години, која корелира со добиените резултати на кандидатката укажува на актуелноста на проблемот и неговата комплексност. Досегашните истражувања и добиени резултати од ова испитување наметнуваат нов правец за понатамошна правилна тераписка стратегија кај симптоматските епилепсии.

7. **ЗАКЛУЧОЦИТЕ** се јасно формулирани и претставуваат прецизни и концизни одговори на претходно поставените цели.

## ЗАКЛУЧОК И МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА

Докторската дисертација на ас. д-р Татјана Чепреганова-Чанговска под наслов КЛИНИЧКА, ЕЛЕКТРОФИЗИОЛОШКА И АНАТОМО-МОРФОЛОШКА КОРЕЛАЦИЈА НА ТЕМПОРАЛНИТЕ И ЕКСТРАТЕМПОРАЛНИТЕ ЛОБНИ ЕПИЛЕПСИИ обработува еден современ проблем и дава значаен стручен и научен придонес во областа на епилепсијата.

Работната хипотеза, јасно поставената и зацртана во докторската дисертација, е поддржана со вредна студија од 500 пациенти, од чии резултати произлегуваат вредни заклучоци, кои претставуваат оригинален придонес во проблемот на темпоралните и екстратемпоралните епилепсии. Посебна вредност на оваа дисертација претставува и спектроскопското метаболитно испитување, кое беше направено како дополнителна метода на испитување, како несомнен доказен фактор за потврда на лезија со губење на пирамидните клетки кај мезијалната темпорална епилепсија. Добиената база на податоци и нејзината актуелност ја наметнуваат потребата за натамошна нејзина надградба и отвора нови полиња на истражувања.

Рецензентската комисија, следејќи ја целокупната научно-истражувачка работа презентирана во оваа докторска дисертација, му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да го прифати овој извештај и да определи комисија која ќе закаже усна и јавна одбрана на докторската дисертација.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Доц. д-р. Гордана Китева Тренчевска с.р.
2. Проф. д-р. Лилјана Илиевска с.р.
3. Проф. д-р. Миодраг Врчаковски с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПРОЦЕНКА НА ПРЕДИКТИВНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА УСПЕШНОСТ НА ЕНДОСКОПСКОТО СТЕНТИРАЊЕ КАЈ МАЛИГНИТЕ БИЛИОПАНКРЕАТИЧНИ СТРИКТУРИ ОД Д-Р ЃОРГИ ДЕРИБАН, ПРИЈВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот “Свети Кирил и Методиј”, на својата IV редовна седница одржана на 06.05.2014. по предлог на Научниот одбор на Медицинскиот факултет определи Рецензентска комисија во состав:

1. Проф. д-р Владимир Серафимоски
2. Проф. д-р Васко Василевски
3. Проф. д-р Климе Ѓоревски,

за оцена на докторската дисертација на Ѓорги Дерибан, специјалист по интерна медицина, супспецијалист по гастроентерохепатологија, вработен на Универзитетската клиника за гастроентерохепатологија во Скопје под наслов **ПРОЦЕНКА НА ПРЕДИКТИВНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА УСПЕШНОСТ НА ЕНДОСКОПСКОТО СТЕНТИРАЊЕ КАЈ МАЛИГНИТЕ БИЛИОПАНКРЕАТИЧНИ СТРИКТУРИ.**

По разгледувањето на доставениот текст, РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА има чест до Наставно-научниот совет да го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација со наслов ПРОЦЕНКА НА ПРЕДИКТИВНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА УСПЕШНОСТ НА ЕНДОСКОПСКОТО СТЕНТИРАЊЕ КАЈ МАЛИГНИТЕ БИЛИОПАНКРЕАТИЧНИ СТРИКТУРИ, изработена од Ѓорги Дерибан претставува самостоен и оригинален труд од областа на гастроентерохепатологијата, презентирана на 177 страници со 73 табели и 11 слики. Содржината на докторската дисертација е поделена на: вовед, мотив за изработка на студијата, цели, материјал и методи, статистичка обработка, резултати, дискусија, заклучоци и литература. Научната мисла на докторандот и стилот на пишување се јасни, лесно разбирливи и концизни што овозможува едноставно следење на приложениот материјал.

Во **воведниот дел,** докторандот дава преглед на болестите кои доведуваат до малигни билиопанкреатични стриктури. Опишани се епидемиологијата, патогенезата, клиничката слика како и терапискиот пристап кај примарните билиопанкреатични малигноми со акцент на индикациите за ендоскопско стентирање. Во вториот дел од воведот се наведени техничките аспекти на ендоскопската ретроградна холангиопанкреатографија (ЕРЦП).

**Мотивот** на оваа студија е базиран од потребата прецизно да се документира успехот и безбедноста на ендоскопското стентирање кај пациенти со опструктивен иктерус, предизвикан од примарни билиопанкратични малигноми. ЕРЦП со ендоскопско стентирање, како најкомплексна, но и најризична ендоскопска процедура успешно се работи повеќе од три децении во Република Македонија, но досега се работени само поединечни студии на помал број пациенти од оваа област.

**Целите** на оваа дисертација се дефинирани како генерална цел:
- согледување на успехот и безбедноста на ендоскопската ретроградна холангиопанкреатографија, изведена на пациенти со опструктивен иктерус предизвикан од примарни билиопанкреатични малигноми;
и специфични цели:
- согледување на дистрибуцијата по дијагностички групи на пациентите со опструктивен иктерус на кои е изведена ендоскопската ретроградна холангиопанкреатографија, како и согледување на нивните клиничко демографски карактеристики,

- согледување на успехот и безбедноста на ендоскопското стентирање за секоја од дијагностичките групи согласно со локализацијата на билијарната опструкција, како и проценка на влијанието на клиничките, лабораториските, ултрасонографските и ЕРЦП наодите на исходот од интервенцијата.

- согледување и споредба на успехот и безбедноста на ендоскопското стентирање помеѓу групите на пациентите со дистални и проксимални билијарни опструкции со проценка дали клиничките, лабораториските, ултрасонографските и ЕРЦП наодите имаат предиктивна улога во исходот од интервенцијата.

Во делот **Материјал и методи** се опишани дизајнот на истражувањето, критериумите за селекција (со дефинираните инклузиони и ексклузиони критериуми), инструментариумот на истражувањето, анкетниот прашалник, испитуваните групи и етичките аспекти на истражувањето.

**Статистичката обработка** на податоците добиени со истражувањето е правена во соодветни статистички програми (Statistica for Windows 7,0 и SPSS верзија 14), а резултатите се прикажани табеларно и графички. Анализата на атрибутивните (квалитативни) серии е направена преку одредување на коефициент на односи, пропорции и стапки. Нумеричките (квантитативни) серии се анализирани со употреба на мерките на централна тенденција и мерки на дисперзија (стандардна девијација и стандардна грешка). Користени се повеќе параметарски и непараметарски тестови како Mann-Whitney U Test, Kruskal-Wallis test, Chi square-тест за еден или два примерока и Fischer exact тест, потоа Sperman-ов коефициент на ранг-корелација и t-test за независни примероци. Униваријантна логистичка регресиона анализа е применета за утврдување на предиктивната улога на одредени фактори (демографски и клинички) во однос на исходот од ЕРЦП интервенцијата.

**Резултатите** за сите 222 пациенти кој кои е работена интервенцијата се комплетно и детално прикажани во едно поглавије со 68 табели и 7 слики. Резултатите се прикажани во првиот дел сумирано за сите пациенти, а потоа за секоја дијагностичка група поединечно. Потоа се прикажани за секоја дијагностичка група резултатите со анализа за влијанието на испитуваните фактори врз исходот на ендоскопското стентирање. Кај групите на пациенти со дистални и проксимални опструкции е направена униваријантна логистичка

регресиона анализа со цел да се одреди предиктивната улога на одредени параметри во однос на исходот од ЕРЦП интервенцијата.
Во **дискусијата** авторот детално и критички ги анализира и ги коментира добиените резултати за сите испитувани параметри од оваа студија. Во дискусијата е даден осврт за секоја од работните хипотези со коментар дали хипотезата е потврдена или отфрлена. Резултатите од студијата докторандот ги споредува со слични студии од светската литература.
**Заклучоците** на дисертацијата се аналитички одраз на добиените резултати. Фактот дека успешноста на ендоскопското стентирање е висока кај сите дијагностички групи, како и отсуството на статистички сигнификантни разлики во успехот помеѓу одредени дијагнози дава за право ендоскопската ретроградна холангиографија со ендоскопско стентирање да биде понудена на сите пациенти кај кои според дефинираните инклузиони критериуми постои индикација за ендоскопско стентирање.
Од друга страна, идентификувањето на одредени прогностички фактори кои укажуваат на напреднат стадиум на болест и се асоцирани со пониска упешност на ендоскопското стентирање дава за право да се препорача пациентите без одлагање и во најкраток можен рок да се упатуваат за натамошен третман во соодветните ендоскопски установи.

**Литературата** содржи 162 библиографски референци подредени според редоследот на цитирање. Цитирани се актуелни студии од респектирани автори од ова поле како и трудови во релевантни списанија кои ја обработуваат оваа проблематика.

## ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација ПРОЦЕНКА НА ПРЕДИКТИВНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА УСПЕШНОСТ НА ЕНДОСКОПСКОТО СТЕНТИРАЊЕ КАЈ МАЛИГНИТЕ БИЛИОПАНКРЕАТИЧНИ СТРИКТУРИ, изработена од Ѓорги Дерибан, претставува самостојна научна студија од областа на интервентната ендоскопија. Студијата ги задоволува принципите за научно-истражувачка работа. Поставените цели во целост се реализирани, а добиените резултати се адекватно презентирани и обработени давајќи научно-практичен придонес.

Рецензентската комисија смета дека оваа студија ги исполнува стручните и научните критериуми за докторска дисертација и има актуелен и значаен придонес во областа на македонската гастроентерохепатологија.

Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја продолжи процедурата за нејзина одбрана.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **ПРОФ. Д-Р ВЛАДИМИР СЕРАФИМОСКИ с.р.**
2. **ПРОФ. Д-Р ВАСКО ВАСИЛЕВСКИ с.р.**
3. **ПРОФ Д-Р КЛИМЕ ЃОРЕСКИ с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА УЧЕБНИКОТ **„ЕНЕРГЕТСКА БЕЗБЕДНОСТ“ ОД ПРОФ. Д-Р ТОНИ МИЛЕСКИ, ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР ПРИ ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на предлогот од Колегиумот на Институтот за безбедност, одбрана и мир, од седницата одржана во март 2014 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, на шестата редовна седница одржана на 30.4.2014 година, со Одлука бр. 02-1044/2 ме определи за рецензент на учебникот „Енергетска безбедност“ поднесен од проф. д-р Тони Милески. Ценејќи ја укажаната доверба, со особено задоволство го поднесувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

Учебникот „Енергетска безбедност“ претставува научно дело на професорот Милески од областа на енергетската безбедност. Со овој учебник се комплетира новата предметна програма во рамките на студиската програма за безбедност, одбрана и мир. На тој начин се продлабочуваат научните анализи, презентирани во учебникот кои се првенствено приспособени и наменети за студентите од Институтот за безбедност, одбрана и мир.

Согласно со студиската програма на Институтот за безбедност, одбрана и мир, за предметот енегретска безбедност е определен фонд на часови 3+1, со 6 ЕКТС-кредити. Компарирајќи ги содржините во предложениот учебник со предметната програма, можам да истакнам дека тие во целост се совпаѓаат. Односно, содржината на учебникот е конципирана согласно со содржините и целите на предметната програма за енергетска безбедност.

Авторот на трудот, проф. д-р Тони Милески, веќе подолг временски период се занимава со конкретни научни опсервации на проблемите поврзани со енергетската безбедност, како во Република Македонија, така и пошироко.

За рецензент на учебникот „Енергетска безбедност“ сум избран на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, на неговата шеста редовна седница одржана на 30.4.2014 година.

Учебникот „Енергетска безбедност“ претставува прво издание од авторот проф. д-р Тони Милески. Целата содржина на учебникот е презентирана на 150 страници, во 5 поглавја, 9 табеларни прикази и 1 слика, односно картографски приказ. Секое поглавје од учебникот претставува посебна целина која разработува конкретна проблематика поврзана со состојбите, мерките и конкретните активности во поглед на обезбедувањето соодветни количества на енергетски ресурси од различни извори, континуиран дотур на енергенси, безбедност на трасите и нивната коректна цена.

Во првото поглавје се елаборираат состојбите и тенденциите во рамките на Европската унија. Поконретно, објаснет е пристапот на Европската унија, кон широкото и комплексно прашање на енергетската безбедност, кој вклучува три одделни, но меѓусебно поврзани политики: внатрешни механизми со кои се обезбедува одржливост на снабдувањето со енергија; надворешни механизми со кои енергијата ќе се интегрира во европската заедничка надворешна и

безбедносна политика и внатрешни и надворешни политики за остварување заштита на критичната инфраструктура.

Во второто поглавје, авторот прави приказ на состојбите со енергетската безбедност и Северно-атлантската алијанса. Притоа, фокусот е поставен на обидите за политизација и секуритизација на енергетското снабдување, вклученоста и улогата на НАТО на полето на енергетската безбедност, како и сложеноста во дефинирањето на таа улога на Алијансата.

Третото поглавје од учебникот „Енергетска безбедност“ се однесува на енергетската стратегија на Русија за 21 век, односно за периодот до 2030 година. Во овој дел се потенцира дека енергетската стратегија на Русија во новиот милениум првенствено е фокусирана на постсоветскиот геополитички простор и актуелните позиции на Русија во поглед на дистрибуцијата на основните енергенси на различни пазари во постсоветските републики, Југоисточна Европа и Кина.

Четвртото поглавје се однесува на енергетската инфраструктура на Република Македонија. Авторот потенцира дека енергетската инфраструктура на државата претставува важен сегмент во структурирањето и проценката на целокупната енергетска безбедност. Притоа, посебно се истакнува дека добар дел од анализата на енергетската безбедност отпаѓа на заштитата на енергетската инфраструктура.

Петтото поглавје ја детерминира состојбата на полето на енергетската безбедност во Република Ракедонија. Посебен акцент е ставен на состојбите и предизвиците за енергетската безбедност на Република Македонија која претставува увозно зависна држава. На крај, авторот дава насоки за имплементирање на концептот за енергетска безбедност во Република Македонија, како и идните правци за конкретни активности во поглед на остварувањето на стратегиските цели за гасификација на државата и конектирање со постојните околни цевководи. Притоа, вредно е да се напомене дека анализата на досегашните преземени мерки и стратегиските определби во Република Македонија алудираат на тоа дека енергетската независнот не претставува главна стратегиска цел. Тоа значи дека веќе се доцни со процесите на заштитата на енергетските резерви, и целиот акцент на политичката акција е поставен на зголемената енергетска ефикасност на ресурсите кои ќе се користат.

Врз основа на целокупната рецензија на учебникот „Енергетска безбедност“, академските компетенции на авторот, применетата научноистражувачка методологија, користената библиографија, како и генералните согледувања и оценки за овој ракопис, со големо задоволство и чест упатувам препорака до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната рецензија и да го одобри публикувањето на учебникот „Енергетска безбедност“.

Рецензент
Проф. д-р Митко Котовчевски, с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
# НА УЧЕБНИКОТ **„ЕНЕРГЕТСКА БЕЗБЕДНОСТ“ ОД ПРОФ. Д-Р ТОНИ МИЛЕСКИ, ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР ПРИ ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

По предлог на Колегиумот за безбедност, одбрана и мир од седницата одржана во март 2014 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, на VI редовна седница одржана на 30.4.2014 година, со одлука бр. 02-1044/2 ме определи за рецензент на учебникот „Енергетска безбедност“, поднесен од проф.д-р Тони Милески. Заблагодарувајќи се за укажаната доверба, со особено задоволство можам да го поднесам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Во рамките на предложениот ракопис за учебник „Енергетска безбедност“, кој воедно претставува значаен научен труд на проф. д-р Тони Милески, се елаборирани актуелни и комплексни теми и прашања од областа на енергетската безбедност. Тие се идентификувани во повеќе аспекти: загриженоста за енергетската безбедност која влијае и ги формулира меѓународните односи многу пошироко од стратегиските и геополитичките димензии; формирањето на нови стратегиски алијанси и соработка меѓу државите, зголемената глобална потрошувачка на енергија, порастот на цената на нафтата, зголемената зависност од увоз на енергија како и идниот недостатот на нафта и гас.

По својата структура, содржина и опфат, учебникот е првенствено наменет за студентите од првиот циклус студии на Институтот за безбедност, одбрана и мир при Филозофскиот факултет.

Во согласност со акредитираната студиска програма на Институтот за безбедност, одбрана и мир, предметот енергетска безбедност се реализира во петтиот семестар, во обем 3+1 часа за предавања и вежби, како и 6 ЕКТС. Содржините кои се опфатени во учебникот наполно се во корелација со посочената предметна програма за енергетска безбедност која се реализира во рамките на студиската програма на Институтот за безбедност, одбрана и мир.

Проф. д-р Тони Милески во својот научен и истражувачки ангажман целосно е посветен кон идентификување на клучните прашања и проблеми поврзани со енергетската безбедност. Значаен придонес во овој труд имаат теоретските аспекти кои енергетската безбедност ја ставаат во корелација со неколку теориски дискурси како геополитиката, меѓународната економија и меѓународните безбедносни студии. И од овој аспект, учебникот може да биде од голема полза за правилното детерминирање на потребните стратегиски пристапи кон остварување на сеопфатниот концепт на енергетската безбедност во Република Македонија.

Учебникот „Енергетска безбедност“ од авторот проф. д-р Тони Милески претставува прво издание. Содржината на учебникот е изложена на 150 страници текст, кој е концпиран во пет тематски поглавја, надополнети со 9 табеларни прикази и 1 слика. На крајот е наведен солиден број на користена библиографија.

Авторот проф. Милески ја конципира содржината на учебникот на начин на кој успешно се презентирани најновите сознанија во областа на енергетската политика, практика и безбедност. Анализата е реализирана со употреба на институционален пристап со кој се опфатени ЕУ, НАТО и Русија кои имаат надлежности во сопствениот делокруг на активности поврзани со енергетската безбедност.

Така, во **првиот дел**, презентирани се состојбите со енергетската безбедност во контекстот на Европската унија. Авторот ги објаснува пристапите и политиките на Европската унија, притоа апострофирајќи ги внатрешните механизми со кои се обезбедува одржливост во снабдувањето со енергија, потоа надворешните механизми преку кои енергијата се интегрира во европската заедничка надворешна и безбедносна политика, како и надворешните и внатрешните политики за остварување заштита на критичната инфраструктура.

**Вториот дел** кој носи наслов „НАТО и енергетската безбедносна дилема“ е фокусиран на состојбите и активностите на НАТО во сферата на енергетската безбедност. Авторот потенцира дека Северноатлантската алијанса се повеќе се обидува да го политизира и секуритизира проблемот со енергетското снабдување. Анализите се прават врз основа на стратегиските документи и стратегиските концепти на НАТО-алијансата.

**Во третиот дел** од учебникот, презентирана е енергетската стратегија на Русија за 21 век. Авторот потенцира дека енергетската стратегија на Русија се задржува на постсоветскиот геополитички простор и актуелните позиции на Русија во поглед на дистрибуцијата на основните енергенси на различните пазари од постсоветските републики, како и ангажманите во регионот на Југоисточна Европа и во Кина. Широкиот простор за маневрирање и можностите кои се нудат, ја прават Русија главен играч на пазарот на природниот гас и нафтата. Исто така, се потенцира дека економското јакнење на Русија во последниот период се должи на силниот развој на енергетскиот сектор.

Во **четвртиот дел** од учебникот „Енергетска безнедност“, се елаборира енергетската инфраструктура на Република Македонија како важен сегмент во структурирањето и проценката на целокупната енергетска безбедност. Во овој дел, детално се обработува Стратегијата за енергетика на Република Македонија за периодот 2008 – 2020 со визија до 2030 година.

Во последниот, **петти дел**, авторот ги изнесува состојбите и предизвиците за енергетската безбедност на Република Македонија. Притоа, детерминирани се степенот на достигнатиот принцип на диверзификација на енергетските потенцијали и енергетските ресурси, како и можните сценарија за идно дејствување преку Стратегијата за енергетика на Македонската академија на науките и уметностите.

Врз основа на претходната анализа на текстот и изнесените констатации и оценки за предложениот учебник „Енергетска безбедност“, може да се констатира дека авторот одговорил на академскиот предизвик - да ја постави енергетската безбедност како актуелна концепциска и практична дилема, а потоа со интердисциплинарен и институционален пристап да дојде до конкретни одговори за развојот, димензиите, улогата и перспективите. Учебникот претставува концизно и јасно четиво, збогатено со солиден број извори на информации и библиографија.

Врз основа на изнесените констатации и оценки, со особено задоволство и чест му препорачувам на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да ја прифати позитивната рецензија и да го поддржи издавањето на учебникот „Енергетска безбедност“ од проф. д-р Тони Милески.

Рецензент

Проф. д-р Лидија Георгиева, с.р.

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРИЈАВЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА**
**МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**
**на VIСЕДНИЦА одржанана 30.04.2014 година**

| Ре дб р. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ТЕМА | МЕНТОР |
|---|---|---|---|
| 1. | Татјана Огненов | Квалитетот на социјалните услуги за деца под старателство<br><br>The Quality of Social Services for Children under State Guardianship | проф. д-р Сунчица Димитријоска |
| 2. | Ана Павловска | Разводот на брак и квалитетот на односите родител – дете<br><br>The Divorce and the Quality of the Parent-Child<br>Relationship | проф. д-р Сунчица Димитријоска |
| 3. | Ивана Михајловска | Стратегиско безбедносни придобивки од воведувањето на биометриски лични документи во Република Македонија<br><br>Strategic Security Benefits from the Implementation of Biometric Identification Documents in Republic of Macedonia | проф. д-р Зоран Нацев |
| 4. | Примислав Димовски | Улога на меѓународните организации во промена на режими – случајот Либија<br><br>The Role of International Organizations in the Regime Changes: a Study Case of Lybia | доц. д-р Рина Киркова - Танеска |
| 5. | Јасмина Котевска | Психоактивните супстанци како мотиви и инспирација во светската ликовна уметност во периодот на 19 и почетокот на 20 век<br><br>The Psychoactive Substances as a Theme and Inspiration in the fine arts from the 19 th and beginnings of the 20th century | проф. д-р Владимир Величковски |
| 6. | Исљам Зендели | Модернизацијата на основното образование преку воведување на современа образовна технологија<br><br>Modernization of Primary Education Through Introduction of Modern Educational Technology | проф. д-р Трајан Гоцевски |
| 7. | Силвана Костадиновска | Соработката на училиштата со локалната заедница- состојби и перспективи | проф. д-р Анета Баракоска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Collaboration between Schools and the Local Communities – Present Conditions and Perspectives | |
| 8. | Фросина Ивановска | Слика за себе, локус на контрола, родов идентитет и враќањето на себе кај жени жртви на семејно насилство<br><br>Image of Self, locus of Control, Gender identity, and Reclaiming Oneself in Women-Victims of Domestic Violence | проф. д-р Николина Кениг |
| 9. | Калина Смилевска | Планирање и организација на неформални облици на изучување на странски јазик<br><br>Planning and Organization of Non-formal Methods for Learning Foreign Languages | проф. д-р Марија Тофовиќ Ќамилова |
| 10. | Никола Пачовски | Анализа на разузнавачките циклуси-компаративна анализа на разузнавачките циклуси во разузнавачките служби на САД, Велика Британија и Русија<br><br>Analysis of Intelligence Cycles: A Comparative Analysis of Intelligence Cycles in the Intelligence services in USA, Great Britain, and Russia | проф. д-р Митко Котовчевски |
| 11. | Роберт Серафимов | Перспективи и предизвици на системот за заштита и спасување во Република Македонија<br><br>The Perspectives and the Challenges of the Protection and Rescue System in the Republic of Macedoina | проф. д-р Марина Митревска |
| 12. | Ирена Симоновска | Ликовната критика и некои форми на уметничка инсталација од 2002-2012 година<br><br>Art reviewers and Some Forms of Art installation from 2002 to 2012 | проф. д-р Владимир Величковски |
| 13. | Сања Пармакова | Меѓународните декларации за човековите права: специфики и разлики помеѓу Универзалната декларација за човекови права и декларацијата од Каиро<br><br>Comparative Analysis of the Universal Declaration of Human Rights and the Cairo Declaration of Human Rights in Islam | доц. д-р Рина Киркова - Танеска |
| 14. | Санда Пулевска | Воведување на германскиот јазик како втор задолжителен предметво првиот образовен | проф. д-р Јасмина Делчева |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | циклус во основното училиште<br><br>German Language as a Second Mandatory Language Course subject in the First Educational Cycle of Primary Education | Диздаревиќ |
| 15. | Симона Самарџиева | Менаџирање на човечките ресурси во театрите во Скопје<br><br>Management of the Human Resources of Skopje' Theathres | проф. д-р Антоанела Петковска |
| 16. | Сања Кошуланска | Организацијата и реализацијата на наставата по лектира во основното образование<br><br>Organization and Realization of Required Reading in<br>Primary Education | проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ |
| 17. | Димитри Чапканов | Locus of Control, Extraversion, Psychosomatics, Anxiety, and Social Aggressiveness Among Students of Social and Technical Science | проф. д-р Благоја Јанаков |
| 18. | Моника Велиновска | Соработката со семејствата – модел на педагошка комуникација<br><br>Cooperation with Families as A Model of Pedagogical Communication | проф. д-р Марија Тофовиќ Ќамилова |
| 19. | Радмила Серафимоска | Промени и тенденции во современото училиште од аспект на реализација на воспитната функција<br><br>Trends and Changes in Contemporary Education as a Factor for Successful Realization of the Educational Function | проф. д-р Анета Баракоска |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
# НА РАКОПИСОТ НА МОНОГРАФИЈАТА „ЗА ЕТНОЛОГИЈАТА... БЕЗБРОЈ ПРАГОВИ СМЕ ПРЕМИНАЛЕ... ЗА АНЕТА СВЕТИЕВА“, УРЕДНИЦИ: ПРОФ. Д-Р ЉУПЧО РИСТЕСКИ И ДОЦ. Д-Р АНА АШТАЛКОВСКА – ГАЈТАНОСКА

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, постапувајќи по предлогот на Институтот за етнологија и антропологија при Факултетот, бр. 07-462/1 од 13.3.2014 година, на седницата одржана на 27.03.2014 година донесе Одлука бр. 07-462/2, со која сум избрана за рецензент, за издавање на ракописот **„За етнологијата... безброј прагови сме преминале... За Анета Светиева“**, уредници проф. д-р Љупчо Ристески и доц. д-р Ана Ашталковска – Гајтаноска од Институтот за етнологија и антропологија при Факултетот. Постапувајќи според Одлуката, чест ми е да го поднесам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Монографскиот труд „За етнологијата... безброј прагови сме преминале... За Анета Светиева“, уредници: проф. д-р Љупчо Ристески и доц. д-р Ана Ашталковска – Гајтаноска, е посветен на дејноста и резултатите постигнати во сферата на етнологијата и антропологијата на проф. д-р Анета Светиева, а подготвен од нејзини блиски соработници и пријатели. Тематски, во монографијата се поместени: предговор посветен на проф. д-р Анета Светиева, нејзината библографија и 10 труда на нејзини соработници, пријатели, колеги од Македонија и Словенија (Љупчо Ристески, Мирјана Мирчевска, Илина Јакимовска, Ана Ашталковска Гајтаноска, Змаго Шмитек - Словенија, Мирјам Менцеј – Словенија, Јелена Цветановска, Инес Црвеновска-Ристеска, Елизабета Павковиќ, Мери Стојанова). Уште во самиот предговор на монографијата, нејзините соработници ќе истакнат дека таа е најзначајната во создавањето на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, кој во 2005 година конечно доби институционална форма.

Тргнувајќи од премисите во современата етнологија и антропологија дека на создавањето на етнографијата сѐ повеќе се гледа како на творечки процес, во кој границата помеѓу уметноста и науката станува речиси невидлива, кај проф. д-р Анета Светиева е воочливо со нејзината основна едукација - уметник, вајарка и спојот со етнологијата. Меѓутоа, покрај талентот кој е неопходен како за творечкот процес на уметникот, така и во научноистражувачката работа, вредности кои несомнено професорката ги поседува, она што уште повеќе ја истакнува личноста на проф. д-р Анета Светиева е нејзината макотрпна и систематска работа, надоградување и постојано дообразување, по што таа добива и заслужено место во развојот на македонската етнологија и антропологија. Уште со нејзиното вработување во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, во 1970 година како истражувач на народната орнаментика и работејќи во домени на

народната декоративна пластика, таа ја увидела потребата дека за да се раберат и решат определени прашања од народната традиција, и посебно оние поврзани со идентитетот, треба да се запознае и контекстот во кој што тие се случуваат (иако и во етнолошките истражувања во тој период на ниво на југословенската федерација, во која припаѓаше и Македонија, морам да истакнам дека контекстот во кој се случувале појавите и процесите не бил во центарот на вниманието, што уште повеќе ја истакнува личноста на проф. д-р Светиева како научник), а најдобри можности за тоа нуди етнологијата, што било и причина нејзината надоградба да биде на Одделението за етнологија на Универзитетот во Белград, каде што и ја брани нејзината докторска теза „Резбарени тавани, долапи и врати во Македонија“, која во 1992 година излегува како моногрфска публикација во издание на Инситутот за фолклор. Работејќи во дисертацијата врз анализа на општествено-политичките, економските и културните околности во кои се создавале уметнички дела за уредување на внатрешноста на македонската градска куќа и продлабочените анализи на турските архивски документи, таа навлегува во прашањата за создавањето, постоењето и функционирањето на македонското граѓанство, и ги расветлува општествените и економските околности на градовите и градскиот живот во Македонија во периодот на доцната османска власт и периодите на бурни општествени и политички промени што следеле потоа. Општествените и економските прашања во функција на внатрешното уредување во градските куќи во Македонија поврзани со пластиката во дрво, таа ги разработува во повеќе од 20-тина текстови, објавени покрај во Македонија (Македонски фолклор, Балканославика), и во тогашната југословенска федерација – Зборник на трудови на Сојузот на друштвото на фолклористи на Југославија, во Турција. Етнолошките проучувања на орнаментиката ја проширила во сферата на обредните лебови, анализирајќи ги нивните функции, форми и значењата на одредени симболи, а поврзани со некои од позначајните празници во текот на годината (Ѓурѓовден, Бадник) или во текот на животот на луѓето (раѓање, свадба, смрт). Нејзиниот научен интерес не се огрничувва на народната орнаментика, но дава свој придонес во проучувањето на народната култура и народната религија, разработувајќи ги обредните активности околу Нова година анализите посветени на обредите со маски, значењата на еротските елементи кои доминираат во нив; обредните дејствија околу стожерот, место кое по куќата околу огништето, има најмногу обредни актвности; родовите прашања во етнолошките и антрополошките истражувања; внесува нови парадигми во проучувањето на повеќе аспекти на народната и популарната култура; идентитетските прашања, нашинците (Торбеши, Горани, Голобрдци), македонските малцинства надвор од границите на Македонија; миграциите итн. Овие научни трудови покрај тоа што се публикувани во Македонија (ЕтноАнтропоЗум, Етнолог, Балкнославика, Македонски фолклор, изднија на МАНУ), во голем дел се публикувани надвор од Македонија (Турција, Словенија, Франција, Србија и Австрија, Бугарија, Полска итн.), што уште повеќе ја потврдува професорката Светиева како научник од светски ранг.

Широкиот дијапазон на етнолошки теми што ги разработила проф. д–р Анета Светиева, што во Монографијата се гледа од нејзината библиографија - над 100 библиографски единици, а кои се во тренд со современите светски и европски

истражувања, говори за исклучително надарен, полн со знаења, посветен на науката научник. Тешко е да се замисли колкава би била нејзината библиографија доколку проф. д-р Анета Светиева целиот свој работен век би го посветила на научноистражувачката работа од областа на етнологијата и антрополијата. Но, проф. д-р Анета Светива, знаејќи го непроценливото национално значење на етнологијата, не може да остане рамнодушна, и голем дел од времето го посветува на институционализирање на етнологијата, иако условите до нејзина реализација биле тешки, понижувачки и истоштувачки. Како и неколкумина други претходници, професорката Светиева се одлучува да го изоди овој пат, не само за себе, туку и за поновите генерации, но најмногу од сѐ заради етнологијата и антропологијата и заради Македонија. Важноста на овие дисциплини во функционирањето и во постоењето на современите општества, таа постојано ја истакнува, што приредувачите уште на првата страница го издвоиле како многу значајно од нејзините интервјуа во дневните весници: „оној дел од етнологијата што се однесува на нас самите, треба сами да го негуваме како што прават сите“ - Светиева Анета (Утрински весник, 10.12.2010), свесна за нејзините употреби и злоупотреби во политизацијата на минатото и на сегашноста. Оваа нејзина активност започнува веднаш по нејзиното преоѓање во 1990 како доцент на Институтот за географија: насока етнологија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, каде што веќе функционирале четиригодишните студии по етнологија, но без квалификувани кадри од сферата на етнологијата. Во вакви околности, кога имало вакуум од над 30 години со непостоење на академски студии по етнологија, а тоа нормално резултира со непостоење на основни учебни помагала, кога на располагање се материјалите од другите катедри на тогашна Југославија, или материјалите на професорот Бранислав Русиќ, тогаш стари повеќе од 25 години, отвора нов предизвик за професорката – постојана работа врз нејзините предавања, за што секако поттик и импулс ѝ биле нејзините студенти и работата со нив, пред сѐ нејзиното настојување да изгради квалитетен кадар, кој ќе биде подготвен за понатамошно усовршување, но и дополнителен мотив за заложување на нејзината кауза –институционализирање на науката. Во оваа смисла, авторите на предговорот ги истакнуваат неколкуте пакети предавања за студентите за 9 предмети, со по најмалку три-четири ревизии и дополнувања согласно со времето и околностите во кои се предаваа. Нејзината подготвеност за новитети во квалитативна смисла професорката ја покажува преку осовременувања на студиските и наставните програми по етнологија и антропологија почнувајќи од 2000 година. По прогласувањето на Институтот за етнологија и антропологија во 2005 година и формално антропологијата како дисциплина го зазеде своето место како во наставниот курикулум, исто така и во научноистражувачката работа. Професорката Светиева посветено работеше и на акредитирање на првите постдипломски студии по етнологија на Македонците во самостојна Македонија, кои беа отворени кон крајот на деведесеттите години на XX век. Проф. д-р Анета Светиева од отворањето на постдипломски студии до денес (2014г.) била ментор на повеќе од 20 магистерски работи, но и ментор на 7 јавно одбранети докторски дисертации и уште неколку кои под нејзино менторство сѐ уште се работат.

Истовремено работејќи со студентите, таа со својата екипа во Институтот за етнологија и антропологија работи и на научноистражувачки проекти, на кои во најголем дел била и главен раководител. Со отворањето на првите можности за меѓународната истражувачка работа на билатерално ниво кон крајот на 90-тите години, таа е активна и на ова поле. Во овој контекст треба да се споменат билатералните прокети помеѓу Институтот за етнологија и антропологија од Скопје и Одделението за етнологија и културна антропологија на Филозофскиот факултет во Љубљана во Словенија, на кои на дел од нив била и главен истражувач. Оваа меѓунродна соработка станува континуирана и секако има свој удел во развојот на Институт за етнологија и антропологија при ПМФ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Таа е основач на стручното списание „ЕтноАнтроЗум“ (2001 г.) на Институтот за етнологија и антропологија, а до 2009 г. таа е негов главен и одговорен уредник.

Прилозите што следат во монографската публикација посветена на проф. д-р А. Светиева, ги допираат темите на кои таа работела. Спомените од детството, од раната младост, од Битола, од семејството, од најразлични настани раскажани од професорката Анета Светиева преку фотографиите, ни ги отсликува Елизабета Павковиќ во „Разговор со професорката Анета Светиева. Слики од детството“.

Со статусот на етнологијата во Македонија во периодот на социјализмот (1946-1953) се занимава трудот на Љ. Ристески „Само што излеговме од опинци, етнолозите сакаат повторно да нè вратат во нив“. Авторот расветлува важни настани поврзани со отворањето и укинувањето на академските студии по етнографија и етнологија на Филозофскиот факултет во Скопје во периодот на раниот социјализам од 1946 до 1953 г. Истакнати се општествено-политичките услови во кои се создадени студиите, а на база на архивски материјали од фондовите на Филозофскиот факултет и Министерството за образование на СРМ, истакнати се и причините за нивното укинување.

На прашањата на идентитетот во Монографијата се посветени два труда. Мирјана Мирчевска во трудот „Конструирање на сегашноста преку преиспитување на минатото: Помеѓу јавниот дискурс и личната перцепција“, се занимава со колективното сеќавање на практиките во социјализмот и во постсоцијализмот во Југославија и поранешните југословенски републики и во Македонија. Врската помеѓу националниот/културниот идентитет и колективната меморија е непобитна, а националниот колективен идентитет се гради со создавањето на заедничка иднина преку толкувањето на заедничкото минато. Колективната меморија ја разгледува како општествена категорија, како потреба на земјите при смена на општествените уредувања, да го верификуваат и ревидираат минатото, како потреба на конструкција на нови митови и реконструкција на старите сè уште присутни митологии. Прашањата за идентитетот и одредени идентитетски категории преку пограничната соработка кај многу земји од Европската унија, која и се покажала како релативно корисен пристап во рамките на развојот на пограничните региони, каде што заедничкото регионално потекло ја претставува точката на поврзување на две условно речено спротивставени страни и се истакнуваат регионалните идентитети, авторката Мери Стојанова во трудот „Прекуграничната соработка како извор на потенцијални идентитетски промени во југозападниот дел на Македонско-албанската граница“ ја разгледува на пограничната соработка во југозападниот дел на македонско-албанската граница.

Истакнува дека нејзината примена во Македонија е релативно нова, како што и резултатите се релативно нови за да може да се донесе дефинитивен заклучок и прецизна анализа на овој процес.

Значењето на симболите го сретнуваме во трудовите на Змаго Шмитек и Мирјам Менецеј. Змаго Шмитек во неговиот труд „Symbolism and classification of colours in the Slovenian folklore“, накратко нé воведува во мултидисциплинарното истражување на перцепцијата на боите и нивнот симболизам, а потоа се осврнува на симболизмот на боите во словенскиот фолклор, правејќи паралели со други словенски јазици и култури. Мирјам Менецеј, „The symbolism of the directons of cultural movement“, симболиката на насоката на индивидуалното движење ја разгледува во индоевропски рамки, и ги разгледува насоките на движење во европските традиционлни култури во однос на привидното движење на Сонцето или спротивно од неговото привидно движење и насоките на движење во поглед на десна или лева страна.

Родовите истражувања со кои се занимавала професорката А. Светиева се инспирација на неколку истражувачки поместени во монографскот труд. Во овој контекст, авторката И. Јакимовска, во трудот „Реално и иделано: промена на родовата парадигма во македонската етнологија“, го истакнува придонесот на професорката А. Светиева во согледувањата дека родовите истражувања не ја покажуваат црно-белата слика, како што е прикажана родовоста во постарата балканска и македонска етнологија, и токму примената на идеалниот и реалниот модел на културата овозможува пообјективно согледување на сложените родови односи. Токму во реалниот модел на културта преку механизмите на женска супкултура, лукавство, мудрост, итрост, умност подобро се согледуваат односите не само меѓу половите, но и односите во рамките на истиот пол. Жената и женскиот принцип на ниво на идеален и реален модел во традициската култура се предмет на истражување и на Јелена Цветановска, „Улогата на жената во традициската култура“. Иделниот модел за положбата на жената претставен преку народното право и системот на воспоставените морални вредности, во реалниот модел не се совпаѓа во целост, и тоа благодарение на женските механизми, а еден од нив е женската обредност, во која жената ја имала нејзината најголема моќ на ниво на семејна и селска заедница. Спремноста на проф. д-р Анета Светиева да се „зафаќа“со теми кои биле заобиколувани во македонската етнологија, е поттик за Ана Ашталковска Гајтаноска да го даде нејзиното резимирано искуство за занимавање со интимни теми во македонската традициска култура, во трудот „Аспекти на интимноста во македонската народна култура“. Авторката ги определува контурите на концептот за интимноста во македонската народна култура, истакнувајќи го фактот дека овој концепт во својата суштина е тежок за прецизна, точна и објективна идентификација. Трудот на И. Црвенковска-Ристеска, „Машка истополова сексулност во кибер-просторот“, во етнолошките и антрополошките истражувања на наш терен, но и во други научни дисциплини се нови. Врз основа на теренските истражувања се констатира дека кибер-просторот е еден од најчестите начини за запознавање на момчињата и воспоставување на нивна комуникација, која може да остане само во кибер-просторот, но и да стане реална.

## З А К Л У Ч О К:

Монографијата „За етнологијата... безброј прагови сме преминале... За Анета Светиева“, уредници проф. д-р Љупчо Ристески и доц. д-р Ана Ашталковска – Гајтаноска, претставува исклучително значајна публикација за македонската етнологија и социо-културна антропологија, во кој приредувачите со право во прв ред го истакнуваат придонесот на професорката Анета Светиева за развојот на етнологијата како научна дисциплина, но и развојот на македонската етнолошка мисла. Навистина, проф. д-р Светиева, со подеднакво голема посветеност во нејзинот работен век со доаѓањето на Географскиот институт на Природно-математичкиот факултет, работи на институционализирањето на етнологијата, прво како Завод за етнологија, а подоцна преминува во Институт за етнологија и антропологија, на внесување современи студиски програми, со што етнолошките студии и истражувања воопшто не заостануваат зад европските; понатаму на оформување на научен кадар кој ќе биде продолжувач на развојот на етнолошката мисла; како и нејзината научно-истражувачка работа создавана врз база на опсежни теренски истражувања и теориски познавања. Ова го може само научник со огромни знаења кој посветено ја работи својата научна работа, но и научник кој е свесен за значењето на етнологијата како дисциплина. Трудовите што следат во монографијата се надоградуваат на нејзината научноистражувачка работа, но, истовремено, ја отсликуваат нејзината спремност и поддржување на помладите научници за истражување теми кои се во тренд со современата етнологија и антропологија.

Врз основа на претходно изнесените позитивни мислења во однос на квалитетот на монографијата „За етнологијата... безброј прагови сме преминале... За Анета Светиева“, подготвена од уреднците проф. д-р Љупчо Ристески и доц. д-р Ана Ашталковска – Гајтаноска, која своевидно претставува и монографија за историскиот развој на македонската етнолошка и антрополошка мисла, со големо задоволство и чест најсрдечно ја предлагам за печатење, со што таа ќе претставува значаен прилог и импулс за понатамошните истражувања во оваа научна област.

РЕЦЕНЗЕНТ

Д-р Весна Петреска, научен советник во<br>Институтот за фолклор „Марко Цепенков“<br>во Скопје, с.р.

## Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ НА МОНОГРАФИЈАТА **„ЗА ЕТНОЛОГИЈАТА... БЕЗБРОЈ ПРАГОВИ СМЕ ПРЕМИНАЛЕ... ЗА АНЕТА СВЕТИЕВА“**, УРЕДНИЦИ ЉУПЧО С. РИСТЕСКИ И АНА АШТАЛКОВСКА - ГАЈТАНОСКА

Со Одлука бр. 07-462/2 од 27.3.2014 г. на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет при УКИМ во Скопје, избрана сум за рецензент на ракописот со наслов: **„ЗА ЕТНОЛОГИЈАТА... БЕЗБРОЈ ПРАГОВИ СМЕ ПРЕМИНАЛЕ... ЗА АНЕТА СВЕТИЕВА“,** уредници: Љупчо С. Ристески и Ана Ашталковска Гајтаноска.

Интегралниот текст на монографскиот труд е посветен на дејноста и резултатите постигнати во сферата на етнологијата и антропологијата на проф. д-р Анета Светиева, најзначајниот деец во создавањето на Институтот за етнологија и антропологија при Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, професорка која во современите студиски програми за етнологија и антропологија по 90-тите години на XX век внесе или отвори можности да се направат осовременувања во наставните содржини, истражувачка која во современите текови во современата македонска етнологија внесе нови парадигми во проучувањето на повеќе аспекти на народната и популарната култура, во промената на родовата парадигма и уште многу други сфери на истражување.

Ракописот на монографијата под наслов **„ЗА ЕТНОЛОГИЈАТА... БЕЗБРОЈ ПРАГОВИ СМЕ ПРЕМИНАЛЕ... ЗА АНЕТА СВЕТИЕВА“,** уредници: Љупчо С. Ристески и Ана Ашталковска Гајтаноска, од група автори, се состои од 12 (дванаесет) текста, од кои 10 (десет) се од домашни автори, а 2 (два) од странски колеги. Текстовите на домашните автори се на македонски јазик, а на странските автори на англиски јазик. Текстот на ракописот содржи предговор, интервју со проф. д-р Анета Светиева и библиографија на објавени трудови на проф. д-р Анета Светиева. Понатаму следува регистар на поважни имиња и поими. Публикацијата е збогатена со фотографии од семејниот албум на А. Светиева, како и фотографии на колегата Јоже Рехбергер – Огрин од Љубљана, Р. Словенија, кој со години учествува и визуелно ги документира нашите истражувачки активности.

Во поднесениот ракопис посветен на научното дело на проф. д-р Анета Светиева научно се третираат теми, главно, поврзани со повеќето од аспектите со кои таа самата се занимава во текот на истражувачката работа во сферите на македонската етнологија, како и со резултати од истражувања на колегите од странство, а кои се поврзани со научно-истражувачки проекти во кои проф. д-р Анета Светиева учествувала или раководела со нив.

Публикацијата започнува со опширно, детално, авторефлексивно, емотивно и широко отворено интервју на проф. д-р Анета Светиева за своето детство, од кое заинтересираните можат да пронајдат и протолкуваат многу детали за нејзините подоцнежни научни интереси, како и за задднината на многу од нејзините парадигми. Интервјуто со проф. д-р Анета Светиева го реализирала колешката м-р Елизабета Павковиќ.

Во текстот со наслов: **„Само што излеговме од опинци, етнолозите сакаат повторно да не вратат во нив. Статусот на етнологијата во Македонија во периодот на социјализмот (1946-1953)“,** авторот Љупчо С.

Ристески прави обид за расветлување на круцијални настани поврзани со отворањето и укинувањето на академските студии по етнографија и етнологија на Филозофскиот факултет во Скопје во периодот на раниот социјализам од 1946 до 1953 г. Во анализите се користени и архивски материјали од фондовите на Филозофскиот факултет и Министерството за образование на СРМ. Истакнати се општествено-политичките услови во кои студиите се создадени и за кратко време укинати. Се укажува на општите и локаните политички и идеолошки рамки на дејствување во социјалистичката заедница. Прашањата поврзани со подемот и падот на националната етнологија во Социјалистичка Република Македонија се поврзани со идеолошките рамки за справување на социјализмот со селанството, ројализмот, назадноста, традиционализмот наспроти работништвото, комунизмот, напредокот и модерноста.

Во следниот текст на авторката Ана Ашталковска-Гајтаноска со наслов: „**Аспекти на интимноста во македонската народна култура**“ се идентификуваат контурите на концептот за интимноста во македонската народна култура со оглед на фактот што овој концепт во својата суштина е тежок за прецизна, точна и објективна идентификација. Истовремено, од методолошки аспект концептот на интимноста се третира како суштински сегмент во етнолошките и антрополошките истражувања, особено во процесот на теренско истражување без оглед на тоа дали истражувачот експлицитно се занимава со интимни теми или не.

Авторката Илина Јакимовска во текстот со наслов: „**Реално и идеално: Промената на родовата парадигма во македонската етнологија**“ прави краток преглед на третирањето на родовоста во рамките на балканската и македонската етнологија, со посебен акцент на работата на ова поле на Анета Светиева, чии теориски и теренски истражувања претставуваат своевиден меѓник во истражувањата на родовите прашања во локални рамки. Особено се истакнува нејзиниот придонес во примената на дуалниот, идеално/реален модел на култура, кој овозможува пообјективно согледување на сложените родови односи, и тоа не само помеѓу мажите и жените, туку и, внатре , во родот.

Авторката Инес Црвенковска – Ристеска во текстот со наслов: „**Машка истополова сексуалност во кибер простор -по примери од Република Македонија**“ се осврнува на прашања поврзани со сексуалноста на момчиња кои сакаат да запознаат истополови сексуални партнери и пријатели. Постојат повеќе начини како го прават тоа. Еден од најчестите е во рамките на кибер-просторот. Најголем дел од нив го користат мирцот, кога низ наративите за себе го креираат личниот „втор“ идентитет, со што се реализираат во рамките на кибер геј-заедницата и полесно воспоставуваат комуникација со лица со кои делат заеднички интереси.

Текстот на авторката Јелена Цветановска, исто така, се надоврзува на родови теми во народната култура во Македонија. Со наслов „**Улогата на жената во традициската култура**“, во текстот се разгледуваат жената и женскиот принцип од повеќе аспекти – метафизички, социолошки, психолошки, антрополошки – со цел да укаже на комплексноста и длабочината на прашањето чии почетоци во антропологијата датираат од седумдесеттите и осумдесеттите

години на XX век. Главен поттик за авторката на оваа статија се истражувањата на проф. д-р Анета Светиева, чии трудови ги отворија прашањата на и за жената во македонската етнологија. Резултатите од нејзините истражувања претставуваат инспирација за повеќе генерации истражувачи, меѓу спаѓа и авторката на текстот.

Текстот на авторката Мирјана Мирчевска со наслов: „**Конструирање на сегашноста преку преиспитување на минатото: помеѓу јавниот дискурс и личната перцепција**“ разработува прашања поврзани за колективните сеќавања во јавниот дискурс. Како пример ги зема балканските простори. Потребата од ревидирање на минатото преку корекција на памтењата е појава која е карактеристична за смената на општествените уредувања во кој било историски период. Авторката се занимава со проучување на паметењето како општествена категорија, анализа на потребата од таквите верификации и ревизии на минатото, на погледот *од внатре*, на конструкција на новите митови и реконструкција на старите сè уште присутни митологии.

Во текстот со наслов: **„Прекуграничната соработка како извор на потенцијални идентитетски промени во југозападниот дел на македонско – албанската граница“,** авторката Мери Стојанова прави обид за анализа на влијанијата на прекуграничната соработка врз креирањето на регионалните идентитети и можноста од нивна „употреба“ со цел надминување на бројни етнички, историски, политички или други видови на несогласувања.

Текстот на Змаго Шмитек **„Симболизмот и класификацијата на боите во словенечкиот фолклор“** дава краток преглед на историјата на мултидисциплинарноста во проучувањето на перцепцијата на боите и нивниот симболизам. Во вториот дел се анализираат боите и нивните значења во народната култура во Словенија, во релација со другите словенски јазици и култури.

Статијата на Мирјам Менцеј „**Симболизмот во насоките на културното движење**“ се занимава со анализа на симболизмот на насоките на индивидуалните движења во традиционалните концепти во рамките на индоевропската културна традиција, првенствено во контекст на обредните практики на кружно движење во контекст на животниот и/или годишниот циклус. Насоките на движење анализирани во текстот се однесуваат на европските традиции и се поврзани со почитувањето на претставите за движењето на сонцето или, пак, спротивно на движењето на сонцето, како и во зависност дали кружното движење се случува на лево или на десно.

Врз основа на погоре изнесеното позитивно мислење, предлагам Стручниот совет на Институтот за етнологија и антропологија и Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да го прифатат ракописот со наслов **„ЗА ЕТНОЛОГИЈАТА... БЕЗБРОЈ ПРАГОВИ СМЕ ПРЕМИНАЛЕ... ЗА АНЕТА СВЕТИЕВА“,** УРЕДНИЦИ: ЉУПЧО С. РИСТЕСКИ И АНА АШТАЛКОВСКА - ГАЈТАНОСКА за објавување.

РЕЦЕНЗЕНТ

Академик Петар Влаховиќ, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКОТРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА КНИГАТА КАЈ МУСЛИМАНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО ВРЕМЕ НА ОСМАНЛИСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ" ОД М-Р РАМАДАН РАМАДАНИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Одлуката бр. 10-151/2 на Советот на Институтот за национална историја, донесена на неговата редовна седница одржана на 3. IV.2014 г., избрани сме за членови на Комисијата за одбрана на докторската дисертација под наслов *Улогата и значењето на книгата кај муслиманите во Македонија во времето на османлиското владеење,* од кандидатот м-р Рамадан Рамадани. По читањето и анализата на споменатата докторска дисертација, Комисијата во состав: проф. д-р Драги Ѓоргиев, проф. д-р Амет Шериф, доц. д-р Драгица Поповска, проф. д-р Јован Јанев и доц. д-р Аднан Исмаили, има чест на Научниот совет на ИНИ да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација *Улогата и значењето на книгата кај муслиманите во Македонија во времето на османлиското владеење,* од кандидатот м-р Рамадан Рамадани, се состои од: Вовед, четири глави, Заклучок и Преглед на користени објавени и необјавени извори и на литература.

М-р Рамадан Рамадани во воведот од својата докторска дисертација се задржува на историскиот развој на османлискиот турски јазик, како и на неговите најосновни карактеристики. Според докторандот, тоа е направено затоа што тој историски развој и јазични карактеристики можат да се забележат и во ракописите и во книгите оставени како наследство на територијата на Р Македонија. Многу често јазикот или стилот на еден ракопис или книга, кај кои недостасува името на авторот или годината на пишување, се главните елементи според кои приближно може да се определи времето на нејзиното создавање. Во зависност од елементите и лексиката употребена во ракописот и од сложеноста на јазикот, таа може да биде ставена во одреден период од историскиот развој на османлискиот турски јазик и на тој начин да се дознае времето на нејзиното пишување.

Првата глава од докторската дисертација носи наслов: ***Значењето на книгата кај муслиманите*** и таа е поделена на четири поднаслови. Првиот од нив гласи *Односот кон пишаниот збор и начинот на изработка на книги кај муслиманите.* Во него кандидатот, м-р Рамадани, се задржува врз анализата на неколку клучни фактори преку кои се обидува да даде одговор на поставениот наслов. Најпрвин тој дава кратка историја на развојот на пишаниот збор и книгата општо во историјата на човечката цивилизација, а потоа се спушта на ниво на муслиманскиот свет, разгледувајќи го ширењето на книгата во арапскиот свет и меѓу другите муслимански народи. Во следните два поднаслова: *Калиграфија* и *Украсување на книгите и ракописите кај Османлиите,* тој се осврнува на овие два сегмента од процесот на правењето книги и нив ги дефинира како дел од исламската уметност втемелена врз основа на арапското писмо. Таквиот вид на уметност во која графемите од едно писмо стануваат основа за естетско изразување била прифатена низ целиот исламски свет и нивото до кое тоа естетско изразување било издигнато претставува вистинска реткост во светот на уметноста. Првата глава завршува со поднасловот *Светата книга на исламот – Куранот,* во кој докторандот ја анализира оваа

света книга на муслиманите од повеќе аспекти, притоа нагласувајќи три негови аспекти: метафизички, антрополошки и етички.

Втората глава носи наслов ***Видови муслимански книги на територијата на Македонија,*** во која се анализира збирката ориентални ракописи која се чува во Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ во Скопје. При анализата на оваа збирка, м-р Рамадан Рамадани ги дели книгите и ракописите врз основа на јазикот (арапски, персиски и османлиски турски јазик) и врз основа на содржината (верски, филолошки, филозофски и книги со содржина од природни науки). Изобилството од најразлични наслови, теми, содржини и автори што ги претставува докторандот, го покажуваат богатство од ракописи и книги кое било присутно кај македонската муслиманска заедница.

Во третиот поднаслов од оваа глава, *Книжевноста на муслимански народи на Балканскиот Полуостров на ориенталните јазици (арапски, османлиски турски и персиски),* кандидатот посветува внимание на муслиманската литература и книжевност во османлискиот период на просторот на Балканскиот Полуостров и на придонесот што кон таа литература го дале и другите муслимански народи, освен Турците. Притоа докторандот ги наведува речиси сите досега познати поети и писатели од македонските градови со што се добива претстава за активности меѓу муслиманските писатели на оваа територија, а според м-р Рамадани, се потврдува и фактот дека муслиманите во Македонија не биле само консументи на книгата, туку, исто така, дека тие и учествувале во нејзиното создавање со пишување на бројни поетски и прозни литературни дела. Некои од тие ракописи не се важни само за османлиската, туку и за светската книжевност. Втората глава завршува со еден од најинтересните феномени од аспект на османлиското наследство во областа на литературата. Тоа е т.н. *Алхемиадо книжевност на муслиманските балкански народи,* односно книжевност која авторите ја пишувале на својот мајчин јазик, но со арапско писмо, кое го користел речиси целиот исламски свет. Такви ракописи на бошњачки, односно албански јазик, досега се откриени во Босна и во Албанија. Што се однесува до Македонија, според кандидатот, иако на нејзина територија живеела, и сè уште живее, муслиманската заедница која уште во XVI в. го прифатила исламот, но го задржала својот мајчин македонски јазик, досега не се откриени ракописи, книги или каков било документ кој би бил напишан на македонски јазик, но со арапско писмо. Сепак, со оглед на тоа што во архивите сè уште има голем број необработени фондови на ориентални збирки, а тука посебно место заземаат и приватните збирки, кои, исто така, остануваат затворени за поширок круг истражувачи, кандидатот ја остава отворена можноста во иднина да бидат откриени примери на алхамиадо книжевност и на територијата на Македонија.

Третата глава од докторската дисертација е насловена ***Институциите во кои се чувале книги.*** Оваа глава м-р Рамадан Рамадани ја започнува со, според него, најважните институции во кои во почетокот на класичниот османлиски период се чувале книгите, а тоа биле основните образовни институции, односно мектебите и медресите. На овие две институции се посветени првите два поднаслова. Главната функција на овие институции била да ги образуваат младите генерации, а за тоа била потребна литература која се набавувала на најразличен начин и се чувала во овие институции. Кандидатот во овие поднаслови го објаснува начинот на функционирањето и организацијата на мектебите и медресите со цел да се сфати нивната улога што ја имале во образовно - културниот живот на муслиманите, но и нивното значење во зачувувањето на книжниот фонд кој бил

грижливо собиран во нив за потребите на наставата. Секако, од овие две институции поважни биле медресите, кои биле важен дел од османлиското образование сè до XX в., кога започнале да го губат своето значење. Притоа докторандот посебно внимание посветува на мектебите и медресите кои постоеле во македонските градови во класичниот османлиски период.

Како најважни специјализирани институции во кои се чувале книгите, кандидатот ги вбројува библиотеките. За потребите на образовниот процес во големиот број медреси и мектеби, морало да се располага со книги, учебни помагала и разни преписи на важни дела. Поради тоа уште од најраниот период започнала и традицијата на собирање и чување книги во рамките на медресите, што довело до формирање и на првите ориентални библиотеки во Македонија. Во досегашните истражувања, според м-р Рамадани, традиционалните османлиски библиотеки, особено оние што се наоѓале во помалите градски центри, претставуваат еден од најнепознатите аспекти од областа на културната историја на османлискиот период. Тој истакнува дека недоволното познавање на историјата на помалите библиотеки се должи на фактот што тие, пред сè, не успеале да одржат непрекинато функционирање во текот на целиот османлиски период. Имено, нивното функционирање многу често било прекинувано од разни причини, како што биле војни, пожари, други временски непогоди, потоа згаснување на вакафите кои ги финансирале библиотеките и сл. По ваквите прекини, обновувањето на библиотеките било многу ретко и речиси невозможно. Дури пред самиот залез на османлиската држава во некои позначајни вилаетски центри биле формирани нови библиотеки и читалишта. Од тие причини за поголемиот дел вакафски и приватни библиотеки од класичниот османлиски период не се зачувани подетални податоци за бројот на книги во нив и за нивниот историски развој.

Единствен и најважен извор за расветлување и истражување на тие библиотеки претставувале вакафнамите со кои биле формирани вакафите. Тоа важи и за османлиските библиотеки во македонските градови, за кои вакафнамите овозможуваат да се дознае содржината и бројноста на книжевниот фонд кој бил оставен да служи за работа на медресите. Притоа, докторандот се задржува на двете најпознати и најстари вакафнами во Р Македонија, односно вакафнамите на Исхак - бег и на Иса - бег. Анализирајќи ги овие извори, тој го дава списокот на сите книги кои биле увакафени во времето на формирањето на вакафот, со што се дознава точно кои биле приоритетните науки кои се изучувале во скопските медреси. Оваа глава завршува со преглед на збирките ориентални документи кои се чуваат во Државниот архив на Република Македонија, кои, исто така, претставуваа дел од ракописното османлиско наследство на територијата на Македонија.

Последната глава под наслов ***Формирање на книжевните фондови,*** м-р Рамдани ја посветил на начинот на кој книгите доаѓале до институциите и биле создавани збирки. И оваа глава е поделена на неколку поднаслови, од кои првиот гласи *Пренесување на книгите.* Според докторандот, дистрибуцијата на книгите во класичниот османлиски период била макотрпна и бавна работа затоа што ниту постоела соодветна патна инфраструктура, ниту постојните патишта биле безбедни, ниту, пак, превозните средства биле на ниво кое овозможувало книгите брзо и лесно да пристигнуваат до саканите дестинации. Богатите луѓе, кои биле љубители на пишаниот збор, имале свои агенти кои патувале ширум империјата и кои набавувале книги за нив. Меѓутоа, тоа биле поединечни случаи и преносот на книгите на таков начин бил многу скромен. Поради тоа било неопходно да се користат сите начини и методи кои во тоа време можеле да послужат за

пренос на книги во места каде што имало концентрација на луѓе и каде се вршела размена и купопродажба на разни други производи, стоки и предмети. Една од таквите активности во Османлиската Империја кои овозможувале собирања на луѓе и размена и продажба на разни производи и предмети, биле панаѓурите. Притоа, кандидатот наведува неколку позначајни панаѓури на територијата на Македонија, давајќи примери за дистрибуција и продажба на книги.

Следниот начин на формирање книжни фондови според кандидатот било увакафувањето на книгите и тоа тој го разработува во вториот поднаслов од оваа глава. Книгите што ги увакафувале завештателите најчесто во вакафнамите биле поединечно набројувани, со цел да останат запишани, да се чуваат и да бидат користени од генерациите кои доаѓале. Првите фондови книги кои биле увакафувани, всушност, често биле и основното јадро околу кое подоцна се формирале и првите библиотеки.

Последниот поднаслов од докторската дисертација гласи *Изадавачка и читателска традиција.* Во него, м-р Рамадани го дава развојот на државната печатница во рамките на османлиската држава. Од аспект на културната историја на османлиската држава, тоа имало големо значење, иако се случило многу подоцна во однос на западните европски држави. Притоа кандидатот се осврнува и на развојот на државните османлиски печатници во македонските градови и на печатењето на првите книги во нив. Тој констатира дека државните печатници во македонските градови се појавиле релативно доцна, односно со формирањето на вилаетите како административни единици во втората половина на XIX в.

Дисертацијата завршува со Заклучок, во кој м-р Рамадани ги сублимира резултатите презентирани во докторската дисертација, и со преглед на користените извори и литература.

## **З А К Л У Ч О К**

Во согласност со гореизнесениот извештај, Комисијата констатира дека докторската дисертација *Улогата и значењето на книгата кај муслиманите во Македонија во времето на османлиското владеење,* од кандидатот м-р Рамадан Рамадани, претставува солидно обработена дисертација, која нуди нови сознанија за тема која е речиси необработена во македонската историографија. Кандидатот, користејќи го хронолошко – тематскиот пристап, успеал да ги опфати сите релевантни и важни аспекти на темата, градејќи го текстот на еден разбирлив јазик и стил, со јасна концепција во која секој од насловите си има свое јасно место и улога. Истражувањата направени во соодветните институции и користените извори и литература му овозможиле на докторандот да го претстави огромното книжевно ориентално наследство во Р Македонија како едно од најзначајните и наjинтересни културни и материјални наследства во нејзината историја. Притоа, тој покажува дека книгата имала важна улога во животот на муслиманите на Македонија и таа книжевна традиција се одржала во текот на целиот османлиски период.

Имајќи го предвид овој заклучок, комисијата има чест и задоволство на Научниот совет на ИНИ да му предложи докторската дисертација *Улогата и значењето на книгата кај муслиманите во Македонија во времето на османлиското владеење,* од кандидатот м-р Рамадан Рамадани, да биде допуштена на јавна одбрана.

Комисија
Проф. д-р Драги Ѓоргиев
Проф. д-р Амет Шериф
Доц. д-р Драгица Поповска
Проф. д-р Јован Јанев
Доц. д-р Аднан Исмаили

**РЕФЕРАТ**

ЗА ИЗБОР НА ЧЕТИРИ НАСТАВНИЦИ ВО СИТЕ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТОТ НЕВРОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013 и 24/2013), а во врска со членовите 9, 42, 46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 250/2013), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата IV редовна седница одржана на 6. 5. 2014 година, формира Рецензентска комисија за избор на четири наставници во сите звања по предметот неврологија, во состав: проф. д-р Сашо Стојчев, проф. д-р Илија Џонов, проф. д-р Дијана Никодијевиќ, проф. д-р Весна Пејоска-Геразова и проф.д-р Александар Чапароски.

На конкурсот за избор на четири наставници во сите звања, објавен во весникот „Утрински весник" од 4. 4. 2014 година, се јавија следниве кандидати: доц. д-р Гордана Китева-Тренчевска, доц. д-р Наталија Долненец-Банева, доц. д-р Игор Петров и доц. д-р Анита Арсовска.

По разгледувањето на доставените материјали, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет да му го достави следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. **Доц. д-р Гордана Китева-Тренчевска**

## Биографски податоци

Д-р Гордана Китева-Тренчевска е родена 1959 г во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје како првенец на генерацијата. На Медицинскиот факултет во Скопје дипломирала во 1984 г. со просечен успех 9,00.

Се вработила на Клиниката за нервни и душевни болести во Скопје во 1986 г. Специјализација по невропсихијатрија завршила при Клиниката во тек на 1988-1992 год. Специјалистичкиот испит по невропсихијатрија го положила во 1992 год. а докторила на Медицинскиот факултет во Скопје во 2003 г. Специјалист по семејна медицина е од 13. 5. 2011 г.

На Клиниката работела на Одделот за клиничка неврофизиологија, со електродијагностичките методи ЕЕГ, ЕМГ и ЕП, на Одделот за епилепсии, раководител била на Одделот за амбулантско-поликлиничка дејност со отсеците дневна болница, физикална терапија и КТМ. Тековно ја врши функцијата раководител на Одделот за неврофизиологија при Клиниката за неврологија.

Член е на МЛД, Здружението на невролози на Р. Македонија, Светската лига и на мекедонскиот Оддел за борба против епилепсија.

Национален координатор е на интернационалниот проект „Бременост и антиепилептици”, тренер е на Европската академија за епилепсија и добитник е на сертификат европски епилептолог. Добитник е на Благодарница и Диплома од МЛД.

Говори англиски и германски јазик.

**Наставно-образовна дејност**

Избрана е за помлад асистент по предметот невропсихијатрија во 1990 г. а за асистент по невропсихијатрија е избрана во 1994 г. За асистент по неврологија е избрана во 1998 г. реизбрана е во 2002 год. а за научен соработник е избрана во 2006 г. Во 2009 г. е избрана за доцент на Катедрата за неврологија. Учествува во додипломската настава за студенти по медицина и стоматологија, во наставата за ТСС за физиотерапевти, логопеди и медицински сестри. Учествува во наставата од втор циклус на студии, за специјализантите по неврологија и за специјализантите од семејна медицина, интерна медицина, неврохирургија, физикална терапија и рехабилитација, дипломирани логопеди, како наставник, ментор и едукатор. Учествува во обуката на специјалисти за супспецијалистички знаења и вештини од областа на неврофизиологијата. Едукатор е на Европската академија за епилепсии при Интернационалната лига за борба против епилепсијата. Метор е на дипломски и магистерски трудови и ментор е на семинарски трудови за изборен предмет.

**Научноистражувачка дејност:**

Активно учествува во научноистражувачката дејност од областа на неврологијата, неврофизиологијата и епилептологијата преку учество во интернационални проекти, преку учество на конгреси, симпозиуми и семинари, известувајќи за своите резултати од работата на Клиниката и разменувајќи идеи, ставови и знаења со други истражувачи. Има публикувано свои трудови, како автор и коавтор во цитирани научни списанија.

**Стручно-апликативна дејност:**

Со своето вработување се вклучува во работата на Клиниката и постојано систематски работи на својата континуирна медицинска едукација и стекнатите знаења и вештини им ги пренесува на помладите колеги во процесот на додипломската и постдипломската едукација. Била активен учесник на интернационални и домашни школи и курсеви, и тоа: Интернационална школа за ЕМГ во Ровињ, 1988, Семинар за неврологија во Салцбург, 1998 г. Интернационална работилница за генетика на епилепсиите во Фиренца, престојувала 1 месец во Грац на студиски престој на Одделот за неврофизиологија во 2001. Учествува на интернационалникот курс за ЕМГ во Љубљана под покровителство на Интернационалната федерација за клиничка неврофизиологија во 2001 г. а во 2002 год. учествувала на Интернационалниот курс по молекуларна биологија на нервниот систем на Интернационалниот универзитет во Дубровник. Во 2003 г. учествувала на ЕУРЕПА-курсот на Интернационалната лига за борба против епилепсија ИЛАЕ за рационална терапија на епилепсиите при Интернационалниот универзитет во Венеција. По покана на ЕУРЕПА учествувала на обуката на инструктори на Европската

академија за епилепсија во Чешка, при што се стекнува со сертификат Европски епилептолог и инструктор на Европската академија за епилепсија. Во 2005 год. се вклучила во програмата ВИРЕПА за “ distance learning”, при што во тек на 6 месеци го следела курсот за генетика на епилепсиите по електронски пат и успешно го положила завршниот испит. Стручните знаења ги применува во секојдневната клиничка практика и преку едукативните активности ( организирање на работилници, семинари, предавања) им ги пренесува на помладите колеги. Се вклучува во проектот на Светската банка за имплементација на семејната медицина во програмата за специјализација на Медицинскиот факултет и се стекнува со специјализација по семејна медицина. Станува дел од тимот на Центарот за семејна медицина. Инвестира во својата едукација за подобрување на наставата на студентите и специјализантите на Медицинскиот факултет преку вклучување на интерактивен пристап во наставата. Како предавач и ментор учествува во организирањето на работилници наменети за докторите од примарното здравствено ниво, со цел развивање на професионализам и добра медицинска практика, со акцент на превентивните мерки за намалување на морбидитетот и морталитетот во популацијата.

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Гордана Александар Китева-Тренчевска**
**Институција: ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија, Медицински факултет , Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Скопје**

**Научна област: неврологија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. бр.** | **Назив на активноста:** | Бр. на активности | Поени од форму-лар | Вкупн о |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава** | | | |
| | Од прв циклус (период 2009-2013) – студенти по медицина, стоматологија, ТСС (логопеди, физиотерапевти, медицински сестри) | 373 | 0,04 | **14.92** |
| | Од втор циклус (специјализации) | 30 | 0,05 | **1.5** |
| **2.** | **Настава во работилници и школи** | | | |
| | Раководител (КМЕ) | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Клиничка неврофизиологија, 23-24 април 2009, Скопје, Р. Македонија | 1 | 1,5 | **1,5** |
| | *Обука на едукатори по семејна медицина, февруари-март 2010, Прилеп, Р. Македонија* | 1 | 1,5 | **1,5** |
| | Медикаментозен третман на епилепсии **Гордана Китева-Тренчевска** **Работилница,** Епилепсија- актуелности и дилеми во конзервативниот и хируршкиот третман, Здружение на неврохирурзи на Р. Македонија, 2010. | 1 | 1,5 | **1,5** |
| | *Модул: неврологија, доедукација за семејна медицина, 14. 5. 2011, 19. 6 2011, 10. 7. 2011, 4. 11. 2011, 11.12.2011* | 5 | 1,5 | **7,5** |
| | Едукација на едукатори во семејна медицина, октомври 2012, Велес, Македонија | 1 | 1,5 | **1,5** |
| | Ревматологија во примарната здравствена заштита, 2012, Скопје, Р. Македонија | 4 | 1,5 | **6** |
| | *Модул: неврологија, доедукација за семејна медицина, 2. 2. 2012, 9. 2. 2012* | 2 | 1,5 | **3** |
| | Работилница-депресија, 2013, Скопје, Р. Македонија | 4 | 1,5 | **6** |
| | *Модул: неврологија, доедукација за семејна медицина, 17. 2. 2013, 23. 2.2013, 15. 6. 2013* | 3 | 1,5 | **4,5** |
| | Третман на епилепсии во клиничката практика, 1. 11. 2013, Дојран, Р. Македонија | 1 | 1,5 | **1,5** |
| | Levetiracetam во третман на епилепсии, 2013, Банско, Бугарија | 1 | 1,5 | **1,5** |
| | Учесник (КМЕ) | | | |
| | Учење и обука за влијанието на медикализацијата во општата медицина/семејна медицина, 11-12 декември 2009, Охрид, Р. Македонија | 1 | 1 | **1** |
| | Паркинсонова болест: етиологија, патогенеза и тераписки пристап, 14. 5. 2010, Скопје, Р. Македонија | 1 | 1 | **1** |
| | Работилница за испитувачи на специјалистичкиот испит за семејна медицина, 12-13. 6. 2010, Прилеп, Р. Македонија | 1 | 1 | **1** |
| | 3rd Workshop for national coordinators of EURAP, 24.-26. September,2010, Venice | 1 | 1 | **1** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | International University of San Servolo, Italy | | | |
| | World federation of neurology CME program 29.10.2010 | 1 | 1 | **1** |
| | Respiration machine-stationary, 28.01. 2011, Skopje, R. Macedonia | 1 | 1 | **1** |
| | Clinical research at a glance, 13. April 2011, Vienna School of clinical research, Vienna, Austria | 1 | 1 | **1** |
| | Second international seminar for magnetic resonance imaging, 15-18 June 2011, Ohrid, R. Macedonia | 1 | 1 | **1** |
| | OMI Visiting professorship in family medicine, 20. June 2011, Skopje, R. Macedonia | 1 | 1 | **1** |
| | *VIREPA Introduction session at the 9th Congress on Epileptology, 28th June 2010, Greece, EEG in the diagnosis and treatment of epilepsy supported by the ILAE Commission on diagnostic methods* | 1 | 1 | **1** |
Целта на овој труд била да се испита дистрибуцијата и фреквенцијата на UGT1A6*2 генотипот кај пациенти со епилепсија и да се евалуираат ефектите од овој полиморфизам врз дозата,плазма -концентрацијата и метаболизмот на валпроичната киселина.Биле користени следниве митоди: TaqMan assay-real time PCR,флуоресцентен поларизационен имуноесеј и HPLC методата.Разликите во дозата и плазма- концентрацијата било најдено да не се статистички значајни.Пациентите со GG- генотип за UGT1A6 A541G полиморфизам се поврзани со повисока дневна доза на одржување на валпроична киселина,ниски плазма- концентрации и побрза елиминација на овој антиепилептичен лек.

83.КЛИНИЧКИ,НЕВРОФИЗИОЛОШКИ И НЕВРОПСИХОФИЗИОЛОШКИ НАОДИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ПРГОГРЕСИВНА СУПРАНУКЛЕАРНА ПАРАЛИЗА
Петров И.
ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ,5. Конгрес на невролозите на Р.Македонија со меѓународно учество,
2012:19-21

Целта на овој труд била да се направи корелација помеѓу клиничките симптоми на пациентите со ПСП и невропсихофизиолошкиот корелат на експектограмот(ЕХГ) и ЦНВ- парадигмата како и неврофизиолошките и невропсихолошки наоди.Шест пациенти на возраст од 52 до 78 години, од кои две жени и четири мажи, биле испитани на Одделот за екстрапирамидни заболувања при Невролошката клиника во Скопје во период од 2009-2010 година.Биле направени детален невролошки преглед, анамнеза,рутински лабараториски испитувања,ЕЕГ,евоцирани потенцијали,ЦНВ и ЕХГ парадигмите,психолошки тестови и КТМ и МНР на мозокот.Биле употребени и одредени статистички методи.Симптоми кај пациентите биле следниве:парализа на вертикалниот волев

поглед нагоре,когнитивно мнестички дефицит и губење на рамнотежа со пад наназад.Поретко имало и пирамиден дефицит,псевдобулбарна парализа органски психосиндром и аксијална дистонија,со знаци за деменција со бихејвиорални промени и ментално пропаѓање.На МНР имало кортикални атрофични промени.Во сите пациенти имало промени на ВЕП,а во повеќето и на ЕЕГ и СЕП.ЦНВ била со пролонгирана латенца и ниска амплитуда , пролонгирано реакционо време и намален број на циклуси на ЕХГ.Еден од пациентите имал деменција,придружена со дезориентација во време,намалено внимание и концентрација и редуцирани когнитивни капацитети,како и редуцирани мнестички функции.Промените најдени кај пациентите со прогресивна супрануклеарна парализа се неврофизиолошки корелат на редуцираните когнитивно мнестички функции.

84.ЕЕГ НАОДИ КАЈ ДЕМЕНЦИИ
Здравков И,Барбов И,Петров И,Миланова М
ЗБОРНИК НА АБСТРАКТИ,5. Конгрес на неврологите на Р.Македонија со меѓународно учество,
2012:97

Целта на трудот била да се утврди поврзаноста на деменциите со ЕЕГ-наодите кај пациентите со развиена клиничка слика на деменција.Биле презентирани 40 пациенти со деменција,22 од нив со Алцхајмерова и 18 со васкуларна деменција.Пациентите биле со слична возраст,едукација и степен на деменција.ЕЕГ- то кај пациенти со АД покажало забавување на постериорниот доминантен ритам со пораст на тета и делта- активноста,генерализирани избивања на забавена активност најмногу изразени антериорно,а кај пациенти со ВД имало присуство на шилци,остри бранови и генерализирано забавување на мозочната активност.ЕЕГто може да потврди постоечка абнормалност на церебралната функција особено кога диференцијалната дијагноза е помеѓу примарната дегенеративна деменција,на пример од Алцхајмеров тип и депресијата со когнитивно пропаѓање,а може да индицира дека фокален процес е одговорен за презентацијата на дементната слика и да открие епилептиформна активност одговорна за когнитивното засегање и амнезијата кај пациентите со непрепознаена епилепсија.

85.СИМПТОМАТСКА ГЛАВОБОЛКА КАЈ МОЗОЧНИ МЕТАСТАЗИ
Горгијева Е,Петров И,Атанасов З
ЗБОРНИК НА АБСТРАКТИ,5 .Конгрес на неврологите на Р.Македонија со меѓународно учество,
2012:104

Во овој труд бил презентиран случај со симптоматска главоболка без невролошки испади,при што на КТМ на мозочниот паренхим се детектирале неколку различни по големина метастатски депозити,со лесно померување на медијалната линија кон контралатералната страна.Пациентот бил на 76 години,пушач,кој се јавил поради главоболки кои се појавиле од пред еден и пол месец, во десната половина на главата,што продолжило со постојани тапи

главоболки во траење од неколку часа потенцирани при физички напор без невролошки симптоми.ЕЕГ- наодот бил патолошки со полиморфна делта дисритмија десно фронтотемпорално.КТМ наодот одел во прилог на МС- депозити, десно фронтопариетотемпорално и церебеларно со околен едем.Бил направен и КТ на бели дробови со наод за инфилтративна туморозна формација.Случајот упатувал на тоа дека при главоболки од посвеж датум, потребно е да се исклучи симптоматска главоболка,како и во конкретниов случај кога нема невролошки испади или други симптоми.

86. THE ASSOCIATION OF C3435T SINGLE-NUCLEOTIDE POLYMORPHISM,Pgp-GLYCOPROTEIN GENE EXPRESSION LEVELS AND CARBAMAZEPINE MAINTENANCE DOSE IN PATIENTS WITH EPILEPSY
Зоран Стерјев,Гордана Китева,Емилија Цветковска,Игор Петров,Игор Кузмановски,Јасмина Т Рибарска,Александра К Несторовска,Надица Матевска,Зорица Наумовска,Сузана Јолевска-Трајковиќ.Александар Димовски,Шутуркова Љјубица
Neuropsychiatric Disease and Treatment
2012:8 1-6

Единечниот нуклеотиден полиморфизам(SNP) (C3435T) во ексонот 26 на генот АБЦБ1 корелирала со засегнато ниво на експресија на P-гликопротеинот,границите на одговорот на лекот и клиничката состојба.

Во овој труд се евалуирала алелната фреквенција и генотипската дистрибуција на оваа варијанта кај 162 пациента со епилепсија во Р.Македонија,со цел да се испита влијанието на овој полиморфизам врз осетливоста и ефикасноста на терапијата со карбамазепин.Не биле најдени статистички разлики во алелната фреквенција и генотипска дистрибуција меѓу пациентите резистентни на карбамазепин и оние што реагираат на терапија со лекот,ниту во субгрупите на пациенти што реагирале на карбамазепин третирани со различни дози на лекот.Пациентите со CC- генотип имале подобар одговор од оние со CT и TT во иницијалната доза на карбамазепинот.Разликите во експресијата на T и C -алелот со редуцирана експресија на T- алелот за 5% го објаснувала трендот на дозно-зависната ефикасност на терапијата со карбамазепин кај пациенти со различни генотипови.

87. INFLUENCEOF THE SCN1AIVS5N+5G>A POLIMORPHISM ON THERAPY WITH CARBAMAZEPINE FOR EPILEPSY
Стерјев З,Китева Г,Цветковска Е,Петров И,Кузмановски И,Рибарска ТЈ,Несторовска КА,Матевска Н,Трајковик-Јолевска С,Димовски АЈ,Шутуркова Љ.

BALKAN JOURNAL OF MEDICAL GENETICS
2012:19-24

Алфа- субединицата на првиот неуронален натрумов канал (SCN1A) е главниот ген во различни епилепсии.Синонимен полиморфизам бил чест во ексонот 5 на овој ген.Мутации во алфа- единицата на овој ген била асоцирана со карбамазепин резистентна епилепсија и поголема доза на одржување на карбамазепинот.Во овој труд била испитана асоцијацијата на овој единечен

нуклеотиден полиморфизам и епилепсијата,ефикасноста и дозната зависност од терапијата со карбамазепин во 147 македонски пациенти и 137 луѓе без епилепсија земени како контролна група.Помеѓу двете групи немало значајна разлика во алелната фреквенција и генотипската дистрибуција,како и помеѓу пациентите што реагирале и не реагирале на терапијата со карбамазепин.Била забележана асоцијација помеѓу А- алелот и повисоката доза на одржување кај пациенти што добро реагирале на терапија со карбамазепин.Немало ниту статистичка разлика помеѓу плазма- нивото на карбамазепинот и генотипот на пациентите што примале иста доза на лекот.Предиктивната вредност на тестирањето пред третманот покажала мали незначајни разлики помеѓу пациентите со различни генотипови.

88. CLINICAL AND GENETIC ASPECTS IN PATIENTS WITH IDIOPATHIC PARKINSON DISEASE

Арбен Таравари,Марија Милановска,Игор Петров,Вера Петрова,Мерита Исмајли-Марку,Бесим Мемеди,Фадил Цана,Фатмир Меџити

NEUROIMAGING FOR CLINICIANS-COMBINING RESEARCH AND PRACTICE
2011:220-238

Целта на овој труд била да се одредат полот,возраста и клиничката манифестација кај пациенти со идиопатска паркинсонова болест со примена на УПДРС- скалата и да се споредат наодите на генетските истражувачи преку возраста и полот кај пациенти со ИПБ со оние од контролната група.Ова била проспективна студија,клиничка и генетска.Клиничкиот дел бил направен на Универзитетската клиника во Скопје,а лабораторискиот и генетскиот дел во лабораторијата за молекуларна биологија при Универзитетот “Св.Кирил и Методиј” во Скопје.Биле анализирани 30 пациенти во студијата на возраст од 30 до 78 години.Кај сите била дијагностивирана идиопатска Паркинсонова болест,преку употреба на следниве дијагностички критериуми:историја на болеста,невролошки преглед,ЕЕГ,ЕМГ,евоцирани потенцијали,КТМ и МНР и невропсихолошките тестови.Од невролошки симптоми, пациентите имале,ригор,тремор,дискинезии поради долга употреба на Л-допа, брадикинезија,редуцирани постурални рефлекси,брадилалија.ЕЕГто и ЕП кај некои од пациентите биле променети,а на КТМ се регистрирале кортикални редуктивни промени,а на психолошките тестови била застапена појавата на депресија, анксиозност и редукција на когнитивно мнестичките функции.Студијата покажала клинички потврдена дијагноза кај 56,25% мажи и 43,75% жени,просечната возраст на јавување била 52,7 години.Во студијата G88C мутацијата во егзон 3 и G209A од егзон 4од CSNCA генот не била детектирана.

89.ДЕПРЕСИЈАТА КАКО ИНИЦИЈАЛЕН СИМПТОМ НА ПАРКИНСОНОВАТА БОЛЕСТ
Петров И,Таравари А.
ЕПИЛЕПСИЈА
2011:36-38

Целта на овој труд била да се прикажат пациенти каде што депресијата била почетен,иницијален симптом во појавата на моторните симптоми на Паркинсоновата болест.Сите пациенти одлично реагирале во опоравувањето од депресивните симптоми по допаминергичен медикаментозен третман.Биле прикажани 9 пациенти со депресија како иницијален симптом на Паркинсоновата болест.3 од нив имале когнитивен дефицит,а 4 развиле деменција по 3 години од појавата на моторните симптоми на паркинсоновата болест.Сите пациенти ги имале следниве
симптоми: анергија,анхедонија,дистимија,амбиваленција,ин-сомнија,визуелни халуцинации,анксиозност и психомоторни нарушувања.По три години пациентите ги развиле другите екстрапирамидни знаци типични за Паркинсоновата болест, а еден пациент развил и уринарна инконтиненција.Биле направени КТМ и МНР кои покажале кортикална атрофија кај еден пациент,а кај другите биле нормални,како и психометриските тестови,кои покажале когнитивно намалување кај три пациенти.

Најголем дел од пациентите со депресија резистентна на терапија понекогаш развивале Паркинсонова болест. Депресивните симптоми можеле да им претходат на моторните симптоми на ПБ и да се јават три години порано од појавата на моторните симптоми.

90.ЕФЕКТОТ НА ВАЛПРОАТ НА КОРТИКАЛНАТА ЕЛЕКТРОГЕНЕЗА
Илиевска Л,Горгиева Е,Петров И,Никодијевиќ Д
ЕПИЛЕПСИЈА
2008:Вол.1:1-6

Целта на трудот била да покаже некои клинички искуства за ефектот на хроничниот третман со валпроат на кортикалната електрогенеза за кое досега било малку студирано.Биле испитани 16 пациенти(11 жени и 5 мажи),на возраст од 18 до 54 години, просечно 28 години.9 биле со идиопатска генерализирана епилепсија, 5 со парцијални комплексни напади и 2 кај кои епилепсијата била поврзана со мигрена.Било направено ЕЕГ пред терапија и три месеци после терапија.Почетна доза на валпроат била 500 мг дневно и по потреба зголемувана до контрола на нападите.Било одредувано и АЕД кај сите пациенти.ЕЕГ-то покажало редукција на пароксизмалните избивања и нормализација на основната активност кај 12 (75%) пациенти од вкупно 16.Хроничниот третман со ВПА според клиничкото искуство на авторите на овој труд упатувал на редукција на пароксизмалните избивања,особено на шиљак- бран комплексите на ЕЕГ-то,кое барало понатамошни компаративни студии со другите антиепилептици.

91.ЕПИДЕМИОЛОШКА АНАЛИЗА НА ПАРКИНСОНИЗМОТ ВО СКОПЈЕ
Таравари А,Петров И,Петрова В,Исмајли-Марки М,Христовски А,Чепреганова-Чанговска Т
Мак мед преглед
2010:64(1):41-47

Овој труд бил ретроспективна и опсервациска студија,извршена во ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија во Скопје,на Одделот за екстрапирамидни

заболувања.Бил користен епидемиолошко-опсервацискиот метод.Преку анкетните листови во овој ретроспективен труд за период од 10 години(1994-2003) биле вклучени и анализирани вкупно 239 заболени од паркинсонизам на територијата на град Скопје,со просечна возраст 60,95 години.Просечната инциденца за 10 години била 3,8 на 100000 жители,а периодот на преваленција од паркинсонизам за територијата на град Скопје изнесувал 5,1 на 100000 жители.Од идиопатски паркинсонизам заболеле дури 188 (78,7%) пациенти.30 (12,5%) имале секундарен паркинсонизам, кој доминирал кај машките испитаници,а 21 (8,8%) Паркинсон плус- синдроми.

92. .DELTA DELETION 4977 IN MITOCHONDRIAL DNA IN PATIENTS WITH IDIOPATHIC PARKINSON`S DISEASE
Арбен Таравари,Сашо Панов,Игор Петров,Вера Петрова
Archives Des Sciences
2012:Вол.65,No. 9:443-458.

Целта на овој труд била да се одреди присуството на делта -делецијата 4977 во митохондријалната ДНК кај пациенти со идиопатска Паркинсонова болест.Студијата била проспективна,клиничко генетска и траела 2 години.Клиничкиот дел бил направен на Одделот за екстрапирамидни заболувања при Универзитетската клиника за неврологија во Скопје,а лабораториско- генетскиот дел во Лабораторијата за молекуларна биологија при Институтот за биологија на Универзитет “Св.Кирил и Методиј” во Скопје.Биле вклучени 32 пациенти со потврдена дијагноза за идиопатска Паркинсонова болест, 18 мажи и 14 жени со средна возраст 52,7 години.За контролна група биле вклучени 31 здраво лице на слична возраст и пол.Од невролошките симптоми кај пациентите со ИПБ имало ригор,тремор и брадикинезија.Било заклучено со голема статистичка значајност дека делецијата 4977 во митохондријалниот геном бил регистриран многу почесто во групата на пациенти со идиопатска Паркинсонова болест.

93. BRAIN WHITE MATTER ABNORMALITIES IN PATIENTS WITH MYOTONIC DYSTROPHY TYPE 1:IS THIS MULTIPLE SCLEROSIS ?
Иван Барбов,Снежана Влашки Јекич,Игор Петров

ACTA NEUROPSYCHIATRICA
2009:Вол 21.Supp.2:74

Ова заболување е автозомно доминантно предизвикано со ЦТГ повторувачка експанзија на хромозомот 19.Кај некои пациенти абнормалностите во белата маса на ЦНС се многу екстензивни со појава и на ментални промени,хиперсомнија и напади.Биле испитани 2 пациента со ДМ1,50- годишна жена и 37- годишен маж.Пациентите имале булбарна и темпорална мускулна слабост,дистална слабост на екстремитетите,лесно флектиран врат,интермитентна миотонија,катаракта,миокардиопатија,покачена ЦК, миопатски промени на ЕМГ и мускулна биопсија компатибилна со ДМ1.Ликворниот наод бил уреден кај двата пациенти.МНР покажала билатерални супкортикални промени во белата

маса,паравентрикуларно и во мозочното стебло кај двата пациента,а биле направени и МНР церебрална ангиогарфија и МНР на рбетен мозок кои биле и кај двајцата уредни.Морфологијата на оваа леукоенцефалопатија била непозната.Ликворниот наод не дал доказ за инфламаторен процес,исклучувајќи мултипна склероза.Овие промени биле најверојатно од васкуларна етиологија и биле дел од широкиот спектрум на мултисистемни заболувања во ДМ1.

94. THE PHENOMENOLOGY OF THE BEHAVIORAL DISTURBANCES IN THE ALZHEIMER`S DEMENTIA
Лазарова Снежана,Барбов Иван,Петров Игор,С.Чучкова
ACTA NEUROPSYCHIATRICA
2009:Вол 21.Supp 2:91

Целта на трудот била да се анализираат бихејвиоралните и психолошките симптоми и невропсихијатриските симптоми на Алцхајмеровата деменција.Студијата била проспективна,вклучила 30 пациенти дијагностицирани со Алцхајмерова деменција со ИЦД 10,третирани на Клиниката за неврологија во Скопје.Биле направени:стандардно клиничко интервју,,рејтинг- скала за бихејвиорална патологија на Алцхајмеровата болест,Коен Менсфилд инвентори скалата за агитација и нестандардизирани социолошко-демографски прашалници.Бихејвиоралните и психолошките симптоми биле присутни кај сите пациенти.Поголемо рапидно когнитивно засегање било присутно кај овие пациенти,со присуство на параноидни и делузивни идеи.Пациентите биле со умерен и тежок степен на болеста.

95. SALIVA AS AN ALTERNATIVE MATRIX FOR TDM OG AEDs: HPLC DETERMINATION OF CARBAMAZEPINE AND VALPROIC ACID IN SALIVA OF EPILEPTIC PATIENTS

Ј.ТониќРибарска,З.Стерјев,А.Хаџиу,Г.Китева,Е.Цветковска,И.Петров,И.Кузмановски,Н.Банева,А.Арсовска,Н.Тановска,Љ.Шутуркова,С.Трајковиќ-Јолевска

Macedonian Pharmaceutical Bulletin,57(suppl.)2011,42-45

Целта на оваа студија била да одредат соодветни методи за одредување на карбамазепинот и валпроатот во примероци од салива добиени од пациенти со епилепсија кои биле на хронична терапија со овие два лека,со цел да се испита можноста за употреба на саливата како алтернативен матрикс за ТДМ на овие лекови.За анализа била користена ХПЛЦ.20 пациенти биле вклучени во студијата, 10 на карбамазепин и 10 на валпроат.Терапевтското мониторирање на АЕЛ во салива би можело да биде корисно во педијатријата ,геријатријата и кај инвалидизирани пациенти,за анализа на концентрацијата на лекови кога повеќе повторувачки примероци се потребни.Собирањето на салива било неинвазивно,безболно без компликации за инфекција и тромбоза.Предложените методи биле успешно применети со цел да се одвојат и одредат примероците на карбамазепинот и валпроатот во саливата добиени од пациенти со епилепсија.Методата би можела да послужи како алтернатива на методата за

одредување на плазма-концентрацијата на лекот во рутинската клиничка практика.

96. APPLICATION OF BIOANALYTICAL HPLC METHOD FOR THERAPEUTIC DRUG MONITORING OF FIRST GENERATION OF ANTIEPILEPTIC DRUGS IN SALIVA
Тониќ-Рибарска Ј,Стерјев З,Цветковска Е,Кузмановски И,Китева-Тренчевска Г,Петров И,Шутуркова Лј,Трајковиќ-Јолевска С.
ЗБОРНИК НА АБСТРАКТИ,5ти конгрес на невролозите на Р.Македонија со меѓународно учество
2012:79

Целта на овој труд била да се утврди  сигурниот SPE-HPLC метод за симултано одредување на карбамазепин и неговиот активен метаболит карбамазепин-10,11-епоксид во примероците на саливата добиени од пациенти со епилепсија кои биле на хронична терапија со карбамазепин,со цел да се истражи можноста за употреба на саливата како алтернативен матрикс за ТДМ кај АЕЛ.Карбамазепинот бил избран поради неговиот широк терапевтски спектрум и докажана ефикасност.HPLC- методот покажал одлична селективност,прецизност и точност.Методот бил успешно аплициран на примерокот на салива добиен од пациентите со епилепсија кои биле на терапија со карбамазепин,а резултатите биле охрабрувачки.Екстракцијата на аналити од саливата била изведена со SPE-процедурата.

97. DEMENTIA IN PATIENTS WITH PARKINSONISM
Игор Петров,Арбен Таравари,Иван Барбов
Journal of the Association of Serbian Neurologists
2012:Вол.XX:24-29

Целта на овој труд била да се испита когнитивниот дефицит, деменцијата и промените во расположението кај пациенти со разни форми на паркинсонизам.118 пациенти биле прегледани на Клиниката за неврологија во Скопје,од кои 100 со паркинсонизам и 18 со Паркинсон плус- синдроми (9 со прогресивна супрануклеарна парализа,5 со мултипна системна атрофија и 4 со кортикобазална дегенерација).Биле употребени неврофизиолошките(евоцирани потенцијали-ЕРП),невропсихолошките иследувања и невроимејџинг-испитувањата.Од испитувањата се утврдило дека 30%од пациентите немале никакво когнитивно оштетување, 25% од пациентите имале когнитивен дефицит што одговара на деменција, а останатите 45% имале дефицит во памтењето и во другите когнитивни домени,како и разни облици на нарушување на расположението.Со невропсихолошките испитувања била најдена висока зачестеност на когнитивно мемориско опаѓање.Повисока зачестеност на супкортикалните облици на деменција била најдена кај пациентите со различни облици на паркинсонизам(во 25%).

98.КЛИНИЧКО-НЕВРОФИЗИОЛОШКИ НАОДИ КАЈ БОЛНИ СО ИДИОПАТСКА ПАРКИНСОНОВА БОЛЕСТ
А.Таравари,И.Петров,В.Петрова,М.Исмајили Марку

ЕПИЛЕПСИЈА
2008:35-38

Целта на овој труд била да се анализираат резултатите од извршената корелација на клиничките симптоми и нивните специфики со резултатите од неврофизиолошките испитувања кај пациентите со идиопатска Паркинсонова болест.Трудот  бил проспективна студија кај 8 болни со ИПБ,7 мажи и 1 жена.Материјалите од овој труд биле користени од Универзитетската клиника за неврологија во Скопје-оддел за екстрапирамидни заболувања.Клиничките и неврофизиолошките материјали биле анализирани за едногодишен период.Била земена детална анамнеза, а направени биле и :невролошки детален преглед,неврофизиолошки испитувања ЕМГ,ЕЕГ и ЕП,невроимејџинг-испитувања КТМ и МНР,доплер на екстра и интракранијални крвни садови и невропсихолошки испитувања.Кај пациентите биле присутни кардиналните симптоми на болеста: тремор,ригор, брадикинезија и редуцирани постурални рефлекси. На психолошкото тестирање, кај 5 пациенти имало елементи на депресивност,а кај 3 се регистрирал глобален когнитивно мнестички дефицит.Резултатите покажале дека кај пациентите доминирале кардиналните паркинсонови симптоми,ЕЕГ-то било иритативно изменето кај 37,5%,додека кај 62,5% се регистрирале кортикални редуктивни промени на КТМ и МНР.

Приложени книги:

1.Монографија
Современи терапевтски принципи кај невролошки заболувања
Паркинсонизам,епилепсии и деменции
Игор Петров,Арбен Таравари,Дијана Никодијевиќ,Вера Петрова
Скопје,2011

Монографијата ги објаснува основните и неопходни критериуми при дијагностицирање на наведените невролошки заболувања.

Наведените принципи за лекување кај болните со Паркинсонова болест ги потенцира сите позитивни искуства и евентуални негативни ефекти на современата терапија.Во поглавјето за епилепсии, наведениот третман кај одделните форми на епилепсија овозможува увид во современиот третман.Деменциите се детално објаснети и изнесени се современите концепти за етиопатогенезата и третманот.

2.Неврологија за студентите по стоматологија
Анита арсовска,Вера Даскалова,Дијана Никодијевиќ,Вера Петрова,Игор Петров,Анте Поповски,Стипица Поповски,Сашо Стојчев,Методија Чепреганов,Татјана Чепреганова-Чанговска,Илија Џонов
Скопје,2009.

Во учебникот за стоматолози, доц. Игор Петров учествува во опис на заболувањата на екстрапирамидниот систем(како коавтор).Опишани се Паркинсоновата болест,паркинсонизмите,Паркинсон плус-синдромите,Сиденхајмовата хореа,дистониите,Вилсоновата болест. Дадени се детални описи на клиничката слика, етиопатогенезата, како и современ третман на заболувањата.

Доц. д-р Игор Петров бил евалуиран од страна на студентите со оценка 8,19.

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО,НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Игор Павле Петров**
**Институција: ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија**
**Научна област: неврологија**
**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. бр.** | **Назив на активноста:** | Бр. на активности | Поени од форму-лар | Вкупн о |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава** | | | |
| | Од прв циклус (период 2009-2014) – студенти по медицина, стоматологија, ТСС (виши медицински сестри, логопеди, физиотерапевти | 373 | 0,04 | **14,92** |
| | Од втор циклус (специјализации) | 3 часа годишно * 5 години = 15 часа | 0,05 | **0,75** |
| **2.** | **Настава во работилници и школи** | | | |
| | Раководител (КМЕ) | | | |
| | Семинар за евоцирани потенцијали,Скопје хотел,Стоун бриџ ,мај 2010 | 1 | 1,5 | **1,5** |
| | Континуирана медицинска едукација за паранеопластични синдроми, библиотека на Клиника за неврологија,декември 2012 | 1 | 1,5 | **1,5** |
| | Предавање за мигрена,секциски состанок на невролози на Р.Македонија, сала Борис трајковски,Скопје 2011 | 1 | 1,5 | **1,5** |
| | Учесник (КМЕ) | | | |
| | ATTENDANCE for EFNS Regional Teaching Course held in Ohrid,Macedonia,16-18 May,2013 | 1 | 1 | **1** |
| | Attendance at the 1st Annual Winter School for Young Neurologists on February 24-26,2012 in Innsbruck,Austria | 1 | 1 | **1** |
| **3.** | **Консултации со студенти во рамките на здравствената клиничка** | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **практика** | | | |
| | 1. Консултации со студенти по медицина во тек на нивната едукација.<br>2. Едукација на стажанти - дипломирани доктори во траење од еден месец.<br>3. Едукација на специјализанти по неврохирургија во траење од 6 месеци.<br>4. Едукација на специјализанти по интерна медицина, физикална терапија, дерматологија во траење од еден месец.<br>5. Едукација на специјализанти по неврологија<br>во траење од 4 години.<br>6. Едукација на специјализанти по психијатрија<br>во траење од 4 месеци. | 100 | **0,2** | **20** |
| **4.** | **Ментор на специјалистичка работа**<br>- вкупно 3 кандидати | 3 | 1 | **3** |
| **5.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа** | 6 | 0,2 | **1,2** |
| **6.** | **Рецензент на универзитетски учебник**<br>- 1 * 1 | 1 | 1,0 | **1,0** |
| **7.** | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник(коавтор)** | 1 | 6 | **6** |
| **Вкупно:** | | | | **53,37** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. бр** | **Назив на активноста** | Бр. на активности | Поени од форму-лар | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Дел од монографија објавена во странство** | | | |
| | CLINICAL AND GENETIC ASPECTS IN PATIENTS WITH IDIOPATHIC PARKINSON DISEASE<br>Арбен Таравари,Марија Милановска,Игор Петров,Вера Петрова,Мерита Исмајли-Марку,Бесим Мемеди,Фадил Цана,Фатмир Мецити | **1** | **3.6** | **3,6** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | NEUROIMAGING FOR CLINICIANS-COMBINING RESEARCH AND PRACTICE 2011:220-238 | | | |
| **2.** | **Учесник во национален научен проект** | | | |
| | **Име на проект: Биоаналитички методи за определување на АЕЛ при индивидуализација на терапија базирана на генотипските карактеристики на пациентите Скопје, 2011** | **1** | **3** | **3** |
| **3.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание (11)** | | | |
| | ПРЕВЕНТИВЕН ТРЕТМАН ПРИ МИГРЕНА<br>Игор Петров, ЕмилијаЃоргиева, Емилија Цветковска<br>ЕПИЛЕПСИЈА<br>2010:Vol.10:19-23 | **80%** | **6** | **4,8** |
| | ТЕРАПИЈА НА ЕПИЛЕПСИЈА-МЕХАНИЗМИ НА ДЕЈСТВО НА АНТИЕПИЛЕПТИЧНИТЕ ЛЕКОВИ<br>Емилија Цветковска, Игор Петров<br>ЕПИЛЕПСИЈА<br>2010:Vol.10:47-49 | **90%** | **6** | **5,4** |
| | НЕВРОФИЗИОЛОШКИ И ИМУНОЛОШКИ НАОДИ КАЈ ПОСТЕНЦЕФАЛИТИЧЕН ПАРКИНСОНИЗАМ<br>Петров И, Петрова В, Горгиева Е, Чучкова С<br>ЕПИЛЕПСИЈА<br>2008:2-7 | **60%** | **4** | **2,4** |
| | КЛИНИЧКО-НЕВРОФИЗИОЛОШКИ ИСПИТУВАЊА КАЈ СЕКУНДАРЕН ПАРКИНСОНИЗАМ ОД ВАСКУЛАРНА ЕТИОЛОГИЈА<br>Петров И, Петрова В, Горгиева Е, Мојсова-Ѓиковска Р<br>ЕПИЛЕПСИЈА<br>2008:1-6 | **60%** | **4** | **2,4** |
| | ДЕПРЕСИЈАТА КАКО ИНИЦИЈАЛЕН | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | СИМПТОМ НА ПАРКИНСОНОВАТА БОЛЕСТ<br>Петров И,Таравари А.<br>ЕПИЛЕПСИЈА<br>2011:36-38 | **90%** | **6** | **5,4** |
| | ЕФЕКТОТ НА ВАЛПРОАТ НА КОРТИКАЛНАТА ЕЛЕКТРОГЕНЕЗА<br>Илиевска Л,Горгиева Е,Петров И,Никодијевиќ Д<br>ЕПИЛЕПСИЈА<br>2008:Вол.1:1-6 | **60%** | **4** | **2,4** |
| | КЛИНИЧКО-НЕВРОФИЗИОЛОШКИ НАОДИ КАЈ БОЛНИ СО ИДИОПАТСКА ПАРКИНСОНОВА БОЛЕСТ<br>А.Таравари,И.Петров,В.Петрова,М.Исмај или Марку<br>ЕПИЛЕПСИЈА<br>2008:35-38 | **60%** | **4** | **2,4** |
| | АСОЦИРАНОСТ НА ИДИОПАТСКАТА ПАРКИНСОНОВА БОЛЕСТ СО ДЕПРЕСИЈАТА<br>Арбен Таравари, Игор Петров, Вера Петрова, Мерита Исмајли-Марку, Бајрам Камбери, Маир Исеини, Александар Христовски<br>MEDICUS<br>2010:Vol.XII(1):114-118 | **60%** | **6** | **3,6** |
| | Клиничка и епидемиолошка студија на паркинсонизмот во Скопје<br>Арбен Таравари,Игор Петров,Вера Петрова,Мерита Исмајли Марку,Александар Христовски,Тања Чепреганова Чанговска и Маир Исеини<br>MEDICUS<br>2010:Вол.14(2):44-53 | **60%** | **6** | **3,6** |
| | ЕПИДЕМИОЛОШКА АНАЛИЗА НА ПАРКИНСОНИЗМОТ ВО СКОПЈЕ<br>Таравари А,Петров И,Петрова В,Исмајли-Марки М,Христовски А,Чепреганова-Чанговска Т<br>Мак мед преглед<br>2010:64(1):41-47 | **60%** | **4** | **2,4** |
| | НЕВРОФИЗИОЛОШКИ НАОДИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО НАРУШУВАЊЕ НА | **60%** | **4** | **2,4** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | СОНОТ ПРИ ИДИОПАТСКА ПАРКИНСОНОВА БОЛЕСТ<br>И.Петров,А.Богоевски,В.Петрова,А.Таравари,В.Даниловски<br>Научно едукативна медицинска ревија<br>2009:49-57 | | | |
| **4.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (6)** | | | |
| | CLINICAL,NEUROPHYSIOLOGIC,NEUROPSYCHOLOGICAL FINDINGS AND SHORT GENETIC ANALYSIS IN PATIENTS WITH IDIOPATHIC PARKINSON`S DISEASE<br>Taravari A, Traubner P, Gortha S, Petrov I, Petrova V, Ismajli-Marku M<br>Bratisl Lek Listy<br>2010:Vol.111(3):156-159 | **60%** | 6,1*0,6 | **3,66** |
| | DETECTION OF G88C and G209A MUTATIONS IN ALFA-SYNUCLEIN AND DELTA DELETION 4977( IN MITOCHONDRIAL DNK IN PATIENTS WITH IDIOPATHIC PARKINSON`S DISEASE<br>Arben Taravari,Sasho Panov,Vera Petrova,Igor Petrov,Fatmir Medziti,Besim Memedi<br>Journal of the Association of Serbian Neurologists<br>2012:Vol. XX:1-9 | **60%** | 1*6 | **3,6** |
| | THE ASSOCIATION OF C3435T SINGLE-NUCLEOTIDE POLYMORPHISM,Pgp-GLYCOPROTEIN GENE EXPRESSION LEVELS AND CARBAMAZEPINE MAINTENANCE DOSE IN PATIENTS WITH EPILEPSY<br>Зоран Стерјев,Гордана Китева,Емилија Цветковска,Игор Петров,Игор Кузмановски,Јасмина Т Рибарска,Александра К Несторовска,Надица Матевска,Зорица Наумовска,Сузана Јолевска-Трајковиќ.Александар Димовски,Шутуркова Љјубица<br>Neuropsychiatric Disease and Treatment<br>2012:8 1-6 | 60% | 8 | **4,8** |
| | INFLUENCEOF THE SCN1AIVS5N+5G>A | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | POLIMORPHISM ON THERAPY WITH CARBAMAZEPINE FOR EPILEPSY<br>Стерјев З,Китева Г,Цветковска Е,Петров И,Кузмановски И,Рибарска ТЈ,Несторовска КА,Матевска Н,Трајковик-Јолевска С,Димовски АЈ,Шутуркова Лј.<br>BALKAN JOURNAL OF MEDICAL GENETICS<br>2012:19-24 | 60% | 6,77 | **4,062** |
| | DELTA DELETION 4977 IN MITOCHONDRIAL DNA IN PATIENTS WITH IDIOPATHIC PARKINSON`S DISEASE<br>Арбен Таравари,Сашо Панов,Игор Петров,Вера Петрова<br>Archives Des Sciences<br>2012:Вол.65,No. 9:443-458 | 60% | 6,1 | **3,66** |
| | DEMENTIA IN PATIENTS WITH PARKINSONISM<br>Игор Петров,Арбен Таравари,Иван Барбов<br>Journal of the Association of Serbian Neurologists<br>2012:Вол.XX:24-29 | 80% | 6 | **4,8** |
| **5.** | **Апстракти објавен во зборник на меѓународна конференција(9)** | | | |
| | ESSENTIAL TREMOR AS A PREDICTOR OF PARKINSON`S DISEASE<br>I.Petrov<br>Journal of the Neurological Sciences 333 Vienna 2013:136 | 1 | 1 | **1** |
| | SALIVA AS AN ALTERNATIVE MATRIX FOR TDM OG AEDs: HPLC DETERMINATION OF CARBAMAZEPINE AND VALPROIC ACID IN SALIVA OF EPILEPTIC PATIENTS<br>J.ТоникРибарска,З.Стерјев,А.Хаџиу,Г.Китева,Е.Цветковска,И.Петров,И.Кузмановски,Н.Банева,А.Арсовска,Н.Тановска,Лј.Шутуркова,С.Трајковиќ-Јолевска<br>Macedonian Pharmaceutical Bulletin,57(suppl.)2011,42-45 | 1 | 1 | **1** |
| | EFFECT OF UGT1A6*2 GENETIC POLYMORPHISM ON THE DOSES,PLASMA CONCENTRATION AND METABOLISM OF VALPROIC ACID IN | 1 | 1 | **1** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | PATIENTS WITH EPILEPSY FROM R.MACEDONIA<br>З.Стерјев,Г.А.Китева-Тренчевска,Ј.Т.Рибарска,Е.Цветковска,И.Кузмановски,<br>И.Петров,А.К.Несторовска,Н.Матевска,З.Наумоска,А.Димовски,Л.Шутуркова<br>Epilepsia,2012:53(Suppl.5):1-245 | | | |
| | CLINICAL AND EPIDEMIOLOGICAL STUDY OF PARKINSONISM IN SKOPJE<br>Taravari A, Ismajli-Marku M, Petrov I<br>50th International Neuropsychiatric Pula Congress<br>2010:Vol.49.Suppl.2:92 | 1 | 1 | **1** |
| | ANALYSIS OF SYMPTOM-PREDICTORS IN THE DEVELOPMENT OF PARKINSON`S DISEASE<br>I.Petrov<br>European Journal of Neurology<br>2007:Vol.14,Suppl.1:205 | 1 | 1 | **1** |
| | ASSOCIATION BETWEEN EEG AND NEUROPSYCHOLOGICAL DISTURBANCES IN PATIENTS WITH IDIOPATHIC PARKINSON`S DISEASE AND SLEEP DISORDERS<br>Petrov I, Taravari A, Petrova V<br>50th International Neuropsychiatric Pula Congress<br>2010:Vol.49.Suppl.2:91 | 1 | 1 | **1** |
| | MILD COGNITIVE IMPAIRMENT AND DEMENTIA IN PATIENTS WITH PARKINSONISM<br>I.Barbov, S.Lazarova, I.Petrov(Macedonia)<br>XX World Congress on Parkinsons Disease and Related Disorders<br>Geneva,Switzerland<br>2013:486. | 1 | 1 | **1** |
| | BRAIN WHITE MATTER ABNORMALITIES IN PATIENTS WITH MYOTONIC DYSTROPHY TYPE 1:IS THIS MULTIPLE SCLEROSIS ?<br>Иван Барбов,Снежана Влашки Јекич,Игор Петров<br>ACTA NEUROPSYCHIATRICA<br>2009:Вол 21.Supp.2:74 | 1 | 1 | **1** |
| | THE PHENOMENOLOGY OF THE | 1 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | BEHAVIORAL DISTURBANCES IN THE ALZHEIMER`S DEMENTIA<br>Лазарова Снежана,Барбов Иван,Петров Игор,С.Чучкова<br>ACTA NEUROPSYCHIATRICA<br>2009:Вол 21.Supp 2:91 | | 1 | **1** |
| **6.** | **Апстракти објавен во зборник на национална конференција(конгрес)<br>(7)** | | | |
| | НЕВРОФИЗИОЛОШКИ И ГЕНЕТСКИ ИСТРАЖУВАЊА КАЈ МИГРЕНА<br>Илиевска Л. Горгевска Е. Петров И. Арсова А.<br>4 КОНГРЕС НА НЕВРОЛОЗИ НА МАКЕДОНИЈА СО ИНТЕРНАЦИОНАЛНО УЧЕСТВО<br>2008:31 | 0,5 | 1 | 0,5 |
| | СЕКУНДАРЕН ПОСТЕНЦЕФАЛИТИЧЕН ПАРКИНСОНИЗАМ-КЛИНИЧКО НЕВРОФИЗИОЛОШКА СТУДИЈА<br>Петров И. Чучкова С. Петрова В. Илиевска Е.<br>4ти КОНГРЕС НА НЕВРОЛОЗИ НА МАКЕДОНИЈА СО ИНТЕРНАЦИОНАЛНО УЧЕСТВО<br>2008:97 | 0,5 | 1 | **0,5** |
| | СПЕЦИФИКИ НА ДЕМЕНЦИЈА КАЈ БОЛНИ СО ПАРКИНСОНИЗАМ<br>Петрова В.Петров И.Ристевска С.<br>Зборник на абстракти,4 Невролошки конгрес, Струмица,<br>2008:82 | 1 | 0,5 | **0,5** |
| | КОРТИКОБАЗАЛНА ГАНГЛИОНАРНА ДЕГРНЕРАЦИЈА (КБГД)<br>КЛИНИЧКО НЕВРОФИЗИОЛОШКА СТУДИЈА<br>Петров И.Божиновска Л.Плунцевиќ Ј.<br>Зборник на апстракти,4 Невролошки конгрес, Струмица,<br>2008:81 | 1 | 0,5 | **0,5** |
| | ЕЕГ- НАОДИ КАЈ ДЕМЕНЦИИ<br>Здравков И,Барбов И,Петров И,Миланова М<br>ЗБОРНИК НА АБСТРАКТИ,5 Конгрес на неврлозите на Р.Македонија со меѓународно учество, | 1 | 0,5 | **0,5** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2012:97 | | | |
| | СИМПТОМАТСКА ГЛАВОБОЛКА КАЈ МОЗОЧНИ МЕТАСТАЗИ<br>Горгијева Е,Петров И,Атанасов З<br>ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ,5 конгрес на неврологите на Р.Македонија со меѓународно учество,<br>2012:104 | 1 | 0,5 | **0,5** |
| | APPLICATION OF BIOANALYTICAL HPLC METHOD FOR THERAPEUTIC DRUG MONITORING OF FIRST GENERATION OF ANTIEPILEPTIC DRUGS IN SALIVA<br>Тониќ-Рибарска Ј,Стерјев З,Цветковска Е,Кузмановски И,Китева-Тренчевска Г,Петров И,Шутуркова Лј,Трајковиќ-Јолевска С.<br>ЗБОРНИК НА АБСТРАКТИ,5ти конгрес на неврологите на Р.Македонија со меѓународно учество<br>2012:79 | 1 | 0,5 | **0,5** |
| **7.** | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир (1)** | | | |
| | КЛИНИЧКИ,НЕВРОФИЗИОЛОШКИ И НЕВРОПСИХОФИЗИОЛОШКИ НАОДИ КАЈ ПАЦИЕНТИ СО ПРГОГРЕСИВНА СУПРАНУКЛЕАРНА ПАРАЛИЗА<br>Петров И.<br>ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ,5 Конгрес на неврологите на Р.Македонија со меѓународно учество,<br>2012:19-21. | 1 | 2 | **2** |
| **Вкупно:** | | | | **82,88** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. бр.** | **Назив на активноста:** | Бр. на активности | Поени од форму- | Вкупно |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | лар | |
| **1.** | **Воведување на нова лабораториска-клиничка и јавноздравствена метода во областа на медицинските науки и здравството** | | | |
| | **Првпат воведена во државата метода (видео ЕЕГ)** | 1 | 4 | **4** |
| **2.** | **Монографија** | | | |
| | ,,Современи терапевтски принципи кај невролошки заболувања"<br>,,Паркинсонизам,епилепсии и деменции"<br>Игор Петров,Арбен Таравари,Дијана Никодијевиќ,Вера Петрова<br>Скопје,2011 | 60% | 8 | **4,8** |
| **3.** | **Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството** | | | |
| | Неврологија | 1 | 2 | **2** |
| **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | | | | |
| | | | | |
| **1.** | **Студиски престој во странство** | | | |
| | **Осло Норвешка** | 1 | 0,5 | **0,5** |
| | Сегедин,Унгарија | 1 | 0,5 | **0,5** |
| | **Белград,Србија** | 1 | 0,5 | **0,5** |
| | Виена,Австрија | 1 | 0,5 | **0,5** |
| | *Виена,Австрија* | 1 | 0,5 | **0.5** |
| **9.** | **Член на факултетска комисија** | | | |
| | Библиотечен одбор | 1 | 0,5 | **0.5** |
| | Научен одбор, 2009-2012 | 3 | 0,5 | **1,5** |
| | **Вкупно:** | **15,3** | | |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **53,37** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **82,88** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **15,3** |
| **Вкупно:** | **151,55** |

**Доц. д-р Игор Петров е евалуиран од студентите на Медицинскиот факултет со просечна оценка 8,19.**

Рецензентска

комисија:

1. Проф.д-р Сашо Стојчев, с.р
2. Проф.д-р Илија Џонов, с.р
3. Проф.д-р Дијана Никодијевиќ, с.р
4. Проф.д-р Весна Пејоска Геразова, с.р
5. Проф.д-р Александар Чапароски, с.р

**4. Доц. д-р Анита Арсовска**

**Биографски податоци**

Доц. д-р Анита Арсовска е родена во Скопје, на 15.11.1970 година, каде што завршила основно и средно образование (средно медицинско и средно музичко училиште) со континуиран одличен успех.

На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1989/90 година, а дипломирала на 30.12.1994 година со просечен успех 9,34. На 16.2.1996 година се вработила на Универзитетската клиника за неврологија. Државен испит положила на 28.2.1996 година.

Специјализацијата по неврологија ја започнала во 1997 година, а специјалистички испит положила во јуни 2001 година со што се стекнала со звањето специјалист-невролог.

Постдипломските студии ги завршила на 25.3.2003 година со одбрана на магистерскиот труд „Компаративна анализа помеѓу колор дуплекс сонографскиот и ангиографскиот наод кај заболувањата на екстракранијалните сегменти на каротидните артерии, со што се здобила со звањето магистер на медицински науки.

Од 1.11.2002-30.10.2005 ја вршела функцијата раководител на Отсекот за физикална терапија при Одделот за интензивна нега. Од 1.11.2005 ја врши функцијата раководител на Одделот за ургентна неврологија при Клиниката за неврологија.

На 28.6. 2007 година успешно ја одбранила докоторската теза со наслов ”Транскранијална колор дуплекс сонографија кај пациенти со исхемичен цереброваскуларен инсулт:клиничко радиолошка студија со магнетна резонантна ангиографија”, со што се здобила со звањето доктор на медицински науки.

Д-р Арсовска активно се служи со англискиот, шпанскиот и италијанскиот јазик.

**Наставно-образовна дејност**

За помлад асистент по предметот неврологија, д-р Арсовска е избрана на 25.6.1997 година, со што активно се вклучила во изведувањето на практичната настава по неврологија за студентите од Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. За помлад асистент е реизбрана на 21.3.2002 година. На 7.10. 2003 год. е избрана за асистент по предметот неврологија, а реизбрана е на 29.3. 2007 година.

На 24.12.2009 година д-р Арсовска е избрана за доцент по предметот неврологија, од кога активно учествува во теоретската настава по предметот неврологија на Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет во Скопје. Исто така, д-р Арсовска активно учествува во изведувањето на теоретската настава по предметот клиничко испитување за студентите на општа медицина; предметите здравствена нега и ментално здравје и диететика за студентите на тригодишните студии за медицински сестри/техничари,

предметите -неврологија со неврофизиологија, клиничка невропсихологија и патологија на јазик на студентите на тригодишните студии за логопеди, предметите неврологија со неврофизиологија и физиотерапија во неврологија за студентите на тригодишните студии за физиотерапевти. Доц. д-р Анита Арсовска е одговорен наставник за изборниот предмет цереброваскуларни заболувања за студентите по општа медицина. Од 2014 година, активно е вклучена во изведувањето на теоретската настава за стручните специјалистички студии по клиничка логопедија, со наставните предмети: афазија и дисфазија, дислексија и дизграфија, пелтечење и неконтролиран говор.

Исто така, д-р Арсовска е вклучена во реализација и на следниве активности: консултации со студенти по медицина во тек на нивната едукација, едукација на специјализанти по интерна медицина, дерматологија, физикална терапија и неврохирургија, едукација на специјализанти по неврологија и психијатрија, менторство на специјализанти по неврологија.

Доц. д-р Анита Арсовска е редактор на позитивно рецензираниот универзитетски учебник „Неврологија" за студентите по стоматологија, издаден од Балкан принт центар, Скопје, 2009 година.

Коавтор е на неколку книги од обласа на неврологијата: „Несоница", „Клиничка неврологија-општ и специјален дел", „Praktikum neurologjik", „Доплер сонографија во васкуларната патологија", како и на поглавјата: „Status epilepticus" во книгата „Epilepsy-current review" и „Startle syndrome" во книгата „Movement disorders".

Ментор е на 5 дипломски трудови, како и член е на комисија за одбрана на повеќе дипломски трудови.

Д-р Арсовска е член на Комисија за полагање на колоквиуми по неврологија, како и за полагање на специјалистички испит по неврологија. Претседател е на Етичката комисија при Клиниката за неврологија. Исто така, д-р Арсовска е член на Комисијата за стручен надзор и член на Комисија за полагање на државен испит при ЛКМ.

Член е на Наставно научниот совет при Медицинскиот факултет во Скопје (Кадровски одбор и Судско медицински одбор).

**Научно истражувачка дејност**

Доц. д-р Анита Арсовска учествува во научната работа на Универзитетската клиника за неврологија, од што произлегле повеќе научни трудови, презентирани на конгреси и објавени во списанија во земјата и во странство. Досега рецензираните трудови се објавени во следниве билтени: 682/97, 796/02, 829/03, 914/07, 975/09.

Доц. д-р Арсовска има резлизирано неколку стручни престои и има земено активно учество на семинари, работилници, курсеви, конгреси и симпозиуми во земјава и во странство:

- стручен престој на Клиниката за неврологија во Рио де Жанеиро, Бразил, 1995 (1,5 месец) и Клиниката за неврофизиологија во Лунд, Шведска, 1995 ( 2 месеца);
- стручен престој на Клиниката за неврологија во Грајфсвалд, Германија, 2000 (1,5 месец), како добитник на Темпус Фаре -стипендијата;
-Интернационален курс за епилепсија, Сан Серволо, Италија, 2008;
-Интернационален едукативен курс за епилепсија, Туне, Данска, 2008;
-Семинар по неврологија организиран од Weill Cornell во Салцбург, Австрија, 2009;
-стручен престој на Универзитетска клиника по неврологија во Лозана, Швајцарија, како добитник на стипендија од Европската федерација на невролошките здруженија, 2009 (1,5 месец);
-Интернационален едукативен курс-фармаколошки третман на епилепсијата, Еилат, Израел, 2009;

-Интернационален едукативен курс-летна школа за епилепсија, Гранаволен, Норвешка, 2010;
-стручен престој на Клиниката за неврологија Christian Doppler, Салцбург, Австрија, 2010;
-Работилница за механичка вентилација за возрасни и деца-практична обука организирана од Здружението за реанимација и интензивно лекување, Скопје, 2011;
-Курс за тромболиза, клиника за неврологија, Белград, Србија 2013;
-Курс за нови орални антикоагуланси-од теорија до практика, Софија, Бугарија, 2013.

Од септември 2012 година активно е вклучена во работната група организирана од Министерството за здравство за спроведување на едукација на вработените на Итната медицинска помош низ повеќе градови во Р. Македонија.

Доц. д-р Арсовска е добитник на благодарница, диплома и плакета за особен придонес во работата на Македонското лекарско друштво, како и благодарница од Здружението на пензионери на општина Центар.

Во повеќе наврати, д-р Арсовска е добитник на стипендии и грантови од странски лекарски здруженија (Harasawa Fellowship од Азиско-Пацифичко респираторно здружение, грантови од Европската федерација на невролошките здруженија, Светската федерација по неврологија, Европското респираторно здружение, Tempus Phare Mobility Grant, Светскиот конгрес за Паркинсонова болест и др.).

Доц. д-р Арсовска е претседател на Здружението на невролози на Р. Македонија. Исто така, таа е член на: Македонското лекарско друштво, Лекарската комора на Македонија, Здружението на невролози на Р. Македонија, Европската федерација на невролошки здруженија, Светската федерација за неврологија, Европското здружение за невросонологија и церебрална хемодинамика и Интернационалната федерација на клиничка неврофизиологија.

Доц. д-р Анита Арсовска е акредитирана од страна на Министерството за правда како судски вештак по неврологија.

Д-р Арсовска поседува диплома за успешно завршен курс за канцелариско работење (Windows, Word, Excel, Internet, е-пошта) и за положен TOEFL.

**Стручно-апликативна дејност**

Како шеф на Одделот за ургентна неврологија, д-р Арсовска е секојдневно вклучена во дијагнозата и третманот на хоспитализираните пациенти со ургентни невролошки заболувања, како и во амбулантно-поликлиничката дејност на Клиниката.

По престојот во Германија, на Универзитетската клиника по неврологија ги вовела методите транскранијална колор дуплекс сонографија, како и апликација на контрастни средства во екстракранијалната и транскранијалната колор дуплекс сонографија.

Во мај 2010 година била поканет предавач на Вториот интернационален симпозиум за цереброваскуларни болести и епилепсија во Приштина, Косово.

Во јуни 2012 година, како претседател на Научниот одбор, д-р Арсовска го организирала 5-тиот Конгрес на невролозите на Р. Македонија, со интернационално учество. На истиот Конгрес учествувала со усна презентација “Терапевтска хипотермија и исхемичен мозочен удар”.

Во мај 2013 година, под покровителство на Европската федерација на невролошките здруженија, била активно вклучена во организацијата на Regional Teaching Course кој се одржал во Охрид, каде што имала усна презентација со наслов: Treatment of ischemic cerebrovascular diseases.

Како претседател на Здружението на невролози, редовно организира стручни секциски состаноци со предавачи од земјата и од странство. Во повеќе наврати била поканет предавач на стручните секциски состаноци со современи теми од областа на

неврологијата (“Примена на екстракранијална и транскранијална колор дуплекс сонографија кај исхемичен мозочен удар”, “Улогата на аторвастатинот во превенција на мозочен удар”, “Улогата на аторвастатин и клопидогрел во примарна превенција кај пациенти со исхемичен мозочен удар”, “Болни синдроми во неврологијата”, “Мозочен удар, когнитивно нарушување и васкуларна деменција-тивка епидемија на 21 век”, “Современ третман на исхемичниот мозочен удар”, “Мозочниот удар кај младата адултна популација”, “Примена на антиоксиданти кај мозочниот удар”, “Нови орални антикоагуланси-од клинички студии до клиничка практика”).

Д-р Арсовска активно учествува во програмата за континуирана медицинска едукација под покровителство на Светската федерација за неврологија.

Од 2012 година, активно е вклучена во одбележувањето на Светскиот ден на мозочниот удар (29 октомври), со организација на јавни акции за мерење на гликемија и крвен притисок, делење печатен материјал за информирање на населението за факторите на ризик за добивање мозочен удар, давање совети за превенција, публикување на статии за мозочен удар, како и одржување на предавања во пензионерските домови за факторите на ризик, симптомите и терапијата на пациентите кои прележале мозочен удар.

Д-р Арсовска е член на уредувачкиот одбор на интернационалните списанија: Journal of Clinical and Experimental Neuroscience, Journal of Neurophysiology and Neurological disorders, Journal of Neuroscience and Behavioral Health.

Доц. д-р Анита Арсовска е рецензент на трудовите кои се објавуваат во списанијата Македонски медицински преглед и Acta morphologica, како и во интернационалните списанија: Neuropsychiatric Disease and Treatment, Clinical Epidemiology, Vascular Health and Risk Management, Patient Preference and Adherence, Drug Design, Development and Therapy, Journal of the Spine, International Journal of Women's Health, Annals of Indian Academy of Neurology.

**Рецензија на апстракти, трудови и книги приложени за избор во звањето вонреден професор:**

**Апстракти**

59. **Arsovska A**, Ismajli-Marku M, Popovski A:Case report-patient with lupus erythematosus, subarachnoidal haemorrhage and epileptic seizures. 3rd Eilat International Educational Course:Pharmacological treatment of epilepsy. Eilat, Israel, september 6-13, 2009, p274.

Прикажан е случај на пациентка со лупус, која поради епилептични напади и субарахноидална хеморагија (потврдена со компјутеризирана томографија на мозокот) е хоспитализирана на Одделот за ургентна неврологија. Пациентката е поставена на соодветна терапија (антиедематозна, кортикостероидна, антиепилептична), по што настапува стабилизирање на состојбата.

60. Arsovski Z, **Arsovska A**, Popovski A: Smoking and carotid atherosclerosis. Abstracts of 19$^{th}$ World Congress of Neurology, 24-30 October, 2009 Bangkok, Thailand. Journal of the Neurological Sciences, S 182.

Активното и пасивното пушење цигари е потврден ризикфактор за артериосклероза на каротидните артерии. Авторите направиле ретроспективна анализа на 97 пациенти за да го испитаат влијанието на пушењето врз дебелината на интима-

медија слојот на каротидните артерии со помош на ултразвук. Резултатите покажале дека пушењето цигари е силно асоцирано со зголемена дебелина на интима-медија слојот. Со оглед на фактот дека пушењето е ризикфактор врз кој може да се влијае, потребно е да се преземат соодветни превентивни мерки.

61. **Arsovska A**, Popovski A, Sazdova-Burneska S: Case report: Sneddon's syndrome, epileptic seizures and recurrent stroke. Abstracts of 19th World Congress of Neurology, 24-30 October, 2009 Bangkok, Thailand. Journal of the Neurological Sciences, S 240.

Синдромот на Sneddon е неинфламаторна артериопатија која може да се јави кај пациенти со автоимуни заболувања, како што се антифосфолипидниот синдром или системскиот лупус. Авторите обработиле случај на 20годишна пациентка, која добила епилептични напади и исхемичен мозочен удар. Испитувањата покажале дека се работи за Sneddon-ов синдром, со присуство на антифосолипидни антитела. По една година, пациентката повторно добила исхемичен мозочен удар и серија на епилептични напади. Откако била поставена на соодветна терапија, невролошката состојба се подобрила. Авторите заклучуваат дека при појава на мозочен удар кај младата адултна популација треба да се посомневаме за присуство на автоимуно заболување.

62. **Arsovska A**, Popovski A: New therapies for acute ischemic stroke. Abstracts of the II Symposium for cerebrovascular diseases and epilepsy of Kosovo with international participation. Prishtina, Kosovo, 2010; 13-16.

Третманот на акутниот исхемичен мозочен удар е комплексен, како поради разновидните етиолошки причинители, така и поради краткиот временски интервал за реперфузиона терапија. Современиот третман на акутниот исхемичен мозочен удар се состои од примена на интравенска, интраартериска и механичка тромболиза, како и апликација на интракранијален стент. Авторите дале осврт на современите студии кои ја обработуваат оваа проблематика, со осврт на индикациите и контраиндикациите за примена на тромболитичката терапија.

63. Симеоновска Јовева Е, **Арсовска А**, Поповски А, Миќуновиќ М, Пирганоска Н, Најдовска-Стојковска С, Петровски С, Караколевска Илова М.Кома кај пациенти со мозочен удар. 5. Конгрес на невролози на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2012. Зборник на апстракти, с. 59-60.

Во трудот е направена ретроспективна анализа на 157 пациенти во кома, со осврт на типот на мозочен удар, факторите на ризик, како и исходот од болеста.Најчест фактор на ризик е артериската хипертензија, како кај исхемичните така и кај хеморагичните мозочни удари ($p<0.05$). Потребно е преземање на превентивни мерки за регулирање на факторите на ризик со цел да се намали морбидитетот и морталитетот кај овие пациенти.

64. Скендероска Митреска И, Војтикив Самоиловска Д, **Арсовска А**. Ц-реактивен протеин како предиктор на лоша прогноза кај пациенти со акутен исхемичен мозочен удар. 5. Конгрес на невролози на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2012. Зборник на апстракти, с. 61-63.

Авторите ги анализирале досегашните студии кои го следеле нивото на ЦРП во акутната фаза (24-48 часа по хоспитализација) и по определен период, кај пациенти со исхемичен мозочен удар. Студиите покажале дека ЦРП може да се смета за независен

фактор на ризик за процесот на атеросклероза, а ваквите пациентите е потребно да се постават на терапија со статини.

65. Војтикив Самоиловска Д, Скендеровска Митревска И, **Арсовска А**. Сонотромболиза во третман на акутен исхемичен мозочен удар. 5. Конгрес на невролози на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2012. Зборник на апстракти, с. 71-73.

Обработени се рандомизираните клинички студии во врска со ефектите од сонотромболизата, која се смета за нов модалитет во третманот на исхемичниот мозочен удар. И покрај хетерогеноста и ограничувањата на разгледаните студии, постојат докази дека сонотромболизата поврзана со tPA е безбедна процедура и доведува до зголемување на стапката на артериска реканализација во третманот на акутниот исхемичен мозочен инсулт.

66. Најдовска-Стојковска С, Миќуновиќ М, Јовева СЕ, Пиргановска Н, **Арсовска А**. Автоимуни заболувања кај исхемичен цереброваскуларен инсулт. 5. Конгрес на невролози на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2012. Зборник на апстракти, с. 70-71.

Целта на трудот е определување на зачестеноста на пациентите со автоимуни болести кои доживеале исхемичен цереброваскуларен инсулт и анализа на асоцираните фактори на ризик. Од 251 пациент со исхемичен мозочен удар, селектирани се 7 пациенти (2,7%) со автоимуни болести. Независен фактор на ризик била хипертензијата, а останати фактори на ризик биле хронична бубрежна инсуфициенција, антифосфолипидни антитела, хиперкоагулабилна состојба и симптоматски напади.

67. **Arsovska A**, Arsovski Z, Popovski A. Sleep disorders in patients with stroke. Abstracts of the 1st Sleeping and breathing conference, April 2013,Berlin; P59.

Во овој труд е анализирано присуството на нарушувањето на сонот кај пациентите со мозочен удар и е направена корелација со типот на мозочниот удар, страната на лезијата и асоцираните ризик-фактори. Авторите обработиле 58 пациенти со мозочен удар, од кои 72% имале апнеја за време на спиењето, а помал процент имале несоница и дневна поспаност. Немало сигнификантна разлика помеѓу типот и страната на мозочниот удар. Нарушувањето на сонот било во корелација со покачениот крвен притисок и прекумерната телесна тежина.

68. **Arsovska A**, Popovski A: Post-stroke Parkinsonism. Abstracts of the 3rd World Parkinson Congress, October 2013, Montreal, Canada, JPD, Vol 3, Suppl.1; 115.

Направена е анализа на 86 пациенти со мозочен удар, следени во период од 1 година, од кои 3,4% развиле симптоми на паркинсонизам. Овие пациенти имале мозочен удар во регијата на базалните ганглии. Авторите не пронашле сигнификантна разлика во однос на присутните ризик-фактори кај пациентите со и без симптоми на паркинсонизам, со тоа што покачениот крвен притисок бил најзастапен фактор на ризик.

**Трудови**

15. Cepreganova-Cangovska T, Cvetkovska E, Kuzmanovski I, Ismajli-Marku M, Nikodijevic D, **Arsovska A**: Convulsive status epilepticus. Epilepsija,june 2008, year.11, No. 27/28, p. 59-61.

Во овој труд авторите направиле ретроспективна анализа на 18 пациенти со конвулзивен епилептичен статус, хоспитализирани на Клиниката во период од 5 години. Кај сите биле направени рутинските испитувања. Резултатите покажале дека еден пациент имал контузиони повреди на мозокот, еден бил со енцефалит и еден со експанзивен процес, останатите пациенти добиле епилептичен статус поради прекин или нередовно зимање на антиепилептичната терапија. И покрај аплицираната терапија, еден пациент бил префрлен на КАРИЛ, кај 14 пациенти статусот бил прекинат, додека кај 3 пациенти настапил смртен исход како резултат на основното заболување. Во дискусијата авторите ги наведуваат современите протоколи за терапија кај конвулзивен епилептичен статус, препорачани од Меѓународната лига за борба против епилепсијата.

16. **Арсовска А**, Саздова-Бурнеска С, Чепреганова-Чанговска Т, Даниловски В: Примена на екстракранијалната и транскранијалната колор дуплекс сонографија кај пациентите со исхемичен мозочен удар. Епилепсија, декември 2008 год, суплемент, стр. 29-34.

Исхемичниот мозочен удар е ургентна состојба која има мултипна етиологија, различни патофизиолошки механизми и различни клинички манифестации. Постојат повеќе дијагностички методи за испитување на мозочните крвни садови. Во последниве години, како резултат на технолошкиот напредок, настапил подем во развојот на екстракранијалната и транскранијалната колор дуплекссонографија, кои покажале дека претставуваат двете најкорисни техники за неинвазивно испитување на мозочната циркулација. Авторите наведуваат дека од имеицингот на мозочните крвни садови се очекува да го локализира местото, степенот и природата на лезијата, која информација ќе помогне во одредувањето на изборот на терапевтските модалитети и ќе придонесе во превенција на повторната појава на мозочниот удар.

17. Даниловски В, Саздова-Бурнеска С, **Арсовска А**: Кома кај пациентите со мозочен удар. Епилепсија, декември 2008 год., суплемент, стр. 43-45.

Обработен е проблемот на комата, како состојба на длабока несвест од која болниот не може да се разбуди. Причинителите на коматозна состојба можат да се поделат на токсикометаболни и структурни. Структурните причинители на комите се делат на супратенторијални и инфратенторијални лезии, во кои спаѓа и мозочниот удар. Авторите направиле ретроспективна анализа на 55 пациенти во кома поради мозочен удар на возраст од 40до86 години, од кои 80% биле со исхемичен, а 20% со хеморагичен мозочен удар. Најчестиот ризик-фактор бил покачениот крвен притисок, додека смртноста изнесувала преку 90%.

18. **Арсовска А**, Саздова-Бурнеска С, Чепреганова-Чанговска Т, Даниловски В: Приказ на случај-пациентка со тромбоза на sinus sagitalis superior и епилептични напади. Епилепсија, декември 2008, год. 11, бр.29/30, стр. 1-4.

Авторите прикажуваат случај на 19-годишна пациентка која била хоспитализирана поради левострана хемипареза и чести парцијални моторни епилептични напади. Испитувањата (МНР на мозок и МР - венографија) покажале тромбоза на sinus sagittalis superior. Пациентката била третирана со антикоагулантна, антиепилептична и друга симптоматска терапија, по што дошло до подобрување на невролошката состојба и прекинување на нападите.

19. **Арсовска А**, Поповски А, Саздова-Бурнеска С: Мозочна венска тромбоза-етиопатогенеза, клиничка слика, дијагноза и терапија. Епилепсија, декември 2009, год. 9, бр.33-34;15-19.

Тромбозата на мозочните вени и венски синуси е поретка причина за мозочен удар во однос на артериското заболување. Постојат повеќе причини и ризик- фактори асоцирани со мозочната венска тромбоза, а авторите ги наведуваат вродените и стекнати протромботични состојби, инфекции, инфламаторни заболувања, хематолошки заболувања, употреба на одредени лекови (орални контрацептиви), механички состојби, трауми и др. Клиничките манифестации се разновидни: главоболки, изолиран фокален невролошки дефицит, дифузна енцефалопатија со епилептични напади и сл. Авторите потоа ги опишуваат дијагностичките постапки и третманот кај пациентите со оваа состојба.

20. **Arsovska A**, Popovski A, Sazdova-Burneska S: Case report- young patient with arteriovenous malformation and recurrent stroke.Epilepsy, June 2009, year 9, No. 31-32;63-67.

Инциденцата на мозочниот удар кај младата адултна популација изнесува 10-34/10000. Авторите прикажуваат случај на млад пациент кој на 6- годишна возраст доживеал мозочен удар поради крварење на АВ - малформација во регија на базалните ганглии. На 28- годишна возраст, пациентот е хоспитализиран поради исхемичен мозочен удар, а 5 години потоа, остварена е повторна хоспитализација поради реверзибилен исхемичен невролошки дефицит. Во трудот се дискутираат етиопатогенезата, клиничките манифестации, дијагнозата и третманот на мозочниот удар кај младата адултна популација.

21. Nedelmann M, Stolz E, Gerriets T, Baumgartner RW, Malferrari G, Seidel G, Kaps M; TCCS Consensus Group (**Arsovska A** et al):Consensus recommendations for transcranial color-coded duplex sonography for the assessment of intracranial arteries in clinical trials on acute stroke.Stroke. 2009 Oct;40(10):3238-44.

Транскранијалната колор дуплекс- сонографија е стандардна дијагностичка техника за проценка на интракранијалниот артериски статус кај акутниот мозочен удар. Целта на овој интернационален концензус била да се развијат препораки за методологијата и документацијата кои треба да се користат за одредување на интракранијалната оклузија и за мониторирање на реканализацијата. Триесет и пет експерти учествувале во изработката на овој концензус, на иницијатива на Германското здружение за мозочен удар, а под покровителство на Групата за невросонологија во рамките на Светската федерација за неврологија. Воведен е нов систем на бодување на интракранијалната проточна опструкција врз база на објективните хемодинамски критериуми, а со цел да се стандардизира апликацијата на транскранијалната колор дуплекс-сонографија во студиите со пациенти кои страдаат од акутен мозочен удар.

22. Поповски А, **Арсовска А** и сор.: Медикаментозно предозирани главоболки. Medicus, vol XIII(1), Quershor, 2010; 247-251.

Постои експанзија на лекови за третман на мигрената, како превентивно, така и за акутниот настап. Самиот избор на лек во акутната фаза зависи од брзината на атаката, нејзиното траење, од силината на гадењето и повраќањето. Во вакви случаи многу пациенти во консултација со лекар или самостојно употребуваат лекови во поголема доза или почесто ги користат од препишаната доза, со цел да се прекине мигренскиот напад.

Во трудот авторите ги опишале патофизиолошките механизми на мигрената, постапката како да се препознае медикаментозно предозираната главоболка и лековите кои денес се користат во превентивни мерки или за време на самиот мигренски напад.

23. Поповски А, **Арсовска А** и сор.: Превентивен медикаментозен третман на мигрената.Medicus, vol XIII(1), Quershor, 2010; 252-255.

Превентивниот медикаментозен третман на мигрената се употребува во случаи кога треба да се редуцира зачестеноста, траењето или јачината на нападите. Авторите ги наведуваат лековите кои се употребуваат за оваа намена, како што се антиепилептиците, антидепресивите, бета-адренергичните блокатори, калциум антагонистите, ботулин неуротоксин, нестероидните антиинфламаторни лекови и др.

24. **Арсовска А,** Поповски А и сор.: Пристап и третман на интрацеребралната хеморагија. Medicus, vol XIII(1), Quershor, 2010; 256-262.

Интрацеребралната хеморагија е често акутно заболување на крвните садови на мозокот која може да биде предизвикана од најразлични причини, но најчестата причина е покачениот и нерегулираниот крвен притисок, АВ- малформација или аневризма на крвните садови на мозокот. Авторите ги опишуваат дијагностичките постапки и терапевтскиот пристап на пациентите со ова заболување.

25. Поповски А, Алексовски Ж, **Арсовска А**: Влијанието на метереолошките фактори врз појавата на цереброваскуларниот инсулт. Medicus, vol XIV(2), Dhjetor, 2010;93-96.

Направена е статистичка анализа на влијанието на временските промени врз појавата на цереброваскуларниот инсулт, како еден од факторите на ризик. За таа цел авторите опфатиле 568 хоспитализирани пациенти со потврдена дијагноза за мозочен удар. Истовремено е направена типизација на временските промени при Републичкиот хидрометеоролошки завод во Скопје, а со понатамошна статистичка обработка утврден е степенот на влијанието на временските промени врз појавата на мозочниот инсулт. Резултатите укажуваат дека мозочниот удар почесто се јавува во предфронталната и постфронталната промена на времето.

26. Алексовски Ж, **Арсовска А**, Поповски А: Коми кај пациенти со интрацеребрална хеморагија. Medicus, vol XIV(2), Dhjetor, 2010;97-100.

Обработени се 57 коматозни пациенти со интрацеребрална хеморагија, од кои со летален исход биле 84,2%, каде што улогата на ризик-факторите била голема, бидејќи нивното присуство ја влошило настанатата коматозна состојба. Авторите ги цитираат и статистичките податоци од повеќе центри во Македонија, заклучувајќи дека за подобар исход на пациентите со ова заболување неопходна е брза дијагноза, брза медикаментозна интервенција и евентуално брза хируршка интервенција.

27. **Арсовска А**, Алексовски Ж, Поповски А, Груневска Б, Исјановска Р:Status epilepticus-дефиниција, етиологија, дијагноза и третман. Medicus, vol XIV(2), Dhjetor, 2010;101-105.

Авторите направиле ретроспективна анализа на хоспитализирани пациенти на одделот за ургентна неврологија во период од 5 години, при што го евалуирале бројот на пациенти со епилептичен статус, истовремено анализирајќи ги етиологијата, факторите

на ризик и исходот кај овие пациенти. Со генерализирано тонично клоничен статус биле 14 пациенти, на средна возраст од 45,4 години. И покрај аплицираната терапија, подобрување било регистрирано кај 28% од пациентите, додека пак, 29% биле префрлени на КАРИЛ, а останатите 29% завршиле летално.

28. Груневска Б, **Арсовска А**, Саздова-Бурнеска С, Кузмановска Г, Исјановска Р: Трункални мозочни удари и ТИА со симптоматологија од мозочното стебло. Medicus, vol XIV(2), Dhjetor, 2010;74-78.

Во овој труд е направена ретроспективна студија на 1538 хоспитализирани пациенти во период од 5 години, од кои со трункален мозочен удар биле 108 пациенти, а 15 со ТИА со трункална симптоматологија, на средна возраст од 63 години, 63% мажи и 37% жени. Најчест ризик-фактор била хипертензијата (76,4%), потоа кардиомиопатијата (32,5%), дијабетот (24,3%), хиперлипидемијата (8,9%) и др. По третманот, состојбата се подобрила кај 60% од пациентите, кај 32% исходот бил летален, а 6% останале во непроменета состојба.

29. Поповски А, **Арсовска А**.Примарна и секундарна превенција на исхемичен мозочен удар. 5. Конгрес на невролози на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2012. Зборник на апстракти, с.23-27.

Трудот претставува ревијална статија каде што се дадени препораките за примарна и секундарна превенција на исхемичен мозочен удар кај пациенти со немодифицирачки и модифицирачки фактори на ризик (хипертензија, дијабетес, срцеви заболувања, пушење цигари, консумирање алкохол, физичка неактивност и сл.).

30. **Арсовска А**,Поповски А, Саздова Бурнеска С, Колевски Г, Чепреганова Чанговска Т, Симеоновска Јовева Е, Миќуновиќ М. Терапевтска хипотермија и исхемичен мозочен удар. 5. Конгрес на невролози на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2012. Зборник на апстракти, с.28-33.

Во трудот се прикажани досегашните експериментални и клинички студии во кои е испитана терапевтската хипотермија, еден од најактивните начини на невропротекција кај пациентите со исхемичен мозочен удар. Начините на изведување на терапевтска хипотермија вклучуваат неинвазивен-површински пристап и инвазивен пристап-ендоваскуларно ладење. Резултатите од студиите говорат дека благата и умерена хипотермија имаат протективно дејство и предизвикуваат помалку несакани ефекти отколку длабоката хипотермија.

31. Миќуновиќ М, Мирчевски В, Шумковски Р, **Арсовска А**, Миќуновиќ Миле, Миќуновиќ Љ, Стојановска Л. Спонтана резолуција на хроничен субдурален хематом-приказ на случај. 5. Конгрес на невролози на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2012. Зборник на апстракти,с. 63-66.

Прикажан е маж на 71 годишна возраст со тегоби кои се јавиле 5 дена пред прегледот (главоболка, левострана слабост, отежнато зборување), со васкуларни фактори на ризик. Реализираниот КТМ покажал наод на хроничен субдурален хематом. Откако бил заземен став за следење и конзервативен третман, направен е контролен КТМ кој не покажал прогресија на наодот. По 3 месеци од иницијалните тегоби, контролниот КТМ покажал комплетно повлекување на субдуралната колекција, а пациентот бил во одлична кондиција.Во заклучокот се наведува дека доколку настане зголемување на хематомот

или вложување на клиничката слика на пациентот, потребно е да се преземе оперативен третман.

32. Чепреганова-Чанговска Т, Цветковска Е, Кузмановски И, **Арсовска А**, Бошковски Б. Епилептогени кортикални дисплазии. Епилепсија, декември 2011, год. 11, бр.41/42, стр.39-42.

Фокалната кортикална дисплазија е сигнификантна причина за појава на рефракторна епилепсија. Авторите прикажале 10 пациенти со оваа дијагноза, на возраст од 16 до 60 години, испитани со ЕЕГ и МНР во стандардни секвенци. Според видот на нападите, 6 пациенти имале едноставни парцијални напади, 2 со комплексно парцијални напади и 2 со секундарно генерализирани напади. Кај 80% од пациентите се регистрирала фокална активност, а избивања и на другата страна од фокусот се регистрирале кај 20% од пациентите.

**Книги**

5. **Арсовска А.** и група автори: Неврологија за студентите по стоматологија. Балкан принт центар, Скопје, 2009.

Овој учебник за предметот неврологија за студентите по стоматологија ги опфаќа сите методски единици според наставниот план и програма и се состои од 19 поглавја, библиографија и индекс. Авторите го воведуваат читателот со начинот на земање анамнеза, сегашната состојба на болниот и слично. Потоа, авторите го обработуваат пристапот кон невролошките испитувања, анатомскиот распоред, заболувањата и клиничката слика на дванаесетте кранијални нерви, со посебен осврт кон тригеминалниот нерв, рефлексите, начинот на нивното испитување и симптомите при нивна ледираност, како и заболувањата на нервниот систем, каде што на сликовит начин се прикажани симптомите на оштетувањата на големиот и малиот мозок. Како ентитети, опфатени се патогенезата, клиничката слика и терапијата на нарушената свест, болката, со посебен осврт на главоболката и епилепсијата, невромускулните заболувања, воспалителните промени на централниот нервен систем, синдромот на покачен интракранијален притисок и екстрапирамидниот систем. Во осумнаесетотто поглавје за првпат се презентирани и поврзани невролошките заболувања со стоматолошката практика и проблемите што произлегуваат од нив.

6. **Арсовска А**. Поповски А: Доплер сонографија во васкуларната патологија. Борографика, Скопје, 2009.

Монографијата содржи повеќе поглавја, почнувајќи со анатомијата на крвните садови. Потоа следува приказ на физичките основи на ултразвучната дијагностика, со посебен осврт на колор дуплекс-ултразвучниот преглед на каротидните артерии. Во понатамошните поглавја е направен посебен осврт на досегашните резултати и пристапи за начинот на испитување на каротидните артерии, како и предностите и ограничувањата на колор дуплекс сонографијата во однос на дигиталната суптракциона ангиографија. Посебно поглавје е посветено на транскранијалната колор дуплекс-сонографија, како и заболувањата на периферната артериска циркулација.

7. **Arsovska A**. Popovski A, Arsovski Z:Status epilepticus in Epilepsy-current review", Indira Gandhi Institute of Medical Sciences, 178-213, Patna, India, 2010

Поглавјето „Status epilepticus" е составен дел на книгата „Epilepsy-current review, напишана на англиски јазик, каде што авторите детално се осврнуваат на дефиницијата, историскиот преглед, епидемиологијата, морбидитетот и морталитетот од епилептичниот статус. Потоа следува неговата класификација, патофизиолошките промени, диференцијалната дијагноза, пристапот кон терапијата, прогнозата и можните компликации. На крајот е наведена користената литература од современи автори.

8. **Arsovska A**. Popovski A, Arsovski Z: Startle syndrome in Movement disorders, Jaypee Brothers Medical Publishers (p) LTD, 332-322, India, 2014.

Поглавјето „Startle syndrome" е дел од книгата „Movement disorders", која е напишана на англиски јазик и го обработува проблемот на невролошките нарушувања на движењата, почнувајќи од историјата, епидемиологијата, анатомијата, патофизиологијата, клиничката слика, дијагностиката и терапијата. Во поглавјето „Startle syndrome" се обработени три хетерогени групи на нарушувања (хиперекплексија, невропсихијатриските заболувања и "Stiff person" синдромот). Во воведот, авторите го опишуваат нормалниот "startle reflex" и патофизиолошките механизми на хиперекплексија. Понатаму, следува описот на фамилијарната хиперекплексија, со трите кардинални знаци (прекумерен "startle reflex", вкочанетост при раѓање и вкочанетост поврзана со "startle" рефлексот. Детално се опишани и промените во гените, кои ги кодираат пред и пост синаптичките протеини, а во зависност од тоа кој ген е зафатен (GLRA 1, SLC6A5, GLRB, GPHN, ARHGEF9) се разликува клиничката слика и начинот на наследување. Дадена е и историја на болеста, објаснување за номенклатурата, епидемиолошки податоци (преваленца) и диференцијално дијагностичките можности. Потоа, авторите ги опишуваат невропсихијатриските "startle" синдроми и "Stiff person" синдромот, со осврт на етиопатогенезата, клиничката слика, текот на болеста, дијагностичките процедури, терапевтскиот пристап и можните компликации. Во поглавјето се цитирани 76 труда од современи автори кои ја обработувале оваа проблематика.

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Анита Анте Арсовска**
**Институција: Медицински факултет - Скопје, Клиника за неврологија**
**Научна област: неврологија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| | **Број на активности** | **Поени од формулар** | **Поени** |
|---|---|---|---|
| **Одржување на настава** | | | |
| - Од прв циклус студии (студенти по медицина, стоматологија, логопеди, медицински сестри, физиотерапевти) | **373** | **0,04** | **14,92** |
| - Од втор циклус студии (клинички логопеди) | **30** | **0,05** | **1,5** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Настава во школи и работилници** | | | |
| учесник<br>1. Интернационален курс за епилепсија, организиран од ILAE, Сан Серволо, Италија, 2008<br>2. Интернационален едукативен курс за епилепсија во Туне, Данска, 2008.<br>3. Семинар по неврологија организиран од Weill Cornell во Салцбург, Австрија, 2009.<br>4. Интернационален едукативен курс: Фармаколошки третман на епилепсија, Еилат, Израел 2009<br>5. Интернационален едукативен курс: Летна школа за епилепсија, Гранаволен, Норвешка, 2010.<br>6. Работилницата за механичка вентилација за возрасни и деца-практична обука организирана од Здружението за реанимација и интензивно лекување, Скопје, 2011.<br>7. Курс за тромболиза, Клиника за неврологија, Белград, Србија, 2013.<br>8. Курс за антикоагулантна терапија (Proaction roadshow, The novel oral anticoagulants:from theory to practice), Софија, Бугарија, 2013. | **8** | **1** | **8** |
| **Консултации со студенти во рамките на здравствената клиничка практика**<br>1. Консултации со студенти по медицина во тек на нивната едукација.<br>2. Едукација на стажанти - дипломирани доктори во траење од еден месец.<br>3. Едукација на специјализанти по неврохирургија во траење од 6 месеци.<br>4. Едукација на специјализанти по интерна медицина, физикална терапија, дерматологија во траење од еден месец.<br>5. Едукација на специјализанти по неврологија во траење од 4 години.<br>6. Едукација на специјализанти по психијатрија во траење од 4 месеци. | **100** | **0,2** | **20** |
| **Ментор и едукатор на здравствена едукација**<br>1. Ментор и едукатор на специјализанти на Клиниката за неврологија | **50** | **0,08** | **4** |
| **Ментор на дипломска работа** | **5** | **0,2** | **1** |
| **Член на комисија за одбрана на дипломска работа** | 7 | **0,1** | **0,7** |
| **Подготовка на нов предмет** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Цереброваскуларни заболувања<br> - предавања<br> - вежби | **4**<br>**2** | **1**<br>**0.5** | **4**<br>**1** |
| **Позитивно рецензиран универзитетски учебник**<br>**- коавтор**<br>1. Арсовска А и група автори: Неврологија за студентите по стоматологија, Балкан принт центар, Скопје, 2009 | **1** | **6** | **6** |
| **Вкупно бодови** | | | **61,12** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| | **Број на активности** | **Поени од формулар** | **Поени** |
|---|---|---|---|
| **Дел од монографија објавен во странство**<br><br>1. **Arsovska A**, Popovski A, Arsovski Z:Status epilepticus in Epilepsy-current review, Indira Gandhi Institute of Medical Sciences, 178-213, Patna, India, 2010<br>2. **Arsovska A**, Popovski A, Arsovski Z: Startle syndrome in Movement disorders, Jaypee Brothers Medical Publishers (p) LTD, 332-322, India, 2014 | **80%**<br><br>**80%** | **6**<br><br>**6** | **4,8**<br><br>**4,8** |
| **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**<br>**1.** Поповски А, **Арсовска А.** и сор.: Медикаментозно предозирани главоболки. Medicus, vol XIII(1), Quershor, 2010; 247-251.<br>**2.** Поповски А, **Арсовска А.** и сор.: Превентивен медикаментозен третман на мигрената.Medicus, vol XIII(1), Quershor, 2010; 252-255.<br>**3.** **Арсовска А,** Поповски А. и сор.: Пристап и третман на интрацеребралната хеморагија. Medicus, vol XIII(1), Quershor, 2010; 256-262.<br>**4.** Поповски А, Алексовски Ж, **Арсовска А**: Влијанието на метереолошките фактори врз појавата на цереброваскуларниот инсулт. Medicus, vol XIV(2), Dhjetor, 2010;93-96.<br>**5.** Алексовски Ж, **Арсовска А**. Поповски А: Коми кај пациенти со интрацеребрална хеморагија. Medicus, vol XIV(2), Dhjetor, 2010;97-100.<br>**6.** **Арсовска А**. Алексовски Ж. Поповски А, Груневска Б. Исјановска Р.:Status | **60%**<br>**60%**<br>**60%**<br>**60%**<br>**80%**<br>**60%** | **6**<br>**6**<br>**6**<br>**6**<br>**6**<br>**6** | **3,6**<br>**3,6**<br>**3,6**<br>**3,6**<br>**4,8**<br>**3,6** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| epilepticus-дефиниција, етиологија, дијагноза и третман. Medicus, vol XIV(2), Dhjetor, 2010;101-105.<br>**7.** Груневска Б. **Арсовска А**, Саздова-Бурнеска С, Кузмановска Г, Исјановска Р: Трункални мозочни удари и ТИА со симптоматологија од мозочното стебло. Medicus, vol XIV(2), Dhjetor, 2010;74-78. | **60%** | **6** | **3,6** |
| **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | | | |
| 1. Cepreganova-Cangovska T, Cvetkovska E, Kuzmanovski I, Ismajli-Marku M, Nikodijevic D, **Arsovska A**: Convulsive status epilepticus. Epilepsija,june 2008, year.11, No. 27/28, p. 59-61. | **60%** | **4** | **2,4** |
| 2. **Арсовска А**, Саздова-Бурнеска С, Чепреганова-Чанговска Т, Даниловски В: Примена на екстракранијалната и транскранијалната колор дуплекс сонографија кај пациентите со исхемичен мозочен удар. Епилепсија, декември 2008 год, суплемент, стр. 29-34. | **60%** | **4** | **2,4** |
| 3. Даниловски В, Саздова-Бурнеска С, **Арсовска А**: Кома кај пациентите со мозочен удар. Епилепсија, декември 2008 год., суплемент, стр. 43-45. | **80%** | **4** | **3,2** |
| 4. **Арсовска А**, Саздова-Бурнеска С, Чепреганова-Чанговска Т, Даниловски В: Приказ на случај-пациентка со тромбоза на sinus sagitalis superior и епилептични напади. Епилепсија, декември 2008, год. 11, бр.29/30, стр. 1-4. | **60%** | **4** | **2,4** |
| 5. **Арсовска А**, Поповски А, Саздова-Бурнеска С: Мозочна венска тромбоза-етиопатогенеза, клиничка слика, дијагноза и терапија. Епилепсија, декември 2009, год. 9, бр.33-34;15-19. | **80%** | **4** | **3,2** |
| 6. **Arsovska A**, Popovski A, Sazdova-Burneska S: Case report- young patient with arteriovenous malformation and recurrent stroke.Epilepsy, June 2009, year 9, No. 31-32;63-67. | **80%** | **4** | **3,2** |
| 7. Nedelmann M, Stolz E, Gerriets T, Baumgartner RW, Malferrari G, Seidel G, Kaps M; TCCS Consensus Group (**Arsovska A** et al):Consensus recommendations for transcranial color-coded duplex sonography for the assessment of intracranial arteries in | **60%** | **6+3,758** | **5,854** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| clinical trials on acute stroke.Stroke. 2009 Oct;40(10):3238-44.<br>8. Чепреганова-Чанговска Т, Цветковска Е, Кузмановски И, **Арсовска А**, Бошковски Б. Епилептогени кортикални дисплазии. Епилепсија, декември 2011, год. 11, бр.41/42, стр.39-42. | **60%** | **6+ИФ** | **3,6** |
| **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир**<br>**1.** Поповски А, **Арсовска А**.Примарна и секундарна превенција на исхемичен мозочен удар. 5. Конгрес на невролозите на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2012. Зборник на апстракти, с.23-27.<br>**2.** **Арсовска А**, Поповски А, Саздова Бурнеска С, Колевски Г, Чепреганова Чанговска Т, Симеоновска Јовева Е, Миќуновиќ М. Терапевтска хипотермија и исхемичен мозочен удар. 5. Конгрес на невролозите на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2012. Зборник на апстракти, с.28-33.<br>**3.** Миќуновиќ М, Мирчевски В, Шумковски Р, **Арсовска А**, Миќуновиќ Миле, Миќуновиќ Љ, Стојановска Л. Спонтана резолуција на хроничен субдурален хематом-приказ на случај. 5. Конгрес на невролозите на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2012. Зборник на апстракти,с. 63-66. | **90%**<br><br><br><br><br>**60%**<br><br><br><br><br><br><br>**60%** | **2**<br><br><br><br><br>**2**<br><br><br><br><br><br><br>**2** | **1,8**<br><br><br><br><br>**1,2**<br><br><br><br><br><br><br>**1,2** |
| **Секциски предавања на научен/стручен собир**<br>1. Примена на екстракранијална и транскранијална колор дуплекс сонографија кај исхемичен мозочен удар, ЈЗУ Железничар, 2008<br>2. Улогата на аторвастатинот во превенција на мозочен удар, Здружение на невролози, 2009<br>3. Улогата на аторвастатин и клопидогрел во примарна превенција кај пациенти со исхемичен мозочен удар, Здружение на невролози, 2010<br>4. Болни синдроми во невролгогијата, Здружение на невролози, 2012<br>5. Мозочен удар, когнитивно нарушување и васкуларна деменција-тивка епидемија на 21 век, Здружение на невролози, 2012 | **9** | **1** | **9** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. Современ третман на исхемичниот мозочен удар, Здружение на невролози, 2012<br>7. Мозочниот удар кај младата адултна популација, Здружение на невролози, 2013<br>8. Примена на антиоксиданти кај мозочниот удар, Здружение на невролози, 2013<br>9. Нови орални антикоагуланси-од клинички студии до клиничка практика, Здружение на невролози, 2014 | | | |
| **Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**<br>1. Arsovska A. New therapies for acute ischemic stroke. II Symposium for cerebrovascular diseases and epilepsy of Kosovo with international participation, Prishtina, Kosovo. | **1** | **3** | **3** |
| **Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**<br>1. Arsovska A. Treatment of ischemic cerebrovascular diseases. EFNS Regional Teaching Course, Ohrid, 2013 | **1** | **2** | **2** |
| **Учество на научен/стручен собир со реферат**<br>☐**1. Арсовска А**, Поповски А, Саздова Бурнеска С, Колевски Г, Чепреганова Чанговска Т, Симеоновска Јовева Е, Миќуновиќ М. Терапевтска хипотермија и исхемичен мозочен удар. 5 Конгрес на невролози на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2012. | **1** | **1** | **1** |
| **Апстракти објавени во зборник на конференција**<br>**-меѓународна**<br>1. **Arsovska A**, Ismajli-Marku M, Popovski A:Case report-patient with lupus erythematosus, subarachnoidal haemorrhage and epileptic seizures. 3rd Eilat International Educational Course:Pharmacological treatment of epilepsy. Eilat, Israel, september 6-13, 2009, p274.<br>2. Arsovski Z, **Arsovska A**, Popovski A: Smoking and carotid atherosclerosis. Abstracts of 19th World Congress of Neurology, 24-30 October, 2009 Bangkok, Thailand. Journal of the Neurological Sciences, S 182.<br>3. **Arsovska A**, Popovski A, Sazdova-Burneska S: Case report: Sneddon's syndrome, epileptic seizures and recurrent stroke. Abstracts of 19th World Congress of Neurology, 24-30 October, 2009 Bangkok, Thailand. Journal of the Neurological Sciences, S 240.<br>**4.Arsovska A**, Popovski A: New therapies for acute | **1**<br>**1**<br>**1** | **1**<br>**1**<br>**1** | **1**<br>**1**<br>**1** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ischemic stroke. Abstracts of the II Symposium for cerebrovascular diseases and epilepsy of Kosovo with international participation. Prishtina, Kosovo, 2010; 13-16.<br>**5.Arsovska A**, Arsovski Z, Popovski A. Sleep disorders in patients with stroke. Abstracts of the 1st Sleeping and breathing conference, April 2013,Berlin; P59.<br>6. **Arsovska A**, Popovski A: Post-stroke Parkinsonism. Abstracts of the 3rd World Parkinson Congress, October 2013, Montreal, Canada, JPD, Vol 3, Suppl.1; 115.<br><br>**-национална**<br>1. Симеоновска Јовева Е, **Арсовска А**, Поповски А, Миќуновиќ М, Пирганоска Н, Најдовска-Стојковска С, Петровски С, Караколевска Илова М.Кома кај пациенти со мозочен удар. 5 Конгрес на невролози на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2012. Зборник на апстракти, с. 59-60.<br>2. Скендероска Митреска И, Војтикив Самоиловска Д, **Арсовска А**. Ц-реактивен протеин како предиктор на лоша прогноза кај пациенти со акутен исхемичен мозочен удар. 5 Конгрес на невролози на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2012. Зборник на апстракти, с. 61-63.<br>3. Војтикив Самоиловска Д, Скендеровска Митревска И, **Арсовска А**. Сонотромболиза во третман на акутен исхемичен мозочен удар. 5. Конгрес на невролози на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2012. Зборник на апстракти, с. 71-73.<br>4. Најдовска-Стојковска С, Миќуновиќ М, Јовева СЕ, Пирганоска Н, **Арсовска А**. Автоимуни заболувања кај исхемичен цереброваскуларен инсулт. 5. Конгрес на невролози на Р. Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 2012. Зборник на апстракти, с. 70-71. | **1**<br>**1**<br>**1**<br>**1**<br>**1**<br>**1**<br>**1** | **1**<br>**1**<br>**1**<br>**0,5**<br>**0,5**<br>**0,5**<br>**0,5** | **1**<br>**1**<br>**1**<br>**0,5**<br>**0,5**<br>**0,5**<br>**0,5** |
| **Вкупно бодови** | | | **89,454** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| | Број на активности | Поени од формулар | Поени |
|---|---|---|---|
| **Книга од стручна област (автор)** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. **Арсовска А**. Поповски А. Доплер сонографија во васкуларната патологија Борографика, Скопје, 2009. | **1** | **8** | **8** |
| **-Поглавје во книга (автор)**<br>1. **Арсовска А.** и група автори: Неврологија за студентите по стоматологија. Балкан принт центар, Скопје, 2009 | **1** | **3** | **3** |
| **Експертски активности: рецензија**<br>1. Македонски медицински преглед (1)<br>2. Acta morphologica (1)<br>3. International Journal of Women's Health (1)<br>4. Neuropsychiatric Disease and Treatment (9)<br>5. Clinical Epidemiology (1)<br>6. Vascular Health and Risk Management (5)<br>7. Patient Preference and Adherence (3)<br>8. Drug Design, Development and Therapy(1)<br>9. Journal of the spine (2)<br>10. Annals of Indian Academy of Neurology (2) | **26** | **1** | **26** |
| **Учество во промотивни активности на факултетот/институтот**<br>1. Организирање на активности по повод одбележување на денот на мозочниот удар (29 октомври), во 2012 и 2013 година | **2** | **0.5** | **1** |
| **Воведување нова лабораториска/клиничка или јавно здравствена метода во областа на медицинските науки и здравството (во државата)**<br>1. Транскранијална колор дуплекс- сонографија<br>2. Примена на контрастни средства во колор дуплекс сонографската дијагностика | **2** | **4** | **8** |
| **Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри**<br>1. Фактори на ризик за мозочен удар (Здружение на пензионери на општина Центар, 2011)<br>2. Како да го заштититиме мозокот од стареење (Здружение на пензионери на општина Центар, 2012) | **2** | **0.5** | **1** |
| **Автор на брошура за пациенти (одобрена од асоцијација), во областа на медицинските науки и здравството**<br>1. Светски ден на мозочниот удар (29 октомври) | **1** | **1** | **1** |
| **Завршена специјализација во областа на медицинските науки и здравството -** неврологија | **1** | **2** | **2** |
| **Вкупно бодови** | | | **50** |

## ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| | Број на активности | Поени од формулар | Поени |
|---|---|---|---|
| **Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание**<br>1. Journal of Clinical and Experimental Neuroscience<br>2. Journal of Neurophysiology and Neurological disorders<br>3. Journal of Neuroscience and Behavioral Health) | **3** | **1** | **3** |
| **Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир**<br>**1.** Зборник на трудови на 5. Конгрес на неврологите на Р.Македонија, со меѓународно учество, 2012 | **1** | **1** | **1** |
| **Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**<br>1. Претседател на Научниот одбор на 5. Конгрес на неврологите на Р.Македонија, со меѓународно учество, 2012 | **1** | **2** | **2** |
| **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир**<br>**1.** Регионален курс на Европското здружение по неврологија, Охрид, 2013 | **1** | **1** | **1** |
| **Награда за научни постигнувања од струкова организација**<br>-самостоен<br>1. Благодарница од МЛД<br>2. Диплома од МЛД<br>3. Плакета од МЛД<br>4. Благодарница од Здружението на пензионери | **4** | **3** | **12** |
| **Студиски престој во странство**<br>**- до три месеци**<br>1. Клиника за неврологија, Лозана, Швајцарија,2009<br>2. Клиника за неврологија, Салцбург, Австрија, 2010 | **2** | **0,5** | **1,0** |
| **Раководител на внатрешна организациона единица** | | | |
| **Учество во комисии и тела на државни и други органи**<br>1. Раб. група при Мин. за здравство за едукација на вработените во Итна мед. помош<br>2. Раб. група при Мин. за здравство за клинички патеки во ЈЗУ<br>3. Член на Комисија за стручен надзор при ЛКМ | **9** | **1** | **9** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. Член на Комисија за полагање на државен испит при ЛКМ<br>5. Член на комисија за полагање на колоквиум при Клиниката за неврологија<br>6. Член на Комисија за полагање на специјалистички испит по неврологија<br>7. Претседател на Етичка комисија при Клиниката за неврологија<br>8. Член на Наставно-научниот совет при Медицинскиот факултет во Скопје (Кадровски одбор и Судско медицински одбор). | | | |
| **Вкупно бодови** | | | **29** |

**Конечна табела**

| **Професионални референци на кандидатот за избор во звање** | **ПОЕНИ** |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | **61,12** |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | **89,454** |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | **50** |
| ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС | **29** |
| **ВКУПНО** | **229,574** |

**Доц. д-р Анита Арсовска е евалуирана од студентите на Медицинскиот факултет со просечна оценка 9,12.**

Рецензентска комисија

Проф. д-р Сашо Стојчев, с.р.

Проф.д-р Илија Џонов, с.р.

Проф. д-р Дијана Никодијевиќ, с.р.

Проф. д-р Весна Пејоска-Геразова, с.р.

Проф. д-р Александар Чапароски, с.р.

# З А К Л У Ч О К

По опстојно, детално и внимателно разгледување на целокупната приложена документација на кандидатите, согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје, Комисијата констатира дека кандидатите доц. д-р Гордана Китева-Тренчевска, доц. д-р Наталија Долненец-Банева, доц. д-р Игор Петров и доц. д-р Анита Арсовска ги исполнуваат критериумите за избор во звањето за кое конкурираат.

Високо оценувајќи ги квалитетите на кандидатите, како и нивната досегашна успешна и квалитетна наставна, стручна и научна активност и позитивната оценка од самоевалуацијата од студентите од сите циклуси, Комисијата едногласно заклучи и има задоволство и чест на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да му предложи доц. д-р Гордана Китева-Тренчевска, доц. д-р Наталија Долненец-Банева, доц. д-р Игор Петров и доц. д-р Анита Арсовска да бидат избрани во звањето **вонреден професор**.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Сашо Стојчев, с.р.

Проф.д-р Илија Џонов, с.р.

Проф. д-р Дијана Никодијевиќ, с.р.

Проф. д-р Весна Пејоска-Геразова, с.р

Проф. д-р Александар Чапароски, с.р.